Методија Шаторов Шарло

(политички ставови)



Ристе Бунтески – Бунте

Методија Шаторов Шарло
(политички ставови)

Original Publication

Друштво за наука и уметност – Прилеп, Скопје 1996

Published by:

Risto Stefov

Publications

Toronto, Canada

Copyright © 2023 by Riste Bunteski – Bunte

rstefov@hotmail.com

e-book edition

***

July 6, 2023

***

Вовед

Оваа публикација претставува еден скромен прилог кон стогодишнината од раѓањето на Методија Шаторов.

Методија Шаторов уште од младите години се опрделил за македонското националноослободително движење и за комунистичката идеологија. Неговите образовни и интелектуални квалитети му овозможиле да ја совлада историската законитост на македонското национално ослободително движење со сите негови позитивни и негативни страни.

Во 1920 година станал член на Емигрантскиот комунистички сојуз (ЕКС), организиран во Софија, и од оваа година е член на Бугарската комунистичка партија (БКП). Поради својата интензивна активност по кратко време почнал да зазема високи должности во Партијата.

Шаторов бил голем поборник за афирмација на македонската национална индивидуалност, а од друга страна бил голем противник на надворешните пропаганди, без разлика од каде тие доаѓале, зашто имале за цел ликвидирање на македонската национална свест и насадување на туѓа.

Тој бил еден од врвните активисти на ВМРО (Обединета). Под негово раководство се одржани три обласни конференции на ВМРО (Обединета) за пиринскиот дел на Македонија за избор на обласни комитети (1926, 1928 и1935 година). На овие конференции реферати за улогата и активноста на Организацијата поднесол Шаторов.

Во 1928 година неговата активност е откриена од страна на бугарската полиција, тој е затворен и останува единаесет месеци во истражен затвор. На 23 јули 1929 година е ослободен и заминува за Москва каде што ги завршува студиите на Ленинските курсеви.

Во 1931 година на една седница на врховистичката ВМРО со која раководел Ванчо Михајлов, поради неговите активности во ВМРО(Об.) го осудиле на смрт во отсуство.

Во 1935 година бил избран за секретар на Обласниот комитет на ВМРО(Об.) за пиринскиот дел на Македонија и издал повеќе прогласи и написи во интерес на македонското национално револуционерно движење, за јакнење на македонската национална свест, против бугарската асимилација.

Летото во 1935 година во Москва се одржал Седмиот конгрес на Комунистичката интернационала. Овој Конгрес донел важни заклучоци за создавање општ народен фронт против фашизмот кој во ова време бил во подем и им се заканувала опасност на народите и државите да потпаднат под фашистичко ропство. Шест месеци по одржувањето на овој Конгрес, во Москва под голема и строга тајност се организирал состанок од триесетина функционери и светски раководители на комунистичките партии. На овој состанок (конференција) покрај другите присуствувале Благоја Паровиќ, Јосип Броз Тито и Методија Шаторов – Македонец. 1 На оваа конференција биле разгледани ставовите и залучоците донесени на Седмиот конгрес на Комунистичката инернационала и нивното сироведување и оживотворување во практиката од страна на комунистичките партии во светот.

Во 1938-39 година се наоѓа во Париз во врска со Шпанската револуција. Се враќа во Прилеп во ноември 1939 година.

Пролетта 1940 година бил избран за политички секретар на Покраинскиот комитет на Комунистичката партија во Македонија. ПК под негово раководство развива голема активност за средување и проширување на партиската организација, за организирање на општиот македонски национален фронт и за организирање на синдикалното движење. На Првата партиска конференција одржана на 8 септември истата година е донесена Резолуција со програмски начела. Издадените прогласи и повици на ПК исто така содржат

[1] Карло Штајнер "Новратак из Гулага", Глобус, Загреб, 1985, стр. 176.

елементи од програмски карактер кои имаат големо влијание врз македонските организациони сили како и пошироко. Прогласите и повиците се пишувани на македонски јазик со што се зголемува нивната важност.

Конципира максимална македонска национална програма за остварување на вековните идеални на македонскиот народ за обединување на сите расипарчени македонски делови и за создавање на македонска држава, рамноправна со другите соседни балкански држави.

За сето време активно се залага за формирање на самостојна македонска комунистичка партија со единствено раководство на целокупниот македонски простор. Тој е голем противник македонските комунисти да бидат под раководство на соседните комунистички партии.

Во 1941 година поради неговите програмски начела доаѓа до засилување на спротивните становишта кон почнале на Петтата земска конференција одржана во Загреб 1940 година по однос на српските колонисти во Македонија, како и по македонскиот национален фронт. По окупацијата на Југославија настанува судир помеѓу максималната програма која ја застапувал Шаторов а за чие остварување била неопходна врска и соработка на ПК КПМ со сите соседни комунистички партии, и КПЈ која наметнувала минимална програма. Според неа, ПК требало да биде поврзан само со ЦК на КПЈ и ослободувањето на вардарскиот дел на Македонија да се остварува во рамките на Југославија. Меѓутоа, становиштето на Шаторов за ослободување на Македонија било за самостојна македонска република која ќе го опфаќа целокупниот македонски простор, како рамноправна држава со другите балкански држави.

Веднаш по фашистичкиот напад на СССР издава проглас до македондкиот народ, формира покраинска воена комисија, врши подготовки на диверзантски групи и нивна обука за ракување со оружје, организира работилници за производство на одредено оружје. Овие подготовки овозможиле на 22 август 1941 година да се формира Скопскиот партизански одред.

Поради неговите програмски определби се повеќе се зголемуваат спротивностите помеѓу ПК и ЦК на КПЈ, од што произлегуваат обвинителните писма на Тито против Шаторов кои се базираат на информации од една личност, без да се утврди фактичката состојба. Карактеристично за писмата е тоа што во нив постепено "грешките" се прошируваат, стануваат се помногубројни и завршуваат со обвинувањата на Шаторов како контрареволуционер, предавник, саботер, националeн шовинист и со заканите дека ќе биде предаден на партизански суд. Понатаму во писмата од Тито има контрадикторност. Во едно писмо во пишува дека Шаторов по окупацијата на Југославија веднаш се поврзал со бугарската комунистичка партија, додека пак во друго дека ја припоил македонската организација кон Бугарската комунистичка партија. Меѓутоа, во писмото на Тито од 4 септември истата година до македонските комунисти пишува: "Ние до денеска не знаевме оти се поврзал и оти ја припоил партиската организација со бугарската".

Меѓуоа, вистината е таа дека во времето на Шаторов ПК го носел името Покраински комитет на Комунистичката партија во Македонија а никогаш не бил ПК на КПЈ за Македонија, ниту пак бил ПК на Бугарската комунистичка партија.

Поради сите овие обвинувања, во средината на септември 1941 година легално избраниот Покраински комитет е суспендиран, Шаторов е сменет од должноста политички секретар на ПК и исклучен од партијата. Новоназначениот Покраински комитет од страна на инструкторот на КПЈ го добива името Комуництичка партија на Југославија, ПК за Македонија.

По кратко време Шаторов заминува во Софија и таму се вклучува во антифашистичкиот фронт, активно работи како член и функционер на бугарската партија и учествува во борбата против фашизмот. Од страна на бугарската фашистичка власт му се изречени две смртни пресуди, едната во 1943, а другата пролетта 1944 година.

Загинува на 4 септември 1944 година како командант на Третата воена оперативна област во една битка во близината на Пазарџик во Бугарија.

На крајот му изразувам голема благодарност на Министерството за наука на Република Македонија, кое обезбеди средства за печатење на овој труд. Исто така им се заблагодарувам на а.д. “Радобанк” Скопје и на сите оние кои придонесоа на одреден начин за издавање на оваа публикација.

I. Општи податоци за Методија Шаторов

Методија Шаторов потекнува од прилепското семејство "Шаторовци". Овој прекар семејсвото го добило според месноста во близина на Прилеп наречена "Шаторов Камен". Еден од неговите дедовци се занимавал со сточарство. Стоката ја пасел и чувал на ова место и оттаму семејството го добило прекарот "Шаторо". Обичај е во Прилеп добиениот прекар семејството да го задржи како фамилијарно презиме.

Дедото на Методија се викал Трајко и потекнувал од едно од постарите прилепски семејства. Баба му се викала Ана и исто така потекнувала од прилепско семејство. Татко му Тасе и мајка му Јонка во својот брачен живот имале 16 деца. По двете први – Талија и Гена, сите деца едно по друго умирале се до Методија кој е роден после 12 години од последната негова жива сестра. Според народното верување, а по сугестија на некоја си од комшивките која наводно сонувала дека Јонка не треба да се породи во својата куќа, ами во некоја друга, за да се избегне несреќното умирање на нејзините деца, мајка му на Методија неколку дена пред породувањето отишла кај блиски роднини во Прилеп и таму на 10 јануари 1897 година го роди синот Методија. За семејството, секако, претставувало голема радост што се родило живо и здраво машко дете, кое потоа станало многу сакано од целото семејство. Како резултат на нивната голема љубов, а кога сакале да докажат дека нешто е вистина, се колнеле "Жими Методија!". По него мајка му родила уште два сина, Киро и Тодор, и уште една ќерка, Блага.

Методија детството го поминал во Прилеп. Основно образование завршил во Прилеп, а гимазија во Битола. Таму бил сместен во интернат. По завршувањето на гимназијата во Битола се запишал на Учителската школа во Скопје и на истата матурирал на 24 јуни 1915 година. Добиеното сведителство гласи: "Сведочанство Краљевске српске учитељске школе о учитељском испиту зрелости. Г. Методије Шаторовић". Учителската школа ја завршил со многу добар успех. Според постигнатиот успех испитниот одбор му признал зрелост и способност за учител од А категорија. Ова свидетелство било

нострификувано на 17 август 1918 година од Министерството за просвета во Софија, што му било потребно на Методија за продолжување на образованието, односно за упис на факултет во Софија, бидејќи во тоа време овој дел на Македонија бил под окупација на Бугарското царство. [2]

Образованието на Методија му овозможило да има поширок контакти со разни средини и со интелектуалци од разни средини, што придонесло правилно да ги согледа да ги доживее состојбите во Македонија, посебно различните пропаганди, а особено големобугарската, големосрпската и големогрчката. Од посебна важност биле состојбите во Македонија предизвикани од војните од 1912-18 година, страдањата на македонскиот народ и последиците од тоа, умирањето од глад и од болести, мобилизацијата на Македонците во окупатор ските армии (бугарската и српскаа) и нивното искористување во првите борбени линии, каде што гинеле за интересите на окупаторските монархии. Посебен впечаток врз него осварило распарчувањето на Македонија кое довело до големи човечки трагедии, до уште поголемо економско исцрпување и осиромашување на македонското население како последица од војните и, најпосле, до мерките преземени од окупаторските власти за денационализација и асимилација на македонскиот народ.

Во овие и вакви состојби Методија Шаторов кон крајот на 1918 година решил да емигрира во Софија, каде што се вклучил, односно членувал во Сојузот на банкарските и трговските службеници. Бидејќи активно работел и бил вклучен во напредните младински организации во Прилеп, таа активност ја продолжил и во Софија. По формирањето на Емигрантскиот комунистички сојуз во 1920 година во Софија тој станал негов член и од таа година се води како член на Комунистичката партија. Во овој Сојуз покажал голема активност и станал забележителен помеѓу активистите и поради тоа во 1923 година станал член на Градскиот комитет на Комунистичката партија

[2] Според раскажувањето на Марија, внука на Методија Шаторов.

во Софија. Истата година, за време на дејноста на прогресивната влада на Александар Стамболиски, Шаторов бил активен на страната на прогресивните сили на Бугарија. Во 1925 година станал член на Окружниот комитет на КПБ за Софија. Во април истата година бил затворен од страна на бугарската полиција и бил држан во затвор до јуни, но поради немање докази не бил осуден, ами бил интерниран во Горна Џумаја во пиринскиот дел на Македонија. По ослободувањето од интернацијата кратко време бил секретар на софискиот Градски комитет на КПБ. Есента 1925 година, кога се организира ВМРО (Об.), Методија Шаторов е еден од активните создавачи на оваа организација. По изборот на Централниот комитет било поставено да се формираат три обласни комитети, и тоа: за вардарскиот дел од Македонија, кој беше под српската власт, за пиринскиот дел, кој беше под бугарската власт, и за приморскиот дел на Македонија, кој беше под грчката власт.

II. Активноста на Методија Шаторов заорганизирање на ВМРО (Обединета) и неговите ставови по Македонското национално прашање

Координацијата и раководењето со работите помеѓу македонските бегалци во Бугарија и Македонците од пиринскиот дел на Македонија (под бугарска власт) биле на дневен ред на првиот проширен пленум на ЦК на БКП одржан во август 1926 година во Виена. На оваа седница бил формиран раководен орган при Извршното биро (ИБ) на БКП за работа внатре во земјата и била избрана посебна комисија за работа со националните организации. Членови на оваа комисија биле: Методија Шаторов, Хр. Калајџиев и Хр. Москов. [3]

Врз основа на добиение областувања Шаторов во 1926 година организрал илегална конференција на која се поставиле основите на ВМРО(Об.) за делот на Македонија под бугарска власт. На оваа конференција биле присутни: М. Шаторов, Х. Калајџиев, С. Кавракиров, Б. Михов, Б. Митрев и Ф. Поптодоров. Реферат за значењето и улогата на ВМРО(Об.) поднел Шаторов. На оваа конференција бил избран Областен комитет на ВМРО(Об.) за пиринскиот дел на Обласниот комитет Македонија. За секретар бил избран Христо Калајџиев. [4] Со овој почеток на организирање на раководство на ВМРО(Об.) биле постигнати незначителни резултати поради недоволно расчистени ставови во раководствата на БКП и ИБ, кои се спротивставуале на идејата за создавање нови, одделно од постојните, легални и нелегални емигрантски и националнореволуционерни организации.

1. Реферат под наслов “Историјата и суштината на ВМРО(Обединета)”

[3] Дечо Добринов, ВМРО (Обединета) Универзитетско издателство Софија, 1933 год., стр.119 (понатаму Д. Добринов).
[4] Ефтим Георгиев, Симеон Кавракиров, Сојуз на македонски просветни друштва централно, Софија, 1969 год., стр. 8, 9.

Реферат под наслов "Историјата и суштината на ВМРО(Обединета)", по својата содржина, е еден од најважните политички документи, кој најдобро ги изразува политичките ставови на Методија Шаторов. Во овој документ стои:

"Основите на ВМРО(Об.) се положени во текот на 1925 година. Но ВМРО(Об.) не може да се разгледува изолирано, без врска со старото македонско националнореволуционерно движење. Таа се јавува како единствена наследничка на Гоце Делчевата ВМРО, која ги прифати и ги разви нејзините идеи и ја продолжи вистинската револуционерна борба за национално и економско ослободување на македонскиот народ. Секако, дека корените на ВМРО(Об.) треба да се бараат во епското македонско минато, кое ја откри епохата на македонската преродба.

Македонското ослободително движење уште од почетокот има своја самобитност. Тоа започна стихијно, како движење на македонските селани против жестокото ограбување и потиснување од турските феудални бегови, султанот и нивната администрација. Тоа беше движењето на македонските ајдути, коишто, макар без јасна цел во борбата, изразувале негодување и револтираност на македонските наполичари и аргати. Кон негодувањето на селаните се придружија и незадоволните запаетчии, чиешто уништување од страна на надворешната инперијалистичка конкуренција беше станало масовна појава. Исто така, во тоа време во Македонија започнала да се создава индустрија (предимно со надворешен капитал) која придонесе на македонската општествена сцена да се појави уште еден општествен фактор – работниците.

Тоа беа условите кои ја условија натамошната смислена, со одредена цел, борба на целокупниот македонски народ за ослободување. Под тие услови се најде широко поле за дејност на првоапостолите на македонската револуција Гоце Делчев, Петар Арсов, Ѓорче Петров, Даме Груев, Пере Тошев, Јане Сандански, Васил Главинов и др., кои, инспирирани од ослободителните идеи во странство, се вратија во татковината за да го организираат својот народ и да го поведат во револуционерна борба. Во 1895 година во Македонија се

создаде првиот ЦК на ВМРО и таа за неколку години се претвори во вистинска народна револуционерна организација која опфати широки маси (особено многу селани) и се здоби со извонредна доверба сред широките народни слоеви.

Тој свој успех старата ВМРО го постигна благодарение на заштитата на аргатите и селските слуги (момоци), кои беа експлоатирани и потиснати од беговите и чорбаџните. Во ова се состои длабокиот народен карактер на македонското национално револуционерно движење уште од времето на Делчев и Сандански. Старата ВМРО ги придоби на своја страна и ги раздвижи широките народни маси. Освен заштитувајќи ги економски, и со тоа што дејствуваше во името на еден светол идеал на македонскиот народ – да има своја сопствена македонска држава. Само прикриените врховисти, спроводници на бугарската завојувачка политика внатре во Организацијата, прифаќата автономија на Македонија само како една етапа кон нејзиното присоединување кон Бугарија. Вистинските претставители на македонскиот народ, првите негови револуционерни раководители, во програмата на ВМРО ја предвидоа автономијата на Македонија, како полесно остварлива етапа на патот кон самостојноста, и тоа со помош на така наречените "големи сили". Тоа била една заблуда. Но без секакво сомнение е дека крајниот идеал на првоапостолите на македонската револуција била самостојна македонска држава: "Слободна и независна Македонија со широки права на сиромасите од сите населени, без разлика на националноста" (Гоце Делчев). Со тоа се објаснува херојската и упорна борба на внатрешното македонско револуционерно движење како против турското ропство, така и против завојувачките стремежи на Бугарија, Србија и Грција, односно против нивните агентиврховистите. На спрема спротивставеноста на воените планови и провокации на балканските држави за поделба на Македонија, старата ВМРО ја избра масовната народно-револуционерната борба. "Ослободување на Македонија-кажува Делчев лежи во внатрешното вооружено востание, кој што мисли поинаку, тој и себеси и другите ги лажи". На тој начин македонското национално-револуционерно движење, бранејќи ја својата самостојност и македонскиот народ од стремежите на балканските завојувачи, застана на антивоена,

противврховистичка и на револуционерна нога. Поради тоа, старата ВМРО беше национална, но не и шовинистичка организација. Таа водеше остра борба против шовинистите и се обидуаше да го обедини целиот македонски народ и сите националности населени во Македонија за единствена борба против општиот потисник и грабител-турскиот воено-феудален апсолутизам. Борбата не се водеше против Турците воопшто, а против оние господарски општествени слоеви од турската нација, коишто заедно со ропството во Македонија, употребуваа политичко потискање и економски грабеж и врз турските работни маси. "Јас не ги мразам османлиите како народ, само нивниот систем на управување". Ете како Гоце Делчев ги определуваше вистинските причинители на ропството во Македонија. Како револуционерни преставители на македонскиот народ првите македонски дејци мразеа секаква реакција-тиранија и беа противници на монархијата. Во нивните желби беше слободна Македонија, се предвидуваше да биде организирана по типот на Швајцарија, во една демократска република.

Македонскиот народ, воспитуван во духот на тие идеи и систематски организиран и подготвуван за решителен судир со непријателот, на 20 јули с.с. (Илинден) се дигна на масовно востание. Така тој, со крвта на десетина илјади свои чеда ја напиша најславната страница во македонската историја-Илинденската епопеја. Но, востанието претходно беше осудено (предвидено) на пропаѓање по вина на врховистите и нивните господари-бугарските раководители на чело со цар Фердинанд. Врховниот комитет, составен во Софија предимно од офицери, по наредба на дворот, безуспешниот обид (со ветување и вооружен притисок однадвор) да ја подчинат под своја волја внатрешната македонска оргаинзација, подготвија нова тактика. Тој испрати во Македонија свој член (Борис Сарафов) и други врховисти како него, кои привидно беа загрижени и божем ја прифаќаа идејата на централизмот, но со цел да навлезат во ВМРО и да ја преземат и врховизираат одвнатре. Искористувајќи ја добродушноста, наивноста и времето политичко потслизнување на Д. Груев, како и од поткрепата на прикриениот врховист Гарванов, Борис Сарафов се најде во ЦК на ВМРО. Во тоа време (крајот на 1902 и почетокот на 1903

година) Делчев, Ѓорче Петров и други, видни македонски дејци, се наоѓаа надвор од Мадедонија, некои во својство на членови на задграничното преставништво на организацијата. Во ваква состојба се донесе солунското решение на 20-те делегати (повеќето одбрани поддржувачи на Сарафов-Гавранов) за ПРЕБРЗАНО востание, решение, кое најде потврдување и во Смилевскиот конгрес, раководен од Даме Груев. Востанието беше објавено ПРЕДВРЕМЕ, спротивно на волјата на највидните најдалекувидните македонски револуционери (Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Јане Сандански, Пере Тошев, Димо Х. Димов, Чернопеев и др.), а раковдено од Сарафов, и времено солидарниот со нив, Даме Груев. Задачата која врховистите си ја поставија со провоцирање на неподготвеното и не навреме објавено востание беше да го компромитираат револуционерниот акт на борбата, да се разочара народот, да ја изгуби вербата во сопствените сили и да се сврти со надеж кон бугарската армија. Народот не знаеше за овие намери на врховизираното раководство и тој се дигна на вооружена борба за своето ослободување. Народот се одзва на повикот за востание, затоа што раководството на неговата организација го повикаа, затоа што долги години беше воспитуван од таа организација: со сопствени сили, преку масовно вооружено востание ќе извојува свое економско и национално ослободување. Не е виновен народот, туку фактот дека во раководството на ВМРО влегоа (во врвот) врховистички елементи. Затоа Илинденското востание не е врховистичко, тоа е народно дело и помина под знамето на централистите.

Централистите, макар што беа противници на едно пребрзано и неподготвено востание, макар што го прогласија солунското решение на 20-те за безумие кое ќе има страшни последици за народот (и сигурно негово пропаѓање), кога народот се дигна, тие заедно со него бестрашно застанаа во првите редови на поведената борба, како вистински народни револуционери. Илинденското востание пропадна, жртвите и опустошувањата извршени од разбеснетата турска реакција беа големи. Во тој однос врховистите можеа да триумфираат. Но независно од нивните очекувања, Илинденската епопеја и денеска ги поттикнува македонските маси. Со Илинден се гордес

македонскиот народ и преку него тој го гледа единствениот пат кон македонската слобода.

Народно-револуционерната теорија и практика на внатрешното македонско ослободително движење најдоа исто така добра примена во времето на младотурската револуција и урието во 1908 година. Серскијот, Струмичкиот и Солунскиот револуционерен округ, главно со Сандански, Чернопеев и Апостол Војвода кои ја претставуваат – внатрешната како опозиција на врховизираниот ЦК на ВМРО, заседоа (заедно со младотруците) живо учество во таа демократска револуција во турската империја (наспроти тоа дека тоа е одгоре а не преку востание на масите). Тие го поддржаа младотурскиот преврат и излегоа со своја платформа, која одговара на економските, културните и политичките интереси на македонските селани, занаетчии и работници. Тие не се откажаа да се искористат уриетските услови за широка и масовно легална борба за извојување на целосното ослободување на Македонија. Со оглед на тоа македонскиот народ испрати во турскиот парламент свои претставници. Во заштита на извојуваните извесни демократски права и слободи, кога турската реакција во Цариград подигна глава, Јане Сандански застана на чело на една македонска револуционерна армија и заедно со труските револуционерни полкови од Македонија се упати кон турската престолнина и благодарение на тоа реакцијата беше уништена. Но младотурците (преставниците на тогашната напредна турска буржоазија) уште во првите денови на Урието се покажаа недоследни, колебливи и крајно ограничени револуционери. Тие не го отстранија монархискиот институт, но се задоволија со сменување на еден султан со друг – неговиот брат. Тие не ги отстранија привилегиите на турската нација, а само ги зголемија обврските на македонскиот народ (војна служба). Тие не дадоа национална и економска слобода на македонскиот народ, а се органичија само на некои политички права (право на избор и избирање за претставници во парламентот и др.). Но браната на апсолутизмот беше пробиена и тие политчки права можеа да се искористат за разгранување на широка масовна борба, со која народот ќе си извојува уште редица други економски, културни и политички права пред да се стигне до потполно ослободување. Таков беше ставот на Сандански и на

сите други, кои останаа верни на принципите на внатрешната организација. Меѓутоа, и сега не задоцнија да ја изиграат пакосната улога врховистите, испраќани и диригирани однадвор. Нивниот курс беше да продолжат да ги форсираат четничките изненадни напади и терористички провокации во Македонија со цел да предизвикаат масовни притисоци од страна на турската власт врз народот, да го забрзаат претворувањето на младотурците во контрареволуционерна сила, да го компромитираат Уриетот и со сето тоа да создадат преседан (услови) за војна меѓу Бугарија и другите балкански држави против Турција, а се со цел за да се изврши поделба на Македонија. Тоа беше курсот спроти балканската завојувачка војна, која избувна во 1912 годоина. Тој против-македонски курс доаѓше од новите членови на врховизираниот ЦК на ВМРО – Тодор Александров и Александар Протегоров, кои останаа верни на бугарската империјалистичка политика, и за време на светската војна, а и по нејзиното завршување. Тие, заедно со бугарските раководители, се главните виновници за новото поцрно ропство на Македонија (раскината, потисната и разорена од софиските, белградските и атинските завојувачи).

По сите тие несреќи за македонскиот народ се испарија илузиите, што ги создаваа врховистите за некакво "ослободување", кое требало да дојде од Бугарија и другите балкански држави. Во ова се состоеше првиот голем пораз на врховистите. Така се создадоа новите можности за возобновување на старата ВМРО, за создавање на едно ново единствено и масовно двиижење, инспирирано од револуционерните идеи на загинатите и живите први македонски дејци. Добар почеток, во тој однос, беше создавањето во 1919 година на привремено преставништво на чело со Ѓорче Петров, Димо Хаџи Димов, Павел Христов, Христо Јанков и други, за обединување на револуционерните антиврховистички сили на боречка Македонија, без оглед на нивната партиска припадност. Меѓутоа, тогаш револуционерната партија на работниците уште не беше ослободена од погрешното третирање на националното прашање. Според тогашните нејзини сваќања, националните движења, сите без разлика, ги фрлаат работничките маси под влијанието на буржоазијата за да им пречат на последните да ги

осознаат своите класни интереси. Тогаш партијата на револуционерниот пролетеријат сметаше дека националните движења си го изживееле времето, дека тие враќаат назад кон капитализам, кога се живее во ерата на пролетерската револуција за социјализам. Таа тогаш не го разбираше длабокиот народен карактер на националните движења во ерата на империјализмот, како движење на национално потиснатите и колонијално експлоатираните селани, кои се јавуваат како природен сојузник на пролетеријатот за општа борба против општиот непријател - империјализмот. Таа ги поценуваше националните чувства на поробениот македонски народ и прескокнуваше една цела етапа во неговата борба, борбата за национално (демократско) ослободување и на тој начин така ги поканувааше македонските маси да се борат директно за советска власт и социјализам, во што се наоѓа разрешување и на националното прашање. Следејќи таква политика по националното прашање, револуционерната партија на работниците се откажа од обновувњето на семакедонското национално-револуционерно движење и го повлече својот член Димо Х. Димов од Привременото преставништво и на чело со него го создаде Емигрантскиот комунистички сојуз, ко опфаќаше само еден тесен круг Македонци, наклонети кон Комунистичката партија. Широките национални маси останаа надвор од него, уште повеќе и поради тоа што тој сојуз беше имено емигрантски и ги исклучуваше национално потиснатите маси во Македонија под бугарска власт. Непоткрепено, а откажано од партијата на револуционерниот пролетеријат, излегувањето на Димо Х. Димов од него, Привременото претставништво скоро се расформира. Пак од истата причина, и покасно создадената Федеративна македонска национална организација не можеше да се претвори во силна, масовна и чисто револуционерна оргаизација.

Од целата таа состојба (слабост и распарченост) на револуционерните македонски сили имаше корист реакцијата. Под сугестијата на таканаречениот "черен блок" Т. Александров и А. Протогеров го обвновија ВМРО и си поставија маска на автономија со цел да привлечат што повеќе од македонските национални маси и да ги свртат на помош на фашизмот против издигнатата револуционерна волја во

Петричкиот крај и во внатрешноста на Бугарија. Така ВМРО повторно потпадна во врховистички раце и беше искористена при извршувањето на воено-фашистичкиот преврат во 1923 година и во задушувањето на селските востанија спроти превратот, како и на општото востание на работниците и селаните во септември истата година. Но во редовите на обновената од врховистите ВМРО имаше многу активисти и граѓани, кои влегоа во неа со искрена намера, вистински да се борат за ослободувањето на Македонија. Такви активисти и граѓани имаше многу и во масовните емигрантски организации. Сите тие луѓе не можеа да не се огорчат од превртувањето на организацијата во џандар-заштитник (чувар) на фашизмот и потпалувач на работниците и селаните во Бугарија и во самата Македонија под бугарска власт. Од таа причина во ВМРО и во масовните емигрантски организации се оформи една се порастечка и се позасилена опозиција (во илинденската организација таа зеде полна надлежност заедно со нејзиното раководно тело и со редакцијата на в. "Илинден"). Опозицијата сакаше обединување на сите македонски сили на антиврховистичка база и се ориентираше кон единствен антиимперијалистички, антифашистички фронт. Револуционерната опозиција предоби особено големи сили во 1924 година, кога комунистичката партија го корегира своето становиште по националното прашње и кога македонските комунисти зедоа живо учество во македонското национално движење за напредување на македонската ослободителна идеја. Револуционерната опозиција стана толку силна, што во 1924 година владата на Ал. Цанков, уплашена од бурниот раст на македонското ослободително движење, започна зближување со српската влада и започна да го запира и прогонува македонскиот печат и македонската масовна и публицистичка дејност. Ете, сето тоа го натера Т. Александров и А. Протогеров да се согласат со третиот член на ЦК на ВМРО – Петар Чаулев за потпишување на историскиот ВИЕНСКИ МАНИФЕСТ. Во Манифестот влегоа принципите на новата ориентација за отпочнување на една вистинска револуционерна борба во сојуз со сите револуционерни фактори на Балканот против балканските империјалисти за слободна и независна Македонија. Тоа беше новата програма на македонското национално-ослободително движење, кое ги обедини за општа

борба сите револуционерни македонски сили и внесе раздвижувачка струја, создаде голем борбен ентузијазам кај македонскиот народ и македонската емиграција. Во тоа се состоеше залагањето за успешноста на македонското дело.

Под силниот притисок на бугарските управувачки средини, Т. Александров и А. Протогеров срамно се откажаа од Манифестот и повторно се вратија во служба кај бугарските империјалисти. Но од тоа не загуби ништо од своето значење Виенскиот манифест. Тој остана и понатаму да биде база за обединување на сите македонски револуционерни сили во една единствена внатрешна македонска национално-револуционерна организација. Во 1925 година се поставија основите на таква организација наречена ВМРО (Обединета), која ги вклучи во своите редови старите централисти и илинденци, федералистите, левицата од автономистичката организација, македонските комунисти и младото македонско поколение. Така македонскиот народ најде свој нов револуционерен раководител во борбите, при нови услови, за национална независност.

Како единствена наследничка на Делчевата ВМРО, новата ВМРО(Обединета) ги прифати од првата сите револуционерни принципи и сите позитивни квалитети во кои се воспитуваа македонските маси. ВМРО (Обединета) со гордост го носи револуционерното наследство од славното македонско минато, на кое главни дирегенти и херои беа Гоце Делчев, Јане Сандански, Ѓорче Петров, Пере Тошев, Чернопеев и Димо Х. Димов.

Но, за да може со достоинство да продолжи делото на првоапостолите на македонската револуција, ВМРО(Обединета) требаше да извлече поука од преживеаните настани и, сообразно со новите услови во кои е поставен македонскиот народ – да робува и да се бори, да ги отстрани грешките од минатото да ги дополни и развие идеологијата и практиката на старото македонско движење.

Но по основното прашање за националноста на македонците старата ВМРО беше во нејасност и паѓаше во противречност.

Таа признаваше и, како трн во очите на врховистите, го истакнуваше постоењето на македонскиот народ во самостојна географска и економска целина на Македонија, која ги има сите права да се оддели во независна држава. Но истовремено во старата ВМРО преовладуваше погрешното убедување дека македонските Словени се Бугари. Во тоа се крие и причината што не може таа да ја изнесе докрај борбата против врховизмот и бугарската завојувачка политика спрема Македонија. Во старата ВМРО владееше убедувањето декак самостојната борба на македонскиот народ за одделна македонска држава се диктира од маневарско политички причини: не затоа што Македонија не е бугарска, не затоа што таа не треба да се присоедини кон Бугарија, но затоа што другите заинтересирани држави не би доволиле такво присоединување. Ете тоа коренито невистинито становиште ги натера сите македонски револуционери да станат доброволци во бугарската армија за време на Балканската војна против Турција – една капитална грешка со катастрофални, за македонскиот народ, последици. Основната – најважна – причина за таа историски погрешна постапка се крие во најголемата штета што врховизмот и бугарската завојувачка политика ија нанесоа на македнската кауза со насадувањето на бугарштината во Македонија и привременото засенување на самостојното национално чувство кај Македонецот.

ВМРО(Обединета) не можеше да не извлече поука од таа погубна грешка во македонското минато. Таа не можеше да не извика високо на бугарскиот и балканскиот империјализам: Долу крвавите раце од Македонија! Таа не можеше да не поведе борба за зачувување на Македонците од асимилирање и за издигање на самостојното македонско национално чувство: тие како Македонци не се ниту Срби, ниту Грци, ниту пак Бугари, а претставуваат одделна нација. Затоа, и имено поради тоа, ВМРО(Обединета) постави солидна база на македонското ослободително движење за принципиелна и аргументирана борба за слободна и независна македонска држава. Во тој однос таа, не само што ја корегира и ја дополни старата ВМРО, но ги продолжува заветите на Делчев, Арсов, Теодосиј Скопски и др., кои сакаа и работеа за создавањето на македонска национална литература, самостојни македонски училишта и автокефална

македонска црква. ВМРО(Обединета) го продолжува делото на појавениот, во 80-тите години на минатиот век, македонски весник "Лоза" што се уредуваше на македонски јазик и кој разгласуваше за постоењето на самостојна македонска националност и пледираше за независна македонска држава.

Старата ВМРО имаше штетни илузии дека македонскот народ може да биде потпомогнат од големите западноевропски држави. Затоа таа ја издигна паролата "Автонојија на Македонија под покровителство на големите сили". Таа не го разбираше империјалистичкиот карактер на последните, кои беа ја префрлиле турската империја во своја полуколонија и се натпреваруваа да ја потчинат наполно и да ја избришат од картата како државна единица. Македонија, како поробена страна во пределите на феудалната, апсолтуистичка и полуколонијална Турција, се наоѓаше под ропство, не само на турските господари, а беше објект и на почетен, но нараснат колонијален грабеж од самите големи империјалистички држави. Очигледно, старата ВМРО не беше ја сфатила таа состојба и не смееше да вложува надежи во тие држави. Современото македонско национално-ослободително движење работи и се бори во едно подруго револуционерно време, при јасното одбележување на спротивните фронтови на револуцијата и реакцијата, кога на секого му стана јасно за крволочниот карактер на "големите сили". И природно, ВМРО(Обединета) не смееше да сака автономна Македонија по покровителство на "големите сили", затоа што тоа би значело ние сами да си ги отвориме вратите на нашата родна земја за нејзиното освојување од големите империјалистички држави, кое би означувало за македонскиот народ не помало ропство од денешното. Едно вистинско револуционерно-национално движење, какво што е нашето, не може во желбата да го одтргне својот народ од ропството на едни завојувачи (Србија, Бугарија, Грција) и да го расчистува патот кон Македонија на други завојувачи. И едните и дригите, сите империјалисти, се непријатели на македонскиот народ, исто како што се непријатели на сите потиснати народи. Ете, зошто ВМРО(Обединета) ја постави македонската национално-ослободителна борба на антиимперијалистичка основа.

Старата ВМРО не беше шовинистичка организација; таа сакаше братство и "културно натпреварување помеѓу народите"; таа "не ги мразеше османлиите како народ, туку нивниот господарски систем на управување"; таа примаше во своите редови луѓе од сите народности на Македонија; таа се бореше за ослободување на Македонија "со широки права на сиромасите од сите населени народности" (Делчев). По почетокот ВМРО не го направи вториот голем чекор – да изгради единствен фронт со сите потиснати народности во Македонија и со самиот турски народ за општа борба против Султанот и беговите. Таков обид не се направи и за Илинденското востание, кога беа опфатени сите народи и националности внатре во Македонија, исклучувајќи го турскиот народен елемент, за кого курсот беше да се неутрализира, а во практиката во Костурско востаниците насскани од врховистите се пуштија да ги палат труските села. За обезбедување помош на трускиот народ од целата турска империја не стануваше збор. Затоа што ВМРО сметаше на поткрепа од "голелмите сили", а не на единствениот фронт со турскиот народ, а не на поткрпа на самите народи на Балканот, Европа и светот. За првпат во 1908-09 г.г. санданистите се освестија за неопходноста од изградување на единствен фронт со сите револуционерни сили во Македонија и Турција што се покажа со сјајното исполнување на тактиката на единствен фронт со младотруците за уриетската револуција ВМРО(Обединета) најде во таа тактика на санданистите спас (излез) што неколебливо ја прифати и ја прилагоди во условите на новото ропство на Македонија – раскината и поребена на делови од бугарскиот, српскиот и грчкиот империјализам. Најблиските сојузници на македонскиот народ во борбата за слобода и независност се бугарските, српските и грчките работници и селани, како и другите национално потиснати народи и народности во Југославија, Грција и Бугарија. Други сојузници на македонскиот народ се сите колонијални и зависни народи и прогресивни општествени сили во Европа и светот. Македонскиот народ денес има уште еден голем и силен пријател-СССР, кој даде идеално разрешување на национаното прашање во бившата руска империја и кој отворено им помага на сите поробени народи во борбата за самоопределување и национална независност против ропството на империјализмот.

Старата ВМРО работеше со народот и за народот и во тој однос беше вистинска масовна народна организација. Меѓутоа, едновремено таа практикуваше четништво, експропријација и терористички акции. Целата дејност на Делчевата ВМРО (агитацијата и пропагандата помеѓу масите) ги подигнуваше селаните на борба против плаќањето на султанските даноци и беговските обврски, за експропријација на беговската земја и стада во корист на селаните, за бојкотирање на државните судови и воспоставување на народни судови на организацијата, четништвото, експропријацијата на пари, терористичките акции и вооружувањето на масите; сето тоа се правеше како подготовка на народот кон масовното вооружено востание со цел да се извојува македонската слобода. Но, ако во почетокот на развојот на македонското национално-револуционерно движење малите чети беа наменети за да ги пропагираат револуционерните идеи и да ги организираат масите селата, тоа, покасно, големите чети и нивните чести судири со турската војска стана терет за народот и даваше повод на непријателот да го тероризира месното население и да ги уништува револуционерните организации. Што се однесува до терористичките акции, тогаш тие, и покрај големите херојства и саможртви на извршителите, одвај придонесуваа нешто добро, а предизвикаа безброј гонења-бркања, несреќни и жртви на народот и многу афери-провали на организацијата. Со своите терористички постапки, внатрешните активисти (особено по Уриетот) без да сакаат ги дополнуваа провокативните терористички акции на врховистите, наменети за предизвикување војна. А и експропријацијата на пари го има тоа значење (со обврските врз чорбациите и доброволниот членски влог на организациите). Делчевата ВМРО ги собираше потребните средства за да не прима помош со обврски од Бугарија или некоја друга држава со завојувачки стремежи кон Македонија, а се со цел да се зачува самостојноста на организацијата.

Уште за време на Уриетот санданистите-левицата во врховизираната ВМРО, - ја согледаа грешката, макар и само за некои методи во работата на организацијата и престанаа со таа практика, така што се впуштија повеќе во масовна работа.

ВМРО(Обединета)ја ликвидира целата таа практика во минатото, која даваше обратни резултати. Таа не практикува индивидуални терористички акции и никакви индивидуални дејства, кои што би ја одделиле од масите. Таа води револуционерна борба против непријателите само со наордот и за народот. Во тој однос ВМРО(Обединета) е вистинска масовна организација. Таа ја осознава потребата од револуционерни чети само непосредно пред и за време на востанието. ВМРО(Обединета) не може да практикува и експропријации на пари. За задоволување на потребите на движењето и борбата, таа собира членски влогови и доброволни подарувања (разни фондови) од членовите и од самите македонски маси. Финансиските проблеми за нас се и политичко прашање, прашање на дисциплина на обединистите и мобилизацијата на масите околу ВМРО(Обединета). Нема посигурен извор на средства за движењето од влијанието на организацијата среде широките народни маси и поткрепата, која тие и ја даваат на својата организацијуа. Но, ослободувајќи се од тактичките слабости на старото македонско национално-револуционерно движење, ВМРО(Обединета) со голема енергија се зафати да ја поддржува Делчевата ВМРО во областа на агитацијата и пропагандата и масовната работа.

ВМРО(Обединета) ја согледува големата полза од усната и печатената пропаганда за издигање на национално-политичкото сознание на македонските маси, кои се неопходни за успехот на македонското дело. Затоа таа се служи како со индивидуална агитација, така и со колективна (разговори, реферати, утра, вечеринки, собранија и др.), а исто така и со издавање на весници, покани, манифести и др. Целата агитација и пропаганда ВМРО(Обединета) ја води во тесни врски со борбата на македонските маси, и за организирање на тие борби. ВМРО(Обединета) знае дека само една агитација и пропаганда не е доволна, дека во процесот на своите секојдневни борби за економски, културни и политички придобивки масите најубаво го кристализираат своето сознание, си го подигнуваат борбениот дух и одат кон потполно ослободување. Ете, зошто ВМРО(Обединета) ги мобилизира македонските маси во борбата против колонијалната политика на завојувачите во Македонија. Конкретно се бореше: против извлекувањето на

сите животни сокови од нашата несреќна татковина во полза на диктатурите од Софија, Белград и Атина; против неподносливите државни даноци, обврски и терети врз македонските селани, занаетчии и работници;за анулирање на обврските на народот кон државата, банките и лихварите; против колонизирањето, за истерување на богатите колонисти од Македонија, за враќање на заграбената, од нив, земја на македонските селани; целокупната македонска земја да се одземе од општините, државата, манастирите, вакавите, чифлизите и да се раздели на македонските селани бесплатно; против колонијалните ниски цени, со кои другите трговци и држави го откупуваат тутунот, афионот и другите производи на македонските селани; против високите цени на туѓите фабриканти во Македонија; не сопирање, а обврска за стопанско и културно унапредување на македонските градови и села; против натрупување на туѓи кметови и администрација, за демократски права и слободи; против насилната асимилација, за отворање на македонски училишта и изработување на македонскиот јазик во официјален-литературен, за полна национална рамноправност; за анулирање задолженијата на бегалците во Бугарија по оземнувањето; слободен организационен, културен, просветен и политички живот во братствата, младината и др. масовни македонски организации; против бирократско-фашистичкото туторство над тие организации: против растурањето на македонскиот Младински сојуз.

Заедно со горните барања, ВМРО(Обединета) ја истакна големата програмска парола за обединување на македонскиот народ во една НЕЗАВИСНА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА. Исто така, ВМРО(Обединета) ја истакна стратегиската парола за самоопределување на македонскиот народ, којашто ја конкретизираа национална-ослободителната борба во трите македонски области, и го открива начинот по кој ќе се стигне до слободна и независна Македонија.

ВМРО(Обединета) не си прави илузии дека поробувачите сами ќе придонесат за слободата на македонскиот народ, дека по мирен пат ќе се извојува македонската национална слобода. Затоа таа, по примерот на Делчевата ВМРО, стои (држи) за

масовно вооружено востание во Македонија. Впрочем, денеска Македонија е раскината на три делови и борбата се отежнува и нејзиниот конкретен пат се измени. Нема поголема желба од еден нов победоносен Илинден истовремено во трите македонски области. Тоа, впрочем, претпоставува револуционерна ситуација истовремено во трите држави-завојувачки, инаку македонскиот народ сам не ќе издржи против три организирани и силни потисници. Но револуционрните ситуации, поради нерамномерниот развиток на империјализмот, не се создаваат едновремено во неколку држави. По силата на таа состојба потребно е востанието да се отпочне во една од трите дела на Македонија заедно со општото народно востание во целата соодветна држава (Бугарија, Југославија или Грција). Решителната борба ќе започне во тој дел на Македонија и во таа соодветна држава, каде што порано настапи револуционерното време. Во таков случај првата задача на ВМРО(Обединета) во другите две македонски области и таа на нашите сојузници во другите две држави ќе биде да ја форсира дејноста и да ги поведат масите во борба, со цел да се попречи интервенцијата против револуционерната држава. Ова е потполно возможно кога се има предвид огромниот револуционерен подем, а особено победата на револуцијата во една балканска држава. При разгледувањето на ова прашање треба да се има предвид револуционерната етапа во која живееме и да не се испушта од предвид и постоењето на државата на слободните народи (СССР), еден огромен факт со кој не можат да се соочата империјалистите, кога треба да решаваат дали да нападнат на револуционерните држави. А кога револуцијата ќе избувне и победи во другите балкански држави, а според тоа и во другите две македонски области, и тогаш ќе се слее македонската национална револуција во еден свет, победоносен нов Илинден во цела Македонија.

Со оглед на таа перспектива, ВМРО(Обединета) во Македонија под бугарска власт се бори за самоопределување на Петричкиот крај до негово одделување од империјалистичка Бугарија, за да се постигне и обединување со другите два дела на Македонија во една независна македонска држава. Ние ги упатуваме нашите барања за самоопределување до софиските освојувачи

не затоа што се надеваме дека тие ќе ни го отстапат сами, туку за да го насочиме неговото сечило против нив и да ги разобличиме пред македонските маси како непријатели на македонската слобода и независност и на тој начин да ги мобилизираме тие маси на револуционерна борба. Ние се обраќаме кон софиските завојувачи вака: Вие, господа, тврдите дека македонците се Бугари и дека Македонија е бугарска; вие си давате надворешен изглед дека се стремите за да биде македонскиот народ слободен. И убаво, ние пак тврдиме дека Македонците не се Бугари, дека Македонија не е ваша. Напротив, вие сте исто такви поробувачи, какви што се белградските и атинските. Дајте, тогаш, да го однесеме прашањето до самото население во Петричкиот крај. Нека тој си го каже зборот како се чувствува и дали сака да живее под вашиот јарем, или пак ќе посака, заедно со населението од другите два дела на Македонија да се соедини во самостојна македонска држава. Со еден збор, дајте му право на самоопределување. Впрочем, за да се изјасни населението слободно, да ја искаже својата волја, повлечете ги од Македонија бугарската војска и полиција... (Оштетен текст) Тоа е револуционерна борба заедно со бугарските работници и селани, кои ни препуштаат правото на самоопределување до одделување во самостојна државна единица, без да не тераат да го примиме социјалистичкиот систем.

Нашиот единствен фронт со класното работничко движење е изграден на рамни начела, без ни најмалку да се нарушува самостојноста на македонското национално движење. Целата таа наша реализација на борбата ги збесна бугарските империјалисти и врховисти, кои понекогаш си ја навираат маската на борци за автономна или независна Македонија. Но тоа уште повеќе ги демаскира пред македонските маси. Нека беснеат и нека не клеветат непријателите, дека сме биле "комунистичко потделение". Нас тоа нема да не збуни, затоа што ние, кои вистински сакаме и се бориме за македонската национална слобода и независност, не можеме да не бараме надежни сојузници во борбата, а такви се работниците и селаните и другите национално потиснати народи на Балканот и во светот. Нашиот пат единствено води кон националното и економското ослободување на македонскиот народ.

ВМРО(Обединета) е единствената и вистинска македонска национално-револуционерна организација, во која членуваат револуционерни македонски сили без разлика на нивната партиска припадност. Таа е самостојна македонска организација, составена предимно од македонски селани. Таа има револуционерно-демократска идеологија и го држи знамето на македонската националност и борбата за слобода и независност". [5]

Во овој реферат е направено прецизно разграничување помеѓу ВМРО(врховисти) и ВМРО(Об.). За врховистите и нивната дејност се констатира: дека е антимакедонска организација, раководена од новите членови не врховизираниот ЦК на ВМРО-Тодор Александров и Александар Протогеров, кои останаа верни на бугарската империјалистичка политика и пред и после Првата светска војна. Тие заедно со бугарските раководители се главните виновници за новото уште поцрно ропство на Македонија, раскината, потисната и разорена од софиските, белградските и атинските завојувачи и поробувачи.

Состојбата се променила на Берлинската конференција на БКП и ИБ, која почнала со работа на 8.12.1927 и траела до 15.01.1928 година, кога раководството на БКП го променило својот став во однос на ВМРО(Об.). Од претходното нејзино игнорирање како неоправдана организација, сега се поддржува и се прифаќа нејзината програма. Во основа нема разлика во ставовите на БКП и ВМРО(Об.) по македонското национално прашање. На оваа Конференција активно учествувал Методија Шаторов и бил категоричен за заземање правилен став по македонското национално прашање. Тој го изнел својот став дека не е потребно да се формира организација на КПЈ во делот на Македонија под Србија, туку да се засилува и поткрепува ВМРО(Об.), а не само врски со ВМРО(Об.) и КПЈ, а македонските комунисти самостојно да работат во организациите на Обединетата. Исто така на оваа Конференција Шаторов бил категорично против индивидуалните терористички застранувања, на теророт да се одговара со терор,

[5] Архив на Македонија, фонд ВМРО(Об.) Реферат на Шаторов под наслов "Историјата и суштината на ВМРО(Об.), стр. 1-9 (понатаму реферат на Шаторов).

поради тоа што ваквиот терор не се совпаѓа со принципите на ВМРО(Об.). [6]

2. Извод од записникот на Втората партиска конференција на БКП во Берлин оджана кон крајот на 1927 година

Методија Шаторов-Марко, делегат на Софиската партиска организација земал активно учество на оваа Конференција и со својата дискусија ги изнесол следните ставови: "Учесник сум во националното револуционерно движење и до денденеска се наоѓаат млади и стари другари кои ги нарекуваат сите Македонци како фашисти. Тоа е погрешно. Ќе се задржам повеќе на периодот од 1918 до 1927 година:

а) Македонското движење има долга и самостојна историја, што мнозинството од нашите луѓе не го знаат и не го разбираат.

б) По пропаѓањето во 1918 година на бугарскиот национализам, пропаднат беше и национализмот во македонското движење и беа создадени сите благопријатни услови тоа движење да помине во наши раце. Корисната иницијатива на Хаџи Димов и серчаните во 1918-1919 година да го постават ВМРО на нова основа. Бидејќи не беше поткрепено од партијата, беше изоставено и ние се оддадовме да правиме Емигрантски комунистички сојуз, и го оставивме македонското движење на бугарските банкротирани националисти на чело со агентот нивни Тодор Александров. На тој начин допуштивме тоа движење да премине во туѓи и штетни раце, за да игра потоа една фатална улога во внатрешните борби во Бугарија.

в) Бидејќи и подоцна не ја разбравме нашата грешка, кога националистите беа уште слабаи во 1919-1920 година, ние не презедовме ништо ниту за заштита на нашето масовно движење во Петричкиот округ, кое се тероризираше од дребните терористички банди на Т. Александров, кој ги немаше зад себе македонските маси, тие беа со нас. Александровците ги истепааа нашите луѓе, а ние ги напуштивме нашите дејци. А со

[6] Документ на КИАФ, бр. 495.

тоа и сите искрени македонски револуционери од тие краишта. Настојувањето да се замеша партијата и енергично да се разбијат тие банди, коешто беше тогаш лесна работа и да го земеме македонското движење во свои раце. ЦК се повлекуваше во својата пасивност и погрешна линија, додека националистите ја заседоа Организацијата и после тоа беше тешко да се изградува еден фронт со нив. Тоа не беше лесна работа, затоа што тие се отворени агенти на бугарската буржоазија со коишто партијата беше во отворена борба. Ако партијата во тие години дури до превратот беше презела енегична борба против националистите и бугарсите агенти и се потпреме на македонските маси во Петричкиот окург кои беа со неа, таа ќе успееше да ги разбие. А ако тогаш заземеше правилна линија по националното прашање, таа ќе успееше да владее со тоа движење и на дело да егзистира единствен фронт на македонското национално револуционерно движење заедно со работничкото, селското револуционерно движење во Бугарија и на Балканот.

Го убија Петров - ЦК молчи, убија 14 наши активни другари во Петричко – ЦК молчи, ЦК добива ултиматуми од бандата на Тодор Александров и крие од партијата, тешко ли е, после сето тоа, агентите на бугарската буржоазија и бугаскиот национализам да завладеат со македонското движење и да успеат да го спротивстават на роботничкото, на селското движење и на КП.

г) По превратот веќе тргнавме да бараме врски со македонските организации и македонското движење. Го растуривме комунистичкиот емигрантски сојуз и го запревме в.к. “Ослобождение”, т.е. бевме веќе принудени да капитулираме наполно. Но и пред тој период ЦК ги крие од партијата и од масите ултиматумите коишто ги примаше.

Влеговме во братствата и почнавме да работиме. Тоа беше правилно. Постигнавме значителни резултати. Повторно се разочаравме и во масата на ВМРО и братствата. Под влијанието на тој процес на олевјавање, кликата на Т.-александровци прави маневри. Се ориентира на лево. Го бара СССР и нашата партија. Пред тоа да успеевме да ги изградиме своите конфронтации и

да изградиме и организираме една дејствителна левица погодна за внатрешна борба и за раководење на македонското движење. Ние го публикувавме "Манифестот" (на ВМРО (Об.), м.з) и олеснивме на воената лига и на нејзините одреди во ВМРО да извршат свој погром над македонското движење и неговата левица. Го обинувам ЦК дека не презеде мерки да го спаси Хаџи Димов, кој лесно стана жртва и ако се знаеше дека сигурно ќе го убијат.

Сега веќе има ВМРО(Об.), бидејќи фактички и на дело не ја поткрепуваме во Бугарија и во бугарска Македонија таа да ги собере околу себе сите погодни во македонското движење. Југословенската партија во Македонија дури работи со ВМРО, а не со ВМРО(Об.)". [7]

Шаторов се откажува во овој момент од неопходноста од создавањето на самостојна организација на КПЈ во Македонија – треба да се изградува ВМРО(Об.). А комунистите да образуваат конфракции, коишто се доволни. На Осмата конференција на Балканската комунистичка федерација (БКФ), одржана во септември 1928 година, непосредно по VI конгрес на Комунистичката интернационала (КИ), од 17 јули до 1 септември 1928 година, В Коларов го изнесол ставот дека постои асимилација на Македонците во границите на Бугарија, дека нема разлика во третирањето на Македонците во трите држави. Тие се национално потиснати и во Бугарија, како и во Југославија и во Грција. На оваа Конференција заземени се ставови за правото на самоопределување до отцепување во самостојна македонска држава. Со ова се одобрува дејноста на ВМРО(Об.) и на територијата на Бугарија, како национално-ослободителна организација. [8]

За спроведување на заземените ставови од страна на БКП и БКФ на конференциите за обнова на ВМРО(Об.) Шаторов бил специјално ополномоштен од Задграничното биро (ЗБ) на ЦК на БКП. Поради тоа во август-септември 1928 година Шаторов отишол во Бугарија со задача да го спроведе курсот на

[7] Извод од записникот на Втората партиска конференција на ВКП во Берлин одржана кон крајот на 1927 год. А.М. фонд Шаторов.
[8] Д. Догринов, стр.119, 121.

Берлинската конференција по националното прашање. По доаѓањето во Бугарија подготвил извештај за состојбата и активноста на ВМРО(Об.). Според фактите изнесени во овој негов извештај, до тој момент при ЦК на БКП не функционирала комисија за работа сред националните револуционерни движења, како резултат на потценувањето на тој важен проблем. Задачата на Шаторов била да ја постави работата на сосема нова основа, која произлегува и потекнува од разбирањето дека национално-револуционерното движење има ослободителна функција и во Бугарија, што се до овој момент ИБ го оспорувало. Тоа било изразено во непримање, односно неприфаќање на ВМРО(Об.) и поставување работите во националните организации на чисто класна, а не и на национална основа. [9]

Шаторов навистина ја активирал работата во организациите, ги објаснувал работите за надминување на претходната, неправилна политичка линија. Таму каде што постоеле и дејствувале партиски фракции во организациите – македонски братства, тој препорачувал или наредувал комунистите Македонци да влегуваат во нив и да ја спроведуваат линијата на БКП, а каде не постоеле такви фракции, да се создаваат со иста цел. Под негово непосредно раководство при ЦК на БКП се формирала комисија за работа во националноослободителните движења. Освен централната, се создавале и месни комисии под раководство на соодветните партиски комитети. [10]

По иницијатива на Методија Шаторов, во септември 1928 година е свикано собрание на македонските комунисти кое ќе ги постави основите на ВМРО(Об.) во Бугарија. На овој собир се разјасниле основните ставови во платформата на ВМРО(Об.), за партиската политика и се дале директиви за работа. На собирот било избрано раководство за 3-та револуционерна област на ВМРО(Об.) која ја опфаќала македонската територија под бугарска власт. За секретар на обласниот комитет бил избран Симеон Кавракиров, а за членови: Н. Грнев и Б. Михов. Основни насоки на дејноста на Окружниот комитет се следните:

[9] Исто, стр. 123.
[10] Исто, стр.123.

1. Активност во пиринскиот дел на Македонија, создавање таму на групи и организации на ВМРО(Об.).

2. Работа сред македонската емиграција и создавање фракции на ВМРО(Об.) во емигрантските организации, прибирање во редовите на ВМРО(Об.) дејци на револуционерното движење од блиското минато кои имаат авторитет сред емиграцијата.

Со создавањето на ВМРО(Об.) во Бугарија, фракциите на БКП во емигрантските организации (братства) и целата работа сред национално-револуционерното движење се претвориле во фракции на ВМРО(Об.) Работите веќе не се вршеле во името на БКП, туку во името на ВМРО(Об.), се зајакнале позициите во братствата на ВМРО(Об.), од нејзино име се издавале повици (позиви) за запирање на убиствата на Македонци, за прекратување на врските со ВМРО (врховисти) и за прифаќање на платформата на ВМРО(Об.) со истакнување на паролите: "Долу империјализмот", "Да живее слободна и независна Македонија". Повиците насочени против антимакедонската политика на ВМРО (врховисти), за создавање независна Македонија и балканска федерација, за единствен фронт на национално и социјално потиснување. [11]

Во ова време (1928 год.) ВМРО(Об.) ги окарактеризира и двете групи на ВМРО(врховисти) на Александров-Михајлов и Протогеров како "тесногради бугарски националисти, бугарски врховисти-анексионисти, поткрепители на бугарската реакција и фашистичка диктатура, спроводници на италијанскиот империјализам". Борбата против бугарскиот фашизам се пренесува и на ВМРО(врховисти). [12]

Меѓутоа, јасни се определбите за ВМРО(Об.), која треба да биде вградена во македонските организации, со цел да се всади македонско национално чувство. Се зазема јасен став против денационализацијата и асимилацијата, [13] против македонските фашисти, раководители на ВМРО(врховисти) кои биле за

---

[11] исто, стр. 123, 124 и 125.
[12] Д. Добринов, стр. 128 и ВМРО(Об.) док. и материјали, кн. 1, стр. 159.
[13] Д. Добринов, стр 131.

присоединување на Македонија кон фашистичка Бугарија, за ослободувањето и обединувањето на нашата татковина, поделена помеѓу Србија, Грција и Бугарија [14] и за остварување на светиот идеал на македонскиот народ и на првоапостолите на македонската револуција, кои имаа свој краен идеал една самостојна македонска држава. Противници на ова становиште беа само прикриените врховисти, спроводници на бугарската освојувачка политика внатре во Организацијата, кои се бореа за автономија на Македонија само како една етапа во нејзиното присоединување кон Бугарија. [15]

Во втората половина на 1928 година, раководството на ВМРО(Об.) презема мерки за консолидација на своите едномисленици и за создавање здрава организација во Македонија. Во Бугарија постоеле и дејствувале неколку групи кои требало да бидат обединети, раководени од Кавракиров и Методија Шаторов, групи од Македонци емигранти комунисти. Покрај овие постоеле и групи составени од непартиски национал-револуционери, кои ги прифаќале принципите на Мајскиот манифест, а имале поширок врски со Пиринскиот крај и со македонската емиграција во Бугарија, а кои можеле да придонесат за проширување на едномислениците на линијата на ВМРО(Об.). За создавање на единствен револуционерен македонски фронт, врз основа на декларацијата донесена во октомври 1925 година и во август 1928 година на ВМРО(Об.) двете групи на Кавракиров и Шаторов се обединуваат, спроведувајќи ја идејата за единствен револуционерен македонски фронт, за масовна револуционерна борба за остварување на принципите на ВМРО(Об.). [16] Истовремено доаѓа и до обединување на национално-револуционерните групи кои ги почитувале основните принципи на македонското националноослободително движење.

За ова обединување Методија Шаторов во анализатарефератот констатира: "ВМРО(Об.) која ги вклучи во своите редови старите централисти и Илинденци, федералистите, левицата од автономистичката организација, македонските комунисти и

[14] ВМРО(Об.) документи и материјали, кн. 1, стр. 161, 163.
[15] Реферат на Шаротов, стр. 1.
[16] ВМРО(Об.) документи и материјали, кн. 1, стр. 157, 164.

младото македонско поколение. Така македонскиот народ најде свој нов револуционерен раководетел во борбата, при нови услови за национална независност". [17]

Шаторов, согласно со добиените овластувања, ги насочил своите активности за совладување на специфичните услови во кои се развивала ВМРО(Об.) на македонскиот простор, во нејзиното прибирање на сите национално-ослободителни елементи. Но со влегувањето на нови членови, довело до усложнување на состојбите и според комунистичките фракции во раковдството на организациите постоела опасност од идејни потреси. Гаранција во тој однос комунистите гледале единствено во започнувањето на контролата над организацијата. Комунистичката фракција во ВМРО(Об.) бложувала усилби неодложно да се поврзе со Коминтерната и БКФ, а одделни лица ја гледале како македонска комунистичка партија и секција на Коминтерната и на БКФ. [18] Овде доаѓаат до израз ставовите на Шаторов изнесени на Берлинската илегална донференција на БКП од 1928 година дека не е потребно да се формира во Македонија организации на КПЈ, БКП и ГКП, туку да се засилува ВМРО(Об.), а македонските комунисти да дејствуваат како фракција во истата и да се конституираат во посебна КПМ, самостојна секција на КИ и на БКФ. [19]

Во 1928 година Шаторов е провален, откриена е неговата активност од бугарската полиција, и е затворен во истражен затвор единаесет месеци, каде што е подвргнат на тешка тортура.

За затворањето на Шаторов "Македонско дело" го пишува следното: "Карактеристичен пример за безпримерната инквизиција, на која што се подвргнувале и се подвргнуваат затворениците е случајот на трговскиот службеник Методи Шаторов. Него, откако го тепале повеќе пати по рацете, главата, грбот секој ден од 2 часот попладне до полноќ, решиле да го фрлат од прозорецот на станот бр. 71 или по таканаречената "черна стлба надоле". И еден ден, по преголемото тепање до

[17] Реферат на Шаторов, стр. 5.
[18] Д. Добринов, стр. 136.
[19] Документ на КИ и АФ бр. 495 АМ Скопје фонд Шаторов.

безсвест го префрлуваат на оргадата на скалите од третиот кат и така обесен со главата надолу го тераат да "признае". А во тоа време испитувачите се наоѓаат на првиот кат на скалилата и бараат повторно да го тепаат. По 11 месеци непрекинати малтретирања бил ослободен како невин!

Ете каква е положбата на работните маси во Бугарија под сенката на Љапчевата "демократија". [20]

Додека пак "Време" од 18 X. 1930 година за истото затворање на Шаторов пишува: "Методија Шаторов во визбите на бугарската полиција". При спроведувањето на "испит", истепан и малтретиран. Четири дена го тепале со палки по главата, грбот, а потоа го подвргнале на следната тортура: му ги дигнале рацете угоре и го тепале со водени ортоми, се додека рацете не му потекле, потоа го тепале по ушите, додека и тие не потекле и додека, не паднал во несвест. Потоа го натурале со ладна вода, и кога дошол при свест барале да напише изјава. Него непрекидно го тепале, од два часот по ручек до навечер. Но како тој, не можел да пишува, бидејќи рацете му биле потечени, го тепале повторно превртувајќи го по подот и удирајќи го од сите страни. Потоа го врзале за една греда и така го влечеле по подот и скалите до четвртиот кат. Еден агент го довелкол до третиот кат и гозграбил со цел да го фрли преку оградата. Методија се бранел колку можел. Предниот дел на неговото тело веќе висело вон скалите, а секој момент можело да се сруши долу. Тогаш повторно му барале да ја каже "вистината", ако сака да остане жив. Тоа се повторило и на четвртиот кат. Неколку недели страдал од натчовечки болки во главата и целото тело. Главата му била постојано завиткана со водени чаршафи". [21]

На еден состанок на ВМРО(врховисти), во присуство на Ванчо Михајлов, одржан во 1931 година, била согледана активноста на ВМРО(Об) и нејаината платформа која била за македонска нација, за македонска обединета држава, потоа дека постои национално ропство во трите дела на Македонија, и дека треба да има организирано македонско национално-револуционерно

[20] "Македонско дело" од 25.X.1929 год., стр. 5.
[21] Писмо од Софија објавено во в. "Време" од 18.X.1930 год.-Белград, стр. 4.

движење. Оваа програма на ВМРО(Об) била спротивна од програмата на ванчовистите за: македонски Бугари, за бугарска држава, дека национално ропство постои само во деловите на Македонија под српска и грчка власт, додека во Бугарија нема национално ропство и според тоа се осудува создавањето на македонското национално-револуционерно движење и во Бугарија.

На овој состанок се констатирало дека најопасни за ВМРО(врховисти) се прогласени Методија Шаторов и Симо Кавракиров, секретарот на Областниот комитет на ВМРО(Об.) за пиринскиот дел на Македонија, и двајцата се осудени на смрт. На 8 јуни 1932 година Кавракиров бил киднапиран од страна на михајловистите. За оваа состојба нивните соработници пишуваат: "Симеон Кавракиров по двегодишен плен во рацете на Ванчомихајловистичките банди го убија по двегодишното бандитско одвлекување и малтретирање". [22]

За Шаторов и неговото осудување на смрт, од страна на Михајлов, неговите соработници пишуваат: "фашистичките мракобесници и михајловистичките банди обаче пак тргна по петиците му кои го принудија да се крије и да емигрира во Советскиот Сојуз". [23] Во еден друг напис стои: "Шаторов после 1928 година беше затворен цела година, ослободен поради немање доволно докази, покасно, повторно прогонет и баран под дрво и камен од фашистичката полиција и од нивните платеници македонските наемници. Тој успеја да се скрие и повторно да ја префрли границата". [24]

3. Реферат (извештај) од Методија Шаторов-Марко до партиското раководство за неговата работа во 1928 год.

Методија Шаторов-Марко за неговата активност во 1928 година поднесол извештај до партиското раководство за состојбата на

[22] ВМРО(Об.) документи и материјали, кн. 2, стр. 324, 325.
[23] "Пиринско дело", бр. 74 од 16.IX.1959 год. Г.Д. Попов.
[24] "Работническо дело", бр. 246 од 3.IX.1959 год. С. Попов член на ЦК на БКП.

националните револуционерни движења, во кој меѓу другото пишува: "По втората партиска конференција на (БКП во Берлин) со моето враќање во Бугарија 1928 година ја зедов на себе работата во партијата специјално во областа за национално-револуционерното движење. Видов дека дотогаш не постоеја национално-револуционерни комисии при партијата и немаше активност во национално-револуционерно движење во Бугарија. По моето доаѓање создадов комисија од 3-5 члена, која работи под мое раководство. Во комисијата зедов еден другар од Добружа, еден од Македонците, и еден од Тракија. На првото заседание на оваа комисија ги прецизиравме обврските и решивме: внатре во сите ракофодства, како и во македонските и добружанските здруженија, да се создадат конфронтации (фракции) и се утврдија насоки за нивната активност.

Покрај централната национално-револуционерна комисија беа создадени и месни комисии под раководство на месните партиски организации. Нужно беше да се вложат големи напори и објаснувања за да се сфати, во нашата партија, значението на национално-револуционерното движење, а посебно за големото значење и важноста на ова прашање. Многумина го сметта национално-револуционерното движење за второстепено. Видов тогаш како второ прашање се издигна за централните, окружните, околиските и другите организации прашањето за внатрешната а особено за надворешната политика на буржоазијата во Бугарија и продолжението на постојните состојби. Требаше да се посвети потребното внимание, затоа што постоеја половина милион Македонци, добруџанци и тракиски емигранти во Бугарија и поради тоа во сите делови на организациите требаше да му посветиме доволно внимание.

По организирањето на централната комисија и организирањето на Софиската (во Софија имаше многубројна емиграција) беше пристапено кон создавање конфронтации (фракции) во македонските братства (легални масовни организации). Со ова створивме партиски одделенија е се создадоа можности да раководиме со сите конфронтации во македонското-револуционерно движење во Софија, исто така и во провинциите. Особено беше важно и разјаснувањето на партиската маса за значението на национално-

револуционерното движење, како и за карактерот на националните организации. Само за овој проблем требаше да се вложат големи напори од страна на партијата за објаснувањето кое беше неопходно за разбивањето на одредени неправилни погледи, кои ги имаше, и тоа во ова време, кај повеќе партијци. Многумина мислеа дека ВМРО и легалните емигрантски организации дејствуваат на самото дело и се единствени организации на национално-револуционерното движење во Бугарија и на Балканот и дека само комунистичката партија единствено им откажува соработка. Друга посебност и премногу потенцираност кај Македонците стоеше за решавање: на партиските и отчетните конференции и преземените мерки од раководствата не подлежат на критика.

Во нашата партија, посебно во годините по војните, не беше дозволено да се зборува за национално-револуционерно движење, иако постоеше во составот на партијата (емигрантски комунистички сојуз). Оваа состојба беше се до втората партиска конференција (крајот на 1927 година во Берлин) кога се измени ова становиште и се прифати за постоење на национално-револуционерно движење во Бугарија. Но и потоа многумина другари стоеја на поранешното становиште по националното прашање. Затоа беше неопходно да се внесе во партијата идеолошко појаснување за постоењето на национално-револуционерното движење во Бугарија. Понатаму беше неопходно да се укаже за ВМРО (врховисти м.з.) како на фашистичка организација. Исто така требаше да се укаже и за ВДРО (Внатрешна добруџанска револуционерна организација). Овие две "илегални" организации во Бугарија дејствуваа негативно во легалните емигрантски општествени организации, како и во братствата. Меѓутоа, по разјаснувањето на состојбите решивме: партиските конфронтации да се активираат во разјаснување на партиската линија по националното прашање и по националните револуционерни движења во Бугарија (усвоена на Втората партиска конференција).

Специјално во Софија беа создадени конфронтации, како во извесни емигрантски организации, така и во централните. Во составот на тие конфронтации беа зачленети само македонци и Добруџанци. Во Софиската организација на партијата беа

организирани конфронтации, во неколку од нив со поголема бројност за раководење беа организирани бира (биро), а во повеќето случаи беа определени другари да раководат со конфронтациите. Со тоа централната комисија воспостави врски непосредно со сите конфронтации, од кои сме добивале податоци за состојбите во тие организации и за меѓусебната внатрешна борба во ВМРО (врховисти). Благодарение на тоа ЦК на партијата имаше точни податоци за размерите на внатрешната борба во средината на македонските автономисти. Јасно беше дека опстојуваат две струи и дека внатрешните борби се засилуваат и дека секој се подготвува за пресметка. ЦК знаел за причините на разделувањето, имено: протугеровистите одат со политичката струја на Цанков, додека пак михајловистите со струјата на Љапчев. Меѓутоа, ЦК недоволно внимателно постапил спрема добиените податоци и дозолил неправилна оценка на социјаниот состав на групациите. Тој оцени дека протогеровистите ја преставуваат крупната боржоазија на македонската емиграција, додека пак во основа крупната буржуазија е претставена од личноста на Љапчев. А крилото на Михајлов е поврзано со малата боржоазија, со фашизирано раковдство со провидни демократски определби. Меѓутоа состојбите беа: обратни михајловистите со Љапчев а протугеристите со Цанков". [25]

Во ВМРО(Об.) настанува конфронтација помеѓу националните сили и комунистите, доаѓа до напуштање на раководството од одредени личности, како, на пример, Васил Хаџи Кимов и враќање на старите позиции, кон создавање на трет центар за сплотување со ВМРО на Ванчо Михајлов и од него поткрепениот Национален комитет. ВМРО(Об.) ги критикува овие однесувања и нивната идеја основа на која се организираат. Според ВМРО(Об.), ставовите кои ги заземале лицата од третиот правец се гледа дека во нив егзистираат врховисти. Тие биле во голема заблуда, која се изразува во ставовите: ВМРО може да има народен карактер, Македонија е бугарска земја, во Петричко нема национално потиснување, да се постигне помирување помеѓу двете крила на ВМРО (Ванчовистите и Протогеристите), а не да се води со нив

[25] Доклад 3 – 1 или 396, 2161, АМ Скопје фонд Шаторов.

решителна борба докрај. Овде е, очигледно, дека настапува дијаметрално спротивна конфронтација помеѓу новите основи што ги постави Шаторов, по овластувањето во 1928 година и старите ставови помеѓу националното и класното ропство (дека во Бугарија постои само класно, а не и национално ропство). [26]

ВМРО(Об.) потпадна во крајно неповолна состојба, поради активноста на спротивната страна за враќање на старите позиции, со кои се оспорува дека во Македонија под бугарска власт постои национално ропство, и во контекс на тој однос се напаѓа и политиката на БКП по националното прашање.

Сложената политичка и организациона состојба на ВМРО(Об.) наложила свикување на нова обласна конференција за разрешување на новонастанатите актуелни пршања во однос на активноста на врховистите и Бугарската монархија. За оваа цел во април 1935 година од Париз пристигнал нов раководител на организацијата ВМРО(Об.) Методија Шаторов-Димо. Веднаш по неговото пристигнување свикана е Обласната конференција во месноста Бела Вода на Витоша. На оваа конференција биле присутни околу 10 лица-делегати на групи и организации, како и од раководството на ВМРО(Об.). На дневен ред биле поставени следните прашања: 1) реферат за внатрешната и надворешната положба; 2) отчет на ЦК на III револуционерна област; 3) разјаснување на ставовите за самоопределувањето и за македонската нација; 4) избор на раководство.

Во текот на расправата никнале нови несогласувања. Сите присутни не ги поддржувале двете становишта: за самоопределување на Македонците од пиринскиот дел, до користење правото на отцепување од Бугарија и со другите делови кои се под Србија и Грција, организирање на самостојна македонска држава. Становиштето за посебноста на македонската нација и за нејзиното национално ропство во трите нејзини делови (Бугарија, Србија и Грција) и дека борбата треба да се води против тројното национално ропство, а не само за класно ослободување. Против овие ставови биле Б. Михов и А. Мартулков. Посебно остро се искажал Б. Михов против

[26] Д. Добринов, стр. 212, 213.

постоењето на македонска нација и се залагал да се напушти ставот за национално-револуционерниот карактер на движењето, односно бил против израмнувањето на пационалното со класното ропство. Тврдел дека помеѓу БКП и ВМРО(Обединета) веќе нема никаква суштинска разлика. [27]

Меѓутоа, принципиелна поставеност на прашањето е дадена уште на Петтиот конгрес на КИ и посебно со решението на БЛС од февруари 1934 година. Од овие решенија било јасно дека КИ и балканските комунистички партии се на становиште за признавање на македонската нација и јазикот. Одредени членови на БКП, како и членови на раководството, се спротивставиле на ставовите за постоењето на македонска нација а посебно за сознанието за посебен македонски јазик. Спротивставувањата се изразиле и во неслагањето да се создаваат организации на ВМРО(Об.) во пиринскиот дел на Македонија, со нивно тврдење дека било непожелно да се води пропаганда од позиција на "Македонска нација". [28]

Со преземањето на раководството на Обласниот комитет на ВМРО(Об.) за пиринскиот дел на Македонија Методија Шаторов, согледувајќи ја состојбата на теренот, покрај другите активности, презел мерки и за средување на односите и совладувањето на отпорите кои постоеле на линијата против самоопределувањето на Македонците и постоењето на Македонска нација. Поради сето ова неслагање Шаторов напишал напис под наслов "Единствениот фронт на македонските маси и борбата со отстапувањата" објавен во сп. "Пропагандист" бр. 5 од мај 1935 година орган на ЦК на БКП. Во овој напис Шаторов изнесува факти дека поедини комунисти во Петричко се на мислење да не се создаваат организации на ВМРО(Об.) зашто борбата за социјално ослободување може успешно да се води и од БКП. Шаторов јасно го истакнал ставот на партиското раководство, тврдејќи дека народните маси сакаат да ја создадат ВМРО(Об.) и затоа што тие во Бугарија не се само социјално, туку се и национално поробени, а ВМРО(Об.) се бори за нивното национално ослободување. Ставовите на комунистите кои заземале

[27] Исто, стр. 213.
[28] Исто, стр. 222.

спротивни ставови за ВМРО(Об.) ги оценил како "неболшевички, тесно гледање и опортунизам", ги критикувал комунистите кои се спротивставиле на ставовите за постоењето а македонската нација.

Овде ќе цитираме еден дел од овој напис: "Се сретнуваат другари, кои не можат да разберат дека оценката на партијата за тоа дека македонските Словени претставуваат одделна нација не подлежи на сомневање. Единствен аргумент на тие другари е тој дека македонските Словени зборуваат на бугарски јазик. Меѓутоа, Македонците како под бугарска така и под српска власт, не зборуваат на бугарски јазик, ова го докажале повеќе филолози од меѓународен карактер. Но и да допуштиме, за момент, дека тие заборуваат на бугарски јазик? Значи ли тоа дека тие се дел од бугарската нација? Се разбира дека не!... Македонците можат и да зборуваат дури и на бугарски, и покрај тоа тие преставуваат посебна нација. Според нашето убедување, прашањето за одделен македонски јазик не е нешто, кое не стои пред разрешување. Другарите, кои тврдат за непостоењето на македонската нација, стојат на неболшевички позиции по националното прашање, тие на дело застануваат на позициите за присоединување на "Бугарите од Македонија" кон Бугарите од старата Бугарија, т.е. на освојувачките империјалистички позиции на бугарската буржоазија". [29]

Во ова време, по најразлични поводи БКП и ВМРО(Об.) упорно го застапуваат становиштето дека Македонците не се Бугари, туку се одделна македонска нација, подложена на национално угнетување и класна експлоатација. Врз основа на тоа македонскиот народ се организира за борба против асимилаторите од Белград, Софија и Атина; за правото на самоопределување користејќи го првото на отцепување и обединување во самостојна македонска држава; со право да се зборува на македонски јазик во училиштата, затоа што македонскиот народ ги има сите белези на нација. [30]

---

[29] Исто, стр. 222, 223 и Нелегалниот периодичен печат во Бугарија (Ковачев Велчо), 1923-1941, София, 1986, стр. 236.
[30] Исто, стр. 223.

Обласниот комитет под раководството на Шаторов во 1935 година презел низа активности за изградба на платформата на ВМРО(Об.). Во ставовите за практичното изградување на единствениот револуционерен фронт има големо движење напред кон рационализам. Обласниот комитет препорачува да се прават револуционерни комитети без оглед на тоа дали конкретната личност била симпатизер на михајловистите или протогеристите. Едновремено со тоа фракциите на ВМРО(Об.) да работат засилено помеѓу членската маса за прифаќање на ставовите на ВМРО(Об.), со крајна цел избирање во целост на прогресивни раководства на братствата. Програмата за изградување единствен фронт на македонското движење се општи политички ставови на ВМРО(Об.) кои ќе се примат од масите непосредно, поради тоа што се од непосреден карактер: самостојност на македонското движење, против врховизмот и големобугарскиот шовинизам; за слободна и независна Македонија; национално, политичко и економско ослободување на македонскиот народ; општа борба заедно со социјално угнетените во Бугарија; за правото на пиринскиот дел на Македонија на самоопределување до одделување и соединување заедно со другите два дела на самостојна македонска република. [31]

Со промената на ставот во однос на ВМРО (врховисти) Обласниот комитет на ВМРО(Об.) свикал посебна седница, на која организациониот секретар Методија Шаторов поднесол реферат за потребата од организирањето на единствен фронт и со членската маса на ВМРО и од двете крила. [32] Овие ставови ЗБ на ЦК на БКП со писмо до внатрешното раководство на партијата бара да преземат мерки за привлекување на михајловистите во единствениот македонски фронт. Се оценува дека со нивното вклучување ВМРО(Об.) повторно ќе го подигне знамето на обединувањето. Ова становиште се спроведува од пролетта 1935 година со доаѓањето на Шаторов за раководител на Обласниот комитет на ВМРО(Об.) за пиринскиот дел на Македонија. За вакво становиште се користи

[31] Исто, стр. 227, 228.
[32] Исто, стр. 228, 229.

положбата на ВМРО на Ванчо Михајлов по нејзиното забранување од страна на бугарската власт од 1934 година. [33]

Обласниот комитет на ВМРО(Об.) за Македонија под бугарска власт, со доаѓањето на Шаторов за раководител, во април 1935 година објавува повеќе прогласи, повици и други написи до македонскиот народ. Поради интересноста и јасноста на ставовите на Шаторов и на другите членови на ОК, ќе цитираме и коментираме делови од овие документи. Во повикот од крајот на април по повод прославата на Први мај 1935 година, покрај повеќето ставови, стои следното: "На Први мај македонскиот национално поробен народ и емиграцијата во Бугарија исто така го изградува единствениот револуционерен фронт со бугарските, српските и грчките работници и селани против нивните поробувачи... Се прогонува дејноста во името на слободата и независноста на Македонија, се прогонува дури и името Македонец. И тука, како и во Грција и Србија нам ни се одрекнува нашата националност... Бесплатно доделување на сите општински, манастирски, чифлички и државни земји на безимотните и сиромашните селани... Високо поткренување на знамето на Гоце Делчев, Јане Сандански, Димо Хаџи Димов. Одбрана на нашата самостојна националност... Право на самоопределување на Македонија под бугарска власт (Петричко), вклучувајќи ги и правото на нејзиното одделување во самостојна држава... Ослободување и обединување на трите дела на Македонија во независна република на македонските трудбеници". [34]

Во декларацијата од јануари-април 1935 година стои: "Владата на Златев, наред со веќе преземените противмакедонски мерки, се готви да го задуши македонското национално-револуционерно движење. Таа дури го откажа правото на Македоните да се нарекуваат Македонци и, на тој начин, широко дејствува за обезличување на Македонците како народ и нација". [35]

---

[33] Исто, стр. 229.
[34] ВМРО(Об.), Документи и материјали, кн. 2, стр. 303, 304, 305.
[35] Исто, стр. 305.

Во донесената резолуција во мај 1935 година се анализираат состојбите се донесуваат одредени ставови за натамошна активност на организацијата. Овде пренесуваме дел од ставовите: "Врз основа на таа борба и при се поголемото развивање на борбата, надминувајќи ги сите појави на распуштеност, опортунизам и колебање, ВМРО(Об.) треба да всадува и зацврствуа железна дисциплина во своите редови. Подигајќи ја се повисоко борбата на два фронта, против опортунизмот и помирувањето со него, разгорувајќи се порешителна борба за демаскирање на врховизмот во двете негови разновидности (михајловисти и протогеровисти), обединувајќи ја целата маса околу својот Областен комитет на ВМРО(Об.) треба решително и со забрзано темпо да ја зацврсти силата на единствениот револуционерен фронт со бугарските и балканските работници за ликвидирањето на бугарскиот и балканскиот империјализам, за дефинитивно разгромување на македонскиот врховизам, за извојување на правото а самоопределување на Петричко и цела Македонија до нејзиното издвојување во самостојна политичка државна единица". [36]

Опортунизмот се изразувал: во негирањето на потребата од постоење на ВМРО(Об.); во тврдењето дека треба прво да се изгради организацијата, а потоа да се водат акции; во ставот на теророт да се одговара со терор, а што не се совпаѓа во принципите на ВМРО(Об.). [37]

Во повикот кон работното население во Македонија под бугарска власт, издаден во средината на мај 1935 година, а по повод превратот во Бугарија од 19 мај 1934 година, Обласниот комитет констатира и повикува: "Работни браќа Македонци! Доста веќе глад и робија! Доста со молчење и наведена глава! Имаме доволно лекции од минатото. Добра лекција ни е и 19 мај за да не се надеваме дека ќе дојде некој од надвор да не ослободи! "Нашата слобода е во нашите раце", така не учеа Гоце и Сандански, така денес не учи и ВМРО(Об.) единствена продолжувач на нивното дело. Да тргнеме по свој единствен сигурен пат за организирање на масовна борба... и во сојуз со бугарските работници и селани да се дигнеме како еден човек

[36] Исто, стр. 313, 314.
[37] Исто, стр. 313.

за да ја срушиме крвавата и против македонска воено-фашистичка влада и нејзините врховистички орудија (михајловистите и протогеристите) во името на следните наши барања: За самоопределување на Петричко по неговото одделување од империјалистичка Бугарија за да послужат на овој начин како почеток и стимул за ослободување и обединување на цела Македонија во слободната република на македонските трудбеници". [38]

Во повикот: "Измачени и онеправдани Македонци" од средината на мај 1935 година стои: "Апсењето и малтретирањето на 300 селани и работници во Светиврачко и осудените на 26 од нив; новиот процес против 19 ученици и 9 граѓани во Горно Џумаја; Бугарскиот империјализам со оган и мач сака да не направи безпоговорни робови, но тоа нема да го постигне. И покрај се, ние Македонците заедно со бугарските работници и селани ќе ја згмечеме сверската глава на бугарскиот империјализам. Да живее борбата на македонските работници и селани за економско и национално ослободување". [39]

Во повикот на Областниот комитет на ВМРО(Об.) во Македонија под бугарска власт, издаден во мај 1935 година стои: "Браќа Македонци! Во последно време во Македонија под бугарска власт и во Софија се изврши масовни апсења на Македонци. Уапсените се најжестоко измачувани. Дел од нив се ослободени, но многумина се испратени во затворите. Нивната единствена вина е дека се тие прогресивни Македонци – националисти, противници на врховизмот. Печатот, меѓутоа, го полнат со лажни податоци од Дирекцијата на полицијата во Софија, дека овие народни синови си поставиле за цел да воведат советска власт во Петричко и сл. Го нас'скуваат и клеветат единственото национално-револуционерно македонско движење. Фашистичкиот печат ја нарекува ВМРО(Об.) комунистичка организација, агент на Третата интернационала! Македонци! Не им верувајте на полициските махинации. Бугарскиот печат и полицијата ја задушуваат вистината, зашто се плашат од нив. ВМРО(Об.) е национална организација, која

[38] Исто, стр. 315, 318, 319.
[39] Исто, стр. 319.

се бори против ропството во Македонија. Таа ја изразува македонската национална свест и го држи знамето на националноослободителната борба. Во редовите на ВМРО(Об.) влегуваат Македонци без разлика на нивните политички убедувања. Во неа членуваат сите Македонци, кои ја имаат прифатено револуционерно-демократската борба за национално и економско ослободување – во тој број и комунистие. Нашите организации се борат против бугарскиот империјализам, како што (тоа го прават) отаде (границата) – против грчкиот и српскиот империјализам. Петричко е претворено во колонија, чиешто население најбезмилосно се експлоатира и потиснува по пат на даноци, ангарии, натурени бугарски кметови, воена положба, што е станато систем-отсуство на слобода, забрана на македонскиот јазик во училиштата, во установите и друго. Сето ова ја прави положбата во Петричко неподнослива. ВМРО(Об.) се бори против ова ропство; но бугарските империјалисти не кажуваат за ова ништо! Тие им го одрекнуваат на Македонците правото на своја држава – сакаат да го зачуваат своето господство во Петричко. Тие спроведуваат бугарска пропаганда сред нашиот народ, за да ја оправдаат својата освојувачка политика во однос на цела Македонија. Во тоа им помагаат врховистите-маихајловисти ии протогеровисти. Обесправени и измачени Македонци! Власта презеде масовни апсења во времето кога секој момент се очекува (да избувне) светската касапница меѓу народите. Бугарските империјалисти сакаат и нас, Македоните, заедно со бугарскиот народ, да не турнат да се бориме за нивните интереси. Затоа се прогоните против македонското ослободително движење, кое се бори против војната и го води македонскиот народ кон нов победоносен Илинден. Протестирајте против апсењата на прогресивните Македонци! Влегувајте во ВМРО(Об.) – единствениот наследник на старите организации на Делчев, Ѓорче, Пере, Сандански! Борете се против ропството во Македонија! Надвор бугарските окупаторски оружени сили од Македонија! Долу насилничкото насадување на бугарштината во Македонија! Бранете си ја националноста! Изградувајте го единствениот Македонски фронт за борба против империјалистичкото иго! Да живее слободна и независна Македонија!” [40]

[40] Исто, стр. 321.

Во повикот од истиот Областен комитет издаден на крајот на јули 1935 година стои: "Македонци, Големиот празник на македонската револуција, ИЛИНДЕН – е пред нас. Пред 32 години (1903) македонските народни маси, предводувани од својата сакана Делчева ВМРО, се дигнаа на оружено востание против султанската и беговска Турција. Целта на Илинденското востание беше политичко ослободување од ропството на Султанот и пашите, чивчиско раскрепостување и предавање на земјата на селаните. Илинденското востание е на незаборавниот и најсветол датум во историјата на македонското револуционерно движење. Илинденското востание заврши со неуспех, но тоа е голем подвит и ќе си остане највеличественото дело во новата македонска историја. Тој го покажува патот кон македонската слобода и независност. Браќа Македонци. Една од причините за поразот на Илинденското востание е тоа што беше предвреме предизвикано од врховистите – агенти на бугарскиот империјализам, чија цел беше мешање од надвор и заробувањето на Македонија од страна на Бугарија. Истиве стари грешници, што се наоѓаат во раководното тело на Илинденската организација, ги викаат бегалците и емиграцијата да доаѓаат на нивни помени и собранија за да злоупотребуваат со скапите жртви, да тргуваат со македонските души и да ја спроведуваат врховистичко-фашистичката политика на бугарските империјалисти. Раководното тело на Илинденската организација со тоа што откажа за земе учество во народниот македонски комитет за заедничко празнување на Илинден уште еднаш ја подвлече својата врховистичка природа.

Бојкотирајте ги помените и собранијата што ги организира врховистичкото раководство на Илинденската организција! Сите на антиврховистички собранија и демонстрации. Да живее Илинден! Да живее слободна и независна Македонија! Дигнете се на борба за прекратување на горноџумајкиот процес, за ниодложно ослободување на сите уапсени! Долу воено-полицискиот терор". [41]

[41] Исто, стр. 337.

Наредниот повик исто така издаден од Обласниот комитет не е датиран, но се верува дека е објавен во летото 1935 година. Во овој повик стои: "Поробени браќа Македонци! Не беше доволно злосторството со поделбата на Македонија меѓу Бугарија, Србија и Грција, туку требаше бугарските империјалисти да извршат уште едно погубно злосорство. Тие го разделија Петричкиот крај на два дела што ги присоединија кон две бугарски области – кон Софиската и кон Пловдивската.

Зошто порубавачите од Софија го раскинаа нашиот македонски крај? Затоа што не сакаат со ништо да се спомнува дека во границите на Бугарија има наша, македонска област. Затоа што требаше да ја засилат својата империјалистичка контрола над Петричко, за да ги запрат неговите стремежи за откажување од фашистичка Бугарија, за неговото обединување со другите два дела од Македонија во една самостојна македонска држава. Така, поробувачите од Софија мислат дека ќе го овековечат своето владеење во Македонија под бугарска власт. Но, тие се лажат! Во борба за извојување правото на самоопределување на Петричкиот крај до неговото отцепување од фашистичка Бугарија! Да живее обединувањето на Македонија во независна република на трудбениците". [42]

Во повикот објавен во летото 1935 година стои: "Браќа Македонци. Грчките шовинисти не нарекуваат "Словеногласни Елини", а српските - "вистински Срби". Зошто? – Тоа е јасно: за да го оправдаат своето владеење и завојувачките стремежи спрема Македонија.

На ист начин постапуваат бугарските шовинисти. Тие ја користат словенската блискост меѓу Македонците и Бугарите и не прогласуваат нас Македонците за "неразделен дел од бугарската нација".

Бугарските империјалисти секогаш се стремеле да ја завладеат и поробат Македонија, а не да ја ослободат. Доказ е нашиот поробен крај. Зар за ваква "слобода", каква што постои во Петричко, се боревме и се бориме ние? Работни Македонци,

[42] Исто, стр. 345.

Ние треба да изјавиме, за да чујат сите, дека не сме ниту Срби, ни Грци, ни Бугари. Ние сме Македонци, самостојна македонска нација. Само така најдобро ќе ја браниме самостојноста на нашето движење на нашето право за независна македонска држава.

Поробувачите од Белград, Атина и Софија ја кријат и ја замаглуваат оваа вистина, за да не претопат и да го овековечат своето владеење над Македонија. Македонските чорбаџии се исто така во нивна поткрепа. Тие станаа србомани, бугаромани и гркомани, бидејќи заедно со империјалистите и тие го ограбуваат и угнетуваат работното македонско население.

Работни Македонци и вие македонски народни интелектуалци што се борите за национално и економско ослободување! Борете се против асимилаторите од Белград, Софија и Атина! Да извикаме високо дека ние не сакаме да се правиме Срби, Грци или Бугари. Да викнеме како трн во очите на поробувачите дека сме ние Македонци и како Македонци сакаме да си имаме своја, македоска држава". [43]

Активноста на Шаторов, од неговото доаѓање за раководител на Обласниот комитет на ВМРО(Об.), како и на целиот Областен комитет, не можело да остане незабележано од бугарската полиција. Доаѓа до затворање на поголем број активисти, за што е организиран голем судски процес. За овој процес во весникот "Македонски вести" од 8.07.1936 година под наслов "Големиот Македонски процес на ВМРО(Об.) пишува: "На 7 овој месец во Софискиот областен суд во третото казнено одделение се разгледуваше делото против 20 Македонци, обвинети да одговараат по чл. 2, 3, 6, 7 од ЗЗД, обвинети како членови на ВМРО(Об.).

За ова дело се обвинети: Димитар Влахов, Владимир Поптомов и Јордан Анастасов Константинов, обвинети како членови на ЦК на ВМРО(Об.); Васил Атанасов Ивановски, Методи Шаторов, Асен Чаракчиев и Хр. К. Калајџиев, обвинети како членови на Обласниот комитет на ВМРО(Об.) во Бугарија;

[43] Исто, стр. 345, 346.

Григор Динев Стефанов, како секретар на Окружниот комитет; Стефан Георгиев Нанов, Христо Георгиев Димитров и Благој Поп Јорданов, како секретари на реонскиот комитет; Анешти Николов Узунов, како техничко лице; Иван Деништев Наков и Филип Георгиев, како членови на реонскиот комитет: Арсо Василев Поптодоров, Минко Попов, Арсо Василев, Мара Димитрова Петрова и Петар Минев Калчев обвинети дека ја помагале ВМРО(Об.), иако не биле нејзини членови; Александар Ончев Мартулков и Борис Илиев Михов, обвинети дека формирале акционен комитет што бил во врска со ВМРО(Об.).

Процесот предизвика вонредно голем интерес. Околу сто софиски адвокати изјавиле желба да ги бранат обвинетите меѓу кои Врван Ангелов, Д. Мацанкиев, Гладнев, Руневски, Н. Николов, Мешков, Т. Татарчев, Копчев, Стоименов и др.

Главната задача на одбраната е да го сруши обвиненеието на обвинителот дека обвинетите се комунисти и да докаже дека се дејци на македонското национално-револуционерно ослободително движење". [44]

На овој процес Методија Шаторов е осуден во отсуство на 5 години затвор и парична казна од 50.000 лева.

Во современите услови на дејствување, пред македонското национално-револуционерно движење се поставиле повеќе дилеми во однос на основните програмски цели. Решењето на македонското прашање се поврзувало со "Балканска федерација", "Автономна Македонија", "Независна Македонија". Анализирајќи ги овие ставови се констатирало: Ослободувањето на Македонија со поврзувањето во Балканска федерација го ограничува правото на самоопределување на македонскиот народ само на автономија, без право за определување во самостојна држава. Балканската федерација била непогодна уште поради тоа што ослободителната борба на Балканот не созревала со еднакво темпо насекаде, а недозволувало сојузници надвор од Балканот. Недостаток-

[44] Исто, стр. 356, 357.

дефект на Балканската федерација е тоа што таа претставува голема пречка во изградувањето на единствен фронт со другите поробени народи, коишто ја немаат прифатено идејата за Балканска федерација. Постои можност оваа непригодност на основниот лозунг за идејата на Балканска федерација да се користи и ќе се користи од империјалистите за своите империјалистички цели. Можни се повеќе околности: ако Македонија го извојува своето ослободување, во услови на постоење околу неа на империјалистичи држави, ќе се одделе од нив и ќе организира самостојна држава; друга околност ако победи борбениот фронт во Бугарија, населението во Петричко ќе се одделе во своја самостојна држава, се додека не се ослободат другите два дела на Македонија, и потоа да се обединат во една држава. Поради сите овие околности е изградено становиштето за напуштање идејата за Балканска федерација.

Становиштето (лозунгот) за независна Македонија е оценет како строго сепаратистички и го предрешава прашањето за одделувањето против обединувањето на македонскиот народ со другите ослободени народи на автономно-федеративни принципи. Ете, затоа овие две становишта за Балканска федерација и за независна Македонија се неправилни. Борбата за ослободување на македонскиот народ, борбата за неговото самоопределување не треба да се поставува во никакви рамки, ниту пак да се предрешава прашањето за неговото одделување во независна држава. Како македонскиот народ ќе го искористи своето право за самоопределување до отцепување, тоа ќе зависи од конкретните услови, откако масите ќе победат во борбата за ослободување.

Тоа се причините коишто го натераа македонскиот народ, односно прогресивното движење, да го симне стариот лозунг и да го замени со единствено правилниот стратешки лозунг "право на самоопределување на македонскиот народ до неговото одделување во самостојна државно-политичка единица". [45]

[45] Исто, стр. 215, 216.

Шаторов бил еден од носителите на овие основни нови становишта за борбата против тројното ропство на Македонија. Во рефератот-анализата, за активноста на ВМРО(Об.) по нејзиното основање се констатира следното: "Но без секакво сомнение е дека првоапостолите на македонската револуција имаа за свој краен идеал една самостојна македонска држава". [46] Во овој документ Шаторов воопшто не споменува за "Балканска федерација", туку го потенцира правото на самоопределување до отцепување и формирање самостојна македонска држава.

Во овој документ го сретнуваме и следното негово становиште: "Ние се обраќаме кон софиските завојувачи вака: "Вие господа тврдите дека Македонците се Бугари и дека Македонија е бугарска: вие си давате погледи дека се стремите да биди македонскиот народ слободен. Е добро, ние пак тврдиме, дека Македонците не се Бугари, дека Македонија не е ваша, дека, напротив, вие сте исто такви поробители, такви како што се белгратските и атинските. Дозволете, сега да го однесиме прашањето до самото население во Петричкиот крај. Нека тој си го каже зборот како се чуствува и сака ли да живее под вашиот јарем, или пак ќе посака, заедно со населението со другите два дела на Македонија да се соедини во самостојна Македонска држава. Со еден збор, дајте му право на самоопределување. За да можи населението слободно да ја искажи својата волја, повлечете ги од Македонија бугарската војска и полицијата". [47]

Дијаметрално спротивни становишта заземале врховистите (мијахловистите и протогеровистите) покажувајќи го, своето вистинско лице со брзото огласување против лозунгот "за право на самоопределување, до одделување во самостојна македонска држава и против заедничкиот фронт со бугарските работници и селани, со што го отфрлија постоењето на национално-колонијално угнетување во Петричко, изразено во двојното (економско и политичко) ропство на македонските работнички маси во овој крај. Ете, затоа тие разбунтувани провокатори брзо беа исфрлени на буниште, таму каде што им е вистинското

[46] Реферат на Шаторов, стр. 1.
[47] Исто, стр. 9.

место на непријателите на македонскиот народ и македонското дело. Тие активно ја спроведуваа политиката на бугарскиот фашизам за приклучување на цела Македонија кон Бугарија. Улогата на михајловистите како верни слуги на бугарската буржоазија не се промени без оглед на фактот дека тие на последните два конгреса на братствата во 1934 година се изјаснија за независна Македонија. Бугарскиот империјализам го насочи својот удар против македонското прогресивно движење, користејќи го а тоа редум со своите стари агенти од "Македонија" и "Македонска правда" и "новите" околу "Македонска борба". Сега тие се трудат да развијат "ново" знаме за овековечување на ропството на Македонија. Ете, каков е овој "нов" македонски весник". [48]

По големата провала во организацијата и судскиот процес летото во 1936 година Шаторов е осуден во отсуство. Напуштајќи ја територијата на Бугарија, илегално се префрлил во Москва.

Од достапните документи може да се види дека помеѓу внатрешното раководство на ЦК на БКП и Задграничното биро на ЦК во Москва постоеле различни ставови за судбината на ВМРО(Об.). ЦК настојувал нејзино преорганизирање до нејзина ликвидација, а работите на тој план да ги преземе БКП. Меѓутоа, ЗБ на двапати во 1937 година продолжува на расправа за македоската политика на БКП и за судбината на ВМРО(Об.). На две седници на ЗБ во февруари и април истата година ова прашање било посебно разгледувано и надвладеало становиштето дека во конкретниот политички момент, кога бугарската влада спроведувала антимакедонска надворешна политика, потребно би било да се подигне повторно паролата за обединување на македонските сили. Ваква иницијатива можело да произлезе од ВМРО(Об.).

На седницата одржана во јануари 1937 година на ЗБ (во присуство: Методија Шаторов, В. Коларов, Вл. Поптомов, И. Искров, Тр. Костов-Спиридонов) се истакнало дека ВМРО(Об.) се уште може да биде искористена како едно од средствата за

[48] ВМРО(Об.), Документи и материјали, кн. 2 стр. 222 и 229.

создавање на широко, масовно демократско движење. ВМРО(Об.) и по судските процеси во 1935 и 1936 година продолжува со својата активност за заштита на македонската нација од одредени членови на БКП и други кои го негирале нејзиното постоење. [49]

Членовите за ЗБ на 19 април 1937 годиа испратиле писмо до ЦК во Бугарија во кое се искажани ставови за зачувување на ВМРО(Об.) во Бугарија. Во писмото покрај другото стои: "Какви и да се мислењата за ВМРО(Об.) во секој случај таа е популарна како македонска организација и како таква стекнала извесни политички позиции сред македонските маси, од кои не треба да се откажеме. Со тоа ќе се создаде масовна база на македонскиот национален фронт, а неговото создавање претставува централна обврска на македонското национално-ослободително движење во Бугарија". [50] Меѓутоа, во ова писмо (точка 4) во кое е искажана платформата на македонското движење, е дадена формулација дека ВМРО(Об.) се бори за националните права само на македонците во Грција и Југославија. Ова е во противречност со концепцијата на Коминтерната и со ставовите на ВМРО(Об.) и на Шаторов кој учествувал во работата на ЗБ. Затоа на ова становиште е направена исправка и на следниот ден на 20 април е испратено ново писмо, во кое (во точка 4) се испуштени "Југославија и Грција" а е внесено "во трите држави Македонците се борат за националните права". Во списокот на пароли е отстрането за независна Македонија и внесено прецизно дека паролата за правото на самоопределување не треба да се разбере како самоопределување воопшто, а како право на самоопределување. [51]

Меѓутоа, меѓународните околности се измениле а со тоа и ставовите на СССР и Коминтерната. Во овој однос на ЗБ на БКП во 1938 година разработи нова платформа на македонското национално ослободително движење. Платформата содржела седум точки во кои целосно се поддржува моменталната политика на Коминтерната и на СССР

[49] Д. Добринов, стр. 240.
[50] Исто, стр. 241.
[51] Исто, стр. 242.

на Балканот. Целта на таа политика била да не се допушти конфликт на Балканот по каков и да е повод, а таков перманентен повод секогаш било македонското прашање.

Основна идеа на платформата била дека положбата на Македонците е еднаква во секоја од завладеаните делови на Македонија. Во точката 1 се зборува дека една од задачите е да се војува за правото на признавање на Македонците во самостојна нација, за културно-јазична равноправност во рамките на секоја балканска држава. Цел на македонското движење е создавањето на балкански антифашистички блок и ориентација на надворешната политика кон соработка со демократските сили и со СССР и едновремено со тоа (точка 7) да се разобличува "ослободителната мисија" на Германија и Италија, да се убедуваат масите дека тие не носат слобода, а ново ропство. [52]

Во овој момент не располагаме со документ кога ЗБ ги донело овие ставови конкретно во 1938 година и дали тогаш бил присутен Шаторов. Шаторов бил испратен во Париз, кое го дознаваме од неговото писмо испратено на 23.04.1938 година под псевдоним /Марко/. Со писмо од 8 јуни 1938 година се јавува од Барцелона (Шпанија), а потоа се јавува повторно од Париз, каде престојувал се до ноември 1939 година кога доаѓа во Прилеп. Од документацијата со која располагаме може да се заклучи дека последното писмо што го испратил од Париз е од 19.10.1939 година.

4. Ставовите на Методија Шаторов спрема ВМРО(Врховисти)

Ставовите на Шаторов кон ВМРО(Врховисти) се определени од неговото основно становиште по македонското национално прашање. Неговите определби за посебна македонска национална свест се темелат врз тоа дека Словените кои живееле во Македонија на одредено историско време се конституирале во посебна нација, и со тоа тие не се ниту Срби,

[52] Исто, стр. 243.

ниту Бугари, а се посебна македонска нација со сите потребни обележја (белези).

На Шаторов доволно му било познато дека врховизмот е создаден од бугарската држава со цел да дејствува врз македонското движење, инспирирано уште во крајот на минатиот век, од царот Фердинант, со помошта на познати емигрантски кругови за спроведување на големобугарската шовинистичка политика, односно за присоединувањето на Македонија, по пат на војна, кон Бугарија.

Во рефератот (анализата) за историјата и суштината на ВМРО(Об.) изготвен за конференцијата одржана 1926 година при формирањето на Обласниот комитет за македонскиот дел во Бугарија (пиринскиот) се истакнува следното: "Само скриените врховисти спроводници на бугарската завојувачка политика внатре во организацијата, разгледува една автономија на Македонија како етапа кон нејзиното присоединување кон Бугарија". Врховниот комитет составен со Софија, пред се, од официри, по наредба на дворот, откако безуспешно се обидувале (со ветување и вооружен притисок однадвор) да ја потчинат, под своја волја, внатрешната македонска организација, подготви нова тактика. Тој испрати во Македонија свој специјален член, Борис Сарафов (а и други врховисти како него, кои привидно се прикажуваа дека ја прифатиле идејата на централистите, за да навлезат во ВМРО со цел да ја преземат и да ја врховизираат одвнатре).

Прикриените врховисти Гарванов и Б. Сарафов во 1902-1903 година помогнале врховистите да ја извршат обврската која си ја поставиле за провоцирање на неподготвеното и не навреме објавено востание. Целта им беше да се компромитира револуционерниот акт на борбата, да предизвикаат кај народот разочарување со цел да ја загуби вербата во сопствените сили и да се сврти со надеж кон бугарската армија. Народот не знаеше за овие врховистички намери и тој се дигна на востание. Не е виновен народот, туку фактот дека во раководството на ВМРО влегоа, во врвот, врховистички елементи.

За младотурската револуција и за ставовите на централистите во тоа време се истакнува дека и тогаш не се закаснало да изиграат штетна улога врховистите испратени и диригирани однадвор. Нивниот курс бил продолжување и форсирање на четничките напади и теористичките провокации во Македонија, се со цел да предизвикаат масовен терор врз турската власт и врз народот и да предизвикаат претоварање на младотурската револуција во контрареволуционерна сила, да го компромитираат Уриетот и да создадат услови за војна на Бугарија и другите балкански држави против Турција со идеја да се изврши поделбата на Македонија. Овој антимакедонски курс се заземал од новите членови на врховизираниот ЦК на ВМРО Тодор Александров и Александар Протогеров, кои останаа верни на бугарската империјалистичка политика и пред Првата светска војна и по неа.

Тие, заедно со бугарското државно раководство, се главните виновници за новото поцрно ропство на Македонија – раскината, потисната и разорена од софиските, белградските и атинските завојувачи. Но, по сето тоа страдање на македонскиот народ се истопија илузиите, што ги создадоа врховистите за некакво "ослободување" кое требало да дојде од Бугарија и другите балкански држави. Во ова се состоеше првиот голем пораз на врховистите."

Понатаму опишувајќи ја состојбата на распределеноста на револуционерните сили во Македонија, Шаторов констатира дека овие состојби ги искористија реакционерите, под сугестија на таканаречениот "черен блок" кога Тодор Александров и А Протогеров ја обновија ВМРО и си поставија маска на автономисти, за да се вовлечат во порите на националните македонски маси со цел да ги свртат кон помош од фашизмот против издигната револуционерна волја во Петричкиот крај и во внатрешноста на Бугарија. Така ВМРО повторно подпадна во врховистички раце и беше искористена за војна во фашистичкиот превратот 1923 година во Бугарија.

Во овие услови опозицијата сакаше обединуваање на сите македонски сили на антиврховистичка база и тоа се ориенира кон еден антиимперијалистички, антифашистички фронт.

Револуционерната опозиција придоби особено голелма сила пред 1924 година кога Комунистичката партија го корегира својот однос по националното прашање и кога македонските комунисти зедоа живо учество во македонското национално движење за напредување на македонската ослободителна кауза. Сето ова ги натера Т. Александров и А. Протогеров да се согласат со третиот член на ЦК на ВМРО – Петар Чаулев за потпишување на историскиот Виенски манифест за сојуз со сите револуционерни фактори на Балканот против балканските империјалисти за слободна и независна Македонија.

Меѓутоа, под притисок на бугарската влада Т. Александров и А. Протогеров срамно се откажаа од Манифестот и повторно се вратија на служба на бугарскиот империјализам. Врховизмот и бугарската освојувачка политика и нанесоа голема штета на македонската кауза со насадувањето на бугарштината во Македонија и временото засенување на самостојното национално чувство.

Врховистите со фактот дека понекогаш си ја навираат маската на борци за автономна или независна Македонија уште повеќе се демаскира пред македонските маси, затоа што го убедуваа населението дека македонските Словени се Бугари. [53]

Во документите објавени во времето од април 1935 до средината на 1936 година кога Шаторов бил секретар на Обласниот комитет на ВМРО(Об.) за пиринскиот дел на Македонија, за ВМРО(врховисти) е забележано: "Ударите што бугарскиот империјализам и македонските банди на врховистите им ги нанесоа на организациите на ВМРО(Об.) не го дадоа очекуваниот резултат. Нивните терористички акции (убиства, киднапирања итн.) привремено можеа да го сопрат организационото растење, но паралелно со тоа многу повеќе се зголеми револуционерниот подем и незадоволството кај македонските работни маси, кои заедно со бугарските работници и селани го застрашија самото владеење на бугарскиот империјализам.

[53] Реферат на Шаторов, стр. 1, 2, 3, 4, 5, 7.

Со јакнењето на општиот револуционерен подем во земјата, со упорната револуционерна борба против бугарскиот и балканскиот империјализам и македонскиот врховизам, македонските, маси, под раководство на ВМРО(Об.), успееја да ги прошират своите легални позиции. [54] За натамошна активност се повикуваат Македонците за давање решителен отпор на теророт што го врши михајловистичката банда. Обласниот комитет треба решително и со забрзано темпо да ја зацврсти силата на единствениот револуционерен фронт со бугарските и балканските работници за ликвидирањето на бугарскиот и балканскиот империјализам, за дефинитивно разгромување на македонскиот врховизам, за извојување на правото на самоопределување на Петричко и цела Македонија до нејзиното издвојување со самостојна политичка државна единица." [55]

Во апелот издаден во мај 1935 година од Обласниот комитет на ВМРО(Об.) се констатира: "Ние, Македонците што живееме во Бугарија, треба денеска, повеќе отсекогаш, да се сплотиме под знамето на Гоце и на Мајскиот манифест. Денеска во Бугарија беснее боено-фашистичката диктатура под знакот на дивиот шовинизам и воената подготовка. Кревањето на ревизионистичкиот бран го направи ненужно досегашното прикривање вршено преку Михајловата организација, привремената игра за "независна Македонија" стана излишна и империјалистите го прогласија македонското дело за дел од бугарската државна политика. Идеологијата на великобугаризмот сакаат да ни ја наметнат по секоја цена. Затоа ни се натрапува Националниот комитет (основан од врховистичка групација во 1919 година), се гони македонското име, македонската борба, македонскиот идеал за независност. Тие што ги поттикнуваа маихајловистите да ги разигруваат парабелумите, денеска прават знаме од борбата против нив за да ги придобиваат масите, користејќи ја нивната омраза против пиштолциските методи на дејствување. [56]

---

[54] ВМРО(Об.) документи и материјали, кн. 2 стр. 308, 309.
[55] Исто, стр. 310, 313, 314.
[56] Исто, стр. 316.

Бугарската власт уште посвирепо ја прогонува секоја праведна мисла и творечка активност. Во Св. Врач таа осуди 25 наши браќа на околу 100 години затвор само затоа што се бореа против тиранијата на Михајловата банда за идеите на Гоце и Сандански – за слободата. Тие ја растурија бандата за да ја сочуваат и неа и себеси од гневот на одмаздата на населението што почна веќе да се буни, да го смалат вашето негодување, да фрлат прав во нашите очи та под маската на "ослободители" полесно да не пљачкосуваат и потискаат.

Нашата народна ВМРО(Об.) и во сојуз со бугарските работници и селани да се дигниме како еден човек за да ја срушиме крвавата и противмакедонска војно-фашистичка влада и нејзините врховистички орудија (михајловисти и протогеровисти). Во овој документ се бара: премавнување на воената положба и повлекување на сите бугарски воени, полициски и административни власти од Петричко и нивно заменување со месна македонска милиција и администрација од трудбеници. Со тоа да се создадат услови за самоопределување на Петричко и по неговото одделување од империјалистичка Бугарија за на овој начин да послужи како почеток и стимул за ослободување и обединување на цела Македонија. Долу крвавиот бугарски империјализам и неговиот агент ВМРО(врховистичка)". [57]

Во средината на мај 1935 година во повикот "Измачени и онеправдани Македонци" стои: "Врховистичката банда по сугестија и наредба на царот и војската понапред вршеше врз нас најсвиреп терор. По воено-фашистичкиот превратна 19 мај минатата година владата ја распушти организацијата на Иван Михајлов, бидејќи таа веќе му пречеше на бугарскиот империјализам. Меѓутоа, со тоа нашата положба не се подобри. Теророт на бандата со масовна величина сега е заменет со теророт на војската и полицијата". [58]

Во повикот од мај 1935 година на ВМРО(Об.) за бугарските империјалисти и за врховисти-михајловистите и протогеровистите стои: "Тие им го одрекуваат на Македонците

[57] Исто, стр. 315, 318, 319.
[58] Исто, стр.319.

правото на своја држава; македонската национална свест; македонскиот јазик, со тоа сакаат да го зачуваат своето господство во Петричко. Тие спроведуваат бугарска пропаганда сред нашиот народ, а да ја оправдаат својата освојувачка политика во однос на цела Македонија. На крајот ги истакнува паролите: Надвор бугарските окупаторски оружени сили од Македонија; Долу насилничкото насадување на бугарштината во Македонија; Бранете си ја националноста; Изградувајте го единствениот Македонски фронт за борба против империјалистичкото иго". [59]

Обласниот комитет, со кој раководел Шаторов, во повикот од јуни 1935 година истакнува: "На врховистите им недостасува идејни аргументи и тие се послужоја со единствените такви за нив – парабелум, убиства, одвлекувања, тепања и слични други. Крвавиот врховизам, поттикнуван од бугарскиот империјализам, имаше цел да ја уништи ВМРО(Об.), затоа што таа ја изразува македонската национална свест, се бори за национално и економско ослободување, за воведувањето на македонскиот јазик во училиштата, за самостојна македонска држава, за правото на самоопределување до одделување од бугарската држава". [60]

По повод убиството на Симеон Кавракиров во почетокот на јуни 1935 година издадени се два повици во кои меѓу другото стои: "По двегодишен плен во рацете на Михајловите банди, малтретиран, измачуван и влечкан, а најпосле убиен, затоа што беше пламенен и нескршлив борец против врховизмот и кој по двегодишно малтретерање не ја напушти ВМРО(Об.) и не прејде на страна на врховистите. Останатите македонски дејци, кои поминаа низ крстосаниот оган на врховистите и на бугарските империјалисти, вдахнувани од херојското држење на Симо и на неговите другари што ги снајде истата судбина во борбата смело го креваат знамето носено од нив и ја разгоруваат борбата за целосно уништување на врховизмот и за соборување на бугарскиот империјализам. Фашистичката диктатура и михајловистичките банди го убија Кавракиров

[59] Исто, стр. 320, 321.
[60] Исто, стр. 320, 324.

затоа што тој ќе предизвикаше огромен револуционерен подем ако одново се вратеше жив пред нас". [61]

Шаторов и Обласниот комитет во првата декада на јуни 1935 година, во повикот под наслов "Браќа Македонци" истакнаа: "Пред 12 години, бугарската буржоазија со својот преврат од 9 јуни им ги одзеде и најелементарните права и слободи на трудбениците и национално угнетените, какви што ги имаше од владата на Стамоблиски. Како последица од овој преврат дојдоа септемвриските настани и горноџумајските колежи, во кои крвави бањи над работниот бугарски и македонски народ зеде активно учество и македонскиот врховизам, во лицето на врховистичката ВМРО на Т. Александров и Протогеров. На годишнината од овој крвав датум ние треба масовно да излеземе на улица за да ја демонстрираме нашата готовност за борба против фашизмот, војната, империјализмот и неговиот верен шпион – врховизмот – во лицето на воено-фашистичката диктатура и на натрапениот Национален Комитет". [62]

Посебен апел до Македонците, Обласниот комитет издава во јуни 1935 година, а по повод формирањето на Националниот комитет, во кој посебно се истакнува: "Назначениот од крвавата диктатура Врховистички национален комитет врши подло предавство со светото македонско ослободително дело и ги гази заветите на Гоце Делчев, барајќи го присоединувањето на Македонија кон Бугарија. Нешто повеќе. Натурен на македонските маси, тој сака сега да ја уништи целосно самостојноста на македонското емигрантско движење". [63]

На крајот на јуни 1935 година Шаторов и Обласниот комитет издаваат повик по повод големиот македонски празник Илинден. Овде ќе го цитираме само оној дел каде се оценува улогата на врховистите во оваа славна македонска револуција од 1903 година: "Една од причините за поразот на Илинденското востание е тоа што беше предвреме предизвикано од врховистите-агенти на бугарскиот

[61] Исто, стр. 324, 325.
[62] Исто, стр. 325, 326.
[63] Исто, стр. 326, 327.

империјализам чија цел беше мешање од надвор и заробувањето на Македонија од страна на Бугарија". [64]

Обласниот комитет на ВМРО(Об.) за Македонија под бугарска власт во август 1935 година подготвил повик до Македонците против судскиот процес што почнал од 29 јули во Горна Џумаја. Во повикот стои: "Фашистичката власт се подготвува да ги осуди на стотици години затвор поради нивната борба против врховизмот, а за слободна и независна Македонија. Во исто време михајловистичките главорези, џелатите на народот се на слобода и повторно се закануваат... Полицијата се обидува затворениците да ги обвини за комунистичка дејност и да ја престави ВМРО(Об.) како комунистичка организација. Бугарската влада не смее да признае дека, на обвинителната клупа ги има поставено идеите на Гоце Делчев и Јане Сандански, како што го правеше турската власт во минатото, ги суди борците за македонска слобода. Воено-фашистичката влада со својот бесен терор сака да ја задуши нашата борба за подобрување на нашата тешка економска положба и за извојување на независна Македонија". [65] Го завршуваат овој повик со: "Долу врховистичка-фашистичка банда на михајловистите и протогеровистите и нивниот господар-бугарскиот империјализам".

Во повикот "Трудбеници-Македонци" се пишува следното: "Ние, Македонците под бугарска власт ќе придонесеме најмногу за ослободувањето и обединувањето на поробена Македонија одкако самите ќе се ослободиме од канџите на бугарскиот империјализам и врховизам. Тие се нашите главни непријатели, нашите непосредни поробувачи... Борбата против воено-фашистичката диктатура, за самоопределување на Петричко и цела Македонија за создавање на независна република на македонските трудбеници". [66]

Обласниот комитет во 1935 година го издаде и повикот под наслов "Браќа Македонци" во кој стои: "Преку своите верни агенти, врховистите, на чело со Т. Александров и А.

---

[64] Исто, стр. 337.
[65] Исто, стр. 338.
[66] Исто, стр. 340, 341.

Протогеров, бугарскиот империјализам успеа да завладее над раководството на ВМРО. Така оваа народна организација се претвори во терористичко котило на бугарскиот фашизам.

Михајловисти и протогеровисти, тоа се две крила на една банда. Тие заедно ги колеа македонските и бугарските работници и селани во 1923, 1924, 1925 година. И едните и другите и денеска се орудие на бугарскиот империјализам во неговата противмакедонска политика". [67]

По повод изборот на Шаторов за секретар на Покраинскиот комитет на Комунистичката партија на македонскиот дел под српска власт во пролетта 1940 година, е издаден во јуни повик до работниот народ на Македонија. За врховистите во овој повик стои: "Неможат искрено да се борат за слобода и равноправност на македонскиот народ, разни Ванчо Михајловисти и други кои што ја бараат та слобода од бугарскиот, италијанскиот или кој било друг туѓ империјализам. Искрено мислат само тие што се како против српската хегемонија и големосрпскиот империјализам така и против секој друг империјализам". Во оваа година во илегалниот печат објавен е следниот став на Шаторов: "Бугарските империјалистички барања кои во Македонија доаѓаат во облик на терористичкиот бандитизам на Ванчо Михајлов и други слични тугински агенти". [68]

По бугарската окупација 1941 година Шаторов во писмото до "Стојан" за целта на врховистите пишува: "Некои Македонци-врховисти сакаат да кажат, дека борбата на Македонците е свршена со окупацијата на Македонија од страна на германски, италијански и бугарски војски. Дали тоа е вистина. Но, тоа неможе ни да биде, затоа што Македонија не доби ни национална ниту политичка слобода". [69]

---

[67] Исто, стр. 342.
[68] Документи и материјали 1921-1941 год. том 1, кн. 2, стр. 315 и Илегален печат на КПЈ во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни, том 2, кн. 2, стр. 170, 171.
[69] Извори за ослободителната војна и револуција во Македонија 1941-1945 год., том 1, кн. 1, стр. 15 (понатаму Извори.)

Во сите градови во Македонија се создаваа македонски комитети (на 13.04.1941 година во Скопје, е формиран бугарски централен акционен комитет за Македонија). "Во тие комитети влегоа испечени врховисти, во некои градови, како во Скопје беа испратени дури претседатели и секретари од Бугарија. Комитетите се користеа за спроведување на чисто бугарската политика за викање само "Ура! Да живее Хитлер, Мусолини и цар Борис!" Тие комитети многу бргу си ја изиграа улогата, затоа што не го заштитуваа македонскиот интерес, и ја изгубија довербата кај народот. Овие комитети беа и сега се база на окупаторите". [70]

Понатаму Шаторов пишува: "Бугарската фашистичка власт, заедно со македонските врховисти-фашисти, секој ден ги преджвакуваат хитлеровите лаги". [71]

Покраинскиот комитет на КПМ, раководен од Шаторов во 1941 година издаде проглас по повод Илинденското македонско востание од 1903 година, а во еден дел за врховистите се истакнува и ова: "Илинденското востание и Крушевската република беа дело на македонскиот народ, а не дело, како што сакаат да го претстават врховистите – денешните македонски фашисти, ниту дело на бугарската држава... Македоно-бугарските врховисти фашисти и оваа година се опитват да ја фалсификуваат македонската борба и да го заблудат македонскиот народ и да му докажат, дека Илинденското востание, дека славната Крушевска република биле "идејите" биле "слободата и равноправието" што му ја донесоа цар Борис и Хитлер. Каква подигравка и какво фашистичко бестрамие.

Македонци, на празнувањето Илинден оваа година, сакаат фашистите да ви донесат нова "радост". Туѓите радиостаници известија, оти Германија,Италија и Бугарија сакале некако да го решат македонското прашање. За таа цел втасал од Загреб Иван Михајлов, кој преговара со бугарското државно раководство. Фашистите од сите лагери есапат, оти ќе можат да ги излажат македонските маси, ако биде поставен за "фирер" во Македонија Иван Михајлов. Михајлов ќе игра крвничка улога

[70] Исто, стр. 16.
[71] Исто, стр. 24.

во Македонија, како што игра таква улога Анте Павелич во Хрватска: агент на империјалстите, пљачкаш, потисник, хитлеровски џандар во Македонија, кој ќе има за задача да ги рани и облекува Германците и да го уништува секое движење, кое ќе биде за слободна Македонија.

Македонскиге маси во Петричко и македонската емиграција во Бугарија многу добро го познаваат кој е Иван Михајлов и кому му служеше. Денеска тој пак ќе служи на цар Борис и Хитлера и ќе ги убива и пљачка Македонците, како тоа што го вршеше во Петричко. На неговата совест лежат истепани 5.000 одлични Македонци централисти (членови на ВМРО, присталици на Централниот комитет кои биле против врховистите), борци за Слободна Македонија". [72]

[72] Исто, стр. 30, 32.

III. Активноста на Методија Шаторов и ПК во 1940-1941 година

Во април 1940 година се формира Покраинскиот комитет во нов состав: пплитички секретар - Методија Шаторов-Шарло, организационен секретар – Петар Ивановски-Тиквар членови Коце Стојановски, Добривое Видиќ и Орце Николов.

Со преземањето на партиското раководство од овој комитет, Македонската комунистичка партија во Вардарски дел на Македонија презема низа активности за организационо зацврстување и проширување на партиската организација и за нејзино идејно-политичко издигнување, за да може успешно да се поврзе со масите и да ги води во борбата за национално и социјално ослободување.

Партиската организација била во тешка состојба, затоа што немало покраинско раководство скоро од 1937 до почетокот на 1940 година, а членството изнесувало на крајот од 1939 година 140 лица.

Покраинскиот комитет на Комунистичката партија во Македонија, во јуни 1940 година, објавува еден повик со наслов "НА РАБОТНИО НАРОД НА МАКЕДОНИЈА". Овој повик има програмско-политички карактер и е упатен до македонскиот народ по повод влошувањето на меѓународната ситуација и опасноста од проширување на експанзијата на фашизмот во Европа. Во почетокот на овој повик стои: "Огинот на империја листичката војна се повеќе се шири. Југославија за малку шо не е зафатена од тој оган". Објаснувајќи ја тогашната состојба во Европа во повикот се обратува до работниот народ во Македонија со овие зборови: "Македонија е прва на ред за да се разигра на неа крвавото воено оро. Арнаутите, Турците, Македонците во Македонија ќе бидат првите жертви на военото колење и пустење". Во однос на однесувањето на големосрпската монархија во Македонија стои: "Со својата политика на национално потиснување режимо го обесправувал македонскио народ, му а задушувал националната свест и чувство и му ги скусувал неговите права... Со својата аграрна политика режимо не го реши прашањето за делењето на

земљата. Со својата арамијска политика режимо се повече го цедел македонскио народ и го трукал во крајна сиромаштија и беднотија".

За оваа теша состојба во Македонија и за излезот од истата во овој повик стои: "Многу мина не гледајќи го правио пат, ја гледаат спасувачката во оделувањето на Македонија со помошта на други држави, како на пример со помошта на италијанските и бугарските реакционери. Спасо од големосршската империјалистичка политика го гледат во заробувањето на македонскио народ од друга уште полоша империјалистичка политика". Со овие ставови се осудуваат оние сили во Македонија кои се ослонувале и барале решение на македонското прашање од Италија или од Бугарија, кои не иго мислат доброто на Македонија. Но, за односот спрема српската монархија стои: "Некој мислат слободата на македонскио народ можи да се добие се пазарување и компромиси со режимо. Сите овие патишта се само продавање на интересите на македонскио народ". Со овој повик му се укажува на македонскио народ дека не можат да му донесат слобода ни силите на Ванчо Михаљовистите, па за нив се вели: "Не можат искрено да се борат за слобода и равноправност на македонскио народ разни Ванчо Михајловисти и други кои што ја бараат таја слобода од бугарскио, италијанскио или кој било друг империјализам". А за излезниот пат за слободата на македонскиот народ во овој документ стои: "Едино наша Комунистичка партија имала исправно гледиште по националното прашање. Пато за слободата на македонскио народ и неговото право на самоопределување води низ борбата на македонскио народ, заедно со останалите народи на Југославија и со помошта на српскио народ против режимо, против режимската политика на национално потиснување и арамилак, за равноправност на народите". Јасно се укажува дека излезот е само во соработката на работничката класа со Комунистичката партија на чело, која била во првите редови во борбата на македонскиот народ за национална слобода и равноправност. За таа цел се повикува македонскиот народ да ги исчисти своите редови, да ги зајакне и да тргне во борба за остварување на своето национално и социјално ослободување.

Работниците и работничките се повикуваат со овие зборови: "Вие треба да бидете први во борбените редови за национални права и слобода, против скапотијата и војната, против режимо на насилие и арамилак". Повикувајќи ги селаните во заедничка борба со работниците стои: "Режимо ве држи во стег и товарил на вас цела војска, жандари, финансии, шумари и секакви чиновници. Секое право ви го зема, дури и правото да се викате Македонци. Режимо сака да ве одели од работниците, вашите браќа по мака оти се бои од вашата слога и заедничка борба. Не лажете се. Бранете си го своето народно име и водете борба за своите народни права и слобода на Македонија".

Со овој повик до македонскиот народ, Покраинскиот комитет излегува со јасна платформа за ослободување на македонскиот народ, односно го поврзува класното со националното право, ги поврзува интересите на македонската самобитност со интересите на другите народи во Југославија за заедничка борба против ропството, а за национално и класно ослободување. Повикувајќи ги, пак, селаните за остварување на нивните интереси, што е можно само во зедничка борба со работничката класа, во зеднички сојуз, во повикот стои: "Правете борбен сојуз на рабтоници и селани во борбата против војната и скапотиата, за заштита на вашите селски интереси, за слобода и за поарен и по сретен натамошен живот на македонскио народ". Во делот за комунистите стои: "Вие треба да бидете организатори и предводители, како авангардана работничката класа и на чело во борбата на македонскио народ за полно национално ослободување". [73]

А, еве, го одговорот на професорот Н. Вулиќ по повод неговата статија под наслов "Јужна Србија" објавена на 11.VII. 1940 година, со цел да ги поттикне административните и "просветни" органи да му "разјаснуваа" на Македонците оти сет Срби. За овој одговор во Билтен бр. 1, орган на ПК КП во Македонија од 20 јули 1940 година, се вели дека "вистинските Македонци и вистински привржаници на борбата на македонското дело овие дни му испратиле одговор на проф. Н.

[73] Документи и материјаи 1921-1941 год. том 1, кн. 2, стр. 313, 318 (понатаму Документи и материјали).

Вулиќ на неговата статија објавена во Правда од 10 овој месец”.[74]

Од овој одговор ќе цитираме одредени делови, во кои се битни ставовите искажани по македонското прашање. А, еве, го одговорот: “Целата прогресивна општественост и критиките освободени от шовинизмо кренаа глаите и укажуаа на возможностите и богатството на македонскио јазик, и протиф тероро, кои се врши нат Македонци и нат нивнио јаззик, на трите дела на Македонија: пот Српско, Бугарско и Грчко”. Понатаму: “Македонската нација се создала исторически, а неје плот на умо на оваи или онаи. Македонскио народ води вејке 50 год. организирана борба за своето постојувајне... Само треба одеднаш да кажиме да Македонците и ден денешен водат борба заедно со српскио, бугарскио и грчкио за своето ослободувајне”. Изнесувајќи ги борбените традиции на македонскиот народ за ослободување од ропството, а посебно за борците на Илинденското востание и за Крушевската народна република, во одговорот стои: “После неуспелото Илинденско востание... после 1903 година није имаме во Македонија србоманска, бугароманска и гркоманска пропаганда... во”еден брои на “Македонски глас” – издаден во Москва 1904 год. стои оти Македонците не се ни Бугари, ни Срби, нити Грци, туку сет само Македонци”. (Ова го кажал и Јован Бабунски, кога уште не бил србомански шовинист и агент, истото важи и за Борис Сарафов, додека не станал врховист и бугароман). За македонската националност во одговорот стои: “Македонската нација јет плот на исторически стечени околности и преставува едно географическо и историческо и духовно-културно цело со једнаквост на јазико... Денеска Македонија пот српско и пот бугарско страда за това, оти јет отцепена од Македонија пот Грчко: от Солун и Кавала. Македонската нација ја образуваат македонските Славјани, а македонски нарот сет сите кои живеат во Македониа: македонски Славјани, Турци, Арнаути, Евреи, Власи, Грци и Срби. И така Македонците сет оделна националност со свои јазик, култура, економическо и географско цело исторически

[74] Билтен бр. 1, издаден од ПК КПМ од 20 јули 1940 год.

создадено со револуциона борба со македонско национално ослободително движение". [75]

Во повикот "Македонци празнувајте славното Илинденско востание"! кој не е потпишан ниту, е дитиран, истражувањата покажуваат дека е упатен од ПК на КПМ, излезен во јули 1940 година. Објаснувајќи ги настаните од илинденскиот период и нивното значение за Македонија, во него се истакнува: "Илинден е светло и чисто македонско знаме, под које сите и сиромасите Турци, и Власите, и Грците, и Арнаутите и др. Се обединува, така исто као што во Крушево...

Исто така денеска Македонците, Турците, Арнаутите и сите потиснати и експлоатирани во Македонија от српскиот, бугарскиот и грчкиот империјализам, должни сет да се сгрупират за општа борба, за слобода и равноправие. Денеска от секога повеќе е потребно единство и борба, зато што готви се за Македонија нов јарем, нова поделба, ново робство". Завршува со: "Нека Илинден служи за пример! Нека младото поколени се зарази от огинот на Илинденските борци! – Да живеи слободата и равноправието! Да живеи СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА!" [76]

Со овој повик до македонскиот народ во борбата за ослободување од српското, бугарското и грчкото ропство, Покраинскиот комитет ги повикува и сите кои живеат во Македонија, врз основа на илинденските традиции.

На 2 август 1940 година со успех се изведени илинденските демонстрации, организирани од македонските комунисти. Во повикот за успесите кои се постигнати со оваа акција стои: "Работнио народ во Македонија достојно го прослави годинава Илинденското востание и споменот на народните борци од 1903 година. Во Прилеп се вивна со незадржима силина борбенио пламен на нашио народ. Илјади мажи и жени, стари и млади смело се крена да го кажа своето големо недоволство со ова тешко положение со ова ненародно управление и да ја кажа својата спремнос да се од него ослободи. Илинденските

[75] Документи и материјали стр. 318-322.
[76] Исто, стр. 322-323.

демонстранти во Прилеп се покажа достојни синој и керки на својте големи татковци от Илинден 1903 година... Илинденските демонстрации ги собраа во борбените редови сите искрени Македонци, верни синови на својот народ и приврзеници за македонската работа без оглед на нивното убедување... Низ пламенот на Илинденските демонстрации се обистини единството на народите во Македонија. Работниците селаните и граѓаните изковаа сојуз на работниот народ во Македонија за натамошна борба.

На крајот во овој повик, издаден по изведените Илинденски демонстрации стои: "Да ги оцврсниме нашите редој, да го ојакнеме со појке нашио сојуз на работнио народ во Македонија и уште поупорно и поодлучно поведеме во борба за народни права и народни слободи, за слободна Македонија и поарен живот". [77]

Покраинскиот комитет успешно ги поставува и поврзува скоро сите прашања од интерес за македонскиот народ, односно кои се од интерес за мобилизирање на борбата за ослободување на македонскиот народ. Тој истакнува дека македонскиот народ не сака да трпи ропство, туку е готов да се бори за своите права, дека не сака да трпи арамилак и грабеж од страна на противнародната влада, на разни капиталисти и воени шпекуланти, кои ги намалуваат работничките надници и цените на тутунот, афионот, кожурците и други селски производи, со што се поскапува сето она што му е на народот потребно, товарејќи му на грбот се поголеми даноци и други давачки. Но и тоа дека не сака повеќе да трпи политичка безправност, насилие и национална потиснатост од големосрпските империјалисти, нити од кои други империјалисти. Со поставените прашања во овој повик, со покажаните резултати од илинденските демонстрации, како и со прославата на Илинден, денот на Крушевската република, поставена е широка платформа која ги мобилизира сите прогресивни луѓе во сојузот на работниот народ во борбата за национално-класно ослободување.

[77] Исто, стр. 324-325.

Повикот, објавен летото 1940 година, до монополските работници и работнички (тутунџии) и до целата работничка класа на Македонија, имаше за основна цел да ја дискредитира владата на Цветковиќ-Мачек, да ја мобилизира таа маса во борбата за национални, економски и демократски права и за сојуз со СССР. Во овој повик стои: "Нас не искористува и краде, лажа и заведува, плаша и гона. Повеќе од стотина илади нас заработено је околу садење и работене на тутуно. Со нашата работа даваме милјарди динари вреднос, али таа вредност што смее ние сториле не е користиме неа ја зема и дига како ќар (печалба) при продавањето на тутуно нашио газда – државата. Овој ќар то е нашата мака и пот. Ние работиме и живеме во немаштина и сиромаштија... тешки пари спечалени со нашата пот ги расфрла и арчат разни ашлаци, распикуќи кои јавнале на грбот народен и на сила повела".

Во насоките што треба да се прави се заклучува: "Ние мораме да поведиме одлучна борба за поарен живот и слобода на работничката класа, борба за захтевите на нашите сојузници селани. Оваа борба треба да а поврзиме и да го остваримe работнички селски сојуз. Нашата борба е наедно и борба за захтеви на градските средни слоеви, а нарочито борба на Македонците, Арнаутите и Турците против угнетувањето и золумов над нас". [78]

Овој повик, како и повикот до војниците и граѓаните во Македонија, и до скопските работници во септември 1940 година, ќе придонесе за мобилизирање на работничката класа да се борат за своите интереси со штрајкови. Во записникот од Петтата конференција на КПЈ стои: "Во Македонија досега немаше штрајкови. Во 1940 година, прв пат 16 штрајкови и по 40 дена". [79] За активноста на ПК на КПМ и на базните организации на КП се видливи големите резултати постигнати во тоа време.

1. Резолуција на Покраинската конференција на Комунистичката партија во Македонија одржана околу 8 септември 1940 година

[78] Исто, стр. 328-331.
[79] Исто, стр. 347-350.

Овој документ има програмско значење за комунистите во Македонија, а тоа се гледа од прашањата што се опфатени и од ставовите што се заземени. Овде ќе се задржиме само на еден дел од нив што се од битно значење за решавањето на македонската национана самобитност. Во овој документ за македонското национално прашање стои: "Политиката на национално потискајне, асимилација, див терор и прследувајне на се што е македонско, како и на македонската култура, јазик и песни се спроведува со целата им крвожедност. Измаченото, обесправено и национално поробено македонско население се најдува пред нови и големи борби". Понатаму стои: "Манифестациите и демонстрациите што станува во Македониа се израз на насобраното македонско народно негодувајне против големосрпската политика на колониална експлоатациа и национално ропство". [80] Покраинскиот комитет и Партиската конференција националното прашање го подигнуваат на висок степен, односно на еден од најбитните за разрешување во борбата за мобилизација на македонскиот народ од ропството – како на колонијално, така и на национално. Националното прашање е битно во ова време. КПЈ долго време дискутираше, а не заземаше јасен став по македонската национална самобитност.

На советувањето на ЦК на КПЈ во Словенија, јуни 1939 годиа, се заклучува: "Потребно е КПЈ да и посвети на оваа покраина особено внимание и што побргу да проработи околу реорганизацијата на КП во Македонија, околу мобилизацијата на широките слоеви на потиснати народи на Македонија во борбата за секојдневните потреби, слобода и равноправност". [81] Но, овде нема збор за македонската национална индивидуалност, туку за КПЈ постојат широки слоеви на потиснати народи. Во писмото испратено од Тито до Г. Димитров, на 20.VI 1939 година, стое: "Ние мораме веднаш да заземеме јасен став спрема националните прашања во Војводина, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Македонија. Овие прашања сега се узреани од внатрешно-политички и надворешно-политички причини. Ние ќе Ви го јавиме своето

[80] Исто, стр. 334-338.
[81] Собрани дела на Тито кн. 4 стр. 256.

становиште, но ќе мораме да побараме и Ваша помош". [82] Во септември 1939 година Тито во извештајот до КИ пишува: "Сега е особено важно да се постави македонското прашање и прашањето на Црна Гора, каде што италијанскиот фашизам цврсто зачекори и каде што со помошта на своите агенти спроведува своја пропаганда". [83]

Во една ваква состојба по македонското национално прашање, ПК на КПМ во резолуцијата мораше да го постави со сета сериозност, дека без јасен став по националното прашање не може Македонците да се кренат во борба, а секое одолговлечување и колебање само ги отежнува состојбите и го дезорганизира македонскиот народ.

Се постави прашањето за создавање единство во редовите на работничката класа против сите видови на нејзините непријатели, за создавање челичен сојуз меѓу работниците, селаните, македонската интелигенција и целиот македонски народ за борба против српските империјалисти и поробители. Со овие ставови ПК на КПМ поставува широка платформа за опфаќање на сите социјални структури од населението на Македонија во борбата за ослободување од класното и националното ропство.

Се зазема јасен став против економската експлоатација за повисока цена на тутунот, памукот, афионот, сусамот и пченицата, против монополот. Со овие ставот КП на Македонија поставува економски барања што се од материјален интерес за населението. Недвосмислено е определувањето за прашањата на селското население: за земање на земјата од чифликсајбиите, манастирите, и вакафите, националните големосрпски великаши и колонисти, а давање на македонскиот земјоделец-производител. Како заклучок стои: "Лозунка и сакајне земјата во Македонија од чифликсајбите, големосрпските шовинисти и "герои", таја на колонистите, манастирите, црквата, круната и вакавите, треба да премине во рацете на македонските селани и производители. Македонците од големите ридои и планини да слезат и работат земјата на

[82] Исто, стр. 229.
[83] Исто, кн. 5 стр. 10.

своите татковци, а на стварно бедните колонисти да се даит земја во Србиа земјата на тамошните чифликсајби и чорбаџи, манатирска и крунска". (види фуснота 80)

Конференцијата се определува и зазема став за запазување на чистотата на Партијата, односно на нејзиното чистење од туѓи елементи и за нејзино засилување и зајакнување на борбената способност – да се излезе од секташтвото, затвореноста и организациите со цел да се преобразат во политички фактори и раководители на масовните борби на македонскиот народ.

Со помошта дадена од ЦК на КПЈ и активноста на ПК н КПМ, офргаизациите на КП во Македонија застануваат на здрави нозе и за кратко време забележуваат видни резултати како во организационен така и во политички однос. Резултатите се видливи. За ова време се обновени ПО во Скопје, Велес, Куманово, Прилеп, Битола, Гевгелија, Штип, а се формирани нови во Кавадарци, Тетово, Струмица, Крушево Охрид, Гостивар, односно веќе постојат 16 партиски организации. Партиското членство се зголемува од 140 есента (крајот на 1939 година) на 250 членови до V земска конференција. Овие резултати се постигнати со пожртвувана и несебична денонокна работа на ПК и на основните партиски организации, како и на месните комитети, односно се постигнати резултати, благодарение на правилната политика по повеќе прашања што се од интерес на македонскиот народ. За правилната политика за прием на нови членови, во овој документ стои: "При пријемајне партијни членови како услови да се зема-борбеноста и готовноста за жертви со цел да се рашират и прошират нивните организации и уште потесно да се врзат со широките народи маси" (види фуснота 80.) Партиските организации се отвораат за лица кои се подготвени со својата активност, борбеност и способност за поврзување со широките народни маси – лица кои се со углед и поверение, кои можат да дејствуваат мобилизаторски кај истите.

Конференцијата констатира дека еден од најзапоставените сектори на работа е работата меѓу жените. Со цел за подобрување на состојбата се определува за создавање женски здруженија под разни форми и со различни цели според

месните услови. На V земска конференција во рефератот за задачите на КПЈ во работата со жените стои: "Во Слобенија жени се 10% од целокупното членство на Партијата, во Црна Гора 6%, а во Србија добри 10%, во Хрватска добри 4%, а во Македонија 10%, во Војводина 5%, а во целата партија 6%... Бидејќи другарите во Македонија на сите полиња така добро почнаа да работат во најскоро време од нив можеме да очекуваме и весник за жени на македонски јазик". [84]

Во однос на другите националности во Македонија во Резолуцијата стои: "Македонското национал-револуционо дбижењние не е и ниможе да биди туѓо на правата и борбата на целиият македонски народ вклучително таја на Арнаутите, Турците, Куцовласите и др., који сет исто така експлоатирани и поробени, подложени сет на терор и асимилација. Работниците и селаните Арнаути и Турци во Македонија сет бракја по судбина на македонските Славјани. Партиските организации да го развиват братството, солидарноста и општност на борбата затова само слободна и независна Македонија можи да гарантира слобода на сите потиснати и поробени во Македонија".

Категоричниот став на ПК на КПМ и на Покраинската конференција 1940 година, во однос на колонистите колонизирани во Македонија од страна на големосрпската монархија, ќе предизвика полемика во редовите на КПЈ, а посебно на V земка конференција во Загреб 1940 година. Колонизацијата во Македонија предизвикува големо незадоволство и судири помеѓу властите и колонистите од една страна и македонското население од друга што ќе доведе до такот степен – со завршување на убиства Овие судири настанале, затоа што на бедниот македонски народ до 1934 година му се одземени 127.301 хектари земја за колонизација и се колонизирани 2869 домаќинства, со просечно по 8,34 хектари по домаќинство. [85] Но каква била имотната состојба на населението во Македонија под српска власт! Во овој дел на Макеоднија во 1931 година имало 171667 домаќинства. Од овие

[84] Документи и материјали, стр. 346.
[85] Документација на главното поверенство за колонизација на Македонија и Косово, извештај 1940 год. Оваа документација се наоѓа во МАНУ Скопје.

домаќинства имаат земја за обработување 127597 домаќинства, а немаат 44070, или 34,5% од вкупните домаќинства, а од оние кои имаат земја за обработување 28076 домаќинства имаат земја до 1 хектар или вкупно имаат 14456 хектари, што инесува просечно по домаќинство од 0,51% хектар земја, или 22,00% од домаќинствата кои имаат земја за обработување, односно до 2 хектари имале 51 954 домаќинства, или вкупно 50277 хектари, со просечно по 0,97 хектари, или 40,72% од домаќинствата кои имале земја. Ако вкупната обработлива површина се подели на домаќинствата кои имаат земја, доаѓа по 4,40 хектар, а ако се подели на вкупниот број домаќинства, изнесува по 3,27 хектари земја обработлива. При ваква имотна состојба, во овој дел на Македонија со колонизираат на штета на сиромашното (и без никаков имот) население – толку голем број на домаќинства. [86]

Во Резолуцијата на В земска конференција на КПЈ од 19 октомври 1940 година се заклучува: "Борба против колонизаторските методи на српската буржоазија во тие области (Македонија и Косово) и протерување на сите оние колонизирани елементи преку кои српската буржоазија го угнетува македонскиот, арнаутскиот другите народи". [87]

Во дискусијата на оваа конференција Методи Шаторов, секретар на ПК на КПМ, по рефератот за националното прашање (референт Милован Ѓилас) ќе го изнесе следното: "Втората грешка е по прашањето на колонистите. Референтот вели дека колонистите на Кавказ биле бранети од болшевиците. Едно е Царска Русија, друго е Македонија. Едно е националното прашање пред војната, а друго е денеска. Референтот има шовинистички став. Не можиме да отидеме кај македонскиот селанец и да му кажеме дека колонистите му се браќа на македонскиот селанец. Бидејќи генералите, жандарите, шпионите не се браќа. Доколку би оделе во сојуз со колонистите, тие би одговориле со лопата. Има околу 10 илјади фамилии со околу 70 илјади хектари. Сите тие се потисници (врз) македонскиот народ и со нив не можиме да имаме добри односи. Во Бела Русија сите колонисти биле уапсени и земјата

[86] Документи од пописот за имотната состојба на населението 1931 година на Кралството СХС.
[87] Документи и материали, стр. 360, 361.

(им била) одземена. Тоа сме должни и ние да го сториме. Кој ја познава психологијата на македонскиот селанец знае дека тој се бори за крваво одмаздување врз колонистите... На колонистите им е дадена најдобрата земја, таа им е одземена на селаните. Пасиштата и шумите им се одземени на селаните. Во Македонија има малку земја, затоа бараме колонистите да се иселат во Србија. Земјата има да им се даде на македонските селани, само доколку има повеќе, тогаш да им се даде на другите нации". [88] Со овие ставови на Шаторов нема да се согласи делегатот од Војводина и од Црна Гора, како и, нормално, феферентот Милован Ѓилас.

Разликите за колонистите и понатаму остапуваат во раководството на КПЈ, односно помеѓу ПК на КПМ и претставниците од другите делови од кои што се колонистите за да останат на земјата што им е доделена од српската монархија. Во Билтенот на ПК на КПМ бр. 3 од 30 октомври 1940 година се констатира: "Од горното се гледа оти селаните треба да сет стопани на земјата. Најболниот вопрос во Македонија е тој за земјата. Тој не е разрешен од српските завојувачи во корис на македонските селани. Македонските селани само негодува али се борат за својата земја. Примери на крвави бојеви стихијна борба има многу во Македонија. Нека послужи само за пример село Лисиче скопско. Кога дошле колонистите со српските власти да е земат селската утрина и бафчите на селото мало и големо со вили, колци и мотики е излегло да се зафатил формален бој сред селото. До ден денешен близу четири години, лисичани се судат за тој случај. Земјата ќе се добије од селаните само во борба со пљачкашите-српските власти. Таја борба и тија сакања за земјата, да се дај на селаните, покренува и ја води само Комунистичката партија во Македонија. Селаните ќе добијат земја во сојуз со работниците – со комунистите". [89]

Во повикот од септември 1940 година до работниот народ во Македонија ПК на КПМ, се обраќа за борба против скапотијата и шпекулацијата, а со тоа и против сиромаштијата и гладувањето на македонското население. Против крвавиот

[88] Исто, стр. 349-350.
[89] Билтен на ПК КПМ бр. 3 од 30 октомври 1940 год.

терор од страна на полицијаата, која затвора, тапа и суди (наместо да го заштити населението од грабежот што го вршат шпекулантите и одредени трговци) во него стои: "По цела Македонија се шири крвав тареор и преследувајне. Народни синови од Скопје, Куманово, Тетово, Велес, Прилеп, Битола и Штип се апсат и се судат по законо за заштита на државата. Нивната кривица е таја оти сакале леб и слобода". Се повикува народот против голелмосрпската монархија која безгранично дава на Германија и Италија месо, маст, леб и други стоки, а народот го остава да гладува. Целата тежина од таа положба е фрлена врз грбот на македонскиот народ, а тоа значи глад, мизерија и терор.

Во овој проглас стои: "Правителството мисли со насилие и терор над Македонците ќе можи да се смачка борбата за леб, мир и слобода, али то многу се лажа. Македонскио народ нема да престани да се бори против политиката на глад и мизериа, против националното ропство и потисничество, за леб, мир и слобода". Завршува со паролата "Да живеи слободна Македонија!". [90]

Во повикот "Македонци" од октомври 1940 година што го издава ПК по повод доаѓањето на 14 ов.м. на Драгиша Цветковиќ во скопскиот воен клуб стои: "Реакционото фашистичко правителство на Цветковиќ-Мачек-поп Корошец е во акција. Министри и натрици шетат низ Маедонија и држат горешти речи во заштита на србизмо, во заштита на големосрпското потисничество на Македонија... Драгиша Цветковиќ... со пејна на устата се мачеше да докажи на Македонците оти се Срби, оти Јужна Србија (читај Македонија) е била директот на србизмо оти српската историа се е творела на југ, во Скопје - ...Но не можеше да ги убеди Македонците оти се Срби, зато што тријесет години слушат само такви празни приказии. Али треба да се признај, оти до голема степен ова присуство и реч на Цветковиќ, успокој големосрпските шовинисти и целати во Македонија, исплашени от натрешните и меѓународните собитија". Натаму во овој повик стои: "Во Куманово и Скопје патрико држи воени речи. Фалеше и

[90] Документи и материјали стр. 339-339.

плачеше за жертвите дадени за "слобода на Јужна Србија" от турскиот јарем, а заборави да кажи за наметнатио јарем от страна на српските повинисти - ...за чес на Македонија, македонскиот народ врти грб на таја акциа". Целта на оваа акција на власитие и поповите била да го внесат и наметнат српството над македонскиот народ, односно да насадат чувство на српски национализам и шовинизам, да се завладее со душите и срцата на македонската младина и да се создаде од нив предавници на своите сопствени народни интереси и идеали во продолжение стои: "Многу се лажат оние Македонци што мислат, се поубаво ќе биди, ако во Македониа дојди Хитлер и Мусолини. Жестока лага. Такви Македонци сознателно или несознателно стануават ортаци на Цветковиќ-Мачек-поп Корошец, ортаци на најзаклетио враг на македонската слобода-германскио и талјанскио империализам. Македонскио народ во таков случај ке има двојца господари, двојца експлоататори, двојца потисници: српскио џандар и германската чизма. Македонскиот народ ќе има двајца господари и во случај да е Хитлер дај Македонија на бугарскиот империализам.

Спасението и слободата на македонскио народ лежи само во борба против правителството на Цветковиќ-Мачек-Корошец за НАРОДНА ВЛАСТ, КОЈА КЕ ДАЈ СИТЕ СЛОБОДИ НА МАКЕДОНИЈА ВО НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА КЕ ЗАКЛУЧИ СО СОВЈЕТСКИО СОЈУЗ ПАКТ ЗА ЗАШТИТА ОТ СЕКОЈ ЕДЕН ИМПЕРИАЛИЗАМ". Со наролата "ДА ЖИВЕИ СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА!". [91]

Покраинскиот комитет со овој повик до Македонците има јасен став за судбината на Македонија, а на ропството за Македонците му дават еднакво значение како и на српското така и на бугарското дека тие се исти и дека тука нема никаква разлика за македонскиот народ. Излезот го гледа за Македонија само во борба за НАРОДНА ВЛАСТ, која ќе и ги даде сите слободи на Македонија.

Оценка за работата на партиската организација во Македонија на V земска конференција на КПЈ во Загреб 1940 година.

[91] Исто, стр. 340-341.

Со активноста на ПК и на МК, како и на членството на КПМ, ќе се постигнат добри резултати, благодарение на правилната политичка платформа поставена за дејствување на партиските организации од страна на ПК и ЦК на КПЈ. Во оценките на V земјска конференција стои: "Ние денес во Македонија имаме околу 250 членови на партијата, (наспроти крајот на 1939 год. кога имало 140 члена). Областен комитет (во ова време носи име Покраински комитет) и неколку месни и окружни комитети". Големи резултати се постигнати во синдикалните организации со создавањето на активи. Резултатите не изостанаа: "Порано во скопската организација имаше 40 работници; сега во синдикатите има 1000. Основно друштво "Абрашевиќ", започна со приредби. Акции: во последно време 9 штрајка, 2 тарифни акции. Металците во борба 40 дена. Успех. Вториот метални штрајк 30 дена веќе трае. Искуството и овде покажа дека во синдикатите и во акциите успесите доаѓаат дури под раководства на Партијата. Во Велес, Битола, Куманово, имаме синдикати. Големи прогони во Прилеп, каде шо имаме 150 члена".

За состојбата на Партијата стои: "Во Македонија порано имаше Партија. Решение за организирање на Партијата е донесено на Советвуањето (Советувањето на Шмарна Гора, јуни 1939 година). Порано работата била слаба. Наименуваното биро од Советувњето речиси никогаш не се состанувало. Кога ЦК видел дека работата не оди, тогаш во март 1940 година испратиле помош. Во Македонија до март 1940 година (движењето) било нула; опортунисти брборливи интелекуталци, кукавици. Првите акции (пишувањето на пароли по ѕидовите) го разбија стравот кај Македонците од жандармите".

Во ова време постојат 16 организации во погоемите места, со 247 члена, од кои се 23 жени, со шшто се постигнати добри резулатати. Одржани се два пленума и една конференција, на кои се избра новото раководство. Организирани се акции на производителите на тутун и афион. На македонскиот празник Илинден КП организира акции за негово празнување, како и демонстрации против ненародниот режим.

По прашањето на Народниот фронт, Методија Шаторов не се согласил со ставовите изнесени во рефератот по националното прашање, кој го поднел Милован Ѓилас. Критички се осврнал по изнесениот став: "Рефератот е апстрактен. Референтот можел да го има материјалот. Македонците донесоа Резолуција на конференцијата. Имаат печатени документи. Во рефератот спротивност. Димитров пишува дека Народниот фронт во колониите и натаму останува. Референтот пак повикува само на сојуз на работниците и селаните, значи либералната буржоазија отпаѓа итн. Значи, го отфрлува Народниот фронт. Тој тоа го посматра шаблонски, на ист начин како на пример во Хрватска... Во Резолуцијата на конференцијата ние поставивме дека и средните слоеви и либералната буржоазија влегуваат во националниот фронт, сите со исклучок на шпионите и на империјалистичките агенти. Група од либералната буржоазија и самите бараа допир со нас. Селаните се основната маса во националниот фронт. Но има и друго: јазикот, културата итн., што го бара целата нација (и либерланата буржоазија)". [92]

Во ова време се издава билтен кој излегува еднаш месечно. Излезени се вкупно 4 броја. Првите два броја се печатени на српски и на македонски, а другите два исклучиво на македонски. По билтените излезе еден број "Искра", исклучиво на македонски јазик. Повиците, летоците, билтените и паролите, пишувани по sидовите на македонски јазик, ќе имаат големо влијание сред македонските маси за нивното подигање во борбата за национално и социјално ослободување, а со тоа ПК ќе се здобие со голем углед како раководител на борбата за ослободување.

Во документите од Петтата земска конференција на КПЈ дадена е оценка за постигнатите резултати на КПМ за времето од изборот на ПК во почетокот на 1940 година, односно таму стои: "На конференцијата во Македонија се покажа дека партиската организација во таа покраина за мошне краток рок прилично организационо се зацврсти штом ЦК КПЈ посериозно започна да дава своја помош и штом беа отстранети некои стари опортунистички и антипартиски елементи. По формирањето на

[92] Исто, стр.355-359.

Обласниот комитет (Покраински комитет н.з.) и создавањето на партиски организации во разни места на Македонија, оживеа и борбата на страшно експлоатираното македонско работништво и селанство. Покраинската конференција на Македонија, потоа учеството на македонската делегација наV конференција на КПЈ без сомневање ќе биде од големо значење за понатамошната работа и развиток на партиската организација во оваа покраина, каде што суровоста на националното угнетување нема граници". [93]

Во ноември 1940 година, од ПК на КПМ издаден е леток до македонскиот народ (Брајкја). Во овој леток се објаснува што носи двегодишната империјалистичка војна, која го зафати и Балканскиот Полуостров (војната помеѓу Грција и Италија). Во овој леток се вели: "Македониа под Грчко е напраена пепел от талијански бомби. Битола е исто така бумбардирана от страна на талијански ероплани". Понатаму се истакнува: "Во вакви критични минути големосрбите и големобугарите спорат чија е Македониа и кој треба да ја управува. Тоја спор се зафати по повод речите на П. Думанов во Народно Собрание (бугарското собрание на 21 ноември 1940 год.), кој рече оти Македониа требало да сјаи како драгоцен камен во короната на цар Борис. Српските шовинисти и поробители му одговориа, оти Македонија ке сјаи како елмас во короната на југословенскио крал... Целата големосрпска штампа, заедно со скопскио лист "Глас Југа" чији редактори сет македонски предатели шпиони, викнаа: "Македониа неа даваме на Бугариа, та е била српска и српска ќе остани" итн.

Првото нешто, кое бие на очи е признавањето од страна на српските големци да постои Македонија. Досега секогаш си го дереа грлото оти Македонија нема, а има само "Јужна Србија", а сега признаа оти Македонија има не само во Грција и Бугарија, ами и во Југославија. Ама сушноста на споро меѓу

[93] Собрани дела на Тито кн. 6, стр. 124. Белешка: Судирот помеѓу Методија Шаторов и Милован Ѓилас се појави и се изрази само во однос на македонското национално прашање. (Како да се поставуваат и третираат патиштата кои треба да се следат во однос на решавањето на македонското национално прашање.)

српските и бугарските шовинисти е кој да владеи во Македонија и кој да стрижи македонската овца".

ПК на КПМ во овој леток до македонскиот народ ќе истакне: "Господата от Белград и Софиа спорат за Македониа, а македонскиот народ ич не го питат. Тије поробители на Македониа имаат тепегјозлук да зборуат оти македонскио народ бил српски, бил бугарски и да Македонците немале историа, јазик и др. Македонските поробители лажат! Во сушност Македонците не сет нити Срби, нити Бугари, а сет само Македонци... Вие имате свои јазик, своа култура, свои традиции, песни и т.н. Вие имате славна историа и минато. Кирил и Методиа не беа ни Срби ни Бугари, а македонски Славјани кои дадоа писменост и култура на сите Славјани. Новата историа на Македониа е богата со борби за национална слобода, Илинден е најславнио пункт на Македонците за слобода и равноправие".

Во овој повик ПК е јасен. "Поробителите на Македонија ќе се раскинат да докажат оти Македонците биле слободни. Навистина пак во Македониа не постои слобода, а постојат апсани, џандари, ќотеци, национално претепуење, колониална експлоатациа, политичко ропство и безправие... От една војна помегу Југославија и Бугариа – за Македониа, ке страдат народите на двете држави... Во една таква војна Македониа ке смени само господарите си - ...Спасението на Македониа е во борбата за слобода во сојуз со сите народи и потиснати во Југославиа". Овој повик на ПК завршува со паролата: "Да живеи народната власт во Југославиа, која ке каи равнопрвие и слобода на Македониа! Да живеи слобдната македонска република". [94]

Овде се забележува дека за првпат во овој повик се употребува оваа порола за "слободна македонска република", а во претходните повици на овој ПК се употребуваше паролата "Да живеи слободна Македониа".

[94] Документи и материјали, стр. 361-363.

2. Балканските воени провокатори (бугарската, српската и хрватската реакција за Македонија)

Под овој наслов за истата проблематика што ја третира ПК во летокот до МАКЕДОНСКИОТ НАРОД од ноември т.г. пишува и Тито во почетокот на декември 1940 година, односно за апетитите на српската и бугарската монархија кон Мадедонија. Во овој напис стои: "И како што не ги прашаа версајските диктатори ни другите европски народи дали го примаат јаремот на версајските господари и угнетувачи (кои јаремот никогаш не го примиле, зашто со сила им е наметнат), така не го прашаа ни македонскиот народ, туку го предадоа на милост и немилост на најсурово национално угнетување".

Во условите кога почнува војната помеѓу Италија и Грција, кога апетитите на фашизмот растат за поробување на народи и со тоа се сака нова поделба во светот, растат и апетитите на бугарската и српската монархија за тоа чиј треба да биде украс Македонија". Понатака во овој напис стои: "Тогаш мораме посилно одошто кога и да било да им довикнеме на тие воени подбуцнувачи дека Македонија не е ни српска ни бугарска. Македонија, таа угнетувана земја, во која под српската национална хегемонија со години пати слободољубивиот македонски народ, изложен на најсуров терор, глад, однародување и експлоатација, таа со крв натопена земја не е тука за тоа да служи како украс на кралската круна на некого, ниту да биде мираз на српската или бугарската буржоазија, туку да биде ослободена од секое национално угнетување. Македонскиот народ се бори за своето национално ослободување и во таа борба даде досега тешки и крвави жртви. Нему, како ни на сите други угнетени народи, не можи никаква реакција да му ја задуши волјата за слобода, ниту да го уништи неговото право на самоопределување, правото самиот да управува со својата судбина". [95]

3. Повик "Тутунциите во Македонија", пишуван кон крајот на 1940 година, кога започнува кампањата за откуп на тутунот

[95] Собрани дела на Тито, кн. 6, стр. 108-111.

Покраинскиот комитет познавајќи ја материјалната положба на тутунопроизводителите и нивната експлоатација од страна на големосрпската монархија преку монополот за тутун, ги повикува на организиран начин да се борат за повисоки цени, а со тоа и против големата експлоатација. Во почетокот се опишува за денонокната работа за производството на тутун и се подвлекува: "Голема е маката на тутунџиите. Цели девет месеци усилен денонокен труд. По жешкото сонце, ветер и дожд, како искрстени, без огин, при студ работат чедата на македонскио народ да насадат, ископаат, оберат, нанижат и окалапат жолтио лист на тутуно. Тутуно, тутуно – зборот на устата со кој легнува и станува голем дел от македонскио народ. От тутуно се чека живејачка, от него се чека радос. Али напусто!"

Зборувајќи за положбата на тутунџиите (оти тутунот не е сопственост а македонскиот производител, дека е негова само маката, се наведува: "Зар не е плачка да купиш тутун за 20-30 динари, да го продаиш 300-400 динари? Зар не е плјачка да работиш алтан-(тутун) што се цени во тугјина скапо-да ти го земат за 2-3 банки, кој денеска немајат вредност ни за еден стар динар?" Се повикуваат тутунџиите да се борат за нивни повереници при комисиите за откуп на тутун, а не да ги поставува власта, кои ќе му служат за определување на ниски цени при откупот на тутунот. "Сами избор за повереницте беше само една шега за тутунџиите".

За положбата на селаните и тутунџиите уште се изнесува: "Македонскио селјак, македонскио произвогјач, тутунџиа, е нападнат от београдските крлежи, кој му е сиса крвта, грабат и дерат по неколку ваши от неговио грб. Тије великосрпски големци от потта и маката на Македонецо, стројат палати во Белград, добиват големи плати и пензии, живејат широк живот".

Покраинскиот комитет ги повикува тутунџиите на организиран отпор со овие зборови: "Време е вејке да се дај отпор на овој организиран од Белград арамилак и експлоатациа. Време е вејке да се дај организиран отпор и да се поведе решителна борба против плачкашите који осудуват на гладна смрт вас, вашите

жени и деца. Средствата за борба сет во вашите раце. Со кренати чела да се посака за арен тутун, арни пари... Обединете се во вашите тутунски здруженија, одбори, комитети и делегаци. Устројте собранија и демонстраци против ниските цени на тутуно, за 50 динари просечно килото тутун".

Карактеристични се паролите: "Долу белградските империалисти и плачкаши! Долу монополо! Навлегујте во одборите и комитетите за повишение на тутуно! сакајте 60 динари просечна цена на тутуно! свикујте собранија и демонстраци! слободно и напрво избрани от тутунците за секој кантар повереници! ДА ЖИВЕЈ СЛОБОДНАТА МАКЕДОНСКА РЕПУБЛИКА!" [96]

Овој повик на ПК до тутунциите ќе има голем одзив кај тутунопроизводителите и тие организирано ќе стапат во штрајк, а тоа се гледа од повикот "Скопјанни-работници и тутунции", каде стои: "Приатели, работници и тутунци, прилепските тутунци не можеа више да трнат тираниата на големо српските арамији и експлоататори и влегоја у штрајк, не носат тутун на монопол до дека не се поткренат цените на тутуно до дека не се исполнат нивните саканија. Прилепските тутунци сет сложни и солидарни сите у својата акциа. Само тројца измекари на српските шовинисти однесоја тутун на монопол.

Акцијата на прилепските тутунци и праведна! Тие се наога у борба за нивните права, за поголема цена на тутуно, за леп да однесат на своите жени и деца, који цела година се мачеле да сработат тутуновите лисја.

Прилепчаните фрлат јаремот, не држете го вие. Нивната борба е и ваша. То е борба за вашио и нивни опстанок. Дајте отпор! Искажете солидарност со прилепските тутунци тие се ваши бракја". [97]

Овие повици мобилизираат голем број од македонското население, затоа што производството на тутун било една од главните стопанска дејности за лица што обезбедувале

[96] Документи и материјали, стр.369-370.
[97] Исто, стр. 366-367.

материјална егзистенција од тутунопроизводството. Со големата експлоатација, преку ниските цени, населението се доведувало во голема сиромаштија и немаштија.

Покраинскиот комитет во почетокот на јануари 1941 година објавил повик до работничката класа во Македонија по повод забраната на секаква работа на класните Урсови синдикални организации. На 2 јануари владата донела решение за забрана на овие организации. Во повикот стои: "Наместо во овие тешки времина да се дај на работниците слобода на организирање, да се дај леп и дрва, да им се осигура мир, владата на крвници и убици, владата на 14 децембарско и 8 септембарско коление, станува во одбрана на капиталистичките интереси... Под овие услови за живот кога на пазар ги нема основните животни намирници како леп, маст, дрва и т.н. под условиа на огромна скапија и ниски надници, денеска кога е скапотиата забранени се класовите синдикални организации.

Ова затворање на класовите синдикати е голем удар за работничката класа во Македонија. Македонскио рботник зема најмала надница, најмногу е експлоатиран, најобесправен; без синдикат работниците знајат оти овој мизерен живот ке се повлоши". Во овој повик до работниците во Македонија ПК прави оценка на состојбите и ја насочува акцијата, односно ги охрабрува работниците за една организирана борба за своите класни права. "Работници, цврсто и солидарно како досега стегнете ги вашите редови и како еден станете во одбрана на вашите класни синдикални организации. Да збериме собраниа на протест, да посакаме нашите права". [98]

Покраинскиот комитет во јануари 1941 година објавува повик под наслов "Македонски работници, селани и граѓани" против концентрациониот логор Иваница-Меѓуречје, во кој се испраќаат повеќе од 600 македонски граѓани, обвинети дека не биле "добри Срби". За истата причина во Србија биле отворени уште два други логори за комунисти. Во овој повик на ПК до населението ќе се наведе: "Нов талас на реакција, на неправда и насилије зафати македонската земја. Но нови арести, мачениа и

[98] Исто, стр. 370-376.

особено концентрациони логори створени за Македонци кои сет подложени добрите синови на Македонија.

Српските власти во Македонија повејке от 20 години експлоатират, оголуват и ограбуват македонскиот народ, али от како зафати оваја Втора империјалистичка воина, експлоатацијата на трудот и стоките, особено на тутуно ие видлива за секого. Слепите видеја, глувите чуја и децата разбраја оти македонските производители на тутун, македонскиот селанец, беја ограбени по сред бел ден. Качаците, Турци и Арнаути беја по исавли отколку денешнети качаци дојдени од Србија и населени во Македонија. Оваја година тутуно го зедоја насила по цени колку што се продават копривите во пролетно време. Цела Македонија пишти и плачи, зато што трудот, зато што лебот од устата на децата е земен. После това или земајне на татковците, синовите и децата на македонските фамилии и сет пратени во концентрациони логори во Србија, натерани да работат по патиштата и тунелите... Црветковиќ при откривајне на радиостаницата Скопје на 27 о.в. рече: “Правда за сви и све”.НЕ ПРАВДА, А ГОЛО НАСИЛИЕ, АПСАНИ, ТЕРОР И КОНЦ. ЛОГОРИ СЕ ДАВАТ НА МАКЕДОНЦИТЕ!”.

“Македонци!”

Власта на српските великаши, реакционери и експлоататори е на ваш врат. Таја не ви дава слободно да работите, слободно да дишите, слободно да зборувате на вашио мајчин јазик: а ве прајка во конц логори, ве тепа, ве прследува. Вие можите да се спасите от ова али само ако се обедините и сите поведете општа, народна борба за слобода и демократичност во сојуз со демократичните партии и елементи во Србија, како и со потиснатите народи во Југославија, за решителна борба за демократична власт, која ќе се опре во надворешната политика на великио Советски Социалистички Сојуз.

Работници, работничи и македонски комунисти!

Вие, који сте најжестоко експлоатирани и гонети, вие, који сте во првите редови на борбата против тероро и насилијето – за

национална слобода, равноправие и социализам – стегнете поздраво својте редови и уште порешително се борете за стварајне не единен македонски демократски фронт, за мир, слобода и народни правдини, за народна правдини, за народна демократична власт во Југославија". [99]

Овие определувања на Покраинскиот комитет на Комунистичката партија на Македонија, а покрај тоа и паролите, кои се во овој повик исфрлени, ќе придонесат за мобилизација на македонските маси во борбата против српската монархија, а за национално ослободување на македонскиот народ. ПК ги следи политичките и економските состојби, како и војните во тоа време. Истиот навреме реагира, населението и организацијата ги информира за настаните, ги насочува акциите и мобилизира во борбата за остварување на целта.

4. Решение на проширениот Пленум на Покраинскиот комитет на Комунистичката партија во Македонија

Проширениот пленум на Покраинскиот комитет на Комунистичката партија во Македонија, по ислушувањето на рефератот на делегатите на V земска конференција на КП Југославија, реши: "Еднодушно се примаат решенијата на Петтата конференција, политичката линија и тактика како и сите мерки што се преземени на планот на форсирањето на масовната работа, нејзиното влијание и нејзинтото проширување меѓу широките маси во Македонија. Се подвлекува дека успесите на Партијата во последната година дадоа можност да се одржи V земска конференција, која има колосално значење за развојот на Партијата. На овој Пленум кој е одржан во јануари 1941 година, покрај решенијата за организационото зацврстување на партиските редови, како и нивното чистење од опртунистичките и други елементи, како посебна политичка задача пред КПМ, Проширениот пленум го поставува создавањето на македонски демократски фронт со сите антиимперијалистички групи и елементи за влегување во општиот демократски фронт на Југославија врз база на сојузот

[99] Исто, стр. 377-379.

на меѓусебна помоп и пријателство со СССР, за мир и демократија, за народната власт во Југославија.

Пленумот исто така потцртува дека "Комунистичката партија во Македонија ниту за момент не се откажала од својата крајна цел: полно ослободување и рамноправност на Македонија, дури до барањето, до отцепување во самостојна државна заедница".[100]

Решенијата на овој Пленум се конкретни и со јасно определување за решавање на македонското национално прашање. ПК и Пленумот со своите решенија ги застапуваат трајните интереси на македонската национална самобитност и се доследни за остварување на историските идеали на Македонците за организирање на самостојна, независна македонска државна заедница на сопствената македонска земја, како едно цело тело кои со векови живеело и егзистирало се до 1912 година.

Повикот издаден во февруари 1941 година "ДО РАБОТНИО НАРОД И СЕТА ЧЕСНА ЈАВНОСТ" е против власта на Цветковиќ-Мачек и нејзините преземени мерки, која сака да ја скрши борбата на работничката класа и да ги задуши народните маси кои се борат за подобар живот. "Не бирајќи средства во оваа борба против својот народ, со цел да му се обезбеди непречено богатење на војните шпекуланти и да се додвори на своите господари од Берлин и Лондон, власта на петтата колона, на глад и скапотија, се повеќе гази во крв."

Во повикот стои: "Денеска се убива народни борци по сокаци од пусија, се претепува и во иследните судски затвори. А во полицијските затвори отепуењето е редовна појава... Ама ни апсејната, претепувејната, бркајната, ни забрана на синдикалната организација не е задушна народната борба, а не можеја да умртва жилавоста и верата на оние кои се бореа за поарен живот на својо народ... И генералите-петоколонашите извршиа заповета на своите господари-капиталисти, донесено е решение да се отвора воени концентрациони лагери.

[100] Исто, стр. 381-382.

Работен народе работна младеж!

Не дозволувајте да вашите најарни борци бидат затворени за бодликавите телови на концентрационите лагери. Организирајте борба против тие работни лагери, покренете својата силна снага против тероро и реакцијата, зашто борејќи се против това, вие се борите за поарен живот. Одговорете достојно на борбената традиција на работничката класа, организарајте протесни акции против овој нечуен удар на вашите животи, на животите на вашите фамилии..." А работните селани и селанки се повикуваат: "Не дозволувајте да така пропагат животите на вашите најдобри и најсвесни другари и синови". До војниците, подофицерите и офицерите, во повикот стои: "Вие не смеете да приемите ролјата на крвави слуги на уште покрвави господари, вие не смеете да станите џандари и полицајци". До сите чесни лугје и сета чесна јавност: "Ве викаме сите во борба против заведувањето војни концентрациони лагери, кој преставуваат спремање земјата за војна или за нејзина капитулација, да се подигнат својте гласови и јасно и отворено да се протестират против ова зверство" [101]

Активноста на ПК на КПМ многу ќе придонесе за афирмација на македонската национална индивидуалност, во редовите на КПЈ, односно помеѓу раководството кое долги години немаше заземено јасен став по македонското национално прашање, а тоа се гледа од извештајот од септември 1939 година, од Тито до КИ кој гласи: "Сега е особено важно да се постави македонското прашање и прашањето на Црна Гора, каде што италијанскиот фашизам цврсто зачекорил и каде што и со помош на своите агенти спроведуваат своја пропаганда. Актуелноста на решавањето на македонското и црногорското национално прашање беше дотолку поголемо што на Југославија се понепосредно и се заканuваше опасност од италијанскиот фашизам, особено по окупацијата на Албанија (април 1939)". [102]

[101] Исто, стр. 382-384.
[102] Собрани дела на Тито, кн. 5, стр. 10 и 269.

Во почетокот на јануари 1941 година Тито во написот "Против проширувањето на војната на Балканот – за слобода и рамноправност на македонскиот народ" истапува со јасен став: "Македонците не се ни Срби, ни Бугари, ни Грци: тие се Македонци. Како посебен народ имаат право на самоопределување до отцепување, имаат право на своја слобода и самостојност како и другите народи на Балканот... за неговото ослободување и обединување". [103]

Овие ставови на Тито во потполност се поклопуваат со ставовите на ПК на КПМ искажани во неговите документи објавени во 1940 година.

Резултатите на македонското револуционерно движење во 1940 година ќе предизвикаат голема загриженост кај српската монархија, а тоа се гледа од извештаите на одредени државни органи. Во збирниот извештај на Штабот на III армиска област од 28 јуни 1940 година, за положбата на територијата на вардарската и брегалничката дивизиска област, стои: "Со поддршка на други приврзеници на Македонија смислено ја буди и шири македонската национална свест. Крајната цел е јасна... Долги се списоците што ги прилагам кон овој извештај на оние што се појавиле како државни противници, било како сепаратиси или како комунисти... Должен сум овде да го кажам и ова дека би било потребно и од редовите на војската (ифицери, подофицери) поголемиот број од домородците (термин за Македонците) да се преместат од овие краишта".

Предлози и мерки: "Да не се лута со мерките против комунизмот. Погрешно е да се верува дека ние не имаме комунизам, како што тоа често се слуша од сериозни луѓе, а виситната е дека тие (комунистите) се најголемите државни непријатели". [104]

ПИСМО

---

[103] Исто, кн. 6, 167.
[104] Документи за борбата на македонскиот народ а самосталност и за национална држава, том II, стр. 31-33. (понатаму Документи).

Од "Полковник и бивш народен пратеник" до претседателот на Министерскиот совет на Југославија, Драгиша Цвековиќ од 8 јуни 1940 година. Лично. Строго доверливо.

Почнува: "Како повеќегодишен народен пратеник на нашиот Југ, како офицер кој учествувал во сите воени судири, низ кои со скапо платена крв, се дојде до драгоцената придобивка Јужна Србија, и најпосле како потомок на предедовците од оваа наша Дедовина... да ви ја разјаснам положбата на тамошната денешнина, та како единка да го потпомогнам спасувањето на српскиот Југ.

Духот на сепаратизмот со идејата на создавање на слободна Македонија во таква мера е навлезен, што без преувеличување можи да се кажи дека се наоѓа на својот врв, и дека би било доволна само една искра па тој дух да дојде до израз. Ова особено важи за младината, која можиме слободно да кажиме – за нас е наполно загубена". [105]

Во ова писмо се наведуваат конкретни активности на Македонци кои јавно настапубале за создавање на слободна Македонија, го наведува говорот на Методија Андонов-Ченто на пленумот на Трговската комора, на кој присуствувале околу 60 советници. За професор Епаминонда Јовановиќ се вели отворено и без пречки дека врши пропаганда во корист на слободна Македонија, на 19 мај о.г. на периферијата на Скопје во Топана одржал собир.

Овие документи на загрижените големосрби покажуваат за големата активност на македонското револуционерно движење во 1940 година (преку штрајкови, демонстрации, празнување на Крушевската република, како и јавни настапи на одредени личности,) со барањето за слободна Македонија.

Големата загриженост на српската монархија (за состојбите во Македонија) се гледа од писмото испратено до Новаковиќ, гувернер на Народната банка во Белград, а на летување во Охрид, во јули 1940 година, од големосрпската младина. Во ова

[105] Исто, стр. 167-168.

писмо стои: “На вас је пала тешка дужност! Српска омладина напоена јунаштвом својих--- великих великана одлучила је да на тајно решење наше државе од --- револуционерне македонске омладине одговори осветама. Свима нама је познато да нас Македонци мрзе из свег срца и да желе да се сједине са Бугарима. Сви се они варају. Јужна Србија је наша постојбина, наша---. То је величина неше славе... Бориќемо се до последне капи крви. На последној нашај тајној седници одлучили смо да приступимо при.... Из најглавних места Јужне Србије морају нестати највиќенији.” [106]

Во ова писмо се наредува на конкретни лица да убифаат со труење на видни Македонци кои се сметаат опасни за српската монархија, а за Охрид се именуваат и лица кои треба да бидат ликвидирани на овој начин.

По повод ова писмо во Билтенот на ПК на КПМ од 20 јули 1940 година под наслов “МАКЕДОНЦИ НА ШТРЕК” стои: “Македонски народ: Тој се борел и против Српското, Бугарското и Грчкото владичество во Македонија. Да оставиме на страна што било пред векови. Самите великосрпски младежи сега признаваат оти Македонците не сакаат да бидат под Српско ропство и чекаат момент да се ослободат. Тоа е најсилно доказателство оти Македонците не се Срби. Тие сет само Македонци и такви ќе си останат. За да си останат Македонци, слободни, от никого непотиснати и не експлоатирани тоа е смислата на македонската борба.

За това, оти великосрбите, лејале крв – не се криви Македонците. Никој не ги терал, никој не ги канел великосрбите да дојдат во Македонија. По таја причина требат да си идат, да се исчисти Македонија од српските шовинисти.

Македонци! разобличете ги пакленитe замисли на великосрбите, а истакнати Македонци на штрек! на борба!” [107]

Во овој билтен, во прашањата што се третираат се гледаат јасните ставови на ПК по македонското прашање, а тоа може да

[106] Билтен на ПК КПМ од 20 јуни 1940 година.
[107] Исто, бр. 1, стр. 21-23.

се види и од оваа констатација: "Се е поцврста заедничката борба на Албанците, Турците и Македонците против секакво угнетување (сваког угнетача) без разлика од која страна, дојдува од Србија, Бугарија, Грчка или Италија. – Ова е не мала заслуга на нашата партија". [108]

Покраинскиот комитет во септември 1940 година издава напис под наслов "ПОЛОЖЕНИЈЕТО И НОВАТА ОПАСНОСТ НА МАКЕДОНИЈА". Со оглед на неговото значение за ставовите на ПК, поголем дел ќе цитирам од него, без да коментирам Овде стои: "Специјално за Македонците постој истата опасност како за другите народи во Југославија да станат робови на Германците и Италијаните, но под превезот на Бугарија. Бугарија е галено дете на Хитлер и Мусолини, Бугарија има аспираци над Македонија и се готви да е земи под помоштта на Германија и Италија. Се праша што ќе добијат Македонците од едно такво сменување на господарите од сменувањето на империјалистите кои ја душат и ќе ја гушат и утре. Со преминувањето на македонците под власта на цар Борис, апсолутно нема да се измени посуштествено положението на Македонија.

На место српските џандари, ке има бугарски, на место српски порезници ке имат бугарски и т.н. Македонците ке бидат прследувани од бугарските власти, така како што се денеска прследувани од српските империјалисти. Бугарските џандари не помалку умејат да псуват "вашата мамка македонка!"

Оти точно ново ропство за Македонците претставува преминувањето им под Бугарска властнека послужи за пример оваја част, на Македонија која е под бугарска власт – Петричко. Цели 28 години од како Петричко е во Бугарски раце. Тој крај неје напреднал ни во едно направлениje. Македониците во Петричко исти како Македонците под српско сет колониа. Насилието је многу поголемо од колку во стара Бугарија, а за права и слобода да не се говори. Од војната наваму сет истепани околу 3 илјади најнапредни, најверни синови на македонскиот народ, само зато зошто нејкеја да бидат

[108] Исто, стр. 3.

поробени, некеа да бидат експлотирани колонијално, а сакаја слобода и равноправије.

Длабоко можи да се разбери оти можи да биди само оној народ носител на слободата, који сам се ослободил". [109]

Со изнесеното во овој напис ПК го повикува македонскиот народ во борба сам да си ја избори слободата и да не чека никого, го повикува во борбата против српската и бугарската монархија, односно во борба против бугарското и српското колонијално ропство, а се подразбира со тоа и против грчкото.

5. Народи на Југославија! Проглас на ЦК КПЈ по повод априлската војна 1941 година

Во овој документ најголемо внимание му е посветено на хрватскиот народ, иако го носи горниот наслов. Во него се истакнува: "Знај, хрватски народе, дека историјата со презир ќе ги осуди тие што твојата божемна независност ја градат со јудини талири и врз ропството на своите крвни браќа-српскиот, словенечкиот и другите народи". Македонскиот народ не се спомнува на ова место. Понатаму по подолго објаснување за положбата на хрватскиот народ, стои: "Народи на Југославија – на Србија, Слобенија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Македонија и Војводина! Вие, кои се борите и гинете во борбата за својата независност, знајте дека таа борба ќе биде крунисана со успех, па макар вие сега и да подлегнете во таа борба против надмоќниот непријател". [110]

Во телеграмата на Георги Димитров до Јосип Броз Тито од 22.III.1941 г. се вели: "Препорачуваме да се заземе решителен став против капитулацијата пре Германија. Да се поддржува движењето за сенароден отпор спрема на воена наезда. Да се бара пријателство со Советскиот Сојуз.

Не е потребна сега општобалканска декларација и нема потреба да се истакнува специјално македонското прашање. Да се

[109] Билтен на ПК КПМ од септември 1940 год. бр. 3, стр. 1-3.
[110] Собрани дела на Тито, кн. 6, стр. 243-245.

истакне паролата за борба против националното угнетување и за ослободување на национално потиснатите народи”. [111]

Во телеграмата испратена од Димитров до Тито од 22.III.1941 година, само по пет дена, стои: “Изрично советуваме на оваа стапа да се ограничите на интензивно и умесно објаснување на масите за ставот што сте го зазеле, но откажувајќи се од улични демонстрации и на секој начин избегнувајќи оружени судири на масите со властите... Вниманието насочетего на објаснување на нашите принципи и пароли, на нашата комунистичка политика; на зацврстување на Партијата, на збивање и организирање на силите на работничката класа. Не истрчувајте се. Не ставајте ја под удар и не фрлајте ја предвремено во оган авангардата на народот... Уште ни оддалеку не настапил моментот за решителен судир со непријателот”. [112]

Поради овие становишта покасно ќе дојде до недоразбирање помеѓу ПК на КПМ и ЦК на КПЈ по прашањето за одбрана на постојните граници на Југославија.

ЦК на КПЈ во првата половина на март 1941 година издава леток под наслов “ПРОТИВ КАПИТУЛАЦИЈА” – ПАКТ ЗА ЗАЕМНА ПОМОШ СО СОВЕТСКИОТ СОЈУЗ” со кој повикува: “Работници, селани, граѓани, војници, подофицери и офицери на Југославија! Против империјалистичките разбојници од двата војувачки табори, како англискиот, така и германско-италијанскиот кој го пренесоа своето крваво воено оро на Балканот”. Објаснувајќи ја состојбата и положбата на народите, се предлага: “Денес треба погласно од секогаш сиот народ да го крене својот глас на протест секој обид на капитулација пред барањата на германско-италијанските империјалисти, како и против секој обид готовноста на народите на Југославија да ја бранат својата слобода и независност да се спрегне во колата на англискиот империјализам. Пред нас сите денес неумоливо се поставуваат само две можности: или народите и работните маси на Југославија ќе успеат во дванаесеттиот час да извојуваат пакт за заемна помош со Советскиот Сојуз и со тоа ќе ја спасат својата

[111] Исто, стр. 277.
[112] Исто, стр. 277.

независност и мирот; или режимот Цветковиќ-Мачек ќе ги одведе народите на Југославија по патот на војна" [113] Се повикува на организирање на протесни собранија и митинзи со цел да му се објасни на народот дека секое распарчување на земјата на народите на Југославија може да им користи само на империјалистичките воени експлоататори и освојувачи, а дека треба да се борат за полна слобода и равноправност на угнетените народи и национални малцинства на Југославија.

Против пристапувањето на Југославија кон Тројниот пакт или кон англискиот империјалистички блок. За неодложно склучување пакт за заемна помош на Југославија и Сојузот на ССР. За овој леток стои дека е пишуван во почетокот на март месец, а дека е објавен и растурен во средината на истиот месец. Но, имајќи ја предвид телеграмата на Димитров до Тито испратена на 22.III.1941 година, по се изгледа, е пишуван по добивањето на телеграмата.

На 30 март 1941 година ЦК на КПЈ издава леток под наслов "НАРОДИ НА ЈУГОСЛАВИЈА" во кој се вели: "Овие денови бевме сведоци на нечуеното предавство над народите на Југославија од страна на минатата влада на Цветковиќ-Мачек... и пристапи кон Тројниот пакт на Оската. Под силниот притисок на народниот револт на чело со КПЈ, таа против народна предавничка влада заедно со Павле Караѓорѓевиќ беше урната и ја замени новата влада на Душан Симиќ, од која народот има да очекува дека ќе ги изврши негоите барања кои за народните маси преставуваат прашање за нивните слободи, за нивната независност, нивниот опстанок, нивниот живот, за нивниот спас од војните стравотии, барања што значат мир, леб и слобода". Понатаму се вели: "Дојде до промена на владата, но се уште не се гледа јасна промена на досегашната внатрешна и надворешна политика. Новата влада уште не се изјаснила за тоа како ќе се однесува спрема Советскиот Сојуз, дали ќе го раскине предавничкиот и капитулантскиот договор за пристапување кон Тројниот пакт кој претставува срамота и понижување на нашите народи". На крајот се извлекува заклучок: "Не сакаме империјалистичка војна, не сакаме да бидиме оружје во рацете

[113] Исто, стр. 233.

на англиските империјалисти, како што не сакаме да бидеме робови на германските империјалистички освојувачи и крвници на многубројните поробени народи! Сакаме мирен, слободен и достоен живот кој во овој момент можеме да го осигуриме само ако се потпреме на Советскиот Сојуз, ако им се дадат на народите на Југославија демократски и национални права и слободи". [114]

Во овој леток поголем простор е издвоен за проблемите на хрватскиот народ и посебно се повикуваат работниците, селаните-граѓаните на Хрватска. За другите народи во Југославија нема ништо посебно, а македонскиот народ воопшто и не се спомнува. Се зборува за соборување на претходната влада и на Павле Караѓорѓевиќ, а не се кажува дека новата влада дојде и го зазеде престолот Петар Караѓорѓевиќ и се прогласи за полнолетен крал на СХС кој бил во тој момент на англофилска линија. Зар можело да се очекува од една ваква влада на чело со монархот да ги задоволи интересите на народот? Во овој однос се поставува, пред се, прашањето на одбраната на земјата од страна на народот кога не е формирана народна влада, туку влада на монархија која стои на страната на англискиот империјализам. Во телеграмата испратена од Димитров до Тито од 29 март 1941 година стои: "Изрично советуваме на оваа етапа да се ограничите а интензивно и умесно објаснување на масите за ставот што сте го зазеле, но откажувајќи се од улични демонстрации и на секој начин избегнувајќи оружени судири а масите со властите... Не истрчувајте се... Не ставајте ја под удар и не фрлајте ја предвремено во оган авангардата на народот. Уште ни оддалеку не настапил моментот за решавачки судир со непријателот". [115]

6. Писмо од Методија Шаторов од мај 1941 година до "Стојана"

Во ова писмо Шаторов, секретар на ПК на КПМ, ги искажува оценките и ставовите по окупацијата на Југославија од страна на фашистичка Германија и Италија. Во него стои: "Последниве недели, две големи империјалистички држави: Германија и Италија нападнаја две балкански држави (Југославија и Грција)

[114] Исто, стр. 239.
[115] Исто, стр. 278.

и со млненосни удари разбија армиите и ги окупираја". Изнесувајќи свои гледања за причините, за брзото распаѓање на Југословенската армија, за состојбите во Македонија констатира: "Како резултат на војната и наша Македонија е окупирана од германски, италијански и бугарски војски. Овај факт нас не интересуе како Македонци, кои половина век сме се бореле како Македонци, за национално и политическо ослобождение, како последователи на водачите и основателите на македонската внатрешната организација на чело со Гоце Делчев, Јане Сандански, Ѓорче Петров, Пере Тошев и Димо Хаџи Димов". И понатаму во своето искажување следи: "Јасно е како бел ден, оти Македонците не се борат само за да имат свој попови и даскали... Македонците се борат за своја национална и политичка слобода. Некој Македонци-врховистите сакајат да кажат, оти борбата на македонците е свршена со окупацијата на Македонија от страна на германски, италијански и бугарски војски. Дали това е истина. Но, ни не може да биде, зато што Македонија не доби ни национална и политическа слобода. Денеска не само Македонија, ами целиот Балкански Полуостров (без турска Тракија) е окупиран од армиите на Германија и Италија, со прилепените бугарски војски". Изнесувајќи се за постапките на бугарската окупаторска администрација, која од друга страна се прикажува како ослободител, Шаторов констатира: "Со право се праша секој честен Македонец: Каква ли е оваја слобода, штом Шумадинците се заместени со Бугари, а Македонците се држат под карантина". Анализирајќи ги состојбите во Македонија по окупацијата, во ова писмо Шаторов за излезното решение за решавање на ова писмо Шаторов за излезното решение за решавање на македонското прашање заклучува: "Праша се што да се чини. Одговор е само еден: да се обединат сите Македонци и други народности во Македонија за општо своје право за слобода и равноправност, но не цепење на македонската земја и македонскио народ. За таја своја слобода и равноправност Македонците треба да се борат заедно со Бугарите, Хрватите, Србите, Грцијте и Црногорците на Балканскио Полуостров, зато судбината денеска им е еднаква... Балканските народи денеска изгубија својата слобода и независноста и сите сет окупирани од тугји војски, затова и борбата за слободата треба да биде општа... Како што слушам

не си бил задоволен од "слободата". Ти си во правото, зато што во Македонија се променија само управниците, а не и системот... Се што е наше ни с прететавуе како да е било бугарско". [116]

7. Проглас на ПК по повод нападот на СССР

Во прогласот на ПК на КПМ по повод 22 јуни 1941 година, под наслов "МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ, НА ШТРЕК!" стои: "Зафати се војна од страна на фашистичките империјалистички сили Германија и Италија против великата земја на советските социјалистички републики". Оценувајќи ја состојбата на почетокот на војната, помеѓу СССР и Германија, како и положбата на Балканот во ова време, за Македонија во овој проглас стои: "Работници, еснафи и интелигенцијо... Вие сами се убедивте на вешите плекји, оти Немците и нифните ортаци, Бугарите, дојдоа не да донесат слобода на Македонија, а да ја оплјачкајат и поново поробат. Сите македонски богатства, сиот труд на Македонецот што беше собран од српските великани во монополите, складовите и амбарите беја оплјачкани и кренати во Германија... От горе на сето това на Македонците е забранено да се викаат Македонци, а македонската култура и целата македонска 50-годипна борба за слобода и равноправие от страна на бугарските завоеватели се претставуе не како македонска, а како бугарска. Насилието против Македонците от страна на бугарските власти зафати... Има тепани без причина само за това што се викаат Македонци... Готват се големи насилија и арести над Македонците".

Во овој проглас се повикуваат и македонските селани: "Вие, кои бефте експлоатирани от големосрбите, вашите тутуни, афиони, оризи и жита земени на најниски цени а земјата ваша беше разделена на четници, офицери и национални герои, не се чувствувате ни економски ни национално политички слободни. Заробената ваша земја от великани и колонисти се зима от бугарската држава. На таја земја от населениците, бугарското правителство готви насилно да дотера и пресели од северна Бугарија селјаци, за да можело да претопи Македонците.

[116] Извори, том I, кн. 1, стр. 13-18.

Бугарите врват по стапалата от Србите... Страшна експлоатација и грабеж ве чека. Се ке се носи во Германија и Бугарија, а македонскио народ ке гладува и не ке можи со пиперки и лук да се најади".

Во поднасловот до МАКЕДОНЦИ, ТУРЦИ, АРНАУТИ и ДР. се повикуваат со овие зборови: "Во овија решителни сатови за целото човечество, кога се решава судбината на народите за вечни времина – должност е на македонскиот народ, заедно со другите народи, да ја покажи својата солидарност, своите симпатии спрема великио советски народ, зато што таму е изградено братството и равенството на народите за који братство, равенство и слобода нашио македонски народ даде илјади крвави жертви... Борбата на СССР против Хитлера е и ваша борба, за слобода, за правда и равноправие против фашистката диктатура, против империјализмо и колонијалното ропство... Хитлер треба да биде тепан! Треба да се спасат от напаста не само СССР, но и сите потиснати народи во Европа. Дошол е саатот сите мали народи вклучително и македонскиот да се ослободат от јаремо на Немците и Италијанците. Треба да бидат тепани и бугарските фашисти, који се спремаат заедно со Хитлера да се борат против СССР". [117]

По нападот на фашистичка Германија на СССР, покрај прогласот на ПК на КПМ, проглас објавува и ЦК на КПЈ. Тука потребна е компарација на овие прогласи затоа што покасно е предизвикано одредено несогласување (и обвинување), а за тоа ќе стане збор покасно во овој текст.

Во прогласот до РАБОТНИЦИТЕ, СЕЛАНИТЕ И ГРАЃАНИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА! се вели следново: "Во раното утро на 22 јуни разузданите германски фашистички бандити ја нападнаа големата и мирољубива држава на работниците и селаните, Советскиот Сојуз... Не дозволувајте да се пролева драгоцената крв на херојските советски народи без ваше учество. Ваши пароли мораат да бидат: ниеден работник или работничка не смее да појде во фашистичка Германија, со својот труд да ги јакне силите на фашистичките бандитие. Ниеден топ, ниедна

[117] Исто, стр. 19-22.

пушка, ниедно ѓуле, ниедно зрно жито итн. не смее во ваша помош да дојде во рацете на фашистичките злосторници". Во поднасловот "Срби, Словенци, Црногорци, Македонци и сите други пробени народи на Југослација!" стои: "Вие што стенкате под окупаторската чизма, сите вие што ја сакате слободата и независноста, кои не го сакате фашистичкото ропство, знајте дека удри часот на вашето скорешно ослободување од фашистичкиот освојувач... Борбата на Советскиот Сојуз е и ваша борба, зошто тој се бори против вашиот непријател под чиј јарем вие стенкате... Комунисти на Југославија! Не двоумете се ни момент, туку итно подгответе се за таа тешка борба. Веднаш приспособете ги своите организации и нивната работа за тој последен бој. Преземете се што подобро да ги обезбедите нашите драгоцени кадри кои денеска ни се потребни во таа борба повеќе од кога и да е... Застанете на чело на работниците и национално угнетените маси и водете ги во борба против фашистичките угнетувачи на нашите народи... Напред во последниот и решавачки бој за слобода и среќа на човештвото". [118]

Прогласот, објавен од ПК на КПМ по повод 22 јуни 1941 година, кога СССР е нападната од Германија, според податоците е самостоен акт на ПК, односно го нема добиено прогласот кој го издава ЦК на КПЈ, но го добива покасно, а тоа може да се види од податокот дека Л. Колишевски, испратен од ЦК во Македонија, се вратил во Белград на 23 јуни 1941 година, кој поднесол извештај за состојбите во ПК, кога на крајот на јуни тито одржува состанок со членовите на Политбирото, и мора да е по 27 јуни, зашто на овој ден имало седница Политбирото, ова прашање не е поставено. Во овој однос, значи, крајот на јуни, ако имало седница, зашто записник досега не е објавен, не се знае кој се присуствувал на истиот и што е решено. Било одлучено Л. Колишевски повторно да дојде во Македонија и тука да ја спроведе одлуката на ЦК КПЈ и да го однесе Прогласот на ЦК по повод нападот од Германија врз СССР. Од ова можи да се заклучи ПК не знаел за прогласот на ЦК КПЈ по овој повод. [119]

---

[118] Собрани дела на Тито, кн. 7, стр.55-59.
[119] Исто, стр. 335.

Во прогласот на ЦК на КПЈ од 22 јуни уште не се повикува на вооружено востание, но само на подготовки за востание, а тоа го прави и ПК на КПМ во својот проглас. Ова се потврдува и од извештајот на Тито до ИК на КИ кон крајот на јуни 1941 година, со кој се известува за донесениот проглас по повод нападот врз СССР. Но стои и ова: "Ние подготвуваме народно востание против окупаторот, зашто народот е подготвен за борба. Јавете ни го вашето мислење за тоа. Оружје имаме доста малку. – Има ли можност наскоро да го добиваме?" [120]

На 2 јули 1941 година ПК издава проглас до македонскиот народ во кој се известува за одредени состојби: "Десет дни се води крвава борба мегје два света – старио свет на фашизмо-империализмо и новио свет, револјуциониот светот на социјализмо". Во основа со овој проглас се разобличува германскиот фашизам, а се популаризира борбата на СССР. Во тој однос стои: "Да е Хитлер империалист, грабач, заробител и потисник, вие сами се убедивте от неговата политика во Македонија и от политиката на неговите бугарски вазали – фашистичката клика во Бугарија на чело со Министрите. СССР денеска, после Хитлеровското нападение, пролева крвта за заштита на својата земја, за заштита на Социалистичката татковина, за ослобождението на народите от фашискио јарем, за слободата на балканските народи и за слободата на нашата многуизмачена Македонија. СССР се бори не за да се дај Македонија на Англичаните и на Петра Карагоргиевичи (Српските империалисти), а да биди Македонија Советска! Това е истината!" Таја истина сакајат от вас да ја скријат, за да сте врагови на СССР, за да можат германските завоеватели да ве јаваат, да ви дерат кожата, да ве оголат и држат во ропство". Што се однесува за бугарската власт во Македонија во прогласот стои: "Бугарската фашистка власт, заедно со македонските врховисти-фашисти, секој ден преджвакат хитлеровските лаги".

ПК, завршувајќи го овој проглас до македонскиот народ, убедливо во своите ставови, и решително, тврди: "Вие требе да знаете, оти Црвената армија и СССР нема да бидат победени, а

[120] Исто, стр. 61.

та ке биде победителка на фашизмо. Борбата ке биде тешка со многу жртви, али СССР ке победи, зато што тој е носач на новото, револуционото, против какпитало и спекулантите – за слобода и социјализам". [121]

Проглас од ПК на КПМ до македонскиот народ, размножен во јули 1941 година, под насловот "Пријатели на Советскио Сојуз!"

Во него се истакнува: "Сите знајте оти германските империалисти нападнаја народите на Советскио Сојуз... Народот во Македонија покажува како виновен (кривец) Хитлера. Али на това неодобрение, недоволство от политиката на фашизмо сред македонските маси-бугарските империалисти и поробители, заедно со германските агенти на гестапо преследујат и апсат пријателите и симпатизерите на Советскио Сојуз. Страшен терор се врши. Бугарските полицајци и германските Гестаповци, верни на своите методи за потискане и мучене на бугарскио и германскио народвршат истото и во Македонија. Има случај у скопската полиција на млади македонски синови да се врши ужасно насилие... Бугарската и германската полиција прибегнујат кај методите на српските потисници, а от друга страна како за мајтап говорат "ослободифме ве поробени бракја от Србите". Во продолжение на овој проглас под наслов "ДРАГИ БРАКЈА", се констатира: "Вие сами осетифте на вашио грв "слободата", која донесоја Германците и Бугарите. Вашето положение е лошо. Вие сте страшно ограбени от власта и от спекулантите. Слободата, за која сте се бориле цели 50 години не е добиена. Вие добивте ново ропство, ово насилие, нов терор. Вашите децасинови от Скопје и Битола лежат уште по зандaните на Косовска Митровица и другите апсани под власта на германските фашисти... Нифната кривица беше и е, оти се бореја против српските поробители и империјалисти за слободна Македонија... Каква разлика има измегу бугарските и српските потисници?

[121] Извори, том И, кн. 1, стр. 23-25.

Насилието и теророт што се вршат денеска над македонскио народ нема да скрши вашата волја, вашио стремеж за слободата и поарен живот... Македонскиот народ многу е видел, многу е пренесол, многу е страдал, ке понеси и овија нови мученија. Сатот з македонската слобода брго, многу брго ке удри. До тогај, до како удри тоја сат, долг е на сите Македоници, на сите пријатели на СССР, који следат со задржан дуф во градите великата борба на Советските народи против фашизмо, - да помогнат кој со што може на жртвите за слободата на Македонија.

"Собирајте и предавајте пари, алишта и храна за македонските мученици и славни синови!"

Овој проглас ќе биди завршен со паролите: "ДОЛУ ТЕРОРО И НАСИЛИЕТО НАД МАКЕДОНЦИТЕ! ДОЛУ ВАРВАРИТЕ ОТ ГЕСТАПО И БУГАРСКАТА ПОЛИЦИЈА! ДА ЖИВЕЈ СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА!" [122]

8. Проглас на ПК за прославување на Илинденското востание

Пред 2 август 1941 година Покраинскиот комитет на КПМ издава проглас до македонскиот народ под наслов: "До Македонците, Турците, Арнаутите и Власите! Оваја година се навршујат 38 години от великото и славно Илинденско востание". Објаснувајќи го значението и целта на Илинденското востание од 1903 година, како и неговото традиционално празнување секоја година се повикува неговото прославување да продолжи и оваа година. Меѓу другото во прогласот стои: "Илинден е денот на македонската револуција, прва во новата веке освестена историја на македонскиот народ, кои не сакаше веке да поднесуе срамното ропство, не сакаше да се мири со судбината си, со насилијата, убиствата, грабежо, рушвето и скотската експлоатација от страна на чифлик-сајбите и турската гнила администрација".

Во продолжение стои: "Илинденското востание и Крушевската република беја дело на македонскио народ, али не дело како

[122] Исто, стр. 26-28.

што сакајат да го престават врховистите-денешни македонски фашисти, нито дело на бугарската држава. Бугарските фашисти-сакајат да украдат Илинденското знаме от рацете на истинските македонци, сакајат да фалшифицират македонската историа... Македонскио народ се бореше не за монархија, не за султан и цар, но се едно каков било тој, дали Турчин или Немец, а за СЛОБОДНА МАКЕДОНСКА РЕПУБЛИКА, како равноправна членка мегју сите комшијски балкански држави. Зад секој цар, па и зад бугарскиот цар Борис се крие бесправие, диктатура, терор, насилие и ропство... Се што е убаво македонско во македонската борба и македонската историја, - бугарските фашисти го зедоја и представија како бугарско: Св. Кирил и Методија, Гоцета Делчев, македонските револуционерни борби, македонскиот јазик (јазикот ни бил: "кршен и звучен блгарски език") Македонската култура и традиции се представуват како бугарски, а от друга страна ве терајат да учите нифниот бугарски език... Вие видофте со вашите очи што за - "слобода" ви донесоја Хитлер и бугарските фашисти. Па и вашето право кое било закердено во најцрното турско време цели 500 години – да избирате сами кметови – денеска това право от "ослободителите" ви е земено. Вие сте истински робови!"

Во прогласот, исто така, се истакнува дека оваа година празнувањето на Илинден е под исклучителни околности и услови, под фашистичката окупација. Објаснувајќи ги воените состојби, се истакнува: "Борбата е тешка, борбата е голема, али ќе заврши со моќната победа на СССР над Хитлера. Во това вие бидете уверени! Ке ИЗГРЕЈ ЗОРАТА НА СЛОБОДАТА ЗА СИТЕ ПОРОБЕНИ НАРОДИ ВО ЕВРОПА – ВОВА ЧИСЛО И ЗА МАКЕДОНСКИО НАРОД. Должност ваша е да помогнете со вашите сили таја борба на советските народи против фашизма, зато што та е едновремено и ваша борба".

Македонскиот народ со овој проглас се информира за известувањето на одредени радиостаници дека Германија, Италија и Бугарија сакале да го решат некако македонското прашање. За оваа цел бил викнат во Загреб Иван Михајлов, односно се преговарало со бугарските власти. Во прогласот се истакнува: "Фашистите от сите лагери есапат, оти ке можат да излажат македонските маси, ако биди поставен за "фјурер" во

Македонија Иван Михајлов. Михајлов ке игра крвава ролја во Македонија, како што игра таква ролја Анте Павелиќ во Хрватска... Македонските маси во Петричко и македонската емиграција во Бугарија многу арно познават кои е Иван Михаилов и кому служеше. Денеска тој пак ке служи на цар Борис и Хитлера и ке убива и илјачка Македонците, какво това што вршеше во Петричко. На неговата свест лежат истепани 5000 одлични Македонци централисти, борци за Слободна Македонија".

Во поднасловот "МАКЕДОНЦИ, ТУРЦИ, АРНАУТИ, ВЛАСИ" се повикува: "На Илинден излезете сите да демонстрирате вашата волја, вашето желание за слободата, сите заедно така, како што заедно зедоја учество на Илинденското востание вашите татковци и постари братја, за демократија, равноправие и слободен живот. Илинден беше дело на сите сиромашни народности во Македонија... Бугарските околиски управители и џандари немат ништо обшто со Илинден. Тие се денеска това што беја џандарите и заптиетата на Султан Хамида".

Прогласот се завршува со паролите: "ИЗЛЕЗЕТЕ СИТЕ НА ДЕМОНСТРАЦИЈА! КРЕВАЈТЕ МАКЕДОНСКИ ЛОЗУНГИ! ДОЛУ ДЕНЕШНИТЕ МАКЕДОНСКИ ПОРОБИТЕЛИ! ДОЛУ ФАШИСТИТЕ-ХИТЛЕРИСТИ-ВРАГОВИ НА МАКЕДОНСКАТА СЛОБОДА! ДОЛУ АНТИСОВЕТСКА ВОЈНА! ДА ЖИВЕЈ СССР И НЕГОВАТА СИЛНА ЦРВЕНА АРМИЈА! ДА ЖИВЕЈ ИЛИНДЕН! ДА ЖИВЕЈ СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА!". [123]

Од содржината на објавените документи на ПК на КПМ во годините 1940-1941 година може да се констатира следното:

За разлика од претходниот период кога партиското раководство во овој дел од Македонија има областен комитет под раководство на ПК за Србија, во 1940 година се формира ПК на КПМ, односно Македонската комунистичка партија, како што е тоа направено и со формирањето на КП Словенија и КП Хрватска. Разликата е во тоа што тие партиски организации

[123] Исто, стр. 29-33.

имаат ЦК, а Македонија ПК, под раководство на ЦК на КПЈ. Затоа не е точно во одредени пишувања за овој период (1940-1941 година) за Македонија да стои ПК на КПЈ за Македонија, туку треба да стои ПК КПМ (Покраински комитет на Комунистичката партија во Македонија).

Издадените документи од ПК КПМ во основа се од програмско значение за решавање на трајните интереси на македонскиот народ, за неговото ослободување од српското, бугарското и грчкото ропство. Првпат македонските комунисти имаат програма за дејствување и решавање на најсуштествените и најбитните прашања од интерес на македонската национална индивидуалност, односно постои максимална програма за ослободување на сите делови на Македонија и за создавање на македонска држава во нејзините етничко-историски граници. Од програмските определувања се гледа дека ПК не ги признава границите на распарчена Македонија од 1912-1918 година, односно не се согласува со ставовите на КПЈ, КПБ и КПГ – македонското прашање да се решава во постојните граници како малцинско прашање, или како национално – КПЈ, во постојните граници (Сплитски пленум).

Големо историско значење има за Македонија и тоа што ПК издадените документи ги пишува на македонски јазик, а се знае: во претходниот период тие се пишувале скоро на српски, бугарски и грчки јазик – од страна на раководствата кои раководеле со македонските комунисти. Во партискиот живот со пишаниот збор се воведува македонскиот јазик, што ќе има големо влијание кај членовите на КП и кај симпатизерите кои доаѓале до овие документи, а исто така и кај поширокото население.

ПК со објавените документи успешно го поврзува современото комунистичко движење со историските револуционерни традиции на македонскиот народ (за своето национално и социјално ослободување), особено со илинденските од 1903 година. Со тоа успешно се поврзува КПМ со широките народни маси, за што се потврда илинденските празнувања и демонстрации во годините 1940-1941 (на повикот на ПК преку

издадените прогласи), на што предходното раководство не посветуваше доволно внимание.

ПК со програмското определување успешно го поврзува класниот со националниот интерес на македонскиот народ, а со тоа ги мобилизира и масите во борбата за остварување на своите идеали. За ова доволен доказ се штрајковите и демонстрациите во овие години, а во претходниот период раководството недоволно внимание му посветувало на националното прашање, кое за Македонија било едно од најсуштествените, особено по 1912 година кога потпаѓа под национално рошство по окупацијата од околните монархии.

Голем е придонесот на ПК кој со својата активност и поставеност по македонското национално прашање, со доволни аргументи и факти, ги разбива сите колебања во КПЈ за постоењето или непостоењето на македонската национална индивидуалност и кој придонесува КПЈ да заземе дефинитивен став на В земска конференција одржана 1940 година, иако кај поедини раководства и понатаму има одредени колебања по македонската национална индивидуалност. Но е битно што ЦК на КПЈ во ова време зазема дефинитивен став, а за тоа треба да му се заблагодариме на ПК на КПМ за аргументите изнесени за ова прашање во објавените документи во 1940-1941 година.

Од издадените материјали во овие години може да се согледа и да се утврди дека ПК на КПМ, формиран во почетокот на 1940 година, а во октомври истата година избран на партиската конференција, се издигнува и израснува во самостоен партиски субјект со своја самостојна максимална програма за решавање на македонското прашање, односно за ослободување на Македонија од српското, бугарското и грчкото ропство и за создавање на самостојна македонска држава во рамките на една балканска или југословенска федерација како равноправен член. Програмските определувања на ПК не се потполно во согласност со ставовите на соседните КП кои имаат минимални програмски решенија, а некои од нив и ги немаат, или бараа решение во постојните граници што беа поставени во 1918 година. Несолласност има и по прашањето на колонистите колонизирани од монархиите во Македонија и за создавањето

на македонскиот народен фронт за вклучувањето во борбата на сите македонски слоеви, без разлика на националноста и верата, односно да се вклучат сите слоеви кои се готови да се борат за ослободување на Македонија, или пак сојуз само на работниците и селаните (сиромашните-средно имотните) што се предлага на V земска конференција.

Визијата на ПК во изградување на платформата и програмата за решавање на суштествените трајните интереси на македонската индивидуалност ги опфаќа во целина тие интереси и бара решение за целосно решавање, а не прифаќа делумо решение, како што предлагаат соседните КП. Така, на пример, ставовите на раководството на ЦК КПЈ по најсушественото македонско прашање се однесуваат за поделена Македонија, односно само за делот што беше под Југославија, а таканаречена "Српска Македонија", а не за обединување на сите делови на Македонија во една суверена македонска држава. На Мајското советување на Комунистичката партија на Југославија одржано во 1941 година за Македонија е заземен следниот став: "Македонија исто така ја доживеа таа несреќа меѓусебно да ја поделат неколку освојувачи. Од под великосрпското угнетување таа дојде под бугарски, а делумно и под италијански јарем. Бугарската реакционерна капиталистичка клика со македонскиот народ го прави истото она што го правеше и великосрпската клика. И бугарските освојувачи не го признаваат правото на македонскиот народ, и тие го прогонуваат и со сите сили работаат врз неговото однародување. Насекаде во Македонија се воведува бугарскиот јазик. Бугарските освојувачи го пљачкосуваат македонскиот народ исто така како што го прават тоа германските и италијанските империјалистички грабачи. Задача на македонските комунисти е да ги собираат народните маси во борбата против насилното присоединување и делење на Македонија, а за слободно национално определување на македонскиот народ и за негова национална независност и слобода". [124] Меѓутоа, на истото советување за Словенија е заземен следниот став: "Комунистичката партија на Словенија сега има поважни задачи пред себе. Да го собира словенечкиот

[124] Собрани дела на Тито, кн. 7, стр. 40, 44.

народ во сите окупирани подрачја, па и во оние кои во минатата империјалистичка војна и беа грабнати на Словенија, во борба против окупаторите и окупаторските sверства. Комунистите на Словенија мораат да му дадат јасна перспектива на словенечкиот народ во неговата ослободителна борба, тие мораат пред народот да ја разобликуваат предавничката реакционерна буржоазија на Словенија која му се стави во служба на окупаторот, како и онаа што се стави под закрилата на англиските империјалисти. Во овие тешки денови што ги преживува словенечкиот народ, комунистите на Словенија мораат да бидат оние што ќе го креваат духот на народот и вербата во скорото ослободување".

Од погоре цитираните ставови може да се констатира дека кога се работи за Македонија се има предвид само делот кој е окупиран во 1941 година, а за деловите кои се окупирани во минатата империјалистичка војна (1912-1918) не се земаат предвид. Меѓутоа, кога се работи за Словенија се земаат предвид сите нејзини делови – нивно обединување без разлика кога се окупирани.

Истиот став ("грешка") ЦК КПЈ го прави во прогласот од 7 ноември 1941 година до народите на Југославија. За Македонија стои: "Намразените окупатори не ти донесоа ослободување, како што ги ветија, туку бесправие и ропство, како и на сите народи на Југославија. Окупаторите те мамат и лажат, за да те одвојат од општата ослободителна борба на сите народи на Југославија. Главниот непријател на слободата и независноста на сите мали народи се германскиот фашистички освојувач и неговите сојузници – Мусолини и другите. Сега е време и ти, македонски народе, да се дигнеш на бостание против тој најголем непријател на националната независност, против непријателот на целото човештво". Во истиот проглас до словенскиот народ стои: "Ти, словенечки народе, се обедини на територијата на Југославија, но сега ти мораш да ги обединиш сите свои растргани сили. Словенци од Југославија, од Приморска, од Корушка, сите вие што сте поробени, обединете ги своите сили во еден единствен фронт на словенечкиот народ во борба против вашите sверски непријатели кои ја распарчија и поробија нашата земја. Сега

дојде часот за вашето конечно ослободување и обединување, дојде часот, заедно со другите народи на Југославија, да ги истерате намразените окупатори од целата своја територија". [125]

Од цитираниот проглас може да се констатира дека македонскиот народ се повикува во борба против окупаторот, но со тоа не се нуди перспектива за целосно обединување на Македонија, ами се повикува само еден дел од македонскиот народ во борба против непријателот на целото општество. Меѓутоа, во повикувањето на словенечкиот народ има јасна перспектива – се повикува народот од сите делови на Словенија за борба за ослободување и обединување на целата своја татковиа.

Карактеристичен е документот испратен од Тито до Раде Кончар и Владо Поповиќ во Хрватска кон средината на август 1941 година во кој стои: "Понатаму, со развитокот на народното востание, од една страна, и со обидот на непријателот да го прикаже тоа движење како чиста комунистичка работа, од друга страна, ни се наметнува прашањето за создавање – и тоа што поскоро – на еден Народен комитет на ослободувањето, во кој би влегле претставници на демократските струи на Србија, Хрватска и Словенија, заедно со наши луѓе. Тоа би била еден вид народна влада што би издала свој проглас до народот и би го повикала во борба... Би требало околу три-четворица од Хрватска и двајца од Словенија, четворица од Србија и двајца од Црна Гора". [126] Во концепцијата за формирање на народен комитет на ослободување (еден вид народна влада, односно едно обединувачко општојугословенско политичко тело) Македонија не е земена предвид и не се предвидени во него нејзини преставници.

9. Односите помеѓу ЦК КПЈ и КПМ во 1941 година

Во собраните дела на Тито, книга 7, под забелешки е дадена следната хронологија на настаните:

[125] Исто, стр. 217.
[126] Исто, стр. 99-100.

“Втора половина на мај 1941 година Тито се состанува со членовите на Политбирото – Александар Ранковиќ, Иван Милутиновиќ и Милован Ѓилас и со членовите на ЦК КПЈ Иво Лола Рибар и Светозар Вукмановиќ Темпо. На тој состанок донесува одлука во Македонија да се упати Лазар Колишевски кој ќе ги однесе документите на ЦК КПЈ, настанати од 15 април до почетокот на мај, и да утврди зошто секретарот на ПК КПЈ за Македонија Методија Шаторов Шарло не се одзва на повикот од ЦК КПЈ да дојде во Загреб на советувањето на КПЈ, зошто ги прекинал врските со ЦК КПЈ”. [127]

“Александар Ранковиќ го известува Тито дека на повик од ЦК КПЈ во Белград дошол Лазар Колишевски и дека со прогласите на ЦК КПЈ од 15 април и од 1 мај и со заклучоците од Мајското советување на КПЈ отпатувал за Македонија”. [128]

“23 јуни 1941 година Лазар Колишевски се врати од Македонија во Белград и Тито дури тогаш разбира дека секретарот на ПК КПЈ за Македонија Методија Шаторов Шарло ја отцепил македонската организација од КПЈ и ја приклучил кон Бугарската работничка партија (комунисти) и тоа во договор со ЦК на БРП”. [129] Нема писмен документ објавен од кој може да се види што содржел извештајот на Лазар Колишевски за положбата во ПК на КПМ. Во ова време ПК не носи назив ПК КПЈ за Македонија, туку ПК на КПМ.

“Крајот на јуни 1941 година Тито се состанува со членовите на Политбирото и при тоа се донесува одлука М. Шаторов да се исклучи од Партијата. Л. Колишевски одново да појде во Македонија и таму да ја спроведе одлуката на ЦК КПЈ, да им ги пренесе на македонските комунисти ставовите на КПЈ, да го однесе Прогласот на ЦК КПЈ по повод нападот од Германија врз СССР, кој треба да се преведе на македонски јазик и да се растури по Македонија”. [130]

---

[127] Исто, стр. 331.
[128] Исто, стр. 332.
[129] Исто, стр. 335.
[130] Исто, стр. 335.

На 27 јуни на седницата на политбирото ова прашање не е поставено. Нема документ од кој може да се види за причините на исклучувањето на Шаторов, нема документ од кој може да се види и кој бил присутен од членовите на Политбирото и на кој датум е одржана оваа седница.

"Втората половина на јули 1941 година Л. Колишевски одново се враќа од Македонија во Белград, му се јавува на А. Ранковиќ, кој врз основа на извештајот од Л. Колишевски го извести Тито дека М.Ш. Шарло, секретар на ПК КПЈ за Македонија, уште еднаш одбил да ја прифати линијата на КПЈ и одлуките на ЦК КПЈ, оспорувајќи му ја надлежноста над партиската организација на Македонија, која наводно, по одобрение од коминтерната ја презел ЦК на БРП. М. Шаторов не го дозволи ни растурањето на Прогласот на ЦК КПЈ напишан по повод нападот од Германија врз СССР". [131]

Нема објавено што содржи извештајот од Л. Колишевски.

"Тито свикува состанок на Политбирото (на состанокот присуствуваат оние членови на ЦК КПЈ кои во тој момент се наоѓаат во Белград: Тито, Ранковиќ, Милутиновиќ и И.Л. Рибара), на кој се разгледува проблемот на македонската партиска организација, односно на нејзиното раководство. На состанокот е донесена одлука ЦК КПЈ да го испрати во Македонија својот делегат Драган Павловиќ Шилја и да го овласти: да ги спроведе одлуките на ЦК КПЈ за сменувањето на М. Шаторов од должноста секретар на ПК и за неговото исклучување од КПЈ, да го суспендира ПК и да им помогне на македонските комунисти да формираат раководство од луѓе готови да истраат на линијата на КПЈ. Решено е до ПК КПЈ за Македонија да се упати писмо". [132]

Не постои документ од оваа седница на Политбирото, односно нема објавено таков документ.

"На 24 јули 1941 година Тито од името на ЦК КПЈ, му пишува писмо на ПК КПЈ за Македонија во кое го известува за

[131] Исто, стр. 338.
[132] Исто, стр. 338.

причините поради кои ЦК КПЈ реши да го исклучи М. Шаторов од КПЈ. Во писмото ТИТО му постави задачи на ПК да организира партизански одреди и да поведе вооружена акција против окупаторот, како што го прават тоа комунистите во сите краишта на Југославија. Писмото е испратено во Македонија по делегатот од ЦК КПЈ Драган Павловиќ, кое во исто време претставуваше и полномошно". [133]

Во ова писмо стои:

До Покраинскиот Комитет за Македонија!

Драги другари,

Постапката на стариот "Бугарин" (Методи Шаторов Шарло), што беше одговорен пред ЦК КПЈ за работата во Македонија, се покажа не само антипартиска туку и контрареволуционерна.

1) Тој го саботираше издавањето на Прогласот на ЦК КПЈ и зазеде национал-шовинистички став.
2) Тој ги прекина сите врски со ЦК КПЈ по окупацијата и не се одзва на повикот да дојде со извештај во ЦК. Не само тоа, тој не сметаше за потребно ни да го образложи тој свој прекин.
3) Тој зазеде непријателски став спрема другарите Срби, зазеде став што по ништо не се разликува од ставот на македонската реакционерна буржоазија.
4) Тој ја запостави својата партиска активност сега кога е должност на Партијата да ги развива сите свои сили во борбата против окупаторите, а за помош на СССР.
5) Тој ги игнорираше сите партиски правила во поглед на внатрешните партиски односи и дисциплината.

Според тоа, ЦК КПЈ целата таа негова постапка ја смета за антипартиска и контрареволуционерна и поради тоа го симина од неговата должност член на ПК за Македонија и го исклучува од Партијата.

Другари,

[133] Исто, стр. 339.

ЦК реши да испрати кај вас еден или двајца другари, но додека тоа биде сторено, ние пред вашата организација ги поставуваме следниве задачи:

1) Во врска со нападот од фашистичките банди врз Советскиот Сојуз, целата наша Партија, вклучувајќи ја и вашата организација, треба да врши сестрана саботажа против окупаторот: а) да се разурнуваат железниците; б) да се уништуваат транспортните возови; в) да се пали и уништува сиот воен материјал и прехранбените продукти што се определени за окупаторот, а за борба против СССР; г) да се врши саботажа во фабриките и рудниците; рудниците по можност да се уништат; д) да се кинат и сечат телефонските и телеграфските жици, и тоа непрекинато, зашто со тоа се кочи сообраќајот и движењето на непријателските трупи и материјали. Да се уништува се – се што им служи на окупаторите и на непријателите на СССР. Во тие непријатели спаѓаат и бугарските окупатори. Тоа не е само наша одлука, туку и одлука на Дедо (Коминтерна) одозгора. Секоја саботажа во извршувањето на тие задачи повлекува по себе не само исклучување од Партијата, туку и многу потешки казни.
2) Речиси во сите покраини на Југославија, а особено во Србија, Црна Гора и Босна, се организирани партизански одреди за борба против окупаторот и за вршење диверзии. Тие партизански одреди веќе водат борба со успех. Пред вас поставувам задача веднаш да пристапите кон организирање на партизански одреди, во кои можат да влезат сите оние што сакаат да се борат против окупаторот и кои сакаат да ја помагаат борбата на СССР, зашто е тоа и наша борба. Постапете веднаш по овие директиви.

Другарски ве поздравува
за ЦК КПЈ Тито”

Исто така во забелешките во спомнатата книга стои: “Крајот на август 1941 година Тито се запозна со извештајот од делегатот на ЦК КПЈ Драган Павловиќ, кој се врати од Скопје во Белград и на 28 август му напиша извештај”. [134] Меѓутоа, според

[134] Исто, стр. 344.

записникот на седницата на Политбирото на ЦК КПЈ од 31 август 1941 година на оваа седница Драган Павловиќ поднел усмен извештај а се задолжувал да поднесе писмен извештај, што значи извештајот не е писмено поднесен на 28 август и не е напишан во Ниш, како што стои во документите.

Понатаму по белешките стои: "на 31 август 1941 год. Тито известен од Драган Павловиќ за ситуацијата во партиската организација на Македонија, свикува седница на Политбирото на која присуствуваат: Тито, Ранковиќ, Милутиновиќ и И.Л. Рибар". Разгледана е состојбата на КПМ и е донесено решение да се испрати писмо до членовите на КПМ со повик на акција. Исто така донесено е решение да се испрати писмо до ЦК БРП(к) по повод неговото мешање во внатрешните работи на КПЈ, да се извести КИ за проблемите на Македонската партиска организација и да се упати во Македонија делегатот Драган Павловиќ. За овој проблем подробно може да се види од записникот од седницата на Политбирото.

ИЗ ЗАПИСНИКА са састанка
ПОЛИТБИРОА ЦК КПЈ од 31 августа 1941 године

Присутни: Валтер-Тито, Марко-Ранковиќ, Милутин-И. Милутиновиќ, Фишер – Иво Лола-Рибар.

I) Македонија: 1) Прима се до знања извештај Шиље (Драган Павловиќ), с тим да да и писмен извештај, 2) Упутити писмо ЦК Б по питању положаја Мак. организације и саботерског става по питању акције већине П.К.Мак., 3) упутити писмо члановима К.П. у Мак. са позивом на акције и разјашњењем неактивности досадашњег П.К., 4) Упутити брзојав Ѓорѓу (Георги Димитров, секретар КИ), по питању Мак., 5) Шиља и још један са стране Глав.штаба партиз. одреда шаље се поново у Мак. да спроведе писма за К.П.Б. и члановима К.П. у Мак. и да организује партиз. одреде у Куманову и другим местима где је могуће. [135]

[135] Историски архив на КПЈ, том 7, стр. 44.

“На 4 септември 1941 год. во духот на заклучоците на седницата на ЦК КПЈ од 31 август, Тито пишува телеграма до Коминтерната, што ја испраќа преку пунктот за врски во Загреб и ја известува за поврзувањето на ПК КПЈ на Македонија со ЦК БРП и за кинењето на врските со ЦК КПЈ”. Во оваа забелешка стои за седница на ЦК КПЈ од 31 август. Меѓутоа, седница на овој датум нема ЦК туку Политбирото на ЦК. Во телеграмата до Коминтерната стои:

“ЗА ДЕДО
(Извршен комитет на Комунистичката интернационала)

Македонскиот ПК го откажа одржувањето на врски со нас и се поврза со КП на Бугарија веднаш во почетокот на окупацијата на Македонија. Шарл(о) (Методи Шароров) не сакаше да дојде по тројна покана од ЦК во Белград на седница за да се претресе прашањето на Македонија. Тој одби да го раздели Прогласот од ЦК КПЈ со повик на акции, даде директива да им се предаде сето оружје на властите и зазеде став за советска Македонија и чекање на Црвената војска. Спрема српските другари во Македонија зазеде непријателски став. Шарл(о) води харанга кај членството против раководството на КПЈ и секретарот, нарекувајќи го англофилски, поради тоа што во Прогласот рекол дека е Југославија поробена.

Испративме делегат во Македонија и во Софија. Бугарскиот ЦК на Партијата го поддржува Шарло и вели дека е Македонија припоена кон Бугарската КП по налог од Коминтерната. Сметаме дека таквата постапка на ЦК на Бугарската партија е неправилна. Ние го исклучивме Шарло од Партијата поради саботирање на акциите, поради грубо кршење на дисциплината, поради харанга против раководството, поради национален шовинизам итн.

Во Македонија до денеска нема никакви акции и партизански одреди поради таквиот злосторнички став.

Ние испраќаме наш делегат да организира партизански одреди, акции и понатамошна работа, а виновниците ќе ги ставиме пред нашиот воен партизански суд. Ве молиме јавете ни дали е точно

дека КП во Македонија навистина е припоена кон Бугарија по ваш налог. Сметаме дека тоа не е добро, зашто и бугарската Партија стои слабо со акциите и со врските, бидејќи нејзините врски се разбиени. [136]
Валтер"

Во ова писмо негативно се оценува ставот на ПК и на Шаторов изнесен во прогласите издадени во месеците јуни и јули 1941 година, а во кои стои: "Да живеј советска Македонија". Меѓутоа, во ова време ставот за советска власт бил присутен во раководството на ЦК КПЈ. Тоа може да се види од документот испратен од страна на Тито до Извршниот комитет на Комунистичката интернационала во првата половина на месец јуни 1941 година со кој стои: "На желба од раководството на српските земјоделци, ЦК КПЈ го ополномошти Валтер и уште еден член да водат преговори за соработка на сегашнава етапа. Склучена е оваа спогодба: 1) Заедничка борба против окупаторот. 2) Заедничка борба за советска власт и сојуз со СССР" [137]

Исто така со почетокот на востанието во Црна Гора кога се ослободуваат одредени територии се организира советска власт, а во тоа време бил делегиран од ЦК КПЈ членот на Политбирото Милан Гилас кога се организира советска власт во Црна Гора. Ова може да се види од писмото на Тито до ЦК на КП Хрватска од 10 август 1941 година во кое, меѓудругото, стои: "Со оглед на тоа што пак некои патници дојдоа од Црна Гора со дозволи на советската власт на Црна Гора, се плашиме да не е направена голема глупост. Презедовме мерки тоа да се спречи". [138]

Од овие два документи може да се види дека ставот за советската власт во Југославија постоел и кај други раководители на КПЈ.

Во истото писмо Шаторов се обвинува за негово одбивање да го издаде прогласот на ЦК КПЈ од 22 јуни 1941 година, издаден по

[136] Собрани дела на Тито, кн. 7, стр. 345.
[137] Исто, стр. 54.
[138] Исто, стр. 81.

повод нападот на фашистичка Германија на СССР. Овој проглас не е издаден и од ЦК КП Хрватска што може да се види од писмото на ЦК КПЈ до ЦК КПХ од 17 јули 1941 година во кое стои: "Нам не ние разбирливо зошто таму веднаш не се печатеше нашиот Проглас кој беше многу актуелен и кој ние го издадовме уште на 23 јуни и веднаш ви го испративме". Бараме точно да се испита кој е виновен што Прогласот не се отпечати". [139]

ЦК КП Хрватска по ова прашање одговара: "Истиот ден (26) кога ја добивме пораката од Дедо (Коминтерната) за линијата, стигна до нас Прогласот на ЦК КПЈ. Бидејќи видовме дека ни во тој проглас (како и во оној што го напиша ЦК КПХ – забелешка на преведувачот) не е јасно истакната основната линија на Дедо-ИК на КИ-(антифашистичкиот карактер на борбата во сегашната фаза и прашањето на создавањето на националниот единствен фронт), ние преку техниката го прашавме ЦК КПЈ дали да го издадеме Прогласот онака како што е напишан или ЦК ќе напише нов Проглас во духот на Дедовата порака". [140]

Неусогласеноста меѓу прогласот на ЦК КПЈ и линијата, односно со директивите на Коминтерната, се состои во тоа што во паролите во овој проглас стои: "Да живее меѓународната солидарност на сите угнетени и експлоатирани!, Да живее единството и борбата на работните маси на Југославија!, Долу империјалистичко-фашистичките злосторници на чело со крвавиот Хитлер, Мусолини и др. сатрапи!" [141] Со овие пароли се повикуваат во борба само угнетените и експлатираните и работните маси, а не се повикуваат во широк фронт сите кои сакаат да се борат против фашизмот, наспроти линијата на Коминтерната која во борбата ги повикува сите снаги во светот против фашизмот и работи на создавањето а коалиција СССР, Англија и Америка во заедничка борба против фашизмот. Исто така паролата за империјализмот и борбата против него е неспојлива со линијата на Коминтерната бидејќи СССР води борба против фашизмот, а не против империјализмот.

---

[139] Исто, стр. 69.
[140] Исто, стр. 265.
[141] Исто, стр. 60.

На 6 септември 1941 година Тито пишува писмо до членовите на КП во Македонија во кое го известува за причините поради кои М. Шаторов е исклучен од КПЈ. Во ова писмо стои:

“До

Членовите на Комунистичката партија на Македонија!

Илјадници членови на Комунистичката партија на Југославија, на повик од ЦК КПЈ стапија во редовите на народните партизани што се борат херојски против фашистичките окупатори кои ја поробија нашата земја и сверски ги истребуваат нашите народи. Партизаните се борат во Србија, во Црна Гора, во Словенија, во Хрватска, во Босна и Херцеговина, во Војводина и Далмација. Во таа борба паднаа не стотици, туку илјадници борци што побрзаа во борба против намразените фашистички освојувачи. Таа херојска борба на нашите партизани го восхити целиот свет.

Крволопниот и подмолен освојувач Хитлер, кој пороби толку народи во Европа, сверски го нападна и Советскиот Сојуз. Од тој момент беше наша света должност, заедно со херојските народи на Советскиот Сојуз да придонесеме и ние свој дел во борбата против фашистичките крволоци, да ја поткрепиме борбата на советскиот народ кој е бори толку херојски не само за своето дело, туку и за делото на целото културно човештво.

Со организирањето на партизански одреди и саботажи во Југославија, Комунистичката партија го постигна тоа, што непријателот мораше да доведе нови дивизии во Југославија, што му се наруши транспортот, што му се уништија многу рудници од каде што добиваше суровини, што му гори почвата под нозе и не се чувствува толку сигурен во оваа земја која исто така требаше да му послужи како извор за снабдување на неговите крвави орди во борбата против Советскиот Сојуз.

Додека по целата земја се водат толку жестоки борби против окупаторите, Македонија мирува, таму непријателот слободно шета, се чувствува сигурен, зашто никој не му пречи. Зошто е

тоа така? Каде се причините за тоа? Причините се во саботерското држење на некои раководни луѓе од ПК на Македонија, кои свесно ги саботираа директивите на ЦК КПЈ. Главниот човек во Македонија, стариот Шарло (Методи Шаторов) го уништи Прогласот на КПЈ во кој се повикува членството на борба и акции. Стариот Шарло направи груба политичка грешка, што на сегашнава етапа зазеде курс на создавање на советска Македонија, наместо да се организираат сите мирољубиви сили во борба против фашистичките освојувачи; тој издаде директива оружјето да се предаде во рацете на непријателот, а народот да остане голорак, со што е направено предавство на интересите а народот. Зошто вие сега немате оружје? Затоа што го предадовте, наместо да го задржевте и да водевте борба против намразените освојувачи, како и сите народи на Југославија. Тој одби да се одзове на како и сите народи н Југославија. Тој одби да се одзове на повикот на ЦК на нашата Партија и да дојде во Белград за да се претресе прашањето на македонската организација, тој без наше знаење отиде во Софија и таму издејствувал божемно припојување кон бугарската Партија, за што ние до денеска немаме поим, тој харангира против раководството на КПЈ и најподмолно (го) клевети. ПК на Македонија не организира партизански одреди, не организира никакви акции и саботажи, не го изврши она што го бараше Коминтерната, туку свесно ги саботираше тие акции и сакаше со бегство во Софија да се извлече од нашата контрола. Тие луѓе го чекаат доаѓањето на Црвената армија, мирно гледаат како гинат и крвават прекрасните советски луѓе. Тие фантазираат за тоа да дојде Црвената армија и да им ја донесе власта во чинија. Ставот на раководството и на некои другари во Македонија спрема српските другари не е правилен, во него има национален шовенизам кој е недопустлив во редовите на Комунистичката партија.

Еве, поради сето тоа ние го исклучивме Шарло од Партијата, а целото раководство го сменивме, за што ја известивме КИ (Комунистичката интернационала) и братската бугарска Партија.

Другари Македонци, ние одново ви испраќаме наќ повереник кај вас со полномошно да го спроведе нашето писмо, да

организира партизански одреди и други акции. Од вас вараме да ги прифатите неговите мерки и да го поткрепите во работата. Дигнете се што е чесно и што сака да се бори против фашистичките освојувачи и нивните бугарски агенти. Впрегнете се на работа и надополнете го она што го пропуштивте, не по ваша вина туку по вина на неколкумина саботери. Нашиот повереник има полномошно да организира оперативно раководство, од кое вие треба да примите директиви, додека не дојде одлука од КИ преку нас за вашето прашање.

Старото раководство нема веќе никакви права. Оние исклучувања што ги изврши тоа ние ги поништуваме и му даваме задача на повереникот да организира комисија која одново ќе ја испита вината на исклучените другари.

Другари Македонци, во бој! Не дозволете да си пречите и саботирате во вашите акции. Организирајте партизански одреди, уривајте мостови, железници, телеграф, уништувајте ги сите воени објекти, уништувајте ги нивните бугарски агенти, уништувајте ги предавниците и саботерите! Ваша должност е да ја поткрените херојската борба на советскиот народ, да ја поткрените борбата на другите народи на Југославија што се дигнаа на востание против угнетувачите. Вклучете се во редовите на народните партизани на Југославија, кои пишуваат славна страница во историјата на нашата Комунистичка партија и на сите народи на Југославија.

Смрт на фашизмот – слобода на народот!
Централен комитет на
Комунистичката партија на Југославија" [142]

На 6 септрмври 1941 година Тито пишува писмо до ЦК на КПБ. Го критикува што заобиколувајќи го ЦК на КПЈ, ја приклучил македонската партиска организација кон бугарската партија и му дал поддршка на М. Шаторов. Во ова писмо стои:

"За ЦК на Комунистичката Партија на Бугарија

[142] 142 Исто, стр. 345

Драги другари,

Случајот со македонската организација не поттикна да ви се обратиме вам со ова писмо, зашто сметаме дека сте и вие до извесен степен одговорни за тоа што се случи во македонската организација. Раководството на ПК во Македонија ги оправдува своите постапки со тоа што тоа божем го уредило прашањето на македонската организација со вас – дека добива директиви од вас и дека Коминтерната преку вас го потврдила тоа припојување. Таквата постапка ние ја сметаме сосема неправилна, зашто по тоа прашање требаше со нас да се разговара и работата заеднички да се уреди.

Кога Југославија беше поробена од окупаторите, ние итно ги повикавме претставниците на сите обласни и покраински комитети и членовите на ЦК на Партијата, заеднички со нив да ја претресеме новонастанатата ситуација. Се одзваа сите освен Македонците. Ние, одново, уште двапати, го повикавме Шарло (Методи Шаторов) да дојде во Белград и заедно со него да го претресеме прашањето на македонската организација, да дадеме директиви за акции и за организирање на партизански одреди. Но залудно, Шарло не сакаше да дојде, тој порано отишол во Софија, штом германските и бугарските чети ја окупираа Македонија. Во исто време, другарите што ние ги испраќаме во Македонија носеа извештаи од кои можеше јасно да се види саботерскиот и антипартискиот став на тамошните раководни луѓи, меѓу кои главен виновник беше Шарло.

Во што се е вината на Шарло? – 1) Шарло не се одзва на тројниот повик од ЦК КПЈ како член на тој формум да дојде а седница, со што грубо ја прекрши партиската дисциплина и ги саботираше своите партиски должности. 2) Го саботираше ширењето и умножувањето на Прогласот од ЦК КПЈ по повод нападот од фашистичките бандити врз Советскиот Сојуз, во кој се повикува народот на борба против окупаторите. Тој проглас тој го уништи со една чудна мотивација – дека е прогласот англофилски, зашто во него се говори дека народите на Југославија се поробени од окупаторите. Според тоа, по негово гледиште, наспроти на гледиштето на СССР и на целиот свет, народите на Југославија не се поробени, а Македонија е

ослободена. Ова мириса не само на националшовинизам туку и на германофилство. 3) Тој зазеде саботерски став по прашањето на акција против окупаторите, а нспроти тоа донесе одлука дека треба да им се предаде оружјето на властите, со што направи отворено предавство во прилог на окупаторот. 4) Тој зазеде сосема погрешен и штетен став, наспроти линијата на КПЈ, земајќи курс на создавање советска Македонија на сегашната стапа од ослободителната војна и борба заедно со сите прогресивни сили против фашизмот. 5) Нашиот делегат утврди на самото место дека Шарло не само што не ги признава своите грешки туку и го клевети раководството на КПЈ и секретарот на Партијата, обвинувајќи го дека (раководството) е англофилско итн. Врз основа на сето тоа, ЦК КПЈ го исклучи Шарло од редовите на Партијата како саботер и антипартиски елемент, за што ја известуваме и Коминтерната.

По враќањето на нашиот делегат, ние донесовме одлука да се смени целото раководство на македонската организација, зашто неговото мнозинство се солидаризирало со Шарло.

Оваа наша одлука не е донесена врз основа на некои клевети и неправилни проценувања на постапките на раководството во целост, а посебно на Шарло, туку врз основа на вистински факти, што потврдува следното:

1. По цела Југославија – Србија, Црна Гора, Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина, во Војводина и Далмација – се водат масовни акции и саботажи, се води жестока борба на нашите партизани, што ги организира и води нашата Комунистичка партија против окупаторите и нивните домашни агенти, а само во Македонија нема акции, нема партизански одреди, наспроти колосалните објективни и субјективни услови, наспроти нашите барања, директиви и материјална помош што ја дадовме. Никакви изговори неможат да ја оправдаат таа саботажа. Ние овде по цена на огромни жртви, речиси голораки, освојуваме оружје и понатаму секојдневно во борбите (го) освојуваме, само за да ја помогнеме борбата на Советскиот Сојуз и ослободувањето на нашите народи. Во таа борба ние веќе имаме илјаници мртви борци кои храбро ги дадоа своите животи на повик од Партијата во борбата против

намразените фашитички гадови, а кукавиците од раководството во Македонија ја правдаат својата неактивност со чување на кадрите.

2. Нашиот делегат утврди на терен дека мнозинството партиски организации се жала на неактивност, а дека по нивно мислење има доволно услови за создавање на партизански одреди и изведување на разни акции.

3. Ние со тешки жртви им набавивме една печатница на другарите во Македонија, а тие ја фрлија надвор да ‘рѓосува на дожд, наместо да ја искористат за целите за кои беше наменета.

4. Спрема другарите Срби во Македонија се зазема националшовинистички став, се стават во пет кош со разните великосрпски реакционери и се стои на становиште дека тие нема што да прават во Македонија. Со таквиот став се влијае и врз другите членови на Партијата. Зар тоа е пролетерски интернационализам?

5. Шарло го клевети пред членовите на Партијата раководството на КПЈ и на тој начин го урива угледот на раководството и единството во редовите на Партијата.

Еве, тоа се фактите што не присилија да преземеме толку остри мерки.

Сметаме дека не беше правилно од ваша страна што не се поврзавте со нас, што го решававте прашањето на македонската организација без нас, што уште и сега му давате поддршка на Шарло. Тоа прашање можеше да се реши другарски, без потреси во таа организација. Зар фашистичките освојувања можат да бидат повод за проширување на една братска комунистичка партија, а не погребата од вистинска, успешна организација на народната борба, добрите врски и континуитетот во работата?

Еве, во тоа ве сметаме одговорни, зашто можевте да дојдете до нас, како што ние веќе повеќепати дојдовме до вас, да се договориме за тие прашања и за заедничка борба, а не да

доволиме да дојде до толку нездрава состојба и неактивност на една партиска организација поради злосторничката постапка на неколку луѓе.

Ние стоиме во постојана врска со Ѓорче (Георги Димитров) и токму тој постојано ни ја подвлекуваше потребата од најсилни акции и кревање на востание. Ние сметаме за своја должност и вас да ве предупредиме а тоа, зашто е тоа директива на КИ, зашто е тоа ваша должност спрема херојскиот советски народ, како и спрема бугарскиот народ.

Ние одново му се обрнуваме на членството во Македонија со објаснение за целиот овој немил случај и испраќаме повереник да формира и ново оперативно раководство и да организира акции и партизански одреди во Македонија.

Ние до денеска не сме добиле никаква одлука од КИ по прашањето на македонската организација, затоа денеска бараме разјаснување на ова прашање.

Ние сметаме дека треба да испратите еден или двајца луѓе од ЦК заедно со нашите претставници на состанок, на кој би сме се договориле за заеднички акции и борби и за кревање на востание во Македонија и Бугарија. По потреба, ние би можеле да испратиме и неколку вооружени одреди. Јавете го вашето гледиште по тоа прашање. [143]

Смрт на фашизмот – слобода на народот!
За ЦК КПЈ
секретар Тито”

За односите помеѓу ЦК на КПЈ и ПК на КПМ во 1941 година од документите и од дадените појаснувања во форма на забелешки во Титовите собрани дела, книга 7, може да се констатира следното:

1. Во забелешките се спомнува за поднесен извештај од Лазар Колишевски на 23 јуни 1941 година по враќањето од

[143] Исто, стр. 346.

Македонија. Меѓутоа, досега не е објавен таков извештај (не е познато што содржи), односно ако поднесол усмен извештај никаде не е забележано што изјавил.

2. На крајот на јуни 1941 година, како што стои во забелешките, е одржана седница на Политбирото на ЦК КПЈ кога е донесена одлука за исклучување на М. Шаторов од Партијата, врз основа на извештајот од Лазар Колишевски. Но не постои документ (записник) од кој би можело да се види кои биле присутни на оваа седница и кои, во основа, се причините за оваа одлука, а за една таква значајна одлука само се дава појаснение во забелешки во собраните дела на Тито. Постои документ дека на 27 јули Политбирото имало седница и за тоа има објавено документ, а прашањето за ПК и за Шаторов не е поставено.

3. Не е познат извештајот од Л. Колишевски по неговото враќање од Македонија во втората половина на јули 1941 година, врз кој Тито свикува состанок на Политбирото. Тука се наведува кои биле присутни, а ова е појаснување пак само во забелешките. Но нема кога е одржан овој состанок и нема објавено документ од кој би можело да се согледа за кои прашања се расправало и што е решено. Во појаснувањата во вид на забелешки се даваат само појаснувања за решението донесено и за неговото спроведување, односно се однесува за одлука на ЦК КПЈ, а во ова време ЦК немал седница, туку имало Политбирото, како што стои во забелешките. А нема документ објавен и за седница на Политбирото од која би можело да се види содржината на прашањата по кои се расправало.

4. Од писмото на Тито испратено до ПК за Македонија од 24 јули 1941 година може да се види во што се состојат споровите и за тоа по кои прашања се обвинува Шаторов. Имено: го саботирал издавањето на прогласот од 22 јуни на ЦК КПЈ за прекинување на врските со ЦК и не се одзвал на поканите, а за што не го известил ЦК, за ставот спрема Србите во раководството на ПК, запоставување на својата партиска активност и игнорирање на сите партиски правила. Овие прашања во писмото се формулирани во пет точки, а тоа се гледа од самото писмо кое е објавено погоре во овој материјал.

Во ова писмо на Тито не се наведува кога и кој одлучил, меѓутоа, стои оти ЦК КПЈ целата таа негова постапка ја смета за антипартиска и контрареволуционерна и поради тоа го сменува од неговата должност – член на ПК за Македонија и го исклучува од Партијата. Меѓутоа, ЦК во ова време нема седница и се поставува прашањето кој донесол одлука, а ништо не се кажува ни за седница на Политбирото и за неговата одлука.

Во наведените забелешки стои дека одлука за сменување и исклучување на Шаторов е донесена на "крајот а јуни 1941 година". Во ова време спорниот проглас не бил објавен ниту доставен до ПК, а во забелешката на оваа седница на Политбирото е заклучено Л. Колишевски повторно да се врати во Македонија за спроведување на одлуката и да го однесе прогласот издаден од 22 јуни. Во овој момент на одлучувањето не можело да има спор за прогласот. Но како што се гледа од пимото на Тито до ПК стои само за прекинување на врските со ЦК КПЈ, а не стои за врски на ПК со ЦК на КПБ. Од ова произлегува дека при одлучувањето на крајот на јуни биле само прашањата од 2-5 точки од писмото.

Карактеристичен е фактот што во телеграмата испратена од Тито до ИК на КИ на 4 септември 1941 година се прошируваат причините за сменувањето и исклучувањето на Шаторов. Од оние што се изнесени во писмото до ПК од 24 јули се следните: откажувањето на врските и поврзувањето со КП на Бугарија веднаш во почетокот на окупацијата на Македонија, за директивата да им се предаде сето оружје на властите, ставот за советска Македонија и чекањето на Црвената армија, води харанга кај членовите против раководството на КПЈ и секретарот, нарекувајќи го англофилски (поради тоа што во Прогласот рекол дека е Југославија поробена), во Македонија до денеска нема никакви акции и партизански одреди поради таквиот злосторнички став.

Во писмото на Тито испратено до членовите на КПМ од 6 септември покрај причините наведени во телеграмата до КИ дополнети се и додадени уште овие причини: неизвршување на она што го бара Коминтерната, свесно саботирање и бегство во

Софија (за да се извлече од контролата на КПЈ), сменување на целото раководство, односно на ПК. Во претходните писма и во телеграмата до КИ не постои ништо за сменувањето на целиот состав на ПК, а ваква одлука не е донесена ниту на седницата на Политбирото од 31 август 1941 година.

Во испратеното писмо од Тито до БКП, покрај причините наведени во телеграмата до КИ и до членовите на КПМ, се додаваат и овие причини кои го обвинуваат Шаторов: заземање став оти "и народите на Југославија не се поробени, а Македонија ослободена. Ова мириса не само на националшовинизам туку и на германофилство". Во ова писмо се спомнува првпат за исфрлена и уништена печатница (наместо да се користи).

Овие ставови и одлуки Политбирото ги донело врз база на извештаите на Л. Колишевски кои до сега не се објавени, а исто така нема објавено записници од седниците на Политбирото кога се утврдени овие причини и кога се заземени ставови и се донесени овие одлуки, односно се поставува прашањето дали имало такви седници. Постои само записник од седницата на Политбирото од 31 август 1941 година. На оваа седница само е заклучено да се испратат писма до КИ, КПМ и БКП за состојбите во ПК на КПМ, а не се прецизирани во записникот причините кои стојат во писмата, односно не стои ниту за сменувањето на ПК. Ако во писмото до членовите на КПМ стои вакво решение – тогаш кој одлучил?

10. Извештај од Драган Павловиќ, повереник на ЦК на КПЈ, до Централниот комитет на КПЈ

Повереникот Драган Павловиќ-Шиља поднесува извештај до ЦК КПЈ на 28.VIII.1941 година од Ниш, под наслов "Од Македонија". Но овој извештај не е напишан на овој датум, ниту пак во Ниш, а тоа може да се види од записникот на Политбирото од 31 август, каде што стои: "И) Македонија: Прима се до знања извештај Шиље (Драган Павловиќ), е тим да да и писмен извештај". Во овој извештај се прошируваат обвинувањата и против Шаторов и против ПК на КПМ, во него стои:

“/1941/ август, 28
Ниш, 28.VIII. Од Македонија

Вториот ден по доаѓањето во Скопје се состанав со целиот ПК (4 члена)(1). Претходно разговарав со двајца членови посебно. Едниот (другарката)(2) веднаш со одобрување ја прими одлуката на “Таткото”(3) додека вториот(4) по извесно колебање. Меѓутоа, на состанокот каде што го прочитав писмото, и тој со други двајца одби да ја прими одлуката. Мотивираат со тоа дека сега се одговорни пред “Таткото” од Бугарија(5).

Појаснување:

Со бројките се означуваат следните лица:
1. Методија Шаторов, Перо Ивановски, Коце Стојановски и Мара Нацева,
2. 2. Мара Нацева,
3. 3. ЦК на КПЈ.
4. 4. Перо Ивановски.
5. ЦК на БРП(к).

Не ја признаваат исто така својата неактивност и грешките на “стариот Бугарин”(6). Сметаат дека одлуката на “Таткото” е донесена врз основа на клеветите и лагите на еден човек.

Им соопштив дека во името на “Таткото” ги суспендирам. Се разбира дека и тоа не го признаа. Заседоа мошне непријателски и зајадлив став спрема “Таткото”. Особено “стариот Бугарин насекаде говори дека е “Таткото” англофилски, за диктатура на поединци, како човек со златен прстен(7) итн. Во врска со исклучувањето вели дека е тоа нечиста работа и дека тука е замешан Интелиџенс сервис(8). Мене и другарите што поведоа најостра борба против ПК, не нарекуваат фракционаши и саботери и ги провалуваат имињата (другарката од ПК и уште некои).

Веќе во овие денови разговарав со некои другари. Тие наполно се согласуваат со одлуката на “Таткото”, само сакаат што

поскоро да се реши прашањето за тоа, на која партија и припаѓа Македонската организација, зашто сега сите сметаат дека и припаѓаат на Бугарија(9) и дека многу добри другари само дисциплина ќе одат по ПК и ќе го сметаат патот по кој одиме во борба против ПК е направилен и фракционашки. Ове се покажа како наполно точно. Затоа веднаш испратив еден другар во Софија, другарот Л.(10) кој со мене дојде во Македонија. Исто така испратив и еден другар(11) во провинција, за да дојде во контакт и да разговара со месните организации.

Појаснување:

Со бројките се означуваат следните лица:
6. Методија Шаторов
7. Се однесува на Јосип Броз-Тито.
8. Британска известителна служба.
9. Се однесува на Бугарската работничка партија.
10. Лазар Колишевски.
11 Страшо Пинџур.

Напишав и уреден циркулар(12) за сите организации и членови на партијата. Во циркуларот го изнесувам ова: денешната ситуација, т.е. нападот на Советскиот Сојуз и задачите што во врска со тоа се поставуваат пред сите комунистички организации. Борба во сите окупирани земји, како и во сите покраини на Југославија. Единствено никаква активност во Македонија. Вината е до ПК. Одлука на "Таткото" за исклучување на одговорниот човек во ПК(13). Ставот на ПК по таа одлука. Прашањето на која партија ќе и се приклучи Македонската организација не е централно и битно и дека братски ќе го решат двајцата "Татковци". Битна е неактивноста на ПК, неговите грешки и саботерскиот и контрареволуционерниот став. Завршувам со повик веднаш да поминат на подготовки и на извршување на задачите.

Некои организации во потполност ја примија одлуката, додека еден дел се колебаше или сосема ја одби.

За 17 август ПК свика покраинска конференција. Дојде и делегат од "Таткото" од Бугарија(14). Ми беше оневозможено

да се видам со него пред конференцијата. Дури потоа можев да разговарам со него, и тоа само 45 минути, зашто веднаш се враќаше назад. Му го изложив целиот случај, подвлекувајќи ја особено злосторничката неактивност во овој момент. Тој прво ми рече дека постои одобрение од другарот Димитров(15) за приклучување на Македонската организација кон Бугарската партија.

Појаснување:

Со бројките се означуваат следните лица:
12. Редакцијата не располага со циркуларот.
13. Се однесува на секретарот на ПК на КПЈ за Македонија Методија Шаторов.
14. Петар Богданов.
15 Ѓеорги.

Потоа, на мое големо изненадување смета дека немало неактивности и грешки (освен одлуката за предавањето на оружјето, а и тоа изгледа не го смета за големата грешка). Вели дека "Таткото" од Бугарија и "Дедото"(16) многу добро го познаваат "стариот Бугарин" и имаат доверба во него.

Раководството останува старото. Смета дека одлуките на "Таткото" се преостри и се донесени без никакво проверување. Поради ваквиот негов став бев принуден да се согласам да се прекине борбата на теренот и решението на целиот случај да се пренесе на "татковците" и на "дедото". По три дена дојде и другарот од Софија(17). Таму се видел со "Таткото"(18), му го рекле отприлика истото она што ми го рекоа и мене.

Под такви околности морав да ја напуштам Македонија. Сметам дека прашањето треба што побрзо да се расчисти директно меѓу "татковците" од Бугарија и Југославија, инаку се бара состанок за извесни прашања во врска со ситуацијата на Балканот и сесловенскиот конгрес. Овој состанок би можел да се уреди во Македонија(19).

Другарот Лазар е исклучен. Ќе бидат веројатно исклучени уште 2-3 другара, а можеби и другарката од ЦК. Другарот Лазар и

другарката молат што носкоро да им се одговори дали да дојдат во Србија или да останат во Македонија.

Напоменувам дека три дена по доаѓањето испратив преку Врање извештај(20), но поради ненадејното големо апсење во Врање и прекинување на врската со Лесковац, извештајот не стигна, кое го разбрав дури во Лесковац.

Појаснување:

Со бројките се означуваат следните лица:
16. Комунистичката Интернационала;
17. Лазар Колишевски;
18 Со Цола Драгојчева, член на ЦК на БРП(к)
19. Во текот на 1941 година не е одржан состанок меѓу претставниците на ЦК на КПЈ и ЦК на БРП(к);
20. Редакцијата не располага со извештајот.

Мислев дека сте го примиле. Да се испрати курир беше многу тешко.

Што се однесува до работата на ПК накратко наведувам што сум можел да проверам и да утврдам:

1. Полна неактивност на сите сектори.
2. Речиси никаква контрола и ревизија од страна на ПК како ни помош на месните организации.
3. Упропастена техника (за време на влегувањето на окупаторските трупи печатницата е исфрлена надвор каде што ‘рѓосала и пропаднала. Се уште е надвор).
4. Одлуката за предавање и не собирање на оружје и нанесе огромни штети на Партијата.
5. Незадоволство на многу организации од ПК.
6. ПК не ја познава состојбата и силата на организацијата (на пример, случајот со демонстрацијата во Скопје)(21).

Покрај тоа и низа помали грешки, пропусти неправилности, кршење на конспирацијата и дисциплината, аљкавост итн. [144]

[144] Извори, том I, кн. 1, стр. 34-37.

Д. 22”
Објаснување:

Со бројките се означуваат следните лица:
21. Се однесува на обидот за организирање демонстрации на 2.VIII.1941 година во Скопје;
Драган Павловиќ

Коминтерната кон крајот на август во 1941 година донесува одлука за ова прашање во забелешките кај денови на септември 1941 година, токму кога делегатот на спомнатата книга 7 од Титовите дела стои:

“На Титовото прашање упатено до Коминтерната дали македонската партиска организација е приклучена кон Бугарската работничка партија (комунисти) по нејзина одлука. Коминтерната не одговори. Меѓутоа, во првите ЦК КПЈ Д. Павловиќ стигна во Скопје, ПК КПЈ за Македонија прими од ЦК на Бугарската рботничка партија денеша што Коминтерната му ја упатила на бугарското раководство во август. Во денешата стои: “Македонија да биде кај Југославија по причини практични и целесообразни. Основната борба сега се води против германските и италијанските окупатори и нивните агенти. Главно сега се развива на југословенската територија и под раководството на Југославија. Српска Македонија треба да стане база на ова движење, која ја дезорганизира заднината на Германија и Италија на Балканот”. Раководството на Коминтерната понатаму препорачува тесна соработка на КПЈ и Бугарската рабтничка партија на почвата на Македонија и обете партии “да заземат став за самоопределување на македонскиот народ”.

Со таа телеграма Коминтерната даде одговор на прашањето кое за Македонија и го постави ЦК на Бугарската работничка партија по ситуацијата што настана во македонската партиска организација во јули и август, по решителната акција на ЦК КПЈ. Текстот на оваа денеша Тито го прими дури во октомври 1941 година”. [145]

[145] Собрани дела на Тито, кн. 7, стр. 297.

Одлуката на КИ е донесена пред да ја добие телеграмата од Тито испратена на 4 септември 1941 година, а одлуката е добиена на крајот на август преку ЦК на БКП. Од ова може да се констатира дека КИ донела одлука самостојно без интервенциите на Тито. Кои се причините за изменет став во врвот на КИ за ваквата одлука? Можна причина може да биде договорот потпишан во Москва на 12 јули 1941 година помеѓу СССР и Англија за заедничка војна против Германија. Сигурно е донесена одлука да не се признаваат границите што ги поставува Германија во Европа и на Балканот, а по ставот на КИ една држава една партија одлучуваат партиите да дејствуваат во претходните граници и затоа стои да се врати КПМ од "Српска Македонија" да остане при КПЈ.

Методија Шаторов ја добива оваа одлука преку КПБ и ја доставува до ЦК КПЈ со ова писмо:

"Писмо

од Методија Шаторов,
секретар на ПК на КПЈ за Македонија
до Централниот Комитет на КПЈ

Ви ги испраќам погоренаведените писма во оригинал. За првото писмо буквите Б.К. изгледа дека треба да бидат П.К. Допуштена е изгледа грешка. Ние веднаш им даваме известувања на организациите за решенијата на КИ и согласност на ПК. Очекуваме ваше инструкции и вашиот човек. Ние сме готови за акција која може да се изведе во краток рок. Лично за себе молам да ми се дозволи да одам во партизанско движење. Што се однесува до грешките јас ја признавам онаа за "Советска Македонија", која грешка со помошта на Бугарија ја исправивме. Што се однесува до другите грешки, како за оружјето или организациски не признавам. До врзувањето со КПБ јас точно ги спроведував вашите директиви и ненормалноста настана по тоа. [146]

[146] Извори, том И, кн. 1, стр. 38.

Со комунистички поздрав,
за ПК Шарло”

IV. СОСТОЈБИТЕ ВО МАКЕДОНСКАТА ПАРТИСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ВРЕМЕТО 1940-1941 ГОДИНА

1. Искажување на учесници во НОБ и научни работници

За состојбите во македонската партиска организација за времето 1940-1941 година да ги согледаме искажувањата на одредени учесници, како и на одредени научни работници:

"По создавањето на поголем број организации на СКОЈ во првите денови на мај беше формиран и Покраински комитет на СКОЈ. Речиси во сите поголеми претпријатија, фабрики, работилници, установи, средни училишта и по маалите беа образовани по една или повеќе илегални организации на СКОЈ. Во јуни 1940 година во Скопје, во куќата на Цветан Димов, се одржа Покраинско советување на СКОЈ, на кое имаше претставници и од други места. Есента 1940 година се одржа и Градска конференција во околината на Стара-Нова Бања, која траеше целата ноќ. На конференцијата, во присуство на околу 40 членови на СКОЈ.

Спрема досега расположивите податоци во текот на 1940 година во Скопје се поткренати 17 економски акции од кои 12 штрајкови и 5 тарифни акции и други помали такви. Некои траеја подолго време, во Папатеодоси 50, во делницата "Балкан" 20 и во фабриката "Вардар" 14 дена.

И напредното женско движење бележи натамошно засилување и идејно оформување. Покренатата акција од страна на КП за образување на женска снабдувачка задруга во летото 1940 година даде позитивни резултати, зачленети се 150 жени, раководени од актив на комунисти. Преку разни форми на активност за вклучување во општествениот живот, за нивните права.

КП во Скопје во 1940 година почна интензивно да работи и на село. "Селската самопомош" една таква подружница е

образувана во селото Синѓелиќ, Петровец, Бунарџик, Катлановo и др.

Напредното студентско движење на факултетот и воопшто македонското студентско движење во ова време се нареди на Југословенското рамниште.

Посебно се за одбележување излетите што беа организирани на 2 август 1940 година по повод на Илинденското востание на неколку места: Шишево, Матка, Нерези и Сарај.

Меѓу позначајните акции се и демонстрациите во јануари 1941 година, за време на престојот во Скопје на претседателот на владата Драгиша Цветковиќ и министерот за просвета Антон Корошец. При нивната посета на Филозофскиот факултет и на еден собир, тие беа пречекани со демонстрации од студентите и монополските работници, кои го изразија незадоволството од политиката на власта.

Првпат во таа година (1940) се почна со масовни пишувања на актуелни пароли по ѕидовите на куќите во разни делови на градот од страна на членовите на КП и СКОЈ. Беа растурени голем број летоци и прогласи во над илјади примероци. Во 1940 година се растурани летоци меѓу мобилизираните војници, со протест поради необезбедување на нивните семејства. Во 21 полк војниците откажаа да земат храна, ги истурија казаните и бараа да ги пуштат дома или да одат во војна. Притоа беа казнети 24 војници.

Состојбата и дејноста на КП и рботничкото движење и големата активност што беше спроведена, покажуваат дека револуционерното движење не беше разединето, случајно, изолирано, дека сето тоа не се акции на одделни личности и групи туку на движење на широките слоеви на народот, со широка поддршка, дека сето тоа се раководеше од еден центар, односно од КП и дека се дејствуваше според еден разработен систематски план. Поврзаноста на КП со работничката класа беше толку цврста и широка што апсењата и теророт не можеа да го спречат растежот на КП и РДД. Неколкуте апсења што беа извршени од страна на полицијата не се проширија како порано

туку благовремено беа локализирани, благодарение на доброто држање на комунистите пред полицијата и добрата организација и конспирација.

Обимноста на економските акции ги изведоа УРС-овите синдикати и учеството на рботниците во демонстрациите под раководство на комунистите, во 1940 година, покажаа дека беа залудни обидите на режимот и владата Цветковиќ-Мачек, преку ЈУГОРАС, како режимски синдикати, да го затапат осгрилото на УРС на Југославија. Дејноста по синдикална линија мина непосредно во рацете на КП, преку комисии и илегални синдикални одбори.

1. Работничкото и револуционерното движење во Скопје, како и работничкото движење во Македонија, што се одвиваше во рамките на Југославија во 1940 и 1941 година, се карактеризира со интензитет и со широчина во организирањето и дејноста. Тоа е време кога сосема се отстрануваат сите туѓи влијанија во работничкото движење, во Комунистичката партија, кога се ослободуваат организациите и комунистите од застарените тесни организациони форми во работата и дејствувањето кога се разбива обрачот на илегално-политичкото дејствување.

2. Покрај тоа во Скопје дејствуваа покраинските раководства на КП, СКОЈ, Црвена помош; работеше илегална техника – со други зборови место од каде се раководеше и даваше тон на работничкото и национално-револуционерното движење во Македонија.

3. Комунистичката партија со својата програма и дејност, што беа насочени во интерес на широките слоеви и на националните интереси на народот, се издигна во единствена партија, со авторитет и влијание во масите, што и овозможија да се стави на чело на борбата на работничката класа и на народот во Македонија.

4. Во јакнењето на организационото, идејното и политичкото единство и на влијанието на народот, значителна улога одигра

легалниот, илегалниот и револуционерниот печат (на македонски јазик) и марксистичката литература". [147]

"Основните животни намирници од сите краишта најмногу беа поскапени во Македонија. Така додека во Белград тие изнесуваа 10-15%, Љубљана 16%, Загреб и Сараево 25%, нивниот процент во Македонија изнесуваше од 25-40% (1940 год.). Во ова време животните трошоци најбрзо пораснаа особено за исхраната и облекувањето, при што некои артикли поскапеа од 100-300%. Лебот, поскапе за 50%. Истовремено додека номиналната заработувачка бележеше покачување од 12%, реалната заработувачка покажуваше опаѓање.

Уредбата за минималните надници, според која работничките надници беа покачени од 22,5 на 32 динари, ни од далеку не ја подобриja лошата состојба, бидејќи таа уредба во Вардарскиот дел на Македонија никој не ја спроведуваше. Грото од работниците примаа надници помали од 32 динари така што тие, во споредба со 1939 година, беа паднати за 40%. Во фабриката за конзерви "Факир" надниците на работниците се движеа и до 8 динари.

Борбата на скопските комунисти за преземање на синдикатите беше остра и долготрајна. Во 1940 година, таа доби уште поголеми размери и беше решителна за постигнување на поставената цел. Во таа борба синдикалните раководства беа преземени постапно и преориентирани на антифашистичка и револуционерна позиција.

Крупен успех скопските комунисти постигнаа и со придобивањето и вклучувањето на работниците од турската и албанската народност во класната борба. Во поголем број производствени организации, каде што работеа тие и во културните и спортските друштва што членуваа, партијата играше раководна улога.

Борбата на скопското работништво во 1940 година

[147] Д-р Велимир Брезовски, "Скопје во НОВ 1941 год.", Скопје 1973 година, стр. 15-25.

Акцијата на монополските работници, штрајкот на работниците во индустријата на килими, штрајкот на работниците во фабриката "Вардар", акција на влечкарските работници, штрајк на работниците во фабриката за керамиди, штрајк на работниците во фабриката за конзерви "Факир", штрајк на работниците во фабркиката "Папатеодоси", акција на дрводелските работници, штрајк на работниците на Антон Ручигај, акцијата на берберско-фризерските работници, акцијата на млинските работници, штрајк на чевларските работници, акција на шивачките работници, акција на металците.

Сите овие крупни акции и револуционерни настани на скопското работништво како и целата работничка класа во Македонија во 1940 и 1941 година, беа сигурен знак за успешното поврзување на Партијата со широките работни слоеви и за нејзиното оспособување да ги предизвика и предводи народните маси во борбата за извојување на економски, политички и национални права и слободи.

На забраната на класните синдикати, и покрај политичкиот терор, работничката класа реагираше преку низа протести, собири, демонстрации и штрајкови, до кои дојде ширум земјата. ЦК КПЈ и ПК КПМ издаде прогласи за стапување во еден цврст борбен фронт". [148]

"Меѓутоа, екипата Цветковиќ-Мачек беше само едно продолжение на предходните монархофашистички режими, овој пат со уште понагласена фашистичка компонента, како во надворешната така и во внатрешната борба. Натисокот над Универзитетот се засилуваше, неговата автономија се почесто се загрозуваше, а со студентите-раководители на протестите и штрајковите се пресметуваше најжестоко. Така, по штрајкот организиран на 28 мај 1940 година за одбрана на автономијата на Универзитетот, со одлука на факултетскиот совет од скопскиот филозофски факултет беа истерани тројца студенти без право на полагање испити и запишување во следните два семестри.

[148] Д-р Орде Ивановски, исто, стр. 30-43.

Почетокот на отпорот на фашистичката агресија, што нашите народи го почнаа на 27 март 1941 година, студентите од скопскиот филозофски факултет, го пречекаа подготвени. Почнатите местимични протести на средношколците, студентите и работниците се претворија во масовни демонстрации какво Скопје не паметувало дотогаш (се смета на тие демонстрации учествуваа 15.000 граѓани).

Тројцата говорници што беа исфрлени од демонстрантите, а кои го повикуваа народот на отпор, беа од редовите на студентите (Филимена Михајлова, Антон Колендиќ и Благој Корубин). Може да се рече дека тие демонстрации беа прво борбено крштевање на мнозина подоцна решителни борци во Народноослободителната борба. Благој Корубин зборуваше на македонски јазик". [149]

"Во последната учебна година спроти војната – а за неа станува збор овдека – Партиската организација (ќелија) на Филозофскиот факултет во Скопје ја достигна цифрата од 15 или 16 души, од кои осуммина Црногорци, три-четворица Срби и три-четворица Македонци. Сите тие беа студенти на овој факултет: тринаесет мажи и три жени. Освен нив, на факултето имаше уште три-четворица студенти партијци, членови на други ќелии и партиски организации" [150]

"Скопските комунисти, исполнувајќи ја задачата што пред нив беше поставена по советувањето од 22 јуни 1941 година во врска со подготовките за вооружена борба, сметајќи ја борбата против окупаторот во својата земја и како интернационален долг, тие во текот на јули и август 1941 година, развија широка акција за собирање на оружје и друг воен и санитетски материјал. Од редовите на скопските комунисти во јули и август 1941 беа формирани подготвителни или диверзантски групи кои редовно изведуваа воена обука. Некои од овие беа формирани со определена задача од чисто разузнувачки карактер, која успешно ја извршуваа. Во ова време особено голема активност е развиена околу изработката на разни

[149] Д-р Десанка Миљовска, исто, стр. 50-52.
[150] Благоја Корубин; исто, стр. 57.

диверзантски средства кои беа изработувани во специјални камуфлирани работилници.”

Во почетокот на август 1941 е изведена првата диверзантска акција во рудникот за хром во Радуша, од каде е земена поголема количина експлозивен материјал. До пред крајот на месец август 1941 во рудникот се извршени уште две такви акции. Во времето на изведувањето на овие две последни акции, членовите на диверзантската група веќе живееја во воен логор, кој беше лициран во една шумичка во близината на реката Вардар, на спротивната страна од селото Злокуќане. Членовите на диверзантската група во акциите тргнуваа од воениот логор и во него се враќаа. Животот во логорот беше организран. На чело на воениот логор се наоѓаа воени старешини – командир и политички комесар.

Покрај воените подготовки за формирање на партизански одред, се спроведуваа и политички подготовки: состаноци-поединечни, групни и одржување конференции и собири, на кои се разобличуваше окупаторот и се создаваше антиокупаторско расположение кај масите, особено во селата, се водени и акции кои имаа цел да го заострат односот спрема окупаторот, подигајќи ја постепено борбената свест кај масите. Една од позначајните акции од тој период беа Илинденските демонстрации, на кои посебно беше акцентирана посебноста на македонскиот народ, наспроти намерите на окупаторот и колаборационистите да ја прикажат историјата на македонскиот народ како бугарска. Истовремено зачестува и растурањето на прогласи и летоци, против окупаторот.

На втори август 1941 година, дојде до масовни демонстрации против бугарскио окупатор во Скопје, Битола и Прилеп, што ги организира Партијата”. [151] (Но не се споменува прогласот на ПК издаден за оваа цел – м.з.)

“Од фактот дека револуционерната народно-ослободителна борба во Македонија, а посебно во Скопје проживуваше разни фази на подем и полет како и на падови и порази од 1941

[151] Славка Виданова, исто, стр. 125-154.

година до денот на конечната победа, некои публицисти – па и политичари – извлекоа погрешни заклучоци, давајќи ненаучни, невистинити – дури навредливи – процени за силата и дејствувањето на партиската организација, особено во 1941 година. Во тој поглед најдалеку отиде редакцијата на "Историски архив КПЈ" во предговорот на својата свеска VII, издадена 1951 година, каде доследно пишува: "...партиската организација во Македонија... мала, слаба, дезорганизирана и дезориентирана од Методија Шаторов (беше) на опашката на масите 1941 година..." Меѓутоа, историската вистина е поинаква.

Во деновите на разгромот на стара Југославија и окупацијата во Скопје постоеше и делуваше Комунистичка партија во следниот состав: 160 активни членови на Партијата, 100 кандидати за членови на Партијата, 400 активни членови на СКОЈ, Местен комитет на Партијата и на СКОЈ, Покраински комитет на КПЈ за Македонија (постои во ова време ПК на КПМ м.з.), Покраинска техника на Партијата итн. Освен овие, во Скопје имаше и: околу 2.000 симпатизери, мажи и жени опфатени со разни организациони форми.

Во големите Мартовски демонстрации Партијата не само што ги истакна своите пароли, кои ги изразуваа народните желби и интереси, туку истовремено и првпат по обзнаната од 1921 година јавно и манифестационо истапи како Комунистичка партија.

Факт е дека во моментот и во деновите на окупацијата, ни во Скопје ни во цела Македонија не постоеше ниедна политичка партија, организација или група – освен Комунистичката партија.

Како се држеше во тие судбоносни денови, со какви пароли настапуваше, какви акции водеше – накратко: каква беше политичката линија на КПМ?

Веднаш треба да се нагласи дека е забележливо кај поголем дел од написите што се занимаваат со ова прашање, дека во нив најмногу внимание се обраќа, дека во подробности се

разрботуваат цитати од одделни летоци и "окружници" на Покраинскиот комитет од тој период. Летоци и директиви – па дури и ракописи и концепти кои никогаш до никого не биле упатени – во кои Шарло или покрај него и ПК – ги спроведуваше или провлекуваше своите капитулантски, велико-бугарски ставови. И врз основа на така одбраните "историски документи" се пишува историјата за 1941 година во Скопје и Македонија.

А се заобиколуваат, се забораваат или се премолчуваат несоборливи факти за бројот на потфатите и акциите, за многубројните вооружени акциифакти кои зборуваат за отпорот, подготовките и почнувањето на првото организирано вооружено востание.

А токму тие факти, тие многубројни херојски акции се неоспорен доказ – доказ на практиката над фразите – дека летоците, "писмата", "директивите" на Шарло и луѓето околу него немаа никакво влијание врз животот и работата на КП, комунистите, скоевците и симпатизерите, како и врз се пошироките маси на граѓаните на Скопје и Македонија.

За подготовките и почетокот на големите и масовни Мартовски демонстрации Шарло немаше ни поим, зошто токму од 25 до 27 март и не беше во Скопје, како ни другите членови на ПК, така што демонстрациите се водени од нас – партиското раководство од факултетот, Месниот комитет на Скопје и врз основа на договор со другарот Лола Рибар – член на ЦК од Белград". [152]

"Како што е познато, првата информација за потпишувањето на Тројниот пакт, што значеше капитулација пред силите на нацифашизмот, радиото ја објави на 25 март во првите емисии утрото. Тоа утро појдов на работа. Близу до Камениот мост го сретнав тогашниот секретар на ПК КПЈ за Македонија Методи Шаторов-Шарло, кој извесно време имаше увид во работата на редакцијата на весникот "Наша реч", легален орган на ПК. По првите информации низ градот почнаа првите демонстрации со учество на ученици, на кои во првиот момент од редовите на

[152] Д-р Антон Колендиќ, исто, стр. 141-150.

Српскиот клуб и четничката организација им даваа националистички карактер, но набргу, со учество на скоевците, состојбата се измени. На Шарло му го изнесов своето мислење дека во тие многу значајни настани комунистите треба активно да земат учество, изнесувајќи ги основните пароли против фашизмот, за демократизација на земјата и нејзината одбрана како што пишуваше во прогласите на ЦК КПЈ. Шарло ми одговори: "Тоа е нивна работа!" Со тоа заврши нашиот краток разговор и секој си замина на својата страна." [153] (Дејан Алексиќ го тврди ова, а Колендиќ тврди оти Шаторов од 25-27 не бил во Скопје м.з.).

"Колендиќ: Од Блажо Орландиќ, кој беше моја врска (односно врска на факултетското водство) со Покраинскиот комитет, примив директива дека треба да се организира масовно јавување во доброволци. Таа директива, освен на факултетот ја пренесов и во пет партиски работнички ќелии, на кои им бев инструктор.

Врз основа на директива на Месниот комитет, ми ја пренесе Цветан Димов-Чаирчанец, сите почнавме да организираме и да го популаризираме собирањето на оружје. Таа директива ја пренесувавме не само на комунисти, туку и на симпатизери. Подоцна ја користевме "Објавата" на германските власти дека сето оружје мора да се предаде, и преку овие врски баравме луѓе: во голем дел резервни офицери, чиновници итн., од кои земавме оружје, бидејќи се плашеа да го чуваат. Мене ми е познато за собрани на тој начин дваесетина револвери и муниција. А имав слушнато од другари за собирање на митралези, пушки, дури и за скриен еден топ – на имотот на подоцна стреланиот комунист Алија Авдовиќ во селото Синѓелиќ.

Никогаш немам слушнато за директива дека оружјето мора да се предаде, нити сум слушнал дека некој од другарите го предал оружјето на непријателот. Тогаш беше дополнета и партиската техника. Беа префрлени многубројни машини за пишување,

[153] Дејан Алексиќ, исто, стр. 102.

неколку радиоапарати, гештетнер, големи количество хартија и друг материјал.

Скоевските групи уште од првиот ден на окупацијата почнаа да пишуваат пароли по ѕидовите, пароли против Хитлер и нацизмот, за СССР, а подоцна и против бугарските окупатори.

Група скоевци самоинцијативно, но во духот на општата линија на Партијата – дека треба да се бори и да се преминува кон директна вооружена борба против окупаторот, изведе крупна акција: палење на германски транспортен авион од типот Јункерс 52, кој присилно се спушти на едно поле. За таа акција – во тие први месеци многу се зборуваше, фалејќи ги младинците – херои.

Организацијата Црвена помош, подоцна наречена Народна помош, набргу стана мошне масовна. Оваа организација, под директно раководство на Партијата, се разви во голема активност и презеде низа добро организирани акции. Меѓу нив треба да се споменат акциите на солидарност спрема српските семејства кои беа протерувани од Македонија со малтретирање, потоа заземање и помош на восните заробеници, посебно акции за Евреите итн.

Посебно треба да се истакне мошне храбрата и смислена акција за навлегување во воените магацини на тогашно Ханриево, каде што беше складирано запленетото оружје на бившата југословенска војска. И покрај германските стражари, група млади комунисти изнесе толку неопходно оружје, бомби, муниција итн.

По иницијатива на механичари и машинобравари комунисти и симпатизери беше организирана работилница за изработка на бомби, поправка на оружје итн. Оваа работилница функционираше во текот на целата 1941 година.

Месниот комитет формира неколку ударни групи кои вооружени преземаа или обезбедуваа многубројни акции. Овие ударни групи воведоа вежби и систематски подготовки – учење на ракување со оружје, усвојување на основни воени знаења

итн. Ударните групи изведоа повеќе успешни акции, како навлегување во складиштата за динамит на "Алатини", голема саботажа кај Ложилницата, каде е уништена локомотива, предизвикан метеж во сообраќајот и паника кај Бугарите и Германците; обид за атентати над полицајци и агенти, ликвидирање на конфиденти итн. (Конфиденти: повереник, поузданик, поверлива особа м.з.)

Потоа – и покрај засиленият, отворен терор од окупаторот-активноста на Партијата порасна значително... поврзување со селата, создавање на првите партиски групи, масовно земање оружје, демонстрации, летоци по повод прославата на Илинден; штрајкот во II машка гимназија, протестите и демонстрациите на жени итн.

Кога се зборува за Скопје во НОВ во 1941 година треба остро да се подвлече историскиот факт дека на една страна се наоѓаше Покраинскиот комитет со своите опортунистички, великобугарски, капитулаторски Шарловистички ставови или компромиснопомирливи гледишта и политика спрема тие ставови и практика, а на другата страна беше членството, Месниот комитет и активните партиски организации, херојскиот СКОЈ, многубројните симпатизери и раздвижените маси кои работеа, се бореа и преземаа семожни акции за развој, проширување и успех на вооруженото, народно востание.

Што се однесува до работата на ПК накратко го наведувам она што можев да го проверам и утврдам: 1) целосна неактивност на сите сектори, 2) незадоволство на многу организации од ПК, 3) ПК не ја познава состојбата и силата на организацијата (на пример случајот со демонстрациите во Скопје)". (види фуснота 152) (152 Д-р Антон Колендиќ, исто, стр. 141-150.) (Колендиќ ги прифатил обвинувањата од Драган Павловиќ протиф ПК м.з.).

"Многубројните политички и воени акции: протести, бојкотирање на разни окупаторски мерки и акции (одбивање на средношколската младина да учествува во помпезните прослави што ги организираа окупаторските власти); испишување а пароли, истакнување на црвено знаме на

дивизиската зграда во центарот на градот на Први мај; демонстрациите; палењето на германскиот транспортен авион ЈУ-52; собирањето на оружје и други диверзански акции, не значат само први зачетоци на подготовките за вооружено востание, туку и зачетоци на разни видови отпор против окупаторот.

Покраинската воена комисија, во текот на месеците јуни, јули и август, се до формирањето на Покраинскиот воен штаб, всушност одржа само три состаноци, на кои беа извршени задолжувања на членовите по сектори: за формирање и дејство на диверзантски групи и партизански одреди, за организирање на разузнувачка дејност и работа во бугарската војска, а беа донесени одлуки за формирање на диверзантски групи и партизански одреди.

Во текот на месец јуни 1941 година беше формирана и група за работа по воена техника во градот – собирање на оружје и боен материјал.

Борбеното расположение на членството и неговиот притисок го натера ПК и Покраинската воена комисија, во почетокот на август, да формира диверзантски групи. Најзначајни акции на диверзантските групи беа навлегувањето во рудничките магацини – Радуша и снабдувањето на организацијата со експлозивни материјали, на трипати влегување успеаја да земат експлозив, каписли и фитили во тежина од над 800 кгр. Тие влегуваа смело во разни воени складишта за релативно кратко време беа набавени околу 20 пиштоли, неколку пушки, еден пушкомитралез марка "Брно", десетина бомби и извесно количество муниција.

Во втората половина на месец август 1941 година од диверзантските тројки беше формиран и Скопскиот партизански одред. (Одредот е формиран на 22.VIII.1941 година)". [154]

[154] Александар Спасовски, исто, стр. 160-162.

"Во отпорот против бугарскиот окупатор значајно место зазема подготвуваната демонстрација на Илинден. Спроведувајќи ја директивата на ПК, МК подготви план за помасовно организирање на демонстрации – беше извршен распоред на членството на КП и СКОЈ, беа подготвени пароли и сл." [155]

"Да спомнеме дека само во 1940 година, под раководство на партиската организација во Скопје, беа организирани и спроведени 17 штрајкови, во кои учествуваше речиси целата работничка класа.

Значи, до моментот на окупацијата, партиската организација во Скопје доживуваше бурен развој. Тогаш таа беше веќе јака организирана политичка сила која броеше 160 члена, околу 100 кандидати за членови на КП и околу 400 членови на СКОЈ.

Во своите сеќавања, под наслов "Дејствата на Воената комисија при Покраинскиот комитет во 1941 година", Бранислав Шикиќ вели:

"Воената комисија при ПК требаше да се формира при крајот на јуни 1941 година. Претполагам дека Покраинскиот комитет одлуката за формирање ја донел веднаш по 22 јуни. По два или три дена Шарло ми закажа состанок на еврејските гробишта. Присутни: Шарло, Коце Металец и Ѓуро Лековиќ-Горски, (се однесува за Љуобомир Лековиќ – б.м.) Шарло ни соопшти дека во овој состав се формира воена комисија при ПК". (Бранислав Шикиќ: Дејствата на Воената комисија при Покраинскиот комитет во 1941).

Воената комисија во овој состав функционираше до септември 1941 година. Таа беше орган на Покраинскиот комитет и нејзината дејност се однесуваше за целото подрачје на Македонија. Меѓутоа, интересно е да се одбележи дека таа вршеше улога и на воен штаб за Скопје бидејќи посебен местен штаб не постоеше се до септември 1941 година.

[155] Д-р Миле Тодоровски, исто, стр. 179.

Првата диверзантска акција во Скопје е извршена на 5 јуни 1941 година. При тоа беше запален еден германски транспортен авион ЈУ-52, непосредно до војниот аеродром. Истата група уништи и еден германскни воен камион среде улица во градот.

Преку разни диверзантски акции биле набавени: десетина пушки, два пушкомитралези, еден сандак со муниција, 30 рачни бомби, 6 револвери, над 1.000 килограми динамит, поголемо количество детонатори, фитил и друг материјал. Според искажувањето на одделни учесници и организатори на НОБ, утврдено е дека динамит и друга воена опрема биле испраќани во Прилеп, Титов Велес, Битола, Штип, Куманово, Кавадарци и Неготино.

Во врска со пренесувањето на динамит и друга воена опрема од Скопје за Прилеп, еве што пишува Вера Ацева: "По првиот состанок на Месниот воен штаб, во последните дни од месец јуни неколкупати се испраќани курири во Скопје да донесат динамит."

На 22 август собраните диверзантски групи на теренот спроти селото Злокуќани заминаа на планината Водно и се улогорија во шумата над селото Горно Нерези. На 23 август на истиот терен дојдоа преставници на Воената комисија Периша Савелиќ и Љубомир Лековиќ-Горски, соопштувајќи ја директивата на ПК за формирање на прв партизански одред, во чиј состав влегоа сите членови на порано формираните диверзантски групи.

Цветско Узуновски во својот напис под наслов "Прилог кон вистината" објавен во "Политика" пишува: "На втори август 1941 година дојде до масовни демонстрации против бугарскиот окупатор во Скопје, Битола и Прилеп што ги организира Партијата".

Боро Трајковски, еве, како ја опишува првата акција на Скопскиот одред: "На 26 и 27 август 1941 година,... Акцијата ја изведовме успешно на рудникот Радуша. Запленивме околу 370 килограми експлозив и извесно количество каписли, фитил и друго".

Техниката на Покраинскиот комитет беше сместена на улица 335 бр. 17 во една мала приземна куќа во Скопје. Во неа илегално работеше на печатење агитационо-пропаганден материјал Боро Петрушевски-Папучар. Меѓутоа, бугарскиот окупатор во почетокот на септември 1941 година ја откри и ноќта помеѓу 8-9 септември со многубројна војска и полиција изврши блокада на куќата. Боро кој набрзина ја спакува техниката и без да се колеба отвора оган со револверот што постојано го носеше со себе. По разбивањето на блокадата, уште истата ноќ Боро успеа да се искачи на Водно, во реонот каде што се наоѓаше Скопскиот партизански одред и да му се придружи.

Месното партиско советување што се одржа на 22 јуни 1941 година имаше огромно значење за натамошното НОРД во Скопје, јасно се произнесе и донесе одлука, покрај протестите демонстрации, штрајкови и слични видови отпор, да се пристапи и кон организирани подготовки за отворена вооружена борба против окупаторот и домашните предавници. Непосредно по советувањето, партиската организација презеде итни мерки за спроведувањето на одлуката за вооружена борба. Собирање оружје и друга воена опрема, спроведување обука за ракување со оружје, вршење саботажи и диверзантски акции.

Во текот на јули и првата половина на август беа формирани и дејствуваа во градот и околината пет вооружени диверзантски групи... Во споменатиот период се пристапи и кон организирање на тајни магацини за складирање на оружје и работилници за изработување на разни мини, пеколни машини и други диверзантски средства". [156]

"И во Скопје, како економско-политички и културен центар на Македонија се засилува борбата на работничката класа и прогресивните сили. Во летото 1940 година започнуваат значајни револуционерни истапи и раздвижувања во редовите на работничката класа, кои продолжуваат дури до 6 април 1941

[156] Митре Непадовски, исто, стр. 192-205.

година. Поголемиот број од овие економско-политички акции беа организирани и раководени од КП.

Во Скопје, речиси сите покрупни фабрики и работилници беа опфатени од овој револуционерен бран на штрајкови и други политички акции. Особено значаен овој штрајкачки бран беше во 1940 година. Немаше ниедна бранша, ниедна категорија работници, да не беше зафатена од тие истапи и акции: текстилците од фабриката "Вардар", шивачките, берберско-фризерските работници, столарските – сите беа во едно силно раздвижување. Посебно забележливи и долготрајни беа штрајковите што ги водеа металските работници од фабриката "Папатеодоси" и металската работилница "Ручигај", кои траеја над 50 дена.

Овие штрајкови и акции сами по себе зборуваа за успешното поврзување на Партијата со широките работни маси и за нејзината способност, не само да ги раздвижува овие маси, но и да ги предводи решително во борбата за извојување на економско-политички и национални права и слобода.

На 26 март 1941 година, под раководството на партиската организација во Скопје, се организираа масовни протестни демонстрации против потпишувањето на Тројниот пакт. По сите улици на Скопје се демонстрираше со исфрлување на пароли: "Долу предавничката влада", "Долу тројниот пакт", "Поарно гроб одошто роб", "Сакаме сојуз со Советскиот Сојуз" и сл. Во овие демонстрации зедоа учество околу 12 до 15 илјади младинци, студенти, работници и граѓани. Во Скопје ова беше најмасовна демонстрација, во целиот тој предвоен период.

На 27 март 1941 година, демонстрациите продолжија. Овој пат со камења и со стапови демонстрантите се нафрлуваа на полицијата која се обидуваше да ги растури. Со камења ги искршија прозорците на италијанскиот и германскиот конзулат. Во многубројните судири со полицијата беа повредени голем број полицајци и демонстранти, а повеќе од 10 демонстранти беа затворени.

Во првите денови на мај (1941) ѕидовите на скопските улици беа испишани со пароли против окупаторската власт и нејзините полициски мерки.

Кон крајот на јуни работниците што работеа на весникот "Целокупна Б'лгарија", организирани од партиската единици на Печатницата, стапија во штрајк. Причината за тоа не беше само што работниците беа многу ниско платени, туку, и пред се, омразата и гнасењето што го чувствуваа овие работници спрема се она што се печатеше во тој весник". [157]

"Спроведувајќи ги задачите набележани уште на Петатата земска конференција на КПЈ во врска со масовното и поактивно вклучување на жените во напредното движење, во ПК на КПЈ за Македонија во април-мај 1941 година е формирана посебна Женска комисија.

Скоевската група доби задача во сите класови, почнувајќи од V-те нагоре, да формира воспитини групи. Набргу се формирани воспитни групи во V, VI, VII и VIII клас, така што во Женската гимназија во 1940 година имаше околу дваесетина воспитни групи.

Така, кон крајот на 1940 година беа зачленети во задругата над 150 жени, предимно домаќинки, а еден дел работнички и студенти". [158]

"Во 1939 и 1940 година, во навечерието на историската и револуционерна 1941 година, турската и албанската народност се здобија со прва организација на СКОЈ и КПЈ, а на 1 септември 1940 година првпат во својата историја се здобија – оформија партиска кандидатска единица". [159]

"Во почетокот на август (1941) Роберт Гајдиќ отишол кај Видовски и предложил неговата работилница да служи за правење и попрвка на оружје". [160]

---

[157] Димче Хаџи-Митревски, исто, стр. 207-213.
[158] Марија Јовановиќ, исто, стр. 233-236.
[159] Проф. Мустава Карахасан, исто, стр. 240.
[160] Драгољуб Богојевиќ, исто, стр. 272.

“Како прв истап на партиската организација во Скопје, полицијата бележи пишување на пароли по ѕидовите на некои куќи – како што беше паролата за СССР напишана а 21 мај 1941 година. Во истиот месец полицијата забележува дека работничките слоеви покренале акција за организирање на штрајк, под формата на барање за зголемување на надпиците. На 17 јуни одржан состанок за подготовки на штрајк од страна на тутунските работници, полицијата ги открива и ги упасува.

По оваа акција бугарската полиција бележи дека била засилена комунистичката пропаганда кај сите бранши на работниците. Се растурале комунистички летоци, се одржувале состаноци по приватните куќи, се организирале групни екскурзии, на кои поистакнати стари комунисти им зборувале на работниците за Советскиот Сојуз, против бугарската власт и др., и ги повикувале да се борат за зголемување на надниците и намалување на работното време.

Во месец август полицијата открила состанок кај манастирот Св. Пантелеј на кој присуствувале околу 30 работници. Друг кај “Матка”, присутни околу 40 работници. На состаноците е зборувано како да се организира младината за штрајкови, саботажи и др. Веднаш по нападот против СССР е објавен леток кој е растуран низ градот. Во летокот се велича Советскиот Сојуз. По него растуран е летокот “Реч на Сталина” во кој се укажува на опасноста од фашистичките поробувачи.

На крајот на јули 1941 година, беше растуран леток во Скопје, со кој КП ги повикуваше Македонците, Турците, Албанците и Власите, како и останатото население, масовно да излезат на свечената прослава на Илинденското востание и да демонстрираат против новите поробувачи на Македонија.

Според податоците на полицијата, членовите на Восниот штаб на Скопје донеле одлука да се снабдат со експлозив од рудникот “Радуша”. Во првиот напад, запленили 4 ранци експлозив и еден ранец со капсули, во вториот групата запленила 8 ранци со динамит и екразин, од кои 1 ранец со капсули.

Откривање на складиштата за оружје и боен материјал. Едно складиште е откриено се запленети: 2 пушкомитралези, 9 српски пушки, 75 пакети динамит, 3 суви бетерии, 4 шаржери со муниција за митралези, 8 пиштоли, 9 кутии со капсули, доста екразит и друг воен материјал.

Второто складиште е откриено и во него се запленети неколни машини и големо количество експлозивен материјал, капсули и друго.

Третото складиште е откриено и пронајдени се: експлозивни материјали, капсули, фитил, 1 српска карабина, конспиративен материјал и друго.

Четвртото складиште е откриено кај Козле, во еден дол, во некои лозја. Пронајдени се 4 часовници за неколни машини, околу 7 кгр. динамит и друг материјал.

Покрај овие складишта, полицијата ја открива во Скопје и работилницата на Серафим Видов, во која е конструирана една радио-предавателна станица со радиус од 30 км. за предавање со Морзсова азбука". [161]

"И на крајот, ако ми дозволите, мене мие жал што не е овде другарката Вера Ацева, по суштински во нашето гледање нема разлика. Вера вчера се изјасни против формулацијата во моето излагање – дека Шарло не е дораснат за дадената ситуација. Овде проблемот е терминолошки. Друго е кога говори еден политичар во еден политички дијалог. Тој може да се послужи со соодветна терминологија. А друго е кога еден научен работник ги изнесува своите научни достигања. Еден научен работник не може да каже – Шарло е Бугарин, како што тоа го рече вчера другарката Вера. Уверен сум дека и таа не мисли така. Зашто ако се рече за Шарло дека е Бугарин, тоа треба да се докаже. А на сите ние познато дека Шарло е роден во Македонија (Прилеп) и дека растел тука, се декларирал како

[161] Боро Митровски, исто, стр. 326-332.

Македонец. Можеме да потврдиме за Шарло дека му била поблиска концепцијата на БРП(к) и сл.”. [162]

“Сега да преминам на тоа зошто е јасно дека Шарло свесно одел а оваа работа. Прво, другари, ако се чита писмото на Методија Шаторов-Шарло, нашишано по распуштањето на Покраинскиот комитет и неговото сменување од секретар на ПК КПЈ за Македонија во 1941 година до новиот ПК, ако се чита внимателно и ако се гледа со политичко око, ќе се види дека тој длабоко во душата е Бугарин. Тој говори за Македонија, но говори во поттекстот – бугарска Македонија, бугарски Македонци. Не го спомнува зборот бугарски, но тоа му е во душата. Целото негово дејствување преку летото 1941 година, како секретар на ПК, е подредено на тоа Македонија да биде составен дел на Бугарија. Јас лично го познавам, сум работела со него, сум била член на ПК, па според тоа можам повеќе и да судам”. [163]

“Во јуни 1940 година другарот Бајо ни соопшти дека треба да формираме ПК на СКОЈ. Во ПК влеговме: Бајо, Беќо Башиќ и јас. На првиот состанок бевме само ние тројцата. Секретар беше Бајо. Тој зборуваше за целите и задачите што стоеја пред ПК на СКОЈ, дека треба да се оди и во другите градови во Македонија, каде да се формираат месни комитети на СКОЈ, и постојано да одржуваме врски со нив. Во месец октомври ја одржавме Првата месна конференција на СКОЈ. Беа присутни 20-30 души.

Во почетокот на 1941 година имавме скоевски групи во средните училишта, како и меѓу работниците и во маалите. Така меѓу средношколската младина имаше: Во Прва машка гимназија – пет групи со 40 скоевци; Втора машка гимназија-четири групи со 23 скоевци; Женска гимназија – 10 групи со 70 скоевци; Великата медреса – три групи со 14; Иса-беговата медреса – една група со 5 скоевци, Среднотехничкото училиште – една група со 7 скоевци; Учителската школа – две групи со 7 скоевци; Трговската академија – две групи со 8 скоевци; Младинското (трговско) училиште - две групи со 9 скоевци; или вкупно – 30 групи со 183 скоевци.

[162] Михајло Апостолски, исто, стр. 377.
[163] Вера Ацева, исто, стр. 379.

На Филозофскиот факултет меѓу студентската младина имаше една група со 50 скоевци. Надвор од Факултетот постоеше студентска група со шест скоевци.

Ако направиме една повторна пресметка – до месец април 1941 година, имавме 48 групи со 269 скоевци". [164]

"Исто ми е познато дека на 26-ти март околу пладне веќе беше донесено решение, барем од нашата организација – тоа го знам само за Факултетот: да се излезе вечерта на демонстрации. А ние се подготвувавме веќе за вечерта, со решение на партиската организација. Чија заслуга било тоа: на Месниот комитет ли била таа заслуга, на врските на месниот и Партиската организација на факултетот, на Покраинскиот ли? – тоа најдобро го знаат, секако, другарите што тогаш биле во тие раководни органи и, ако треба малку да се каже за заслугата на таа организација... На 26-ти вечерта од корзо тргнаа демонстрациите – и таму кај станицата и на други места доаѓаа секаде групи организирани од Партијата, од Скоевската организација.

Демонстрацијата не беше така хомогена: имаше официјални демонстрации, и имаше вечерта и организирани од Комунистичката партија и работничката класа. Не беа мислам и идеолошките позиции и политичките позиции хомогени – ниту пак емоционалните одлики на определени сили во тие демонстрации". [165]

"По одржувањето а Месното партиско советување во месноста Козле на 22 јуни 1941 година, на кое е донесена одлука за започнување на вооружена борба против окупаторот, на 28 јуни кај еврејските гробишта беше формирана Воена комисија при Покраинскиот комитет во состав Методија Шаторов-Шарло, Бранислав Шикиќ-Бруно, Коце Стојановски-Металец и Љубомир Лековиќ-Горски. Таа истовремено вршеше улога и на Местен воен штаб за Скопје.

---

[164] Илија Јакимовски, исто, стр. 394-397.
[165] Благоја Корубин, исто, стр. 401-402.

На 3 јули 1941 година Воената комисија пристапи кон формирање на диверзантски групи во градот како први вооружен облик на борба против окупаторот. Редоследот на формирањето на диверзантските гурпи не е утврден, но се знае дека од 3 јули до 22 август постоеја 5 такви групи кои мошне успешно дејствуваа во градот и околината.

На 22 август 1941 година беше формиран Првиот скопски партизански одред. Местото на формирањето на Одредот беше спроти селото Злокуќани, крај реката Вардар, во месноста "Чифлик"-Скопско. Всушност, тоа е првата партизанска единица формирана во 1941 година во Македонија". [166]

"Како што е познато, скопската партиска организација во текот на 1938-1939 и 1940, до 1941 година, се создаваше, калеше и јакнеше преку низа политички и штрајкачки акции, така што во 1941 година во Скопје имаше над 130 членови да КП и над 300 скоевци. Колку беше големо влијанието и авторитетот на партиската организација во Скопје покажаа и демонстрациите од 27 март 1941 година. Мене не ми е познато дали некаде во други градови, освен во Белград, имаше така оргаинзирани и масовни демонстрации, во кои партиската организација беше вклучена активно и ги раководеше.

Веднаш по окупацијата се одржа проширен состанок на Месниот комитет на кој ни беше пренесена директивата за засилување на будноста. Понатаму беше дадена директива комунситите да не држат никакво оружје, зошто тоа може да значи упропастување на кадрите, зашто поради тоа можат да бидат стрелани". [167]

2. Дејноста на Воената комисија при Покраинскиот комитет во 1941 година

"Сакам да се осврнам на рефератот на Драгољуп Богоевиќ и Велимир Николов, според искажувањата на Серафим Видовски,

[166] Александар Крстевски-Парто, исто, стр. 406.
[167] Боге Кузмановски, исто, стр. 410, 411, 412.

под наслов “Работата на првата рботилница за оружје во Скопје 1941 година”.

Прво, по мое мислење рефератот, ваков каков што ни е претставен, има недостатоци по многу прашања. Имено, организирањето на оваа работилница претставуваше една од најважните задачи на Воената комисија при Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија. Меѓутоа, од рефератот произлегува дека работилницата била организирана наполно без врска со Воената комисија. Нешто повеќе, од рефератот произлегува дека Шикиќ, кој тогаш беше член на Воената комисија при ПК, бил само еден од преводачите на стручниот материјал што служел за организирањето на работилницата.

Со ваквиот приод на авторите кон оваа мошне важна документација се намалува улогата на партиската организација во Скопје. Можеби тоа произлегува оттаму што тогаш Шарло се наоѓаше на чело на Партијата во Македонија. Меѓутоа, се губи од предвид дека е наполно погрешно работата и ставовите на Шарло да и се препишуваат на Партијата во Македонија и на скопската партиска организација во целост, зашто ако било така, Партијата во Македонија и скопската партиска организација не би биле во состојба успешно да ја организираат и раководат НОБ и Револуцијата до нејзиниот крај”.

Воената комисија при Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија дејствува од крајот на јуни до почетокот на септември 1941 година.

Комисијата беше посебен орган на Покраинскиот комитет за работата по воена линија. Не ми е познато дали, кога и каде биле формирани воени комисии при месните комитети на Партијата макар што за тоа се зборуваше во комисијата како потреба. Меѓутоа при Месниот комитет на Партијата во Скопје, до постоењето на воена комисија при ПК не била создадена посебна воена комисија туку задачите во скопската партиска организација по тој сектор ги вршеле членовите на воената комисија при ПК, а во самиот Местен комитет по воена линија беше задолжен Периша Савелиќ. Претполагам дека Савелиќ по

воена линија беше непосредно врзан со Шарло кој бил претседател на воената комисија при ПК.

Воената комисија при ПК требаше да се формира при крај на јуни 1941 година. Претполагам дека Покраинскиот комитет одлуката за формирање ја донесе веднаш по 22 јуни, нападот на Хитлеровска Германија на Советскиот Сојуз. Неколку дена по овој датум другарката Споменка Шикиќ, која во тоа време беше (заедно со Милева Сабе) задолжена да води сметка за одржување на станот снабдувањето со храна и други потреби на секретарот на ПК ми рече дека приквечер треба да се сретнам близу старата Дирекција за шуми (во сегашната улица "Орце Николов"), со Методија Шаторов. На оваа средба Шарло ми соопшти дека е формирана воена комисија во која како резервен офицер влегувам и јас и првиот состанок треба да биде утврден во шест часот на пољанчето при пиланата "Треска".

Утреден мојата партиска келија "интелектуална" имаше состанок во мојот стан. Секретарот на келијата беше тогаш Страшо Пинџур. Состаниокот почна во 3 по пладне и многу се отегна така што почнав да се грижам дали на време ќе стасам на пољанчето пред "Треска". Работата беше во тоа дека келијата не смеела да знае за воената комисија и овој состанок. Ми олесна кога Пинџур погледна на часовникот и рече дека состанокот е завршен. Така ми остана време точно да стасам а закажаното место. Не малку се чудев кога след малку на пољанчето се појави и Страшо Пинџур. Тој ме праша дали Шарло ме повикал тука и кога му потврдив ми рече дека е дојден по иста работа. Меѓутоа, кога поминале предвидените десет минути и никој друг не дојде ние се растуривме. Тоа беше и последниот пат кога се видов со Пинџур. Оттука заклучувам дека во првиот состав на воената комисија при ПК требаше да влезе и Пинџур.

По два или три дена Шарло ми закажа состанок на еврејските гробишта. На тој состанок кој почна во 3 часот се најдоа, освен мене, Шарло, Коце – металецот и Ѓуро Лековиќ-Горски. Шарло ми соопшти дека во овој состав се формира воена комисија при ПК. Комистијата се конституира така, што Шарло беше претседател, Коце задолжен за работа и врска со наши луѓе во

бугарска војска, Горски за диверзантски групи а јас за обавештајната служба. Пред комисијата се поставуваат како задачи: прибирање на оружје, муниција и експлозив, изработка на електрични упалувачи, апарати и друг прибор за дигање на железнички пруги во воздух, како и други објекти, прибирање на податоци – возни ред за движење на возовите, нарочно тие што превезуваат воени единици, муниција и друга воена опрема, организирање на диверзантски групи, обучување на диверзантските групи и членовите на партија во ракување со оружје (пушки, пиштоли, бомби, екс- и други објекти, прибирање на податоци, места за воено обучување и друго. На членовите на комисијата им се поставува непосредно да се ангажираат во спроведувањето и контролирањето за извршувањето на овие задачи.

За времето на своето постоење комисијата имаше четири состаноци. Освен еден, кој се одржа во станот на Пајо Момчиловиќ, состаноците се одржуваа околу еврејските гробишта. Последниот состанок беше во крај на август или почеток на септември. Сигурен сум дека комисијата престана од денот кога во нашата интелектуална келија се дискутираше по писмото на ЦК КПЈ во врска со антипартиската работа на Шарло, а на кој состанок присуствуваше и Лазар Колишевски.

На своите состаноци комисијата расправаше за извршувањето на задачите, меѓу другото за трите диверзантски групи кој беа создадени во Скопје, за состојбата со прибирање на оружје, изработка на упалувачи, бомби и паклени машини, за организирање акцијата за земање експлозив во рудникот Радуша, за изработување на емисиона радиостаница, собирање на радио апарати, за врските со некои бугарски војници, за начинот да се приберат податоци за движење на возовите, кои доаѓаат во предвид за дигање во воздух, и користењето за таа цел бугарската партиска организација при железницата во Скопје, за привлекување на резервни офицери кои би вршеле воено обичување на диверзантските групи, скоевци и членови на Партијата и др.

Во комисијата се зборуваше и за организирање на партизански одред. Во врска со тоа на еден состанок што го имав со Шарло

при крајот на јули го известив дека некои работници кои пред окупацијата работеле во ф-ка Капина (меѓу кои беше Михајло Андриќ) дојдоа од Поречјето и барале јас или некој од другарите да додат таму и да ги организира луѓето што од теророт на бугарскиот окупатор одбегнале в шума и дека тие можат да соберат околу 80 души околу 300 пушки. Ми кажав за политичката работа која ја имавме меѓу работниците од ф-ката Капина пред војната. Му предложив јас да одам таму, по таа работа, за да се организира партизански одред. Тој ми рече дека за тоа треба да се договори со другарите од ПК дека можеби тој сам ќе оди подетално да се запознае со ситуацијата а засега да почекаме. По две три недели, на моето постојано инсистирање на одговор, Шарло ми рече дека другарите (мислеше на ПК) не се согласиле со мојот предлог оти неговото остварување во моментот не било политички опортуно. Населението во Поречје било србомански настроено. Одредот кој таму би се создал македонскиот народ не би го сметал како свој туку како српски а окупаторот тоа би го користел политички акцијата да ја прикаже како дело на Србите а нашата Партија како оружје на српските националисти. Заради тоа сета работа треба да ја одложиме за подоцна.

Во комисијата ми се постави да ја контролирам работата што ја вршеа Серафим Видоевски и Богољуб Димитриевиќ на изработката на упалувачи, бомби, паклени машини, радиоприемна станица и други за да им давам помош при изработка на цртежи и користење стручната литература. Во врска со тоа повеќепати се најдов во работилницата на овие другари.

Кон крајот на јули и почетокот на август во комисијата се донесе одлука, след военото обучување на трите диверзантски групи во Скопје од нив да се формира партизански одред. Стана збор и за обучувањето на членовите на партијата, младинци и симпатизери и групи низ цела Македонија и во врска со тоа изнајдување на што поголем број воени инструктори. Мене ме предвидоа за главен воен инструктор. Беше збор за командант на одредот во Скопје да се постави Ѓуро Лековиќ-Горски. Меѓутоа, никогаш во комисијата не се спомна Горски како командант за главен командант на партизанските одреди во

Македонија, макар Горски подоцна тоа го тврдеше. За ваква должност во она време уште не можеше да се збори бидејќи немаше уште формиран ниту еден партизански одред.

Со сменувањето на Шарло од должноста секретар на ПК, комисијата автоматски престана со работа". [168]

"СКЛАДИШТА ЗА ОРУЖЈЕ ВО 1941 ГОДИНА

Во Скопје, во јули 1941 година, беа формирани неколку диверзантски групи. Тие наколку пати појдоа во рудник Радуша и од таму зедоа екразит, динамит, капсли и друго. Тоа беа многу тешки и опасни акции, дотолку повеќе што ние на бевме наоружани и не можевме да се бориме, ако непријателот не открие. Потоа извршивме и една акција на Пиротехничкиот завод во Ѓорче Петров – тогаш Хандриево.

Покрај ова се правеа бомби и огнени машини во работилницата на Серафим Видовски и на неколку други места. Сето тоа оружје требаше некаде да се засолни. Јас и уште неколку другари ја добивме таа задача. Еден дел од експлозивот е испратен во внатрешноста. Другарите од Прилеп, Кавадарци, Велес и други места доаѓаа во Скопје по експлозив. Јас им го пакував во вреќи од цемент и тие така го носеа во своите места. За останатото правевме складови.

Еден склад имавме на Еврејските гробишта. Со Драган Томиќ дигнавме плочи од стари гробови и во нив слагавме динамит и друго. Не беше многу пријатно да се шета така ноќе по гробовите, но тоа беше многу добро засолниште.

Другиот магацин за оружје беше во една куќичка во Мацир-маало. Таа куќа уште со време ја закупивме и никој не знаеше што станува во неа. Всушност, под душемето имаше ископано склад и тој го наполнивме со овие материјали, со кои се снабдија диверзантските групи во споменатите акции.

---

[168] Бранислав Шикиќ, исто, стр. 444 и "13 ноември" издание на Боречката организација, Скопје год. VI, бр. 6/1967 год. стр. 12.

Кон ова оружје дојде и оружјето што остана на Водно по расформирањето на Првиот скопски партизански одред. Тоа оружје го донесовме в град Свето и Драган Томиќ, Кемал Сејвула, Ванчо Зафиров-Чанаков и јас. Го симнавме од Водно и со една кола го донесовме во Скопје и го сместивме по нашите магацини.

Третиот магацин пак беше во Маџир-маало, во куќата на Нада Веселинова, која тогаш беше монополска работничка. Имаше бункер ископан во шупата а дел од оружјето имаше и на таванот. Меѓутоа, Нада, не се сеќавам зошто, мораше да се сели од тој стан во друг. Оружјето го пренесовме тогаш во новиот стан. Го носевме во една количка: здола оружје и експлозив врз тоа нешто постелнина а врз неа детето на Нада. Тоа е сега големо и веќе студира. Во новиот стан на Нада пак ископавме бункер во дворот и го сместивме оружјето. Врз бункерот, потоа, направивме кочина. Во оваа куќа криевме материјал и во еден бунар. Во тој бунар сокривме и експлозивна течност, гештетнер и нешто пропаганден материјал.

Тоа главно беа магациниге за оружје во 1941 година. Некои од нив ги откри бугарската полиција, во резултат на една голема провала во Скопје, а нешто остана и се искористи во натамошната борба". [169]

"Во текот на јуни 1941 година беа формирани и младински активи во Чучер и Глуво. Обата актива одржаа заеднички состанок над селото Глуво, кај месноста Пударац, се дискутираше за нападот на СССР од Германија, по дискусијата се заклучи да се пристапи кон интензивно собирање на оружје". [170]

"Идејќи дома со Методија, (Шаторов) разговаравме за истепаните луѓе и зошто истепани! Истепани беја зато, што му фатија и најдоа во нив оружје. Тогај Методија рече: да треба да се издај една директива до сите партиски организации во Македонија; до сите организирани партиски другари, со себе не

[169] Илчо Јакимовски, "Складиште за оружје во 1941 год.", "13 ноември" издание на Боречката организација Скопје, год. VI, бр. 6/1967 год., стр. 12.
[170] Трајко Стојков, исто, год. I, бр. 1 од 1962 год., стр. 9.)

смеат да носат никакво оружје, оти фашистите за тоа ги стрелаат моментно луѓето, мислеки на тој начин да го сочува партискиот кадар.

Ова директива во Скопје веднаш е спроведе, али во внатрешноста по некој ден.

За целото време за окупацијата, дури бев во Скопје, во Албанија и по затворите, не бев чул за никаква директива, за да се предава оружјето на Германците! То го чув после ослободувањето. Се чудев од кој како може да потекни таја работа. Мина повеќе време, не можев да разберам ништо кога после појќе години по ослободувањето, еден другар случајно ми рече – а не се сеќавам кој беше: да се зборува, оти јас сум ја донесол таја директива во Прилеп 1941 година. Јас моментално го демантирав то да је вистина и му реков на другарот: оти јас ја немам донесено таја директива, нити знам за такво нешто. А пак зошто јас, до ден денеска, не су ни прашал?" [171]

Од сеќавањата на Сретен Жујовиќ, кој испратен со Темпо од ЦК КПЈ во Македонија, при крајот на 1939 и првото полугодие на 1940 година, ги добивме следните информации: "Прво поставивме организирање масовна прослава на Илинденското востание и појдовме на собирање на народот на национална основа. Кога така постапивме Македонците лесно не разбраа". Со ова дознавме дека дури во 1940 година, со доаѓањето на Шаторов за раководител а партиската организација, пролетта 1940 година, се поставило националното прашање како првостепено во Македонија. Жујовиќ и Темпо биле во Македонија и во 1939 година, но на ова прашање не му посветувале внимание, додека пак првостепено значење му придавале на класното прашање кое за Македонија имало второстепено значење и затоа Македонците биле пасивни посматрачи. Ова искажува колку КПЈ не ја познавала состојбата во Македонија. Се наметнувале ставови кои не мобилизирале туку пасивизирале.

[171] Киро Д. Петревски-Димуш, автобиографија од. 9.VIII. 1971 год., се наоѓа во МАНУ Скопје Н.Р., бр. 87.

Како второ се забележува различното гледање во однос на организирањето на општиот народен македонски фронт. Шаторов имал цврст став дека во македонскиот национален народен фронт треба да влезе целиот македонски народ без разлика на националноста, вероисповеста и социјалната припадност – сите кои се готови да се борат за националното ослободување, обединување и формирање на самостојна македонска држава. Во фронтот не можат да бидат оние кои се борат за туѓите интереси врз антимакедонска основа без разлика дали тие работат за големосрбите, големобугарите или големогрците. Меѓутоа, Светозар Вукмановиќ-Темпо бил категоричен: во фронтот може да влезе, да се прими "само оној кој е за Советскиот сојуз, само тој може да биде учесник и да работи, а кој не е, не може".

Трето прашање кое било поставено било прашањето за обединување на сите делови на Македонија. Жујовиќ пишува: "Што се однесува на обединувањето на македонскиот народ, ова неможеше тогаш да биде поставено затоа што Македонци има и под Србија, и под Бугарија и под Грција, а разговор со тие буржоазии не е можен... оти тие сите се против обединувањето на Македонија". Но Шаторов го застапувал спротивниот став, обединувањето треба да биде основната цел во програмската определба за ослободувањето на Македонија.

Четвртото прашање биле прогласите што се издаваат да се пишуваат на македонски јазик. [172]

Внимателно анализирајќи ги документите и другите материјали, како и исказите на современиците, може да се констатира следното:

Покраинскиот комитет формиран во почетокот на 1940 година формирал Комунистичка партија на Македонија под скратен наслов ПК на КПМ, наспроти поранешниот Областен комитет на КПЈ за Македонија под раководство на ПК на Србија. Покраинскиот комитет од 1940 година е под раководство на ЦК на КПЈ. Со ова се остварила целта на македонските комунисти

[172] Сеќавање од Сретена Жујовича од 14 јуни 1960 год. ИНИ Скопје, Сл. IV бр. 748, стр. 32-40.

која постоела уште од 1919 година, а посебна активност покажале 1923-1924 година за формирање на посебна, самостојна КПМ, рамноправна со другите КП на балканските земји. Сите носители на овие активности неславно завршиле, затоа што КПЈ, КПБ и КПГ кои раководеле со деловите од македонските комунисти не се согласувале со таквата концепција и стоеле на цврста позиција за распарченоста на македонското комунистичко движење, односно секоја од нив да раководи со комунистите на територијата македонска која околните монархии ја окупирале во војните од 1912-1918 година. Оваа состојба довела до тоа секоја од овие партии да бара комунисти во Македонија приврзеници на нивната партија. Оние комунисти кои го гледале излезот во создавање на КПМ биле прогонувани, прогласувани за непожелни и отстранувани од редовите на сопствената партија, односно биле обвинувани за Бугари, Срби или Грци, а никако за Македонци.

Покраинскиот комитет, формиран во почетокот на 1940 година, за првпат од постоењето на комунистичкото движење во Македонија, изградил основни програмски цели за решавање на македонското национално прашање, за социјалните и економските прашања, односно обединување на Македонија во самостојна држава како самостоен субјект со свој суверенитет кој рамноправно ќе учествува со другите балкански држави во решавањето на балканските прашања. Поранешните раководства на ниво на ОК биле само спроведувачи на директивите на ПК на Србија, а за програмски цели за решение на оптималните македонски интереси не станувало ни збор. Не постојат издадени самостојни документи од програмско значење за целосно решавање на македонската индивидуалност, односно се поставувало во основа класното ослободување, а истото не се поврзувало со националните и со националните традиции.

Програмските цели на ПК на КПМ претставувале максимална програма за решавање на македонското прашање, за целосно ослободување од ропството на Србите, Бугарите и Грците, односно не се признавале војните од 1912-1918 година за ослободителни за Македонија, ами за поробувачки и не се признавало распарченоста на Македонија на повеќе делови под

ропство на околните монархии. Неговата програмска концепција е создавање на единствена македонска комунистичка партија со единствено раководство со цел создавање на македонска држава која би била рамноправна со другите балкански држави во заедничката борба со комунистичките партии на Балканот и со работничката класа на околните народи за класно ослободување, а за Македонија, покрај за класно и за национално ослободување.

Програмските цели на ПК целосно ги опфаќаат интересите на македонскиот народ и ги заштитуваат неговите трајни историски интереси. Овие цели на ПК не се поклопуваат со интересите на соседните комунистички партии кои во своите програми предвидувале делумни решенија за македонското прашање во рамките на постојните граници како малцинско прашање, односно за некои и како непостоење на национално прашање (според ставовите на КПБ и КПГ), односно колебање или непризнавање на македонската национална самобитност.

Ставовите и одлуките донесени на Покраинската партиска конференција на КПМ во септември 1940 година не се прифатени од сите делегати на Петтата земска конференција на КПЈ одржана во октомври 1940 година. Настанале спорови и поголеми полемики по прашањата: статусот на колонизираните Срби од страна на монархијата за времето од 1919-1940 година, националното македонско прашање, фронтовската организираност во Македонија и др. Ставовите на македонската делегација, а посебно на Методија Шаторов, биле трн во окото и кисело се примени од српското партиско раководство.

Во 1941 година почнала се поголема меѓупартиска борба за поголемо влијание во Македонија. Бугарската КП презела активности – за проширување и за дејствување во цела Македонија, а КПЈ да го задржи вардарскиот дел на Македонија, односно делот кој бил под ропство на српската монархија. Наспроти тоа се ставовите и целите на ПК на КПМ кој сакал да ја сочува самостојноста и рамноправноста во одлучувањето, да биде независен господар во борбата за целосно решавање на македонското прашање, односно за формирање држава на целата македонска територија. Овие

ставови не наидоа на разбирање кај КП на соседните земји. За остварување на своите цели комунисичките партии ја користеле Комунистичката интернационала, која во тоа време била голем фактор во комунистичкото движење со своите одлуки за кадровски и организациони прашања. КПЈ и КПГ барале од КИ да ги задржат партиските организации во Македонија, секоја во својот дел на Македонија, кои ги имале пред војната. Додека, пак, КПБ, користејќи ја војната и проширувањето на бугарската држава, барала да ја прошири својата дејност на цела Македонија. Секоја од нив сакала да грабне што поголем дел, а ни една не е за самостојна македонска комунистичка партија според програмата на ПК на КПМ. Ниедна од партиите не го почитувала македонскиот субјективитет, секоја се наметнувала без да избира средста за остварување на својата цел. Секоја се наметнувала со своите ставови и барала од КИ решение во корист на своите ставови без разлика дали истите се поклопувале со македонскиот национален интерес.

Комунистичката интернационала, засега од уште непознати причини, донела одлука за овластување на КПБ да раководи со ПК на КПМ и на 24.В 1941 година го повикала секретарот на ПК Методија Шаторов во Софија да прими инструкции. Од овој пат Методија Шаторов во Скопје се вратил на 1.VI 1941 година. Зошто КИ постапила вака? Дали по интервенција на КПБ или поради склучениот пакт помеѓу СССР и Германија со кој СССР ги признал новите граници поставени од фашистичка Германија и по поранешниот принцип: една држава една партија?

Од ова произлегува дека поврзувањето на ПК на КПМ со КПБ не е по негова иницијатива (самоволие), ами по одлука на КИ. За ова е доказ дека КИ не одговорила на прашањето од ЦК на КПЈ дали КИ имала донесено одлука за овластување на КПБ да раководи со Македонската партиска организација. Комунистичката интернационала донела одлука за враќање на Македонската партиска организација во составот на КПЈ (делот српска Македонија, што не е случајно) и тоа пред да стигне интервенцијата од страна на ЦК на КПЈ испратена на 4 септември 1941 година. Од ова произлегува дека одвојувањето и повторното враќање на ПК не се негова одлука, а не посебно одлука на нејзиниот секретар. Оваа одлука е во целост одлука

на КИ, односно одлука на надворешен фактор кој се мешал во македонските работи и не дозволувал ПК на КПМ самостојно да донесува ставови и одлуки за решавање на актуелните прашања кои биле од интерес за македонската индивидуалност односно како самостоен субјект.

Настанале спорови помеѓу КПЈ и КПБ по македонското прашање и спорови помеѓу овие две партии, од една страна и ПК на КПМ од друга. ПК на КПМ сакал да се осамостои и самостојно да дејствува на целата македонска територија со единствена организација во заедничка борба до формирање на македонска држава. Ваквиот став на ПК на КПМ произлегува врз основа на решението донесено на Пленумот на ПК на КПМ одржан во јануари 1941 година каде стои дека ПК на КПМ ќе биде доследен во својата борба до целосно ослободување на Македонија и формирање на самостојна македонска држава.

Почнало обвинувањето на ПК од страна на раководството на КПЈ врз база на извештаите испраќани од делегатите, испратени во Македонија, од страна на ЦК на КПЈ. Од објавените извештаи и испратените писма во името на ЦК, а потпишани од Тито, како и од други пишувања, ПК, а посебно политичкиот секретар Шаторов, се обвинува: Саботирање на издавањето на прогласот на ЦК на КПЈ од 22.VI 1941 година и заземање национал-шовинистички став; прекинување на врските со ЦК на КПЈ и неодзивање на повикот да се дојде со извештај во ЦК (не се сметаше за потребно да го образложи тој свој прекин); непријателски став спрема Србите кој не се разликува од ставот на македонската реакционерна буржуазија; запоставување на својата партиска активност; игнорирање на сите партиски правила во поглед на внатрешните партиски односи и дисциплина; антипартиска и контрареволуционерна дејност; дадена директива за предавање на оружјето на окупаторската власт; заземен став за советска Македонија и чекање на Црвената армија; харанга против раководството на КПЈ и секретарот нарекувајќи го англофилски поради тоа што во прогласот е речено дека Југославија е поробена; во Македонија до денеска нема никаква акција и партизански одреди поради таквите злосторнички ставови; став народите на Југославија не се поробени, а Македонија е ослободена што мириса не само на

национализам туку и на германофилство; за предавање на оружјето на окупаторот а народот останал без оружје; за уништување и фрлање на печатницата; ПК не ја познава состојбата и силата на организацијата; полна неактивност на сите сектори, кршење на конспирацијата и дисциплината, алкавост; Шаторов се прогласува за Бугарин и за бугарски експонент, за Бугарин во душата: нема акции и при постоење на колосални објективни и субјективни услови и сл.

Овие сумирани обвинувања ги изнесуваме за да се согледаат условите под кои тогаш работел ПК и за тоа што се е кажано и напишано против ПК и Шаторов. Поопширно за сите овие обвинувања прикажано е погоре во изнесениот материјал.

Од изнесениот материјал може да се согледаат и одговорите на Бирото на ПК на горните обвинувања од страна на раководството на ЦК на КПЈ, односно во негово име. Во извештајот на делегатот на ЦК Драган Павловиќ стои: "Сметаат (се однесува за членовите на Бирото на ПК) дека одлуката на "Таткото" (се однесува на ЦК КПЈ) е донесена врз основа на клеветите и лагите на еден човек (Л. Колишевски)". Извештаите и одлуките донесени за сменувањето на Шаторов и суспендирањето на ПК уште во тој момент Бирото на ПК на КПМ ги оценува дека наводите, односно аргументите изнесени во нив се неточни, клеветнички и лажни. Во извештајот на Драган Павловиќ е цитиран ставот на ПК дека одлуките се донесени врз база на непроверени аргументи и дека не се одлуки на колективен орган, ами одлуки и диктатура на поединец.

Од документите објавени досега за овој проблем не може да се утврди кој ги донесол одлуките – дали Политбирото на ЦК или поединец. Според забелешките на делата на Тито, книга седма, се дава појаснување дека се свикувани седници на Политбирото на ЦК од страна на Тито и дека се расправало за овој проблем. Не постојат документи од кои би можело да се види на кој ден биле одржувани, кои биле присутни и какви заклучоци биле донесени. Постои документ од седницата одржана на ден 31 август 1941 година. Во заклучоците на овој документ само постои податок за испраќање писмо до членовите на КПМ, до

Извршниот комитет на Комунистичката интернационала и до ЦК на КПБ.

Од ова може да се донесе заклучок дека Бирото на ПК КПМ било во право кога зазело став дека одлуките се донесени од поединец. Меѓутоа, со натамошното отворање на партиските архиви, во колку постојат документи за овие настани, би можело да се утврди вистината, односно фактичката состојба.

3. За состојбите и настанатите спорови Шаторов ја известува Коминтерната

Од овој документ произлегува дека македонската организација и ПК, додека биле дел на КПЈ, немале ни еден случај за неизвршување на директивите на КПЈ. По војната на Балканот се измениле одредени односи помеѓу ПК и ЦК на КПЈ. Околу 20 април 1941 година ПК на КПМ добил директива од ЦК на КПЈ за чистење на партиската организација од разни нездрави елементи. Во тоа време имало околу 300 членови во партијата, и ако се применеле критериумите на ЦК на КПЈ спрема Шаторов немало да останат "ни пет души", што би значело распуштање на партијата. Методија Шаторов вели: "вистина е дека по мој предлог одлучивме да не треба да се распушта партијата, ами треба да се членството зголеми и бев одлучен противник на таа паникерска директива. Моја партиска должност беше да предложам оваа одлука да се извршува сосема обратно. Немаше да направиме големо добро ако ја распуштевме партијата која и онака беше малуброjна. Нашата цел е ослободување на Македонија од фашистичкото ропство, како тоа ќе го остваревме без партиска организација. Ние превзедовме се и членството го зголемивме на околу 700 членови".

Покраинскиот комитет оваа директива на ЦК на КПЈ не ја спровел оценувајќи ја како неправилна и штетна за македонското комунистичко движење. Во тие судбоносни денови ПК се подготвувал за целосно социјално и национално ослободување, а за остварување на таа цел им била неопходна партиска организација. Натамошното истражување треба да ги утврди причините за ваквата директива на ЦК на КПЈ.

Во однос на обвинувањето за поништувањето на прогласот издаден од ЦК на КПЈ со кој се повикува членоството и масите на борба и актција Шаторов во овој документ се вели: "ваков проглас не постои. Таков проглас не е добиен. Вистина е да добиевме еден примерок и да имавме техника ние ќе го умножевме, а за неиздавање немало ни збор, ниту од мене, ниту од другарите". Меѓутоа, понатаму се констатира дека во ПК добиле еден проглас кој го донесол повереникот на ЦК на КПЈ, но тој бил прогласот кој ЦК го издал по повод нападот на фашистичка Германија на СССР. Во овој проглас ЦК на КПЈ не повикува на борба, но само за подготовка за вооружена борба. Одлуката за вооружена борба е донесена на 4.VII 1941 година. За овој проглас се дискутирало во ПК, за тоа Шаторов во овој документ вели: "во разговорот со злокобникот "Митре" – (Колишевски) и преставникот на ЦК на КПЈ, ние и да сакавме да го издадеме овој проглас за Македонија специјално ќе беше штетен затоа што во овој проглас Македонија е изедначена со другите покраини во Југославија за изгубената слобода и независност со окупацијата. Македонија немаше слобода и независност и пред окупацијата, а после неа падна само под ново ропство. Меѓутоа, причина за неиздавањето на овој проглас е што во моментот немавме техника. Техниката беше фрлена од другарот техничар, Црногорец, кој за тоа е исклучен од партијата, а за кое можда жалат во ЦК на КПЈ па и затоа зборуваат за гонење на српските другари и не обвинуваат за национал-шовинисти".

За обвинението на ПК и Шаторов дека издале директива за предавањето на оружјето на окупаторот од документите и изјавите на современиците може да се заклучи дека ваква директива не е донесена. Обратно: оружјето е собирано и складирано во магацини, а ПК организирал работилници за изработка и поправка на оружје. За ова обвинување Шаторов во својот документ вели: "ова прашање исто така се злоупотребува директива за предавањето на оружјето немаме донесено". Од изјавите на современиците дадени во хрониките што се издадени за одредени територии на Македонија е јасно дека по директива не е предадено оружје на окупаторот, ниту пак во некој тогашен документ е кажано дека е предадено оружје на

окупаторот, но има искажувања дека оружјето е чувано, а ново собирано.

За обвинувањето дека се гонети српските другари и дека ПК заземал шовинистички став Шаторов по ова прашање забележал: "добро би било да ЦК КПЈ кажеше конкретно, како и кој од српските другари е гонет и малтретиран. По истото ова прашање ЦК на КПЈ зборува и во неговите документи што ги има донесено. За жал ЦК на КПЈ и неговиот преставник неможат да наведат ни еден пример. Искључен е еден Црногорец, техничко лице на партијата, но не затоа што е Црногорец, ами затоа што направи престап пред партијата (затоа што ја фрлил печатницата). Што се однесува за одењето на трите другари (два Црногорци и еден Србин) тоа се случи по нивно барање и во согласност на ПК кој констатира дека стварно не се корисни во Македонија оти се стално гонети од властите. Овде има другари кои можат да докажат дека другарите си заминале по своја лична желба. Ние имаме во партијата уште доста Срби и Црногорци кои се на одговорни места и не само што не ги гониме но ние, партијата, раководството и јас работевме сите да ги убедиме дека треба да останат. Преставникот на ЦК сам се увери од неколку другари Срби и Црногорци, во мое присуство, да се пишувало и зборувало за "национализам и шовинизам и за бркање на српските другари" а тоа личи на онаа народната арамијата вика "држте го арамијата".

Интересно и искажувањето на Шаторов во заклучниот дел на овој документ по ова прашање: "другото обвинение за "гонење на српските другари и за македонскиот шовинизам" е измислено за да зајакне нивниот неправилен болшевички став по националното прашање, односно за болшевичкиот став во практичната работа и во односите... Се поставува прашање зошто во сите свои изданија од војната па наваму стои дека Македонија и изгубила својата независност и слобода. Зборуваат за "изгувена слобода" итн. Со таква констатација и пароли нема прием во Македонија и Конпартијата ќе ја изгуби довербата која досега ја има. Ова го кажувам дека овој став не е случаен тоа произлегува и од писмото на ЦК на КПЈ. Со право се прашуваат партиските организации во Македонија каква е

разликата по ова прашање помеѓу ЦК на КПЈ и југословенскиот спикер (овој дел во документот не е читок, но сигурно се мисли на спикерот на радио Лондон м.з.). Разликата се наоѓа во тоа што ЦК не нарекува Македонци а тој не нарекува "јужносрбијанци". Од ова произлегува дека само овие два термини се различити во обраќањето кон македонскиот народ а ставотите за изгубена слобода и независност се истоветни. Не завземаме јас и другарите шовинистички став ами другарите од ЦКЈ. Тие удираат по празно, на нас ја фрлаат кривицата а сам тој стои на големосрпска позиција по македонското прашање. Со ваквиот став Конпартијата во Македонија го губи доверието а добро можат да се користат и хитлеровите и бугарските агенти во Македонија, од друга страна во народните маси постои потромашко расположение (разочарување)".

На истото место стои: "Јас го окривувам ЦКЈ, што тој подмукло организирал борба против другарите од ПК, и како ни во клин ни во плоча, не наречува нас Македонците шовинисти, а никакви конкретности за тоа нема, а ние помогнавме на Конференцијата (се мисли на В земска конференција одржана во 1940 год. м.з.) да се разјасни македонското прашање, но нашата критика ЦК ја прими кисело. Од тогаш, односно од завршувањето на конференцијата па до врзувањето на ЦКБ ние не бевме обавестувани за актуелните прашања внатрешни и надворешни, ние сами се определувавме".

Покраинскиот комитет и Шаторов биле против ставовите на ЦКЈ изнесени во прогласите што се однесувале за Македонија, односно дека и Македонија со фашистичката окупација ја губи слободата и независноста, а дека за време на српската монархија Македонија имала слобода и независност, што значи дека војните 1912-1918 година и за Македонија се ослободителни а не окупаторски и поробувачки. ПК во своите прогласи издадени до македонскиот народ по фашистичката окупација 1941 година јасно има кажано дека Македонија потпаднала под ново ропство, односно во прогласот стои: "со право се праша секој чесен Македонец: "каква ли е оваа слобода, штом Шумадинците се заменети со Бугари, а Македонците се држат под карантин". Во прогласот од јули 1941 година од ПК до македонскиот народ стои: "Вие добивте

ново ропство, ново насилие, нов терор. Вашите деца-синови... лежат уште во занданите на Косовска Митровица и другите апсани под власта на германските фашисти, нивната кривица беше и е, оти се бореа против српските поробители и империјалисти за слободна Македонија".

ЦКЈ ги обвинил ПК и Шаторов дека не организирале саботажи и акции и дека Шаторов сакал со бегство во Софија да се извлече од контролата на ЦКЈ. За овие обвинувања во споменатиот документ Шаторов вели: "лага е, јас немам дезертирано од работа ниту пак од партиската должност. Јас бев отсутен само еднаш во месец мај и тоа од 24.В. до 1.VI.1941 година кога бев во Софија по барање на ЦКБ. Вистина е дека ние овде немаме организирано акции како во останатите делови на Југославија, ситни саботажи имало во тутунските монополи, додека во фабриките саботажи немало, причините за тоа се од политички и организационен карактер. Одбивам дека тоа е направено свесно. Што се однесува до оценката на ЦКЈ дека сите народи на Југославија се сметат под окупација и поробени (освен Македонија), дека со окупацијата македонските маси се сметале за "ослободени". Оваа оценка на ЦКЈ не е точна и ја отфрлувам, затоа што партијата, уште пред дојдувањето на окупаторот, ги објасни вистинските намери на фашистичките окупатори од Германија, Бугарија и Италија. Можам да кажам дека јас лично и членовите на ПК во нашите усмени и писмени агитации укажувавме на опасностите кои му претат на македонскиот народ од бугарскиот, германскиот и италијанскиот фашизам. Влегувањето на германците во Бугарија ни даде поново повод да му објасниме на македонскиот народ за поробувањето кое му се спрема. Како доказ за ова се нашите билтени и прогласи. Вкоренето е кај Македонците: "да видиме...". Ова неможевме за една и третина од годината да го искорениме од македонските маси, дури отрезнувањето настана во душата на Македонците по избивањето на антисоветската војна. Дотогаш не беше ништо во состојба да ги убеди дека СССР и Германија не се во некој таен војни сојуз. Народите на Југославија, а специјално во Србија и Црна Гора беа убедени дека ја изгубиле својата слобода и затоа веднаш на позив на партијата се дигнаја на оружје. Тоа во Македонија неможеше да се случи. Требаше да се објаснува и

пријателството на СССР со Англија, затоа што македонските маси, со нивна помош, беа под колонијално ропство и поробени. Во почетокот Македонците ги загрижуваше самото нарушено пријателство на СССР и Германија, сега пак симпатиите на поголемиот дел на народот се за СССР а против разбојникот Хитлер. Овие се политички причини, што се оденсува до организационите причини, тоа е што ние до антисоветската војна не бевме поврзани со селото. Вистина е дека ние во некои места имавме врски но не од некое поголемо значење. Во крајните делови на Македонија (ресенско... охридско) се правени големи покушаји да најдеме врски на кои ние барем малку би можеле да се ослониме. Со нашите усмени и писмени прогласи до селското население успеавме да ја измениме состојбата и сега тоа дава отпор на бугарските власти, не ги дава своите производи и придонесовме да се создадат услови за четнички покрет. Започнавме одредени акции и тоа во околиите кои фашистите ги сметале за најсигурни. Исто така, една од причините е што членовите на партиската организација се релативно млади не служени војска и тоа околу 90% кои требаше да се подготвуваат да ракуваат со оружје".

За обвинувањето на ПК дека имал став да не организира акции и саботажи, а за слободата да ја чека Црвената армија, Шаторов вели: "не е вистина да некиој во ПК мислел и зборувал оти треба Црвената армија да не ослободи а ние да останеме пострана и да го чекаме тоа ослободување. Ние неможевме без политички и организациони предуслови да организираме четнички партизански акции за кратко време без да се совладаат и разберат одредени состојби од страна на партијата и на македонските маси". Од документите донесени од страна на ПК со кој се располага може да се констатира дека по нападот на фашстичка Германија на СССР, односно на 22.VI.1941 година ПК веднаш организирал војна комисија на чело со Шаторов која вршела подготовки на вооружено востание, се организирале диверзантски групи кои што превземале одредени акции како што е акција на рудникот Радуша и др. Исто така се организирала обука на младите комунисти-скоевци, со што се вршеле подготовки за

организирање на партизански одреди и како резултат на тоа е организиран Скопскиот партизански одред.

Меѓутоа, наводите на Драган Павловиќ во извештајот што го поднел на 31 август до ЦКЈ се спротивни на фактичката состојба. Во овој извештај Драган Павловиќ напишал: "Борба во сите окупирани земји, како и во сите покраини на Југославија. Единствено никаква активност во Македонија. Вината е до ПК... Битна е неактивноста на ПК, неговите грешки и саботерскиот и контрареволуционерниот став... ПК не ја познава состојбата и силата на организацијата... Полна неактивност на сите сектори... Одлуката за предавање и несобирање на оружје инанесе огромна штета на партијата".

За овие констатации во извештајот на повереникот на ЦКЈ Драган Павловиќ, колку се точни, нека пресудува самиот читател на овој материјал.

Шаторов се обвинува за негово одбивање да се јави во Белград за расчистување, односно за расправање по македонското прашање. Во неговиот документ за ова обвинување стои: "Вистина е да јас не се јавив (не отидов) во Београд но се поставува зошто: На захтев на ЦКБ јас отидов во Софија... и да примам инструкции, тоа го направив по одлука... (не се чита по чија одлука) на 24.В. а се вратив на 1.ВИ.1941 год. Во ова време дошла покана од ЦКЈ да се јавам во Београд, другарите решиле да отиде еден член на ПК кој истовремено отиишол во ЦК и дал информација за положбата на организацијата... и ги известил дека јас сум во Софија во тој момент. Му напоменувам на другарите од ЦКЈ за фактот дека ние го прашавме ЦКЈ за врзувањето со ЦКБ и за тоа добивме согласност и ни препорачуваја да имаме врска и за тоа ни дадоа и јавката помеѓу двата централни комитета и врз основа на тоа јас отидов во Софија. До ова мое одење ние бевме дел на КПЈ и организационо и акционо поврзани а после тоа се поврзавме со ЦКБ".

Од документот може да се констатира дека ЦКБ веднаш по војната на Балканот испратил човек за врска со македонската партиска организација. Со враќањето на првите воени

заробеници, кои се враќале во Македонија, преку нив дејствувале со притисок македонската партиска организација да се поврзе со ЦКБ. Како резултат на ова, партиските организации во Струмица, Гевгелија, Велес и др. повеќе пати го поставувале прашањето "зошто не се поврзуваме со бугарската партија". Од друга страна ПК не поставувал такво поврзување без согласност со ЦКЈ и по таквата согласност и повикот на ЦКБ и одлуката на Комунистичката интернационала, Шаторов заминал за Софија. Овој дел од документот е прилично оштетен. Затоа сето ова треба да се земе условно, односно се до пронаоѓањето на неоштетениот документ, како и на други документи, кога може да се согледа фактичката состојба.

Според искажувањето на Шаторов во неговиот документ, уште од почетокот на војната на Балканот и со испраќањето на преставници на ЦКЈ до ПК тој се посомневал во чистите намери на ЦКЈ бидејќи пред тоа немал испратено претставник за врски цели два и пол месеци и, како што вели Шаторов, "ЦКЈ преснал цели два и пол месеци а испратил преставник само за искључување, дали само за искључување од партијата треба да се доаѓа. Се прашува ли ЦКЈ зошто ние го предадовме ПК и организацијата. Се разбира да не е добивме вашата одлука (мисли на КИ м.з.) и согласноста на ЦКБ и сега немаше да ја предадеме организацијата на југословенските другари, ќе водевме нова борба и уште потешка од онаа што беше во август месец. Во овој случај целата одговорност ќе паднеше на ЦК на КПЈ и на неговиот преставник".

Во основа предавањето на ПК и организацијата на КПМ е направено со одлука на надворешен фактор, односно со одлука на Комунистичката интернационала, а не поради точноста на целокупните обвинувања од страна на ЦК на КПЈ.

Во делот на документот за разговорите на Шаторов со ЦКБ документот прилично е оштетен и не може да се согледа што барал ЦКБ во однос на организационата поставеност на ПК, но од неколкуте неповрзани реченици каде се споменува "обласни комитети" може да се претпостави дека е барано од Шаторов во овој дел од Македонија да се организираат неколку такви комитети и со тоа да се изгуби партиската целина на КПМ.

Според зборовите "никаква реорганизација на партијата", исто така, може да се претпостави дека Шаторов не се согласувал да се изгуби целината на ПК на КПМ за овој дел на Македонија.[173] Во прилог на ова може да споменам дека во еден неврзан разговор со Перо Ивановски-Тиквар, тогашен организационен секретар на ПК, дознав дека кога Шаторов се вратил од Софија бил нервозен и незадоволен од разговорот со преставниците на ЦК на КПБ, затоа што барале реорганизација на партиската организација со формирање на обласни комитети и на оваа територија. А Шаторов бил за тоа (ако ПК на КПМ има врска со КИ преку ЦК на КПБ) Македонија да има посебно партиско раководство за цела Македонија.

Секако дека се поставува прашањето зошто е суспендиран ПК и сменет политичкиот секретар Методија Шаторов на ваков начин. Дали стварно имале "грешки" (сите оние што им се препишуваат) или, пак, дека македонското партиско раководство било самостојно и дека самостојно формирало КПМ со своја програма за целосно ослободување на Македонија и за формирање на македонска држава на целата своја територија? Ваквата програма на македонското партиско раководство не била прифатлива ни за КПЈ, ни за КПБ, ни за КПГ, и се направи се само да се спречи програмата на ПК на КПМ.

Врз основа на оваа документација може да се констатира:

1. Со организирањето на Покраинскиот комитет во почетокот на 1940 година настапува голема пресвртница во македонското комунистичко движење што има историско значење:

- се конституира Македонската комунистичка партија (со скратенциа: ПК на КПМ);

- се донесоа самостојни партиски документи од програмско значење за КПМ и за македонската национална индивидуалност;

[173] Методија Шаторов, писмо до КИ од 16 септември 1941 год. ИНИ Скопје.

- се проширија партиските организации и се зголеми членството (од 140 на 720 членови);

- се зголеми бројот на скоевската организација;

- се зголеми бројот на симпатизерите на работничкото револуционерно движење (настапуваат организирано за остварување на своите економски и политички права, организрање на штрајкови и др.);

- организирано настапуваат и широките народни маси заедно со КПМ (изразување преку историските традиции, посебно на Крушевската република, за што се организираат манифестации и демонстрации);

- КПМ го поврзува класното со националното, минатото со иднината на македонската национална индивидуалност, со што се стекнува со доверба и углед кај широките народни маси;

- Покраинскиот комитет се избори на В земска конференција одржана во септември 1940 година КПЈ да завземе јасен став за признавање на македонската индивидуалност (иако имало колебање кај одредени раководители).

Сите свои документи ПК ги издал на македонски јазик!

2. Критиките, обвинувањата и клеветите изнесени против Покраинскиот комитет на КПМ и нејзиниот политички секретар Методија Шаторов не произлегуваат од базичните партиски организации ниту од одредени партиски раководители на Македонија. Овие обвинувања произглегуваат од испратените претставници во Македонија од страна на раководството на ЦК на КПЈ во 1941 година, а тоа се Лазар Колишевски и Драган Павловиќ, како и од одредени партиски раководители на ЦК на КПЈ. Раководството на ЦК на КПЈ без да ја утврди фактичката состојба ги донесува соодветните одлуки за суспендирање на ПК и за ислучување на Шаторов.

3. ПК на КПМ и политичкиот секретар Методија Шаторов не беа контрареволуционери и саботери, а Шаторов не бил ни

Бугарин ниту бугарски експонент, ниту предавник, ниту во душата Бугарин, ниту стар Бугарин како што го нарекувале. Тој бил Македонец, комунист и револуционер кој имал јасна визија за македонската национална индивидуалност и за неговата борба за ослободување, поради што и ја создал Комунистичката партија на Македонија.

4. Причините за донесувањето на одлуката на ЦК на КПЈ за суспендирање на ПК и за исклучувањето од партијата на нејзиниот секретар Методија Шаторов се во основа програмската цел на ПК објавена во издадените прогласи на ПК во 1940 и 1941 година. Во овие прогласи јасно се гледа целта за ослободувањето на Македонија, а нејзината јачина се гледа во искажаните зборови во прогласите: "Македонскиот народ се бори и треба да се бори заедно со Српскиот, Бугарскиот, Хрватскиот, Грчкиот и Црногорскиот народ за слобода и рамноправност, но не за цепење на Македонија и македонскиот народ, за слободна македонска република како рамноправна членка меѓу сите балкански држави". Значи спротивно со ставот на ЦК КПЈ за ослободување само на дел на македонската територија, а што е условено со постојните граници на Југославија.

5. Постојат спротивни гледишта по организационата поставеност на партиската организација помеѓу КПМ и ЦКЈ. ПК е доследен во своето становиште дека комунистите во Македонија треба да бидат организирани во самостојна македонска комунистичка партија, како дел на КПЈ, онака како што биле организирани КП на Словенија и на Хрватска согласно со Одлуката на Четвртата партиска конференција на КПЈ одржана во 1934 година кога е донесена одлука за реорганизација на КПЈ во посебни партии за Словенија и Хрватска, а во иднина и за Македонија. ЦК на КПЈ оваа одлука за Македонија не ја спроведува се до формирањето на овој ПК. Но и по формирањето на ПК на КПМ во 1940 година раководството на ЦК на КПЈ се колеба по ова прашање и не се согласува со посебноста на македонската организација. По суспендирањето на овој ПК (10-11 септември 1941 година), а со новоформираниот Покраински комитет, веќе не постои КПМ, но само со скратеницата ПК на КПЈ за Македонија.

V. РАЗЛИЧНИТЕ ГЛЕДИШТА МЕЃУ ШАТОРОВ И СОСЕДНИТЕ КОМУНИСТИЧКИ ПАРТИИ 1940-1941 ГОДИНА

Геостратешката положба на Македонија на Балканскиот Полуостров, и пошироко, создала специфични и сложени (отежнати) услови за развојот на македонската национална индивидуалност, како и за другото население кое живее на овој простор.

Во овие услови програмските цели за остварувањето на своите историски идеали наидоа на големи пречки и оспорувања од сите соседни држави.

Меѓутоа, македонското национално битие упорно се пробивало и ги отстранувало поставените пречки со големи тешкотии и жртви, упорно остварувало постојан континуитет во својот опстанок и правец кон остварувањето на својата трајна историска цел.

Програмските определби на Покраинскиот комитет на Комунистичката партија на Македонија во перидот од 1940-1941 година, искажани низ издадените прогласи, резолуции и летоци, биле продолжување на определувањето наследено од македонските револуционери во претходниот период како трајни вредности и определби.

За остварувањето на своите цели македонскиот народ мораше да се избори за организирањето на сопствена партија, ослободена од туѓи (надворешни) влијанија, а способна да ги оствари програмските цели кои ќе дејствуваат на целокупниот македонски простор.

Македонските комунисти биле против распарченоста на нивните партиски организации, раководени од КПЈ, КПБ и КПГ. Меѓутоа, поради распарченоста поедини комунисти потпаѓале под влијание на партијата која раководела со организацијата во соодветната територија. Тие ставови не биле во потполност идентични со ставовите на македонските комунисти.

Македонското комунистичко движење, кое егзистирало скоро две децении, во 1940 година доживува крупни промени, односно доживува своја ренесанса.

1. Оргаизационата положба

Покраинското партиско раководство формирано пролетта во 1940 година се конституирало во Македонска комунистичка партија и сите издадени летоци, прогласени и други писмени документи ги издавало со потписот Покраински комитет на Комунистичката партија во Македонија, за разлика од претходните две децении кога партиското раководство било на ниво обласно, под раководство на Покраинскиот комитет на Комунистичката партија на Југославија за Србија (ПК на КПЈ за Србија). Во овој однос Македонија е третирана како српска област, а партиската организација на ниво како и другите области во Србија: со областен комитет или областен секретаријат назначуван од страна на Покраинскиот комитет за Србија.

За првпат партиската организација на Македонија избрала свое раководство на 8 септември 1940 година. На Покраинската конференција одржана на овој ден во Скопје присуствувале 25 делегати избрани од месните партиски организации. Во Покраинскиот комитет биле избрани: Методија Шаторов - политички секретар, Петар Ивановски – организационен секретар, Ордан Николов, Коце Стојановски, Добривое Видиќ, Вера Ацева, Кузман Јосифовски, Борис Гонев и Гојчо Стефковски. На оваа конференција е донесена Резолуција во која за првпат КПМ зазема ставови од програмско значение за решавањето на македонското национално прашање. Со изборот на ПК на КПМ се реализира одлуката на Четвртата партиска конференција на КПЈ од 1934 година, за реорганизација на КПЈ и за формирање на КП за Словенија, Хрватска и Македонија во составот, односно како делови, на КПЈ. Оваа одлука е донесена согласно со оценката дека КПЈ како централизирана партија во

овие делови нема углед, се смета за српска партија, и затоа не е прифатлива за Словенците, Хрватите и Македонците". [174]

Со промената на организационата положба на партиската организација во Комунистичка партија на Македонија и под раководство на ЦК КПЈ, а не под ПК на Србија, се измениле односите. Членството со ова име имало поголем прием помеѓу симпатизерите и сред масите. Ова се потврдува со зголемувањето на организациите и на нивното членство, односно од 140 членови при крајот на 1939 година членството е зголемено до септември 1941 година на 740 членови. [175]

Во историографијата, а и во редакцијата на издавањето на документите "Извори за ослободителната војна и револуција во Македонија 1941-1945 година", на сите прогласи стои: "Проглас од покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија". Во оригинал прогласите се без (Ј). Ова е додадено самоволно од редакцијата, што претставува фалсификат на документите. Ова се провлекува и низ историографијата (на многу места) пишувана за ова време. Меѓутоа, во издадените прогласи за време на Методија Шаторов во ниеден документ (проглас) издаден нема (Ј), односно ова го потврдува и писмото од Тито испратено на 6 септември 1941 година со адреса: "ДО ЧЛЕНОВИТЕ НА КОМУНИСТИЧКАТА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА". [176]

По сменувањето на Шаторов во септември 1941 година, новиот Покраински комитет со Драган Павловиќ, инструктор на ЦК КПЈ, во првиот издаден документ, во втората половина на септември, го променува името и се потпишува со "Комунистичка партија на Југославија ПК за Македонија". [177] Оваа промена ја направил и Тито во своето писмо од втората половина на октомври 1941 година, кое гласи: "До Покраинскиот комитет на комунистичката партија на

---

[174] Извори за историјата на СКМ – илегален печат на КПЈ во Вардарска Македонија помеѓу двете светски војни, том II, кн. 2, "Комунист", Скопје 1983 год., стр. 98. (понатаму Илегален печат).
[175] Извори, том I, кн. 1 стр. 54.
[176] Собрани дела на Тито кн. 7, стр. 144.
[177] Извори, том I, кн. 1, стр. 42.

Југославија за Македонија". [178] Меѓутоа, оваа измена не била прифатена од поголемиот дел членови. Реагирањата биле големи и раководството било принудено, односно инструкторот Драган да го промени ставот, па издадениот проглас во почетокот на ноември 1941 година бил потпишан со: "Покраински комитет на комунистичката партија на Македонија". [179] Редакцијата и овој проглас го изменила со овој наслов: "Проглас од ПК на КПЈ за Македонија". [180] Окружницата бр. 1 од крајот на ноември 1941 година е потпишана со ПК на КП за Македонија. [181] Меѓутоа, прогласот од февруари 1941 година повторно бил потпишан со КПЈ ПК на Македонија. [182]

По ова прашање Добривое Радосављевиќ, инструктор на ЦК на КПЈ, во извештајот до ЦК на КПЈ од 4 октомври 1942 година истакнува: "Друго важно прашање за мене е потписот на ПК КПЈ. Она Југославија пречи во однос на масите. Треба да се прави некоја измена, која што ќе ни овозможи полесен достап до масите". [183]

Во друго негово писмо до ЦК КПЈ за прогласот од 7.XI 1942 година стои: "Имено, се најдов пред проблемот на КПЈ. Целиот проглас е целиот наш став е а македонска платформа и го повикуваме македонскиот народ во борба против големобугарските и против големосрпските хегемонисти... а нашата Партија треба да ја потпишеме со ПК КПЈ. Овој потпис просто оневозможува широка мобилизација на македонските маси". [184]

Во писмото на Добривое Радосављевиќ до ЦК КПЈ од 20.XI 1942 година стои: "Потписот ПК КП за Македонија дојде по долга дискусија, наиме дискусија дали тоа е правилно. Сите се

[178] Собрани дела на Тито кн. 7, стр. 200.
[179] Извори, том I, кн. 1, стр. 61.
[180] Исто, стр. 57.
[181] Исто, стр. 67.
[182] Исто, стр. 126.
[183] Исто, стр. 344.
[184] Исто, стр. 373.

согласивме дека со оглед на расположбата на масите тоа е најдобро... На крајот се решивме на тој потпис". [185]

2. За македонска комунистичка партија

Шаторов долги години бил активен во организирањето на македонскиот народ во борбата за национално ослободување од тројното ропство и за организирање на самостојна македонска суверена држава. Основен предуслов гледал во организирањето на самостојна комунистичка партија на Македонија, која ќе ги обедини комунистите и останатите македонски сили кои се готови да се борат за национално ослободување на целиот македонски простор, готови да ги отстранат штетните последици од распарченоста на македонската земја и нејзиното раководење од повеќе надворешни центри, кое предизвикало тешки последици на македонското национално-револуционерно движење.

Искажаниот став на Шаторов на Втората партиска конференција на БКП одржана во Берлин (крајот на 1927 година) за неактивноста и неподдржувањето на комунистичките партии на македонското национално-ослободително движење нужно се поврзува со неговата определба за основање на македонска комунистичка партија, што ќе биде рамноправна со другите комунистички партии, и се со цел да се обезбеди единство во активноста на македонското револуционерно-ослободително движење на целиот македонски простор. Поради тоа на оваа конференција предложил КПЈ да не создава самостојна организација на КПЈ во Македонија, односно македонските комунисти да бидат самостојни и да дествуваат во ВМРО(Обединета).

Методија Шаторов на заседанието на Задграничното биро на ЦК на БКП, одржано на 26 јануари 1937 година во Москва, а на кое присуствувале 10 членови, бил главниот референт по прашањето каков став да заземе Задграничното биро во врска со ставовите на Коминтерната, на комунистичките партии и за ВМРО(Обединета). За излез од создадената состојба

[185] Исто, стр. 396.

предложил: “Неопходно е да создадеме национална македонска организација”. Образложувајќи ја потребата од дејствување на една македонска легална, демократска, масовна организација, Шаторов подвлекол дека нејзината главна задача е да работи за остварувањето на националните демократски права и слободи. Во врска со етничката припадност на македонскиот народ тој забележал дека насекаде Македонците се нарекуваат Македонци (и во Русија “Македонците се нарекуваат Македонци”, наспрема во Бугарија каде што веќе насекаде се воделе дискусии “Дали Македонците се Бугари”. Понатаму, осврнувајќи се на паролата “Слободна и независна Македонија”, Шаторов истакнал дека таква парола е “мошне силна” и ако се издигне од “една демократска организација ќе се прифати”. Своето излагање Шаторов го резимирал на следниот начин: “Моето мислење е: да ја трансформираме ВМРО (Обединета) во нова демократска организација”. [186]

Во овој однос Шаторовата активност не престанала ни во 1942 година. Во телеграмата испратена до Коминтерната од ЦК на БКП во февруари оваа година стои: “Вашиот совет за предавање на раководењето на македонската организација на комунистичката партија на Југославија е извршено. Состојбата во Македонија останува и понатаму тешка. Околу три месеци македонските другари немаат врска со ЦК на Југославија”.

Во телеграмата, под точката 4, од страна на ЦК на БКП се предлага: “Сметаме да е према постојната состојба целисходно-оправдано да се соединат македонските партиски организации во самостојна македонска партија”. Овој став за обединувањето на македонските комунисти од сите делови на распарчена Македонија, Шаторов го застапувал уште од почетните години кога се вклучил во македонското национално-ослободително движење, како и со неговото членство во комунистичкото движење, од кое не се откажал се до неговото загинување: Тој бил еден од носителите на иницијативата за создавање на македонска комунистичка партија, рамноправна со другите комунистички партии на Балканот.

[186] “Збор” од 1.1.1996 год. стр. 33 и 34, автор Зоран Тодоровски.

Оваа телеграма Извршниот комитет на Комунистичката интернационала (КИ), на 27-28 февруари 1942 година му ја доставува на Тито.

Тито со телеграма од 11 март 1942 година му одговорил ни Извршниот комитет на КИ со следната содржина: "Информацијата од ЦК на бугарската комунистичка партија ја примивме. Неразбирлив за нас е последниот дел од телеграмата за реорганизација КП на Македонија како самостојна компартија. Овие дена испраќаме во Македонија наш преставник за врска со КП на Бугарија и да помогне на другарите во Македонија". [187]

Ставот на Тито, во овој одговор, бил против создавање на самостојна македонска комунистичка партија од сите делови на Македонија. Македонските комунисти останале и понатаму расцепкани и под раководство на трите соседни комунистичи партии, со наметнување на свои ставови на секоја партија кои е биле во потполност со итересите на Македонија. Сето тоа предизвикало тешки последици во однос на целосното ослободување на сите нејзини делови во една самостојна суверена држава. Во одговорот Тито истакнал: "овие денови испраќаме наш преставник". [188] Меѓутоа, преставникот на ЦК на КПЈ во Македонија пристигнал на 25 август 1942 година, односно по 168 денови од ветеното. Македонското раководство било оставено, и покрај приклучувањето кон КПЈ, за сето ова време без врски и без овластување самостојно да одлучува за разрешувањето на најактуелните прашања. Раководството било принудено да се снаоѓа како знае и умее во најсудбоносните денови во борбага против окупаторите. Чекајќи ги ставовите од централното раководство, самоиницијативата секогаш кај македонското раководство имала дилема дали таа се поклопува со ставовите на централното раководство, односно дали е во склад со линијата на ЦК на КПЈ".

3. Македонското национално прашање

[187] Историски архив на КПЈ, том VII, стр. 61.
[188] Исто, стр. 62.

Покраинскиот комитет во својата програмска определба го поставувал едно од основните прашања, а тоа е националното прашање. Во својата активност ја истакнивал важноста од јакнењето, од проширувањето, од продлабочувањето на македонската национална свест и со тоа јакнењето и на македонскиот патриотизам како битен предуслов во борбата за ослободување на Македонија од поробувачите. Во документите издадени од ПК на КПМ јасно се истакнува дека македонската нација е резултат на историскиот развој, со свој македонски јазик, култура обичаи, со своја територија и претставува една економска целина. Населението кое живее во Македонија не се ни Срби, ни Бугари, ни Грци, тие се Македонци, посебна нација со свои обележја што ги имаат и другите нации. Наспроти ставовите на комунистичките партии на соседните земји (и тоа: КПЈ, КПБ, КПГ) кои го негирале постоењето на македонската национална индивидуалност. Населението во Македонија тие го третирале за мешано население, односно дека во Македонија живеат националности од околните нации и тоа пропорционално еднакви и никоја не преовладува. Ова становиште го задржува и КПЈ се до 1940 година. Ова го потврдуваат документите донесени на Пленумот на ЦК на КПЈ во јуни 1939 година одржан во Словенија. Во извештајот нема никакви информации за состојбата во Македонија, бидејќи од 1937-1939 година немало раководство во Македонија, само постоеле месни комитети кои самостојно дејствувале без обласно раководство. Во заклучоците од овој Пленум било поставено прашањето за партиската организација и да се преземат мерки за нејзино организационо заздравување и поврзување со централното раководство на КПЈ. Во овие ставови за населението стои: "Слоевите на народите во Македонија се незадоволни и има услови да се дигнат во револуција". Титовите писма, испратени до Коминтерната, втората половина на 1939 година, го актуелизираат прашањето со зборовите: "Крајно е време да завземеме јасен и дефинитивен став по македонското прашање, но ние само ова не можеме да го решиме без вас, а ние за нашиот став накнадно ќе ве известиме".

Овие документи потврдуваат дека раководството на КПЈ и во 1939 година немало јасно определување по македонското

национално прашање, а да не зборуваме за КП на Бугарија и КП на Грција кои имале променливи ставови. Благодарение на Покраинскиот комитет на Комунистичката партија на Македонија, со неговите цврсти определби и голема активност, преку неговите пишани прогласи и други активности, југословенското партиско раководство зазело јасен став на Петтата земска партиска конференција на КПЈ одржана во Загреб во месец октомври 1940 година. Тито разработувајќи ги документите од оваа конференција при крајот на истата година со свој напис се искажал дека населението што живее во Македонија не се ни Срби, ни Бугари ни Грци, ами тоа се Македонци по националност.

Меѓутоа, во прогласите издадени од ЦК на КПЈ, по окупацијата на Југославија 1941 година, положбата на Македонците се изедначила со другите народи и делови во Југославија: паднаа сите под ропство. Од ваквото изедначување на положбата на Македонците во Југославија произлегува дека македонскиот народ не бил под ропство, ами дека бил равноправен со другите народи под власта на српската монархија, односно под Кралството на СХС. Покраинскиот комитет на овој став реагирал во своите прогласи истакнувајќи дека по капитулацијата на Југославија македонскиот народ паднал под ново ропство, сега под германско-бугарски фашизам. Јасно дефинирање: од Македонија замина "српскиот џандар а дојде бугарскиот полицаец", ропството продолжува, само под друг нов поробувач.

За првпат партиското раководство во 1940 година го поставило на дневен ред поврзувањето на партиските организации со масите при празнувањето на македонските историски и револуционерни традиции, а посебно на Илинденското востание и Крушевската република од 1903 година. Како резултат на организираната активност во оваа година се организирани масовни излети со одредени програми за настапување со песни и зборови за историското значение на востанието и за македонската република. Во одредени места биле организирани масовни демонстрации: Прилеп, Охрид и др. Покраинскиот комитет на КПМ со овие акции прави голем пресврт во своите политички определби, за разлика од

раководството во претходниот период, кога го застапуваше само класниот интерес на работничката класа, а националниот интерес го потценуваше и не го земаше како елемент во борбата за ослободувањето на македонскиот народ. Голем придонес за едно такво становиште (во претходниот преиод се гледаше само на класното) имаат комунистичките партии на Србија, Бугарија и Грција, кои раководеле со деловите од распарчената македонска партиска организација. Тоа произлегува од нивниот став по македонското национално прашање, од колеблив став до потполно негово негирање, а од друга страна нивните народи национално биле слободни со свои национални држави. Секако дека за нив, во овие услови, било во прв план само класното ослободување.

Покраинскиот комитет со своите програмски определби создал услови, со револуционерна борба, со создавање и градење македонски револуционерен народен фронт, да ги вклучи сите национални, прогресивни слоеви, без разлика на вера и националност кои се за ослободувањето на Македонија. За придобивањето на селското население во овој фронт, ПК зазел конкретен став по аграрното прашање во интерес на селаните-земјата да им се додели на оние што ја обработуваат, а колонистите од други националности, кои добиле земја во Македонија, да се вратат од каде се дојдени или да му се даде земја на други места во нивната национална држава. Со овој став се создадени услови за сојуз со работниците и нивно учество во општиот револуционерен фронт за ослобдување.

Методија Шаторов во мај 1941 година го добил писмото од бугарскиот интелектуалец Тодор Павлов испратено до ЦК на БКП под наслов "По македонскиот вопрос" од 15 мај 1941 година. Ова писмо било преведено на македонски јазик и со него се запознале македонските комунисти. Овде ќе цитираме дел од истото: "Крајно време е да се клај точка на сите доктринерски-секташки спорови и задевана околу вопросо дали Македонците сет оделна нација или сет македонски бугари... само ке кажам, оти за истинска слободна Македонија се способни да се борат не само така наречените македонските славјани, а и македонските бугари, а исто така не по лошо от нив и сите оние национални малцинства кои по новото

положение, останујат во рамките на присаединените при Бугарија земји. Гоце Делчевото поставне на тој вопрос продолжува да има и сега своето полно значение, а ние во никој случај не би требало да развиваме македонски или бугарски шовинизам.

Сето това не ни пречи, напротив не задолжувал да се бориме заедно со целокупниот македонски народ против апетитите на италијанските и други империјалисти за нови делби на Македонија (Дебар, Кичево, Гостивар, Тетово и др.) за реализиране на целокупна Македонија, како и да не се допушти да стане Солун, германско или италијанско воено пристаниште, како и да се раскријат навреме сите интригански, противмакедонски и противбугарски и опште противобалански аспирации и маневри на германските и на сите империјалисти".

Павлов бара изјаснување и за балканското поврзување во балканска федерација, балкански сојуз и сл. Во врска со сето ова го поставува прашањето: "Со која партија би требало да се сврзе денеска понепосредно македонското партиско движење со југословенската или со бугарската". По овие прашања истакнува дека имало недоразбирање кај дел од нашите луѓе и симпатизери и дека ова треба да се отстрани побрзо од корен со јасни ставови. [189]

Шаторов за овие изнесени ставови на Павлов веднаш реагирал (протестирал) до Бугарскиот централен комитет со одредена информација за состојбите во Македонија. Ова го дознаваме од одговорот на Трајче Костов, тогашен секретар на ЦК на БКП, во името на ЦК, испратен до Павлов. Ова писмо (одговор од "Григорија") го добил Шаторов, кој го објавил на македонски јазик и со неговата содржина ги запознал македонските комунисти на крајот на мај 1941 година. Во ова писмо до Тодор Павлов Костов пишува: "Спорот за това, дали Македонците сет Бугари или македонски славјани би бил, вистина, при сегашните условија доктринерско и сектанско чешање на јазико. Али ние сме должни да се саобразјаваме со фактите. А фактите говорат, оти еден голем дел от македонското население

[189] Писмо од Тодор Павлов до ЦК на КПБ, Историски архив Скопје, стр. 2, 3 и 5, к. 34-а, бр. 2395.

е веке со македонско, а не со македонско бугарско сознание. Според наши сигурни сведенија, излизашти од компетентни средини от самата Македонија, македонското сазнание е проникнало многу длабоко, особено мегју младото поколение, не зафатено от егзархиската пропаганда. Според тие другари, који познават одлично положението во Македонија, па помалку от 80% от славјанското население во Македонија се осекја македонско, а не бугарско (не разбира бугарски јазик). Нашите документи се преведујат на македонски и надали говорат тија другари-бугарската пропаганда ке успее да разбие това македонско сознание. Народо не само не е кефлија от "слободата", ами не може да го натера да вика "ура" тој е нем спрема патриотските дандании. Јасно е процесот на оформјаване на македонскиот народ во нација многу напреднал. Ние не можеме да не се отнесеме положително спрема овај процес и активно да го помагаме, за това што он одговара најарно на интересите, традициите и задачите на македонскио народ. Ние ке се бориме то се знае против великомакедонкио шовинизам, колку и дека се појави, кој би откажал каква и да е вопште работа за интересите на Македонија со онија, кој се мислат за македонски бугари. Али главната опасност за сега не от великомакедонскио, а от великобугарскио шовинизам, кој е зафатил веке со силата на власта, борба за убивање на македонското сознание, за насилно побугаруене на народо. Да не се разбери това, значи да се превртат работите со нозете на горе". [190]

Основа за овие ставови на Трајче Костов, по македонското национално сознание, биле информацијата која ја добил од "Компетентни личности-другари кои ја познаваат одлично положбата и сет од самата Македонија". Во ова време овие информации своја компетентност имале во Покраинскиот комитет заедно со Методија Шаторов. Тој навреме интервенирал и информирал да се спречат одредени непотребни расправии-дискусии кои ги наметнувал Тодор Павлов, а кои би можеле да предизвикаат негативни последици за Македонија.

4. Определбата за обединување на Македонија

[190] Трајче Костов, фонд на ЦК на КПБ, АМ к. 34-а, бр. 2395, стр. 2.

Покраинскиот комитет во своите програмски определби бил за обединување на сите делови на распарчена Македонија, едно од најсуштествените прашања што се од интерес за македонското национално битие. Во објавените написи издадени од ПК по ова прашање стои: "Борбата во Македонија за ослободување од под јаремот на големосрпскиот, бугарскиот и грчкиот империјализам". "Да живеј слободна македонска република". Во основите на линијата на Партијата по македонското прашање лежат определбите: "Право на народот на самоопределување, се до отцепување". [191] Понатаму се истакнува: "се е поцврсто единството на заедничката борба на Арнаутите, Турците и Македонците против секое угнетување од која и да е страна, било да доаѓа од Србија, Бугарија, Грција или Италија за ова не е мала заслугата на нашата Партија". [192] На јануарскиот Пленум на ПК на КПМ одржан во 1941 година се донесува следниот заклучок: "Пленумот исто така потцртува дека Комунистичката партија во Македонија ниту, за момент не се откажала од својата крајна цел: полно ослободување и равноправност на Македонија – дури до барањето, до отцепување во самостојна државна заедница". [193]

Методија Шаторов во писмото до "Стојана" по ова прашање зазел свој став: "Одговор е само еден: да се обединат сите Македонци и други народности во Македонија за општо свое право за слобода и равноправност, но не цепење на македонската земја и македонскиот народ. За таа своја слобода и равноправност Македонците треба да се борат заедно со Бугарите, Хрватите, Србите, Грците и Црногорците на Балканскиот Полуостров, затоа што судбината денеска им е еднаква". Во повикот до Македонците, Турците, Арнаутите и Власите, издаден пред 2 абгуст 1941 година, Покраинскиот комитет по ова прашање за обединување на Македонија бил доследен во својата определба: "Македонскиот народ се бореше не за монархија, не за султан и цар, но се едно каков бил тој, дали Турчин или Немец, а за СЛОБОДНА МАКЕДОНСКА

[191] Илегален печат, том II, кн. 2, стр. 71 и 135.
[192] Исто, стр. 103.
[193] Документи и материјали, том I, кн. 2, стр. 382.

РЕПУБЛИКА, како равноправна членка меѓу сите комшијски балкански држави”. [194]

Ставовите на КПЈ, КПБ и КПГ по ова прашање се спротивни. Уште во 1935 година донеле одлуки македонското прашање да се решава во постојните граници. КПЈ на Сплитскиот пленум, истата година, донел одлука против обединувањето на Македонија, а решавањето на ова прашање да се остварува во постојните југословенски граници поставени и со Версајскиот договор по завршувањето на војната од 1918 година, кога Македонија е распарчена на повеќе делови помеѓу балканските монархии. Овој став раководството на КПЈ го задржал без промени и во годините 1940-1941 и потоа, а тоа се потврдува со ставовите на објавените свои документи: “КПЈ истапува против разбивањето на сегашната државна територија на Југославија, бидејќи сака тоа преуредување на државата да го постигне по мирен пат, врз основа на националната равноправност”. [195]

На Мајското советување на КПЈ, одржано во 1941 година, за Македонија бил заземен следниот став: “Македонија исто така ја доживеа таа несреќа меѓусобно да ја поделат неколку освојувачи. Од под велико-српското угнетување таа дојде под бугарски, а делумно и под италијаснки јарем. Задачата на македонските комунисти е да ги собираат народните маси во борбата против насилното присоединување и делење на Македонија, а за слободно национално определување на македонскиот народ и за негова национална независност”. Овие ставови се однесуваат само за делот окупиран од страна на фашистите во 1941 година, а не и за деловите окупирани од монархиите во 1918 година, односно ЦК КПЈ немал свој став за обединувањето на сите делови а распарчена Македонија од 1918 година. Меѓутоа, на истото советување за Словенија бил заземен став за обединување на сите нејзини делови окупирани и од 1918 година.

Истиот став (“грешка”) ЦК КПЈ го направи во прогласот од 7 ноември 1941 година упатен до народите на Југославија. За Македонија стои: “Намразените окупатори не ти донесоа

[194] Извори, том I, кн. 1, стр. 30.
[195] Документи и материјали, том И, кн. 2, стр. 298.

ослободување, како што ти ветија, туку бесправие и ропство, како и на сите народи на Југославија. Сега е време и ти, македонски народе, да се дигнеш на востание против тој најголем непријател на националната независност". Меѓутоа, за Словенија имаше поинаков став – ги повика сите Словенци: "Словенци од Југославија, од Приморска, од Корушка, сите вие што сте поробени, обединете ги своите сили во еден единствен фронт на словенечкиот народ во борба против вашите sверски непријатели кои ја распарчија и поробија вашата земја. Сега дојде часот за вашето конечно ослободување и обединување". [196]

Од цитираниот проглас може да се констатира дека македонскиот народ се повикува на борба против окупаторот, но со тоа не се нуди перспектива за целосно обединување на Македонија, ами се повикува само еден дел од македонскиот народ на борба против непријателот на целото општество, додека на Словенија исе нуди обединување на сите нејзини делови, односно ослободување и обединување на целата своја татковина.

Активности за обединување на Македонија постоеле кај одредени Македонци кои раководеле со комунистите во егејскиот дел на Македонија, како што се Илија Димовски-Гоце, Панко и др., кои застапувале мислење за обединување на егејскиот дел на Македонија и делот кој бил окупиран од Бугарија, а потоа да се побара независност на цела Македонија. Ова било расположението кај кадрите Македонци, а исто така и кај македонското население. Комунистичката партија на Грција преземала активности спротивни на расположението на македонските кадри и на македонските маси и ги презела сите мерки за разбивање на ваквите ставови и организации што почнале да се создаваат за оваа цел. Ова се правело се со цел за победа на линијата на грчката партија ова население да не учествува заедно со Комунистичката партија на Грција за ослободување на Грција од окупаторот. За разбивањето на овие ставови и организации (конкретно на политиката на Грчката партија) придонесол Лазо Трповски, кој бил функционер на

[196] Собрани дела на Тито, кн. 7, стр. 217.

Македонското биро на КПГ и кој во врска со тоа ги следел и ги раководел овие организации. Од овие ставови на Грчката партија јасно може да се заклучи дека истата била против создавањето на секаква организација на овој дел на Македонија која би имала за цел обединување на Македонија. [197]

ЦК на КПБ во 1940 година издаде проглас "Повик во борба да се сочува мирот на Балканот". За Македонија е изнесен следниот став:

"Македонскиот народ е најзаинтересиран да се сочува мирот. Борејќи се за мир, тој не се откажува од борбата за национално ослободување и самоопределување...

Правилно е што Македонците од југословенскиот дел на Македонија сега ги усмеруваат сите свои снаги да се изборат за автономија... Автономијата на Југословенска Македонија ќе послужи како центар за обединување а распарчените делови на Македонија во една единствена Македонија, која ќе, од своја страна, послужи како обединувачка алка во братскиот сојуз помеѓу Југославија, Бугарија и Грција.

Македонците од Бугарија не можат да имаат поинаква политика од онаа која ја води основното езгро на македонскиот народ кој се наоѓа во југословенска Македонија". [198]

Во прогласот издаден во декември 1941 година, под наслов "За слобода, равноправност и самоуправување а Македонија", ЦК на КПБ ја осудува бугарската фашистичка окупација на Македонија и присвојувањето за Бугарско се што е Македонско". [199]

Тито во јануари 1941 година подготвил текст за проглас под наслов "Проглас на ЦК КПЈ по повод избивањето на војната на Балканот". Се смета дека овој текст Тито го напишал за да послужи како основа за заеднички проглас, односно

---

[197] Егејска Македонија во антифашистичката војна 1941-1943 год. том VII, кн. 1, Скопје 1985 год., стр. 447.
[198] Историска вистина – Култура 1983 год., Скопје, стр. 155.
[199] Исто, стр. 156.

декларација што требало да ја објават КПЈ и БКП во врска со проширувањето на воената опасност на Балканот и особено за положбата на македонскиот народ околу чијашто иднина фашистичките сили вонредно многу ги засилиле своите шпекулации. Од засега непознати причини не дошло до објавување на проектираната заедничка декларација на двете партии.

Меѓудругото во прогласот стои: "Македонците не се ни Срби, ни Бугари, ни Грци; тие се Македонци. Како посебен народ имаат право на самоопределување до отцепување, имаат право на своја слобода и самостојност како и сите други народи на Балканот. Под водството на комунистите на Македонија македонскиот народ води борба за своите права и своето ослободување... Комунистичката партија на Југославија и Комунистичката партија на Грција треба да застанат на чело на ослободителното национално движење на македонскиот народ за негово ослободување и обединување. Бугарските комунисти треба да водат борба против обидите на своите империјалисти со помошта на империјалистите на Оската да го подјармат македонскиот народ". [200]

5. Создавањето на општ македонски национално ослободителен фронт

Партиското раководство на КПМ за реализација на програмските дели предвидувал создавање на општ македонски фронт, со учество на сите снаги од македонските маси кои имат национален интерес за ослободувањето на Македонија од вековното ропство. Историското искуство покажувало дека слободата на Македонија била можна само со организираност на широките македонски народни маси, без разлика на социјалната положба, националната и верската припадност, на сите оние кои имале интерес за ослободувањето и создавањето на македонска република, како самостојна држава на македонскиот простор, со равноправен, суверен статус помеѓу другите балкански држави. Значи се дошло до констатација дека за ослободување на Македонија од јаремот на

[200] Документи и материјали, том I, кн. 2, стр. 379-381.

големосрпскиот, бугарскиот и грчкиот империјализам е потребен општ и единствен сојуз на работниот народ, со селските слоеви, со сите националности организирани и подготвени за едно внатрешно вооружено македонско востание. [201]

На Првата покраинска конференција на КПМ во 1940 година во врска со ова прашање се заклучува: "општо револуционерниот фронт, во кој што треба да учествува целиот македонски народ, а комунистите никогаш нема да се откажат од градењето на македонскиот револуционерен народен фронт кој е од интерес на работничката класа и нејзината секојдневна борба за подобар живот и за демократски слободи". [202] Определбата на партиското раководство во врска со создавањето на општиот национален фронт претставува голема далековидост и реалност на состојбите во Македонија, односно дека без учество на широките народни маси и без нивно единство во акцијата не може да се постигне саканата цел, а тоа е национална слобода во сопствена суверена држава. Во овој однос бил заземен следниот став: "Потребата од тактика за обединение на сите македонски групи и елементи, кои сет готови да водат борба за слобода против големосрпскиот империализам али да сет туѓи и непријатели на разните империалистички и фашистички пропаганди Бугарска, Грчка, Немска, Талијанска и други. Ете што треба да биди раководно начело на комунистичките организации во секојдневната борба". [203] Секако дека тоа е добро поставена широка платформа за учество во народниот фронт на се она што е против фашистичката пропаганда, без разлика од која страна доаѓаат, а за единството на сите антифашистички снаги (да не се дозволи нивно распарчување, како што било во минатото, кога поедини делови од населението потпаѓале под влијание на окупаторските пропаганди од соседните монархии и со тоа го распарчувале македонското единство за полесно негово поробување). Неединството претставувало рак рана во минатото, а посебно на еден мал народ како што бил македонскиот во тоа време и

[201] Илегален печат, том II, кн. 2, стр. 134-135.
[202] Исто, стр. 163.
[203] Исто, стр. 169.

посебно со соседи кои водела борба за поробување, а не за национално ослободување на Македонија.

Посебно внимание во овој документ му било посветено на организираното вклучување во општонародниот национален македонски фронт на селското население, ако се има предвид големата бројност на ова население во македонските прилики (преку 80% од вкупното население кое претставувало голем економски потенцијал и жива сила на целокупниот македонски простор). Од неговото учество во борбата можело да се очекуваат многу поголеми резултати во борбата за ослободување. Тоа е разбирливо ако се знае дека на овој дел од населението материјалната положба му била крајно тешка. Селаните, голем дел безземјаши, работеле исполица, или биле ортаци, или момоци, изложени на голема експлоатација. Посебно со мерките на монархиите (со државните мерки) се доведувале селаните до крајна сиромаштија. Во резолуцијата за нивното организирање бил заземен став: "Тука и во врска со тоа развивање активности и работа за спечалување на македонскиот селанин кој претставува основниот елемент на национал-револуционерното македонско движење". [204] Се оценува во платформата на КПМ дека земјата дадена на чифлик-сајбиите, големосрпските шовинисти, заграбена по окупацијата, земјата доделена на "херои" и на Србите колонизирани, е акт со цел за асимилација на македонската националност и негова денационализација. Потоа се зазема став дека земјата од манастирите, црквите, круната и вакавите треба да премине во рацете на македонските селани и производители, а Македонците од големите ридови и планини да слезат во рамничарските делови и да ја обработуваат земјата на своите татковци и дедовци кои под терор ја напуштиле. Меѓутоа, на бедните колонизирани Срби земја да им се додели во Србија од тамошните чифликсајбии и чорбации и др. Прашањето за цените на земјоделските производи (како што се тутунот, памукот, кожурците, афионот, пченицата) бара борба против постоењето на монополот кој ги ограбувал производителите. Борбата за заштита на производителите треба да придонесе за организирање и обединување на македонските селани и

[204] Исто, стр. 169.

тутунопроизводители во општиот национално-револуционерен фронт. [205]

Покраинскиот комитет, имајќи ја предвид структурата на населението кое живеело во Македонија, во која покрај македонското население живееле и Турци, Арнаути, Власи и др., предвидел одредени активности за нивното организирање во општиот македонски национален фронт во борбата за ослободување од експлоатацијата и теророт. Имено само развивањето на братската солидарност и во општата борба за слободна и независна Македонија може да се гарантира слобода на сите потиснати и поробени во Македонија. [206] Раководството, согледувајќи ги историските искуства и традиции, предвидело активности во борбата против национализмот, шовинизмот, против верските омрази кои имале за цел разбивање на единството. ПК ја развивал активноста за сожителство, добрососедство и заедничка борба против заедничкиот непријател.

На V-та конференција на КПЈ одржана од 1923 октомври 1940 година во Загреб, по прашањето за Народниот фронт, имало различни ставови помеѓу делегатите на македонската делегација, односно помеѓу ставовите заземени на Првата конференција одржана на 8 септември 1940 година и ставовите на ЦК КПЈ изнесени по рефератот по националното прашање, каде се предвидувало учество во Народниот фронт само на работниците и селаните, а не и на другите слоеви и социјални структури на еден широк фронт, како што биле ставовите на раководството на КПМ. Методија Шаторов, во својата дискусија, критички се изјаснил по изнесениот став на референтот по ова прашање (Милован Ѓилас): "Рефератот е апстрактен. Овие ставови се спротивни на ставовите завземени во резолуцијата на покраинската конференција, која е донесена во Македонија. Референтот пак повикува само на сојуз на работниците и селаните, значи либералната буржоазија отпаѓа како и др. Значи, го отфрла Народниот фронт. Но ние поставивме дека и средните слоеви и либералната буржоазија влегуваат во националниот фронт, сите со исклучок на

[205] Исто, стр. 169.
[206] Исто, стр. 169-170.

шпиуните и на империјалистичките агенти. Меѓутоа, селаните се основната маса во националниот фронт". [207] Во Резолуцијата донесена на V-та конференција не постојат ставови по Народниот фронт. Според тоа не е заземен став кој се треба да учествува во структурата на истиот во борбата за ослободување. [208]

Спротивни определби има и за колонистите кои биле колонизирани од српската монархија во Македонија. Шаторов во врска со колонистите истакнал: "Не можеме да отидеме кај македонскиот селанец и да му кажеме дека колонистите му се браќа на македонскиот селанец. Бидејќи генералите, жандармите, шпионите не се браќа. Сите се потисници врз македонскиот народ и со нив не можеме да имаме добри односи". [209] Од овие ставови на Шаторов може да се согледа што по ова прашање предлагал референтот Милован Ѓилас во името на ЦК КПЈ на V-та конференција.

6. Против надворешните пропаганди во Македонија

Покраинскиот комитет, имајќи ги предвид минатиот период и постојната состојба, како и штетноста на политичките пропаганди на Србите, Бугарите и Грците во Македонија, во својата активност посебно им посветувал внимание на надворешните пропаганди во Македонија. Со цел да се спречат туѓите влијанија, без разлика од која страна тие доаѓале, а кои имале за цел да го разоруваат македонското национално ткиво и да наметнат асимилаторска, во корист на едните или на другите, национална свест. Покраинскиот комитет во издадените написи бил доследен во борбата против истите пропаганди и ја разобличувал нивната штетност за развојот на македонската национална свест. Во еден напис стои: "После неуспешното Илинденското востание во 1903 година ние имаме во Македонија србоманска, бугароманска и гркоманска пропаганда... Ама, ни теророт, ни пропагандите, до ден

[207] Документи и материјали, том I, кн. 2, стр. 349.
[208] Тито, Собрани дела, кн. 6, стр. 59-85.
[209] Документи и материјали, том I, кн. 2, стр. 349.

денешен не го скршија македонскиот дух за слобода и равноправије. Македонскиот народ се борел, се бори и ќе се бори заедно со сите потиснати до полно ослободување". [210]

Во повикот до работниот народ во Македонија од јуни 1940 година по ова прашање се подвлекува: "Со својата политика на национално потиснување режимот го обесправувал македонскиот народ, му ја задушувал националната свест и чувство и му ги скусувал неговите права. Тој извикувал караници и сејал омраза помеѓу народите ги разединувал и ги отуѓувал од државната заедница". [211] Со своите пропаганди соседните национални држави и нивните партии на окупираниот македонски дел не бирале средства во задушувањето и ликвидирањето на сите национални својства на македонската самобитност. Во овој повик се укажува: "Секое право ви го земаат, дури и правото да се викате Македонци. Режимот сака да ве оддели од работниците, вашите браќа по мака оти се бои од вашата слога и заедничка борба. Не лажете се. Бранете си го своето народно име и водете борба за своите народни права и слобода на Македонија". [212]

Насочувајќи ја активноста против пропагандата на потисниците на Македонија, ПК повикува на активност во одбрана на националната свест, на македонската култура, јазик, на песните и придобивките од историските борбени традиции, а со тоа да се спречи асимилацијата и денационализацијата на македонското национално битие.

Во однос на активноста од страна на Драгиша Цветковиќ, претседателот на Владата, на министрите и владиците кои се шетале низ Македонија и делеле жешки говори за заштита на србизмот во Македонија е преземено следното. Во месец октомври 1940 година ПК против оваа пропаганда издал повик до МАКЕДОНЦИ! "Акцијата на црквата и правителството во лицето на патрикот и поповите има за цел да се насади во Македонците чувство на српски национализам и шовинизам, да завладеј душите и срцата на македонската младеж и да створи

[210] Исто, стр. 321.
[211] Исто, стр. 314.
[212] Исто, стр. 316.

од нив предатели на својите сопствени народни интереси и идеали. За чес на Македонија, македонскиот народ врти ги на таја акциа". [213] Понатаму во еден проглас ќе биде речено: "Господата од Белград и Софија спорат за Македонија, а македонскиот народ ич не го питат. Тије поробители на Македонија зборуват оти македонскио народ бил српски, бил бугарски и да Македонците немал историа, јазик и др. Македонските поробители лажат! Во сушност Македонците не сет нити Срби, нити Бугари, а сет само Македонци". [214]

По капитулацијата на Југославија 1941 година, кога овој дел од Македонија подпаднал под ново ропство, заземен е овој став: "Некој Македонци-врховисти (експоненти на окупаторот во Македонија, наречени врховисти) сакаат да кажат, оти борбата на Македонците е свршена со окупацијата на Македонија от страна на германски, италијански и бугарски војски. Дали тоа е вистина. Но, ни не може да биде, зато што Македонија не доби ни национална ни политичка слобода". [215] ПК водела активна борба против бугарската и врховистичката пропаганда која имала за цел да го заведе македонскиот народ за божем бил ослободен и дека нема повеќе за што да се бори.

Во прогласот на ПК од јуни 1941 година за окупаторската пропаганда се истакнува: "От горе на сето тоа на Македонците е забрането да се викат Македонци, а македонската култура и целата македонска 50-годишна борба за слобода и равноправие от страна на бугарските завоеватели се се преставуе не како македонска, а како бугарска". [216] Активноста на ПК и на партиското членство против пропагандите на соседните монархиски држави во основа успева македонските маси да ги отргне и правилно да ги организира за македонското дело, со борба против окупаторите.

7. Социјално-класното прашање

[213] Исто, стр. 340.
[214] Исто, стр. 362.
[215] Извори, том I, кн. I, стр. 14-15.
[216] Исто, стр. 20.

Во прогласите на Покраинскиот комитет на Комунистичката партија во Македонија посебно внимание и се посветува на проблематиката од социјално-класната состојба на работниците, аргатите, тутунопроизводителите и др., кои биле под голема експлоатација од страна на господарите. Поттикнувајќи ја нивната тешка материјална положба и излезот од таквата состојба, дека една можност е во организирана активност, преку штрајкови и други протести за подобрување на сопствената материјална положба. Како резултат на вкупната мобилизација се постигнати добри резултати во 1940 година, односно се организирани 16 штрајкови, од кои некои траеле и по 40 дена, а тоа е до толку важно што до тој период немало вакви штрајкови. [217]

Проширувањето на синдикалните организации било исто така обврска, на пример, во Скопје порано имало само 40 работници членови на синдикални организации. Во 1940 година членството во синдикалните организации се зголемило на 1.000 лица. Слична била положбата и во другите градови во Македонија. [218]

8. Употребата на македонскиот јазик

Покраинскиот комитет, како и членството на КП, познавајќи го расположението на македонските маси (колку им биле одбојни туѓите јазици, како српкиот, бугарскиот и грчкиот) одлучил овие да се отфрлат од употребата во печатените материјали, а место нив да се употребува мајчиниот македонски јазик. Издадените прогласи, летоци и други написи веќе сите се пишувани на македонски јазик. Ова е за првпат раководството своите пропагандни материјали да ги издава со пишани македонски зборови, а не како дотогаш на српски, за овој дел на Македонија. Придонесот за дејствување сред масите бил многу поголем: се зголемило партиското членство од 130 члена кон крајот на 1939 година на 720 членови до септември 1941 година. Ова зголемување изнесувало скоро за 6 пати. За толку се зголемила и скоевската организација, бројот на

[217] Документи и материјали, том I, кн. 2, стр. 347.
[218] Исто, стр. 348.

симпатизерите и организирањето во напредните синдикални организации. Овие достигнувања биле резултат на вкупната програмска определба на партиското раководство на КПМ кое ги застапувало македонските национални интереси и нудело излезни решенија во борбата за ослободување, кои биле прифатливи за широките македонски маси.

Македонскиот народ за првпат во својата историја имал можност да чита и да пишува на македонски јазик, наспроти дотогашните туѓи за него јазици.

9. Причините за сменувањето на ПК

Во писмото на Тито од 24 јули 1941 година за исклучувањето на Шаторов од членство во Партијата во основа се наведени овие причини: не го умножил прогласот од ЦК, прекинати се врските, не со одзвал на поканата, ставот спрема Србите во раководството, неактивност, партиска недисциплина. [219]

Во писмото од Тито до Извршниот комитет на Комунистичката интернационала од 4 септември 1941 година, покрај горното, се додава дека се поврзал со ЦК на КПБ веднаш по окупацијата на Македонија, дека не се одзвал на три покани, дека презел директива за предавањето на оружјето, дека имал став за советска Македонија, дека чекал на Црвената армија, дека го клеветел раководството на КПЈ и секретарот, дека е обвинет за национален шовинизам. "Виновниците ќе ги ставиме пред нашиот воен партиски суд". [220]

Во писмото од 6 септември 1941 година до членовите на Комунистичката партија на Македонија, покрај горните обвинениј а, се додаваат и следните: по негова директива членовите на партијата го предале оружјето на окупаторот и затоа сега немате оружје, припојување на организацијата кон бугарската партија, ние досега не знаевме, неорганизирање партизански одреди. [221]

---

[219] Тито, Собрани дела, кн. 7, стр. 72-73.
[220] Исто, стр. 141.
[221] Исто, стр. 144-145.

Покраинскиот комитет и Шаторов овие обвинениja ги отфрлуваат како неточни и лажни, дадени од едно лице, поради што доаѓа и до негово суспендирање.

Од горните обвинениja, како причини за сменувањето, во понатамошната постапка на ЦК КПЈ, може да се констатира дека причините за сменувањето лежат на други основи, а не во наведените во овие писма. А кои се во основа причините за сменувањето?

Новото раководство е назначено, а не избрано од членовите на КП, а секако со согласност на ПК на Србија. Со тоа ПК на Србија го презема раководството во македонската партиска организација, но го користи името на КПЈ. Не се знае кој бил секретар, односно таа функција фактички ја вршел повереникот Драган Павловиќ, а по неговото заминување го овластил Банета Андреев. Се укинува автономијата на партиската организација, во нејзиното раководење (самостојноста како што била во времето на Шаторов).

Сменувањето на старото и назначувањето на ново раководство било направено без консултација и избор од раководните кадри на базичните партиски организации. Членовите биле поставени од повереникот Драган Павловиќ.

За самостојното раководство во Македонија во писмото на Тито до ПК на КПЈ за Македонија од 16.I 1943 година стои: "Прашањето за национална самосталност на партиската организација во Македонија не можи да се постави без јака, учврстена, со проверени и одани партиски кадри, со масовно влијание на партиската организација, способни да раководат со националното движење во Македонија".

На ЦК КПЈ, односно на ПК за Србија, му сметала самостојноста на ПК на КП на Македонија. Промената на името на организацијата во Комунистичка партија на Југославија ПК за Македонија, наспроти ПК на КП на Македонија раководството на ЦК на КПЈ и на ПК за Србија не се согласувало со македонската партиска организација.

За ова Тито во истото писмо пишува: "Промената на партиското име (од КПЈ на КПМ) за кое вас ви се чини како причина за отуѓувањето на масите од нашата партија, во суштина ништо не би променило, туку значи опортунистички (узмак) попуштање пред непријателот или идните потисници на македонскиот народ и на скриените или отворените агенти на фашизмот". [222]

Благоја Нешковиќ, секретар на ПК за Србија, во писмото до Добривое Радосавлевиќ, инструктор на ЦК КПЈ, од 6.XI 1942 година пишува: "Не се колебај по прашањето "КПЈ – ПК за Македонија" тоа е одлука на КИ се друго е погрешно се додека не се реши нешто друго". [223] Понатаму во истото писмо стои: "Ние сме против разбивањето на Југославија како и против окупацијата... Ние сме за слободна Југославија во која сите народи во Југославија, во заедничка борба ќе добијат полна и права слобода...

Поради тоа јас, лично, мислам дека паролата "Слободна Македонија", поставена изолирана од паролата "Слободна Југославија" врз (уз) паролата братство со бугарските и другите народи на Балканот денес може да "тера вода во млинот на непријателот на народот", може да штети на ослободителната борба не само на македонскиот народ ами и на сите останали народи на Југославија ("Рамо до рамо со останалите народи на Југославија ти ќе извојуваш своја права слобода")... [224]

Македонскиот народ во заедничка борба со другите народи на Југославија, врз братска соработка со бугарскиот и останатите балкански народи најдобра гаранција е дека во Македонија нема да влезе големосрпскиот хегемонизам како нејзини "ослободители", дека нема да се повтори неправдата направена према македонскиот народ во бивша Југославија, дека македонскиот народ сам ќе си ги осигура своите национални права и желби со полна подршка од останатите народи на Југославија.... [225]

---

[222] Архив на ЦК КПЈ, том VII, стр. 191.
[223] Исто, стр. 180.
[224] Исто, стр. 177.
[225] Исто, стр. 178.

Во основа решавањето на македонското национално прашање се бара во паролата "заедно со останатите народи на Југославија, борба за слобода и равноправност". Во писмото на Тито од 16.I 1943 година стои: "Нашата КПЈ е таа гаранција дека братската заедница на равнопрвните народи со право на самоопределување (кое нема да можи да се злоупотреби) ќе биди во суштина сосема спротивно и сосема друго од бивша Југославија". Провив "автономистичките" тенденции во Македонија кои се од организационо-партиски карактер, како и према "автономистичките" тенденции од национален карактер". [226] Поставувањето на прашањето "автономија" или "можните специфични македонски услови" одпаѓа од оквирот на нашиот став и линија и тие кои тоа прашање го подржуваат, во суштина се во крајна линија изедначуваат со оние, кои поради името Југославија го изолираат македонскиот народ од единствената борба на сите народи на Југославија". [227]

Тито во "Пролетер" од 16 декември 1942 година пишува: "Никогаш КП не се откажува ниту ќе се откаже од својот принцип секој народ да има право на самоопределување до отцепување. Но, во исто време КПЈ никогаш нема да дозволи и ќе се бори против тоа да го искористи тоа право непријателот на народот". [228]

Заземените ставови во платформата на Покраинскиот комитет на КП на Македонија за обединувањето на Македонија и формирањето на слободна македонска република, рамноправна со другите балкански народи, овде се осудени, како и самостојноста на ПК на Македонија, односно се негира самостојноста и рамноправноста на државност. Се предлага слобода и равноправност на југословенските народи без национална државност.

Причината за сменувањето на Покраинскиот комитет на чело со Шаторов лежи во неговата македонска платформа која се потпира врз правото на самоопределување до отцепување на

[226] Исто, стр. 187.
[227] Исто, стр. 190.
[228] Документи, том II, стр. 393.

секој народ посебно, односно врз правото (рамноправноста) за сопствена суверена држава на Балканот.

VI. ПРОГРАМСКИТЕ НАЧЕЛА НА ПОКРАИНСКИОТ КОМИТЕТ НА КПМ ВО 1940-1941 ГОДИНА

Покраинскиот комитет формиран во пролетта 1940 година за политички секретар го избира Методија Шаторов. Со неговото долгогодишно револуционерно искуство и познавањето на историските состојби во Македонија, ПК и Шаторов за кратко време изградиле платформа (програма) за целите на македонското национално револуционерно движење која ги опфатила програмските начела на македонското научно-литературно друштво. Таа програма ги содржи следните основни цели: за македонска национална свест (самобитност): против асимилација на македонската нација: за обединување на целокупниот македонски простор; за борба против поробувачите на Македонија; за формирање на македонска држава рамноправна со другите балкански држави; за поврзување на македонската борба со работничкото комунистичко движење во другите балкански народи и во СССР; организирање на општ македонски ослободителен фронт; против етничката промена на населението во Македонија со колонизација од другите држави; против верските и националните омрази; чифликсајбиската земја да се раздели на селаните кои ја обработуваат; заради успешно водење на борбата се залага за формирање на македонска комунистичка партија рамноправна со другите комунистички партии; поврзување на класното со националното; воведување на македонскиот јазик како официјален; балканските војни се осудуваат како окупаторски за Македонија; се осудува националната и економската експлоатација од окупаторите.

1. Во однос на националното прашање е заземен следниот ставов: македонската нација е создадена историски, не е плод на умот на овој или оној туку на историски стекнати околности и претставува една географска историска и духовно-културна целина со ист јазик, култура, традиција, песни и др., односно географски е определена во своите граници и ден денешен води

борба заедно со српскиот, бугарскиот и грчкиот народ за свое ослободување. [229]

Со резолуцијата на Покраинската конференција на КПМ од 8 октомври 1940 година бил донесен следниот заклучок: "Политиката на национално потискање, асимилација, див терор и пресметување со се што е македонско, како и со македонската култура, јазик, песни се спроведува со целата му крвожедност, измаченото обезправеното и национално поробеното македонско население се најдува пред нови и големи борби". [230]

Во Прогласот на ПК до македонскиот народ од ноември 1940 година е заземен следниот став: "Господата од Белград и Софија спорат за Македонија, а македонскиот народ не го прашуваат. Тие поробители на македонскиот народ... зборуваат оти македонскиот народ бил српски или бугарски и оти немате историја, јазик и др., поробителите лажат! Во сушност Македонците не сет ни Срби нити Бугари а сет само Македонци. Со војна помеѓу Југославија и Бугарија. Македонија и Македонците само ке го сменат господарот. Затоа да живее слободна Македонска Република". [231]

2. Активноста на соседните монархии за асимилација на македонското население во Бугари, Срби и Грци траела со години. По ова прашање Шаторов се изјаснил уште во 1926 година. Во врска со тоа пишува: "Таа ВМРО(Обединета) не можеше да не извика високо на бугарскиот и балканските империјалисти: долу крвавите раце од Македонија! Поведе борба за запазување на Македонија од асимилацијата и за подигнување на самостојното македонско национално сознание, тие како Македонци не се ниту Срби или Грци ниту пак Бугари, а преставуваат одделна нација" [232]

Понатаму во истиот документ пишува: "Врховистите на Тодор Александров и А. Протуѓеров и бугарската окупаторска политика и нанесоа на македонската кауза голема штета со

---

[229] Документи и материјали, том 1. кн. 2, стр. 321 и 322.
[230] Исто, стр. 334-338.
[231] Исто, стр. 362-363.
[232] Реферат на Шаторов, стр. 6.

насадувањето на бугарштината во Македонија и времено засенување на самостојното национално чувство во Македонија... Борбата за запазување на Македонците од асимилација и за подигнување на свеста за самостојноста на македонското национално битие, дека тие како Македонци не се ниту Срби или Грци, ниту Бугарии, а претставуваат одделна нација". [233]

Во прогласот од август 1941 година од ПК на КПМ стои: "Се што е убаво македонско во македонската борба и македонската историја, -бугарските фашисти го зедоја и представија како бугарско: Св. Кирил и Методија, Гоцета Делчев, македонските револуционерни борби, македонскиот јазик (јазикот ни бил: "кршен и звучен блгарски език"). Македонската култура и традиции се претставуваат како бугарски, а од друга страна ве терајат да учите нифниот бугарски език". [234]

ПК и Шаторов ги утврдиле сите елементи на македонската нација и активно работеле за нејзино проширување, продлабочување, зацврстување, односно нејзино издигање на висок степен на национална свест, нација која ќе биде способна да се брани од нападите, од нејзиното гушење и сите посегања за нејзино ликвидирање од страна на асимилаторите-окупаторите, српските, бугарските и грчките кои не бирале средства за постигнување на нивната цел со асимилација да го ликвидираат македонското национално битие.

Ова го потврдува искажувањето на ПК во 1940 година каде се заклучува: "Но ни теророт, ни насилствата, ниту вештачки создаваната, измислената југословенска народност, неможе да ги загушат национално ослободителните движења на угнетените народи на Југославија од страна на српската монархија". [235]

3. Во однос на обединувањето на Македонија, Шаторов уште во 1926 година се определил и забележал: "Со оглед на таа перспектива на ВМРО(Обединета) во Македонија под бугарска

[233] Исто, стр. 5, 6.
[234] Извори, том И, кн. 1, стр. 31.
[235] Илегален печат, том II, кн. 2, стр. 120.

власт се бореа за самоопределување Петричкиот крај до негово отцепување од империјалистичка Бугарија, за да се постигне обединување со другите два дела на Македонија во независна македонска држава". [236]

За ова прашање во писмото на Шаторов до "Стојан" од мај 1941 година тој прецизно заклучува: "Се прашува што да се чини, одговорот е само еден: да се обединат сите Македонци и другите народности во Македонија за општото свое право за слобода и рамноправност, но не за цепење на македонската земја и македонскиот народ. За таа своја слобода и рамноправност Македонците треба да се борат заедно со Бугарите, Србите, Грците и Црногорците на Балканскиот Полуостров, затоа што судбината денеска им е еднаква". [237]

ПК и Шаторов во издадените документи се категорични во барањето да се води борба за обединување на Македонија, а не решавањето на македонското прашање да се оствари во постојните граници поставени по Првата светска војна, што го застапувале соседните комунистички партии.

4. Покраинскиот комитет во борбата против поробувачите им придава еднакво значење, без разлика дали се тоа Србите, Бугарите или Грците. На пример: во написот под наслов "Нашиот пат" издаден 1940 година, пишува: "Се поцврсто единство на заедничката борба на Македонците, Арнаутите и Турците против секое угнетување од која и да е страна, било да доаѓа од Србија, Бугарија или Грција". [238]

Ваквото еднакво третирање на поробувачите е искажано во прогласот на ПК од јули 1941 година каде што се истакнува: "Бугарската и Германската полиција прибегнвуа кај методите на српските потиснници, а од друга страна како на мајтап говорат "ослободивме ве поробени браќа"... Слободата за која сте се бореле 50 години не е добиена. Вие добивте ново ропство, ново насилие, нов терор". [239]

---

[236] Реферат на Шаторов, стр. 9.
[237] Извори, том I, кн. 1, стр. 17.
[238] Илегален печат, том II, кн. 2, стр. 103.
[239] Извори, том I, кн. 1, стр. 27.

Шаторов во рефератот од 1926 година истакнал: "Неможи едно револуционерно движење да го остави својот народ под ропство на Србија, Бугарија и Грција". [240]

5. Идеалот за формирање на македонска држава се јавил многу одамна, уште за време на Кресненското и Илинденското востание. За ова прашање во еден документ од 1940 година се констатира: "Ако Македонците немаат своја држава: затоа тие не се криви, туку сет српските, бугарските и грчките империјалисти кои се сојузија, кои е заробија, расцепија и поробија Македонија на место да ја ослободат од Турците и да ја остават самостојно да живе и да се развива". [241]

Во Прогласот од 2 август 1941 година е заземен следниот став: "Македонскиот народ се бореше не за монархија не за султан и цар но се едно каков бил тој, дали Турчин или Германец а (туку) за слободна Македонска Република рамноправна членка помеѓу сите комшиски балкански држави". [242]

Формирањето на самостојна македонска држава било едно од фундаменталните прашања на ПК на КПМ.

6. Покраинскиот комитет како сојузници во борбата за ослободување на Македонија ги прифати работничките комунистички движења на другите балкански народи и СССР како заедничка цел во ослободувањето од фашистичкото ропство.

Овој став Шаторов го искажал во писмото до "Стојан" од 1941 година "За таа своја слобода и рамноправност Македонците треба да се борат заедно со Бугарите, Србите, Хрватите, Грците, Црногорците на Балканскиот Полуостров, затоа што судбината денеска им е еднаква. Целиот Балкански п-в е окупиран од големите империјалистички држави Германија и Италија". [243]

---

[240] Реферат на Шаторов, стр. 1-9.
[241] Документи и материјали, том I, кн. 2, стр. 319.
[242] Извори, том I, кн. 1, стр. 30.
[243] Исто, стр. 17.

Овој став на Шаторов и на ПК е спротивен со ставот на КПЈ дека Македонците треба да се борат во заедничка борба со другите југословенски народи за ослободување на демократска Југославија.

7. За мобилизирање на широките македонски маси се организирал Општ македонски ослободителен фронт со учество на сите граѓани без разлика на верата, националноста и социјалната положба, кои се за ослободувањето на Македонија, само не на оние кои работеле во интерес на соседните монархии.

Во донесената Резолуција на Покраинската конференција, одржана на 8 септември 1940 година, во точка втора, се заклучува следното: "Една од основните најважни задачи на организациите од партијата во Македонија, е тактиката за создавање на општ македонски национален-револуционерен фронт, кој треба да биде како част од општата борба... Потребата од тактика за обединение на сите македонски групи и елементи, кои сет готови да водат борба за слобода против големосрпскиот империјализам али да сет туѓи и непријатели на разните империјалистички и фашистички пропаганди бугарска, грчка, немска, талијанска и други". [244]

Ова становиште било спротивно со становиштето изнесено на Петтата земска конференција на КПЈ каде се предложило во Народниот фронт да влегуваат само работниците и селаните, а не и другите социјални слоеви. На ваквото становиште Шаторов му се спротивставил: "Во резолуцијата на конференцијата (8 септември) ние поставивме дека и средните слоеви и либералната буржуазија влегуваат во националниот фронт, сите со исклучок на шпиуните и на империјалистичките агенти. Група од либералната буржоазија и самите бараат допир со нас". [245]

8. Категоричен став против промената на етничкиот состав на населението од страна на монархиите со колонизација со немакедонско население. Со резолуцијата на Покраинската

[244] Документи и материјали, том I, кн. 2, стр. 337
[245] Исто, стр. 349.

конференција на КПМ е донесен став за одземање на земјата од националните големосрпски шовинисти, големци и "герои", и таа на колонистите и доделување на македонскиот селанец и производите, а на бедните колонисти да им се даде земја во Србија.

Овој став за колонистите на Петтата Земска конференција на КПЈ не е усвоен, донесен е став колонистите да останат и да не им се одземе земјата. [246]

9. Етничкиот состав на населението во Македонија е користен од страна на соседните монархии за создавање на верски и национални омрази со цел да го разединат населението за да можат полесно да го асимилираат, а од друга страна за македонското националноослободително движење било потребно да се оствари единство.

Во Билтенот на ПК под наслов "Нашиот пат" од 1940 година е заземен следниот став: "Се поцврсто единство на заедничката борба на Македонците, Арнаутите и Турците против секое угнетување од која и да е страна, било да доаѓа од Србија, Бугарија, Грција или Италија зар ова не е мала заслуга на нашата партија". [247]

Во Повикот до работничкиот народ на Македонија од јуни 1940 година, издаден од ПК стои: "Македонија е прва на ред за да се разиграт на неа крвавото војно оро. Арнаутите, Турците, Македонците во Македонија ќе бидат првите жртви на војното колење и пустење...

Со својата политика на национално потиснување режимот го обесправувал македонскиот народ, му ја задушувал националната свест и чувство и му ги скусувал неговите права. Тој предизвикувал караници и сеел омраза помеѓу народите и ги разединувал..." [248]

---

[246] Исто, стр. 334-337, 349 и 350.
[247] Илегален печат, том II, кн. 2, стр. 103.
[248] Документи и материјали, том I, кн. 2, стр. 314.

Во повикот за празнување на Илинденското востание издаден од ПК во јули 1940 година стои: "Исто така денеска Македонците, Турците, Арнаутите и сите потиснати и експлоатирани во Македонија од српскиот, бугарскиот, грчкиот империјализам, должни сет да се групираат за општа борба, за слобода и рамноправие". [249]

10. Во Македонија поголемиот дел од земјата не била во посед на селаните кои ја обработувале, ами била сопственост на чивликсајбиите и други. Селаните биле заинтересирани да станат сопственици на земјата. На Покраинската конференција во донесената Резолуција е заземен следниот став: "Развивање активности и работа за спечалување на македонскиот селанин кои преставува основниот елемент на национално-револуционерното македонско движење.. Лозунка и сакање земјата во Македонија од чивликсајбиите... манастирите, црквата, круната и вакавите, треба да премине во рацете на македонските селани и произвогјачи. Македонците од големите ридови и планини да слезат и работата земјата на своите татковци и дедовци". [250]

11. Шаторов како и други македонски комунисти имале став, заради успешно раководење и организирање на македонското националноослободително движење, да се формира самостојна македонска комунистичка партија која ќе ги обедини комунистите од сите три дела на Македонија. Ова нивно становиште било искажано на Втората берлинска конференција на Бугарската комунистичка партија одржана во 1927 година, како и на Задграничното биро на ЦК на БКП на 26 јануари 1937 година. Меѓутоа, овие ставови не се прифатени од соседните комунистички партии. Со неговото доаѓање за секретар на ПК во пролетта 1940 година се формира КПМ, но само за вардарскиот дел на Македонија. Сите документи што се издадени за негово време се издадени под име Покраински комитет на Комунистичка партија за Македонија. [251]

---

[249] Исто, стр. 323.
[250] Исто, стр. 337.
[251] Исто, стр. 313-384.

12. Македонскиот народ по завршувањето на војните од 1912-1918 година бил под национално ропство, а комунистичките партии кои раководеле со делови од македонското комунистичко движење во основа го поставувале класното ослободување. Меѓутоа, македонските комунсити, ПК и Шаторов, познавајќи ја состојбата во Македонија, дека без поврзување на класното со националното и со историските традиции на македонскиот народ, не може да се очекуваат позитивни резултати. Поради тоа ПК во написот "Нашиот пат" за ова прашање ќе констатира: "Во оваа борба класните интереси се поклопуваат со правите, вистинските интереси на нацијата, без нивното поврзување нема активност на широките маси во борбата". [252]

13. Покраинскиот комитет зазел становиште неговите документи и написи да се издаваат на македонски јазик. Неговите ставови се категорични дека македонскиот јазик е посебен и дека се разликува од српскиот и од бугарскиот. Во неговите документи го пишува следното: "Пред се македонскиот јазик не е ни српски, ни бугарски, тој е специфичен македонски... борбата против теророт кој се врши над Македонците и над нивниот јазик на трите дела на Македонија: под српско, бугарско и грчко". [253]

Шаторов, пишувајќи за активноста на ВМРО (Обединета), истакнува: "Таа го продолжува делото на излегувањето, пред 80-те години од минатиот век македонскиот весник "Лоза" кој се печатеше на македонски јазик разгласувајќи на постоењето на самостојна македонска нација и пледираше на независна македонска држава". [254]

Во својот напис објавен во 1935 година во списанието "Пропагандист" од месец мај под наслов "Единствениот фронт со македонските маси и борбата со скршнувањето" Шаторов истакнува: "Се среќаваат другари, коишто неможат да ја разберат оценката на партијата, дека Македонските славјани, преставуваат одделна нација. Во никој случај ова не може да се

[252] Илегален печат, том II, кн. 2, стр. 136.
[253] Документи и материјали, том I, кн. 2, стр. 320.
[254] Реферат на Шаторов, стр. 6.

стави под сомневање. Единствениот аргумент на тие другари е дека Македонските славјани зборуваат на бугарски јазик. Меѓутоа, Македонците кои се под бугарска и под српска власт не зборуваат на бугарски јазик. Тоа го докажале повеќе филолози меѓународно познати". [255]

14. Македонскиот народ, како и македонските комунисти, а посебно Покраинскиот комитет во своите документи, е категоричен дека балканските војни од 1912-1918 година за Македонија не се ослободителни ами окупаторски. Ова становиште не било прифатено од одредени личности во раководството на КПЈ. Тие стоеле на становиште дека балканските војни за Македонија се ослободителни.

Во Мајскиот проглас на ЦК КПЈ се зборува дека "народите на Југославија ја изгубија својата независност", понатаму дека тие сите се набројуваат поединечно, македонскиот народ е изедначен со српскиот и со др., односно се вели дека ја загувил слободата и независноста. За ова прашање Шаторов во извештајот до КИ од 16 септември 1941 година пишува: "За овој проглас се дискутирало во ПК... ние и да сакавме да го издадеме овој проглас, тој негативно ќе се одразеше во Македонија. Македонија е изедначена со другите краишта во Југославија за изгубена слобода и независност со окупацијата. Македонија немаше слобода и независност и пред окупацијата, а после неа падна само под ново ропство". [256]

За ова прашање, ЦК на КПМ во 1948 година, правејќи анализа за развојот на партиската организација во Македонија констатира: "Шарло сметал дека таквиот став е неправилен, бидејќи, според Шарло, "Македонија не била независна и слободна и според тоа ништо не изгубила, туку само добила нови господари". [257]

Раководството на ЦК на Македонија и во 1948 година го осудува Шаторов за неговиот став дека Македонија во составот

---

[255] 255 Напис од Шаторов објавен во "Пропагандист" од мај 1935 год. бр. 5, стр. 24-28 и Д. Добринов: ВМРО(Об.), Софија, стр. 222 и 223.
[256] Извештај на Шаторов од 16 септември 1941 год. до КИ Москва.
[257] Извештај-анализа на ЦК КПМ до ЦК КПЈ од 16 јуни 1948 год. стр. 7, 8.

на Кралска Југославија немала слобода и независност, дека балканските војни биле окупаторски за Македонија. Го поддржува ставот на КПЈ заземен во Мајскиот проглас дека со фашистичката окупација Македонија ја изгубила слободата и самостојноста. Тоа значи дека балканските војни биле ослободителни.

15. Покраинскиот комитет во својата програмска цел посебно му посветувал внимание на прашањето за социјално и национално ослобдување.

За подобрување на положбата на работниците, за повисоки надници, за осумчасовно работно време, за поповолни цени на земјоделските производи. Како пример: Покраинскиот комитет во повикот до тутунџиите во Македонија кон крајот на 1940 година пишува: "Тутунот е монопол на таа туѓа држава на завојеватели, експлоататори и плачкаши, кои ја експлоатираат Македонија... Зар не е плачка да купиш тутун за 20-25 динари, да го продадеш 300-400 динари? [258]

Програмските начела на Покраинскиот комитет на Комунистичката партија во Македонија претставуваат максимална програма за ослободување на Македонија, наспроти минималната програма која ја предвидува КПЈ, БКП и ГКП за решавање на македонското прашање во постојните граници.

[258] Документи и материјали, том И, кн. 2, стр. 368.

VII. ПОЛОЖБАТА И АКТИВНОСТА НА МЕТОДИЈА ШАТОРОВ ПО СУСПЕНДИРАЊЕТО ОД ФУНКЦИЈАТА ПОЛИТИЧКИ СЕКРЕТАР НА ПК

Во своето писмо до ЦК КПЈ кога ја доставил одлуката на Комунистичката интернационала, во почетокот на месец септември 1941 година, тој за себе побарал да му се дозволи да замине во партизани. Во тоа време постоеше Скопскиот партизански одред. Инструкторите на ЦК КПЈ тоа не го дозволиле.

Карактеристично е да се истакне дека во писмото на Тито од 4 септември 1941 година до Извршниот комитет на Коминтерната, покрај другото, стои ова: "виновниците ќе ги ставиме пред нашиот воен партизански суд". Од овој искажан став на Тито до Коминтерната може да се согледа дека раководството на ЦК КПЈ за грешките наведени во овие документи Методија Шаторов ќе биде ставен пред воен суд. Досега не се располага со документи дали Методија Шаторов бил осуден од воен партизански суд. Меѓутоа, според сеќавањето на Цола Драгојчева ("Из мојте спомени") може да се види дека делегатот на КПЈ во разговор со неа барал таа да помогне Методија Шаторов да се префрли во средината на Југославија, односно во Србија за да му се суди. Драгојчева тврди дека со тоа не се согласила, затоа што Шаторов врз основа на лажни обвинениja бил осуден на смрт со стрелање. Исто така Добри Мичев во (Војно историски зборник, книга бр. 6, стр. 20) пишува: "ЦК на БРП се ангажира пред Коминтерната за Методија Шаторов и тој е спасен од исполнувањето на издадената смртна пресуда на Титовиот штаб. Методија Шаторов е повлечен во Софија". Од овие две искажувања и од писмото на Тито испратено до Коминтерната за неговото судење може да се претпостави дека бил изведен пред воен суд и осуден на смрт во негово отсуство, без да биде формирана комисија за да ги испита обвинениjата против Шаторов.

Во почетокот на октомври 1941 година Методија Шаторов бил повлечен во Софија од каде бил испратен за помош на

Пловдискиот окружен комитет. Таму активно учествувал во средувањето на окружната партиска организација.

Шаторов активно дејствувал за афирмација на македонското национално сознание и за подготвеност на народот да се бори за национално ослободување, за негово обединување и создавање на самостојна македонска држава. Оваа активност била упатена не само среде македонскиот народ, ами и среде соседните народи и нивните комунистички работнички раководства за заедничка борба за остварување на македонските национални интереси.

Анализирајќи го прогласот на ЦК на БКП под наслов "За слобода, рамноправност и самоуправување на Македонија" од декември 1941 година (со поднаслов до "Македонците" се истакнува: "Војната на Балканот доведе до окупација на Македонија од страна на германските и бугарските војски... Вие денеска сами гледате оти сте сто пати повеќе поробени и ограбени него пред војната. Вие не добивте никаква слобода туку сурово ропство.

Укажувањето кое ви го даваат македонските комунисти оти е Хитлер зло напаст за човечанството, оти тој не носи слобода туку ропство, оти тој дојдува во Македонија не затоа нешто да помогне туку да земи и да ограби и да експлоатира заедно со својот слуга бугарскиот фашизам-денеска стана вистина". [259]

Како основ за овие ставови на бугарското партиско раководство му послужиле ставовите на Шаторов искажани во писмото до "Стојан" и во прогласот издаден за 2 август 1941 година, за прославата на Илинденското востание. Компарацијата на овие документи ја потврдува големата сличност, како и потполната идентичност, на пример: "Ваши раководители и борци од минатото како Гоце Делчев, Пере Тошев, Ѓорче Петров, Јане Сандански, Димо Х Димов и други", [260] како што стои во прогласот на ЦК на БКП. Истите овие личности се наведени кај Шаторов во неговото писмо до "Стојан" од мај 1941 година. [261]

---

[259] Историски архив на КПЈ, т. VII 1941-44 год., стр. 82, 83.
[260] Исто, стр. 83.
[261] Извори, том I, кн. 1, стр. 17.

Во овој проглас на ЦК на БКП стои: "Во сегашната ситуација на Балканот, слободата на Македонија, воглавно зависи од активното учество на македонскиот народ во славната ослободителна борба на српскиот, хрватскиот, црногорскиот, словеначкиот, грчкиот, бугарскиот и другите балкански народи, кои тие водат против Германците, Италијаните и бугарските поробувачи и окупатори на туѓи земји и народи". [262] Шаторов во споменатото писмо до "Стојан" пишува исто така дека Македонците треба да се борат заедно и ги наведува истите народи (само без Словенија). [263] Ова укажува дека Шаторов уште во мај 1941 година македонската борба ја поврзувал со борбата на останатите балкански народи, а не само со југословенските народи, становиште што го наметнувала во ова време ЦК на КПЈ.

Исто така во прогласот на ЦК на БКП стои: "Сега вас ве принудуваат да плакате тешки порези по српските закони". [264] Ова е преземено од прогласот на Шаторов од 2 август 1941 година каде стои: "Македонците не се борија за да ви земат даноци по српските наредби". [265] Ставовите во прогласот за бугарската окупација на Македонија (и за насилното одземање на житото и другите прехранбени производи) се преземени од Шаторовиот проглас по повод 2 август.

За Илинденското востание во прогласот на ЦК на БКП стои: "Вие старите Македонци живи сведоци за Илинден ќе потврдите да е Илинден бил и да е стварно македонски, а не Илинден на бугарските фашисти". Шаторов за ова пишува: "Илинденското востание и Крушевската република беа дело на македонскиот народ, али не дело како што сакајат да го престават врховистите-денешните македонски фашисти, нити дело на бугарката држава. Бугарските фашисти-сакајат да го украдат илинденското знаме" [266]

---

[262] Историски архив на КПЈ, том VII, 1941-44 год., стр. 85.
[263] Извори, том I, кн. 1, стр. 19.
[264] Историски архив на КПЈ, том VII 1941-44 год., стр. 83.
[265] Извори, том I, кн. 1, стр. 40.
[266] Исто, стр. 30.

Оваа компарација е доволна да се утврди дека во декемврискиот проглас на ЦК на БКП од 1941 година во основа (во интерес на македонското национално битие) се преземени и прилагодени ставовите во современите услови, од прогласите и писмото до "Стојан" на Методија Шаторов.

Во јануари 1942 година Шаторов бил примен за член на ЦК БКП и бил избран за секретар на Софискиот окружен комитет. Тој непосредно раководел со воената комисија на Окружниот комитет која активно работела за формирање на првите партизански чети. Во октомври 1942 година настанала провала во партиската организација кога се затворени околу 31 лице. Во оваа провала полицијата дознала дека Методија Шаторов е главен организатор на акциите и бугарскиот фашистичи суд го осудил на смрт во отсуство. И поркај сето тоа Методија Шаторов ја продолжил активноста и како секретар на Обласниот комитет непосредно раководел со диверзански групи за убиство на високи фашистички раководители во Софија. Така во февруари 1943 година го организирал убиството на генералот Христо Луков и др.

Во март 1943 година Окружниот комитет донесол решение да се прослави Први мај и да се организира отпор за заштита на Евреите од прогонство. Било одлучено првомајскиот проглас да го напише Методија Шаторов и уште еден член на Комитетот. Договорено било во еден илегален стан, според пишувањето на В. Горанова, тогашен организационен секретар на Обласниот комитет. Во книгата "Револуционерна Софија", стр. 596, стои: "Првомајскиот проглас требаше да го напишеме со Методија Шаторов за оваа цел решивме тој да дојде во илегалниот стан на Окружниот комитет на ул. "Доростол" бр. 48 кај Петрана Нацева. Во овој стан имаше уредено скривница. Јас влегов вечерта во станот, а тој требаше да дојде во шест часот наредниот ден. Точно во шест часот утрината позвоне надворешната врата и ние знаевме дека доаѓа тој, Петрана отиде да отвори и дури го отвртила еднаш клучот. Но слушнала необични гласови па се осмелила да праша "кој е"? Домакинот Василев знаеше дека кај нас секогаш имало по нешто и не предупреди и викнал "полиција"! Петранка ги помоли да почекаат да се облечи а јас влегов во скривнаката. Претрес

вршеја внимателно... Во тоа време пристигнува Шаторов. Тој се искачува по степениците и разбира што станува но не се исплашува и продолжува покрај стражарите и звони на нашиот стан како да има познати луѓе. Вратата му ја отворат агентите. Тој ладнокрвно му подава шише млеко "за учителката" (Петрана беше учителка). Полицаецот во моментот се држел за пиштолот и го примил шишето млеко, во тој момент Шаторов му рекол "догледање" и се вратил по степениците непопречен од никого. Во овој критичен момент го спаси само неговата голема присебност и многу ("благонадежниот") изглед (тој беше секојпат добро облечен)".

Прогласот го напишале другата вечер, во друг илегален стан. И двајцата биле осудени на смрт од бугарските власти, но и покрај тоа не се откажувале од активноста.

По демонстрациите на 15.01.1943 година во Софија (и другите преземени активности под раководство на Шаторов) во организацијата настанала провала. Полицијата затворила поголем број активисти и потоа покренала судски процеси. Во овие провали е провален и секретарот на Областниот комитет Методија Шаторов, кој во отсуство бил осуден, по вторпат на смрт со стрелање.

За смртните пресуди, во еден дијалог со еден негов соработник кој барал да замине во партизани затоа што бил осуден на смрт и поради тешките услови на илегалниот живот, Шаторов на тоа му одговорил: "Ти знаеш, ми рече, оти јас имам две смртни пресуди. Но сега задачата налага да бидат тука макар што условите се тешки, се движам помеѓу многу луѓе, не знам кој е пријател, а кој непријател. Ние сме тука, неможното да го направиле можно".

Шаторов до 15 јули 1943 година бил секретар на Софискиот областен комитет, а потоа бил заменет од Г. Чангов, но и понатаму останал во илегалство во Горна Бања, по решението за негово заминување на нова должност во Пазарџиската област по војна линија, односно за командант на Третата војна оперативна зона, чекајќи во секое време врска да замине. Во ова време бил свикан состанок на Окружниот комитет. Неговиот

соработник раскажува: “Ние со Методија Шаторов бевме нешто како стража”.

Според искажувањето на неговите блиски соработници, Шаторов во разговорите и дијалозите се користел со македонскиот јазик, а за ова на едно место може да се прочита следното: “Крај огнот на Чепинци дојдоа партизани и од другите одреди. Покрај нас беше и Методија Шаторов со останатите членови на штабот... во говорот употребуваше македонски јазик. Тој не се наметнуваше само со својот длабоко човечки збор, тој се наметнуваше со неговото познавање на состојбите и неговите интелектуални способности и квалитети во однос со присутните”.

Во јуни 1943 година Методија Шаторов заминал во партизани и станал командир на Пазарџиската оперативна партизанска зона. Тој раководел со партизанските единици и со штабот на оваа зона. Покрај низата акции и водени борби, покарактеристична е тешката борба на “Елеџик” на 15 февруари 1944 година. Во оваа борба Шаторов бил ранет во ногата. Времето било многу тешко, со снежни виулици и мразеви, имале одреден број ранети партизани, а тешко бил ранет и политичкиот комесар на зоната Стојан Попов. Во овие тешки услови Шаторов наредил да се спасуваат ранетите и тој лично учествувал во носењето, иако и самиот бил ранет. Преземал мерки за нивно лекување и со тоа им го спасил животот на голем број ранети.

Во средината на август 1944 година Методија Шаторов со Штабот на зоната организирал поголема акција и собрал повеќе одреди на врвот на Милева Скала, каде имало преку 200 партизани. Шаторов формирал четири ударни групи за да групи за да извршат напад одделнаш на четири пунктови. Првата група од 117 членови требало да нападне и да ја преземе железничката станица Варвара, во која, според информациите, имало оружје, кое требало да се земе. Втората група со околу 60 партизани требало да го нападне селото Варвара. Третата група имала задача да го заземе селото Симеоновец и да го заземе германскиот склад. За оваа цел Шаторов се послужил со итрина и наредил партизанското одделение да биде облечено во војничка бугарска униформа. Четвртата група од 20-25

партизани требало да го нападне селото Семчиново. За оваа цел Штабот ги свикал сите командири и комесари и сите чети ја примиле задачата и истите ги свикале сите свои борци и ги подготвиле за извршување на поставената задача. Методија Шаторов тргнал со групата на Асен Банев која била одредена за напад на селото Варвара. По извршувањето на овие акции одредите се повлекле поново на планината на Милеви Скали каде што уште во август овој дел беше слободна територија.

Партизанските одреди се зголемувале и околу 27 август под команда на Шаторов на оваа територија имало 800 партизани. Шаторов предвидувал зголемување на оваа територија и заземање на населени места не само во планинскиот дел ами и во рамнината во полето а со тоа приближување кон Пазарџик. Партизанските акции станувале се почести и посмели. На 1 септември 10 партизаните ја нападнале железничката станица Дренов Дол, неколку групи извршиле напади на полски села и стигнале до Лозен. Четата на Чапаев одново влегла во Габровица. Овие акции ја предизвикале бугарската војска и полиција и истата организирала офанзива против партизанските единици.

На 4 септември во 7 саатот Штабот бил известен дека на партизанската слободна зона ќе нападнат воени и полициски сили. Методија Шаторов наредил четите и одредите да се подготват за борба. Тој пред истите рекол: “Другари сега положбата е таква што борба не можеме да отстапиме... зборуваше со тврд глас пред построените партизани. Треба и должни сме да прифатиме бој со непријателот и да го уништиме, затоа што населението ќе ја изгуби довербата во нас и затоа побргу заземете ги своите места”. Меѓутоа, воено-полициските сили биле добро организирани и наоружени и биле многубројни, ги опколиле партизанските единици и почнале да ги разбиваат и ги принудиле на отстапување а во тоа време ги зазеле погодните географски места. Партизанските единици принудени биле да се пробиваат по неповолни терени

и на овој ден загинале 12 партизани. Повлекувајќи се со нив, загинува и командантот на зоната Методија Шаторов. [267]

За овој настан пишува поопширно Атанас Семерџиев: "После народната победа, трупот му беше пронајден прострелан на неколку места и ограбен од убијците". [268]

[267] Овие искажувања кои се користени во овој материјал се објавени во публикацијата "Револуционерна Софија".
- Атанас Семерџиев "За да има живот" издадено Софија, 1964 год.
- "За народна слобода" Сборник – Софија, 1970 год.

[268] Атанас Семерџиев "И никој не се заврна" партизански спомени издадено Софија 1973 год., стр. 245.

VIII. КРАТЕНКИ

БКФ – Балканска комунистичка федерација
БЛС – Балкански лендерсекретаријат
ВМРО – (централисти-старата) Внатрешна македонска револуционерна организација
ВМРО – (Обединета) (Об.) Внатрешна македонска организација
ВМРО – (врховисти) Внатрешна македонска револуционерна организација
ВДРО - Внатрешна добружанска револуционерна организација
ИК на КИ – Извршен комитет на Комунистичката интернационала
ИБ БКП – Извршно биро на бугарската комунистичка партија
КИ - Комунистичката интернационала
КПЈ – Комунистичката партија на Југославија
КПМ - Комунистичката партија на Македонија
КПБ - Комунистичката партија на Бугарија
КПГ - Комунистичката партија на Грција
КП - Комунистичка партија
ЗБ – Задгранично биро
ЗЗД – Закон за заштита на државата
МК – Местен комитет
ОК – Областен комитет
ПК – Покраински комитет
ПК на КПМ - Покраински комитет на комунистичката партија на Македонија
ПО – Партиска организација
ЕКС – Емигрантски комунистички сојуз
ЦК – Централен комитет
ЦКЈ - Централен комитет на Југославија
ЦКБ - Централен комитет на Бугарија
ЦК КПЈ - Централен комитет на комунистичката партија на Југославија
ЦК БКП - Централен комитет на Бугарската комунистичка партија

Псеудоними што ги користел Методија Шаторов во својата револуционерна активност

1. Марко,
2. Панајот,
3. Пантелеј,
4. Бај Панајот,
5. Кателини,
6. Атаносов,
7. Катил,
8. Митре,
9. Шарло,
10. Саво,
11. Димо.

Потписот на Методија Шаторов – Шарло

БЕЛЕШКА ЗА АВТОРОТ

Ристе Бунтески – Бунте е роден во селото Големо Коњари – прилепско. Завршил Правен факултет во Скопје. Сега е пензионер. Бунтески на македонска јавност и се претставил како истражувач и проучувач на историското минато на македонскиот народ. Учествувал на повеќе симпозиуми што ги организирал Општинскиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ – Прилеп, на теми: Економско-социјалните состојби и колонизацијата во Прилеп и во Прилепско меѓу двете светски војни, Занаетчиството во Прилеп од 1912 до крајот на 1939 година, Материјалната положба на населението во Прилеп и во Прилепско меѓу двете светски војни, Родителската средба во прилепската гимназија во 1940 година; на Симпозиуми што ги организирало Друштвото за наука и уметност од Прилеп на теми: Политичките ставови за решавање на македонското национално прашање на Методија Андонов – Ченто, Економско-социјалните состојби на населението во Прилеп и во Прилепско од 1886-1920 година; на Симпозиумот што го организира Македонската академија на науките и уметностите на тема: Економско-социјалните последици од војните од 1912 до 1918 година во Прилеп и во Прилепско.

Автор е на монографијата за Кузман Јосифовски – Питу (Македонски национален визионер), во издание на Друштвото за наука и уметност во Прилеп, на освртите на книгите Југословенските социјалисти-комунисти и македонското прашање (1918-1945) од д-р Славко Милосавлевски и Општествено-економскиот развој на НР Македонија, од д-р Лазар Лазаров, како и на двата фељтона во весникот Нова Македонија на теми: Основните програмски цели на Покраинскиот комитет на КП на Македонија во 1940 и 1941 година и Денови на искушенија: Панко Брашнаров.

Ристе Бунтески-Бунте

МЕТОДИЈА ШАТОРОВ-ШАРЛО
(ПОЛИТИЧКИ СТАВОВИ)

За издавачот:
Друштво за наука и уметност – Прилеп

Рецензенти:

Д-р Стојан Киселиновски
Д-р Марјан Димитриовски

Јазична редакција:
Маринко Митков

Компјутерска обработка:
Живка Дамчевска и
“Веда”, доо – Скопје

Изданието е финансирано од Министерството за наука на Република Македонија